**ОЛИВЕР АНДОНОВ**

# ПРЕМРЕЖИЈАТА

# НА

# ЕДНО СУДБОНОСНО ВРЕМЕ

# ЗА

# МАКЕДОНИЈА

**политички статии, колумни и интервјуа за едно време и иднина**

**МОНОГРАФИЈА**
**(трет дел)**

**Скопје**
**Јануари - 2023**

**Премрежијата на едно судбоносно време за Македонија**
*политички статии, колумни и интервјуа за едно време и иднина*
**(трет дел)**

**Автор:**
**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

**Рецензенти:**
**д-р Славко Ангелевски, редовен професор**
**д-р Орце Поповски, редовен професор**

**Уредник:**
**д-р Оливер Андонов**

**Компјутерска и техничка обработка:**
**Живко Ставрески**

**Печати:**
**НОВИТЕТ-ПРИНТ, Скудриње – Маврово и Ростуше**

**Тираж:**
**100**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

323(497.7)"2021/2022"(046)
304(497.7)"2021/2022"(046)

АНДОНОВ, Оливер
Премрежијата на едно судбоносно време за Македонија : политички статии, колумни и интервјуа за едно време и иднината : монографија. Д. 3 / Оливер Андонов. - Скопје : О. Андонов, 2023. - 184 стр. ; 25 см

ISBN 978-608-65457-4-1

а) Македонија -- Општествено-политички прилики -- 2021-2022 – Прилози

COBISS.MK-ID 59214597

**Содржина**

Збор на рецензентите ....1
Предговор ....3
Угоре високо – Удолу длабоко ....5
Среќна нова 49-та ....9
Гласот на разумот ....12
Вомиториум ....17
Политичко-општествен нокаут ....19
Влада во обид или… ....23
Професија и професионалност ....28
Политички аутизам ....33
Стратегиска празнина ....37
Благовештение ....41
Еталон ....44
Омаж за моралот на властодрштците ....47
Сон ....51
Со народот ....55
Апостолот ....59
Срам ....63
Линии ....65
Палимпсес ....68
Траење ....70
За кого ѕвонат пораките ....73
Емпидоклов сон ....76
Празни муабети ....79
Ругање на Бога ....84
Резолуција ....89
Манипулации ....95
Македонски политички патрдии ....100
Мафија, држава, власт, опозиција ....103

Искушенија на идентитетот ....................................................................108
Идентитетски искушенија ......................................................................111
Смрдеата СМРДИ не МИРИСА ...............................................................114
Прашања ...................................................................................................120
Клетва ......................................................................................................123
Кандидати .................................................................................................126
Прилози кон историјата на В.М.Р.О. .....................................................131
Весела математика ..................................................................................135
Пораки и појави .......................................................................................138
Записи од мртвиот дом ...........................................................................141
Оптимистичка теорија за мојот народ ...................................................145
Пранкери ..................................................................................................148
Медиумски трчкарања ............................................................................152
Парадоксот на безидејноста ...................................................................157
ВМРО-ДПМНЕ – редуцирана демократија .........................................160
Катехон ....................................................................................................165
Сораја ......................................................................................................168
Ex … ........................................................................................................172
Остракизам ..............................................................................................176
Опозициска празнина .............................................................................181
На крајот на третиот дел ........................................................................184

**Збор на рецензентите**

Содржините изнесени во монографијата, во форма на политички статии, колумни и интервјуа, даваат придонес во потполното разбирање на комплексните прилики и збиднувања на политичката сцена и општествениот живот во Македонија, во едно, како што наведува авторот, судбоносно време, а кое истовремено има значително влијание врз нашата иднина.

Главниот придонес на оваа книга е фактот што авторот храбро ги изнесува своите ставови и гледишта за приликите и настаните кои имаа свои изразени регионални и глобални геополитички влијанија врз Македонија и ја ставија македонската нација пред една исклучително сериозна историска дилема. Ставовите и гледиштата на авторот се лични, со нив некој може да се согласи или не, меѓутоа никого не го остават рамнодушен и кај секого предизвикуваат реакции и поттикнуваат на размислување за парадигмата на разбирањето на македонската нација во современи услови.

Секој од нас има свои ставови и погледи за времето во кое живееме и за настаните кои се случуваат околу нас и во кои ние сме помалку или повеќе инволвирани, односно врз кои можеме помалку или повеќе да влијаеме, од неможење или не сакање. Меѓутоа, не секој од нас има храброст јавно да изнесува ставови и гледишта и макар да се обиде да биде активен учесник во креирањето на разбирањето за она што се случува околу нас. На авторот некој може да му даде забелешки, или да дискутира со него во врска со изнесениот став или мисла, но кога станува збор за храброста јавно и недвосмислено да каже што мисли, тука дискусиите престануваат. Слободата на изразување и јавно изнесување на ставовите секогаш треба да се гледа како доблест, во позитивен контекст и со добра намера.

Секое време има своја тежина, така и временскиот период кој е обработен во книгата, а тоа е целата 2021 година па се до крајот на Јануари 2022 година, и има влијание врз опстанокот и развојот на македонското општество, односно врз животите на секој од нас како граѓани на истото. Преку читањето на содржините опфатени во книгата можеме да се потсетиме за тоа време и настаните кои тогаш се случувале, како и да размислуваме за пропуштените можности да направиме нешто повеќе за Македонија да ја направиме подобро и попристојно место за живеење. Во секој случај ова е дело кое треба да се прочита, бидејќи поттикнува да размислуваме за минатото, сегашноста и нивното влијание врз иднината.

*РЕЦЕНЗЕНТ*
*Проф. д-р Славко Ангелевски*

Текстот кој е пред вас, изнесен во монографијата, претставува збир на политички ставови, но и општествени проценки на колегата Андонов за едно време на „премрежија“ низ кое поминува Македонија. Време кое несомнено ќе остави свој печат врз иднината на Македонија, било да е таа светла или темна. Сепак, несомнен и видлив траг кон иднината на Македонија ќе остават и текстовите кои ќе ги сретнете во книгата која е пред вас. Можеби нема да се согласите со изнесените ставови, стилот и творечките изрази на колегата, но уверен сум дека, нема да ве остават ниту рамнодушни. Напротив, верувам дека ќе бидете поттикнати на размислување за тоа, што како општествен став, пред сè ќе го сретнете во книгата.

Низ еден метафоричен пристап, авторот на интересен начин се обидува да ни укаже на реалноста во која секојдневно „напредува“ нашето општество. Токму овој „напредок“, мотивиран од политичките чинители во Македонија, несомнено ќе ве насочи кон размислувањето за нашата заедничка улога и придонес во насоката во која се движи Македонија. Во своето дело, авторот не ја оддвојува одговорноста на опозицијата од онаа на власта. Одговорноста за општествените случувања и политичките порази/победи на Македонија, неуреденоста на државата и несигурноста кај граѓаните, според авторот, претставува заедничко дело и на власта и на опозицијата. Поради тоа, периодот опфатен во книгата, а кој се однесува од почетокот на 2021 година па се до февруари 2022 година претставува, од историски аспект гледано, период на споделена одговорност на политичките лидерства во Македонија, без разлика дали се на власт или во опозиција. Констатирајќи ја низ секојдневната фактографија неспособноста на власта, но пред сè, криминализираноста и неспроведувањето на законите во општеството, авторот чии политички ставови се очигледно десничарски, често се обраќа и кон опозицијата. Имајќи пред вид дека, авторот беше дел од извршната власт токму од редовите на сегашната опозициска партија, за прв пат на политичката сцена во Македонија низ отворен став преку пишан збор можеме да видиме јавна критика кон партијата од која авторот потекнува и чии функционер бил. Анализирајќи ги искажаните ставови, се забележуваат искрени мотиви кај авторот, за демократизација на политичката сцена во Македонија која треба да придонесе кон законско, а не криминално владеење на секоја идна власт. А како подобро и побрзо да се стигне до таа цел? Авторот тука е дециден: така што прво треба почнеме од себеси, од својата политичка провиниенција или според народната: „прво да го исчистиме сопствениот двор, а потоа да погледнеме во туѓиот“. Низ метафората, но и отворено и најдиректно, авторот укажува на насушна потреба во Македонија, за воспоставување и спроведување на законите и владеење на правото, сè со цел државата и граѓаните да излезат од мрежата на безнадежност. Во таа насока, авторот во своите текстови нуди и многу конкретни совети.

Уверен сум дека книгата која е пред вас ќе го предизвика вашиот интерес и со задоволство ќе ја прочитате, како што верувам дека политичките лидерства во Македонија веќе ги прочитале и анализирале текстовите во неа.

*РЕЦЕНЗЕНТ*
*Проф. д-р Орце Поповски*

**Предговор**

Пристапувајќи кон третиот дел од монографијата - збирката колумни и политички статии со наслов „Премрежијата на едно историско време за Македонија“, потребно е да направиме една кратка ретроспектива на времето во кое настанаа двата претходни дела и да го појасниме контекстот во кој е настанат овој, трет дел.

Имено, првиот и вториот дел на монографијата се настанати во еден исклучително тежок период за Македонија. Период во кој и државата и македонскиот народ беа под силен притисок со кој се менуваше нашата национална парадигма. Влегувајќи во тој процес кој се одликуваше со историски тензии за целата држава до ниво на државотворно опстојување бевме соочени со безброј предизвици. Токму тие предизвици кои имаат свои изразени регионални и глобални геополитички влијанија врз Македонија ја ставија македонската нација пред една исклучително сериозна историска дилема. Дилемата дали е потребна промена на парадигмата на разбирањето на македонската нација во современи услови и брзо вклучување во процесите кои следат или упорно опстојување на веќе историски можеби потрошената национална парадигма. Кон оваа дилема силно влијаеше организираниот криминал и корупција цврсто вгнездени во врвот на македонската политика, како и лошата економска состојба и оптератеност на граѓаните. Секако, основното влијание на неспроведувањето на законите и не владеењето на правото во комбинација со корумпирани и компромитирани политички „лидерства“ во слаба држава само придонесоа кон нејасно движење на Македонија кон новата парадигма.

Токму затоа овој трет дел или трета монографија-збирка на колумни и политички статии, ја отсликува состојбата во фазата на хаосот во Македонија, при што „новите“ политикантски елити во СДС и ВМРО-ДПМНЕ, потпомогнати од ДУИ влегоа во една политичка матрица на обид за измама на нашите партнери од НАТО и ЕУ, а во исто време и за измама на сопствениот народ. Всушност нивната парадигма не беше демократизација на Македонија, владеење на правото и спроведување на законите, а при тоа редефинирање на македонската нација во современи услови на 21-от век, туку беше исклучиво обид за политичко-бизнис опстојување. Тоа политичко-бизнис опстојување доведе до соработка на наводните политичко-идеолошки противници на македонската политикантска сцена. Таквата соработка создаде чудни и накарадни јавни, полу јавни и тајни коалиции на осуденици, кандидати за осуденици, емигранти, политички профитери, политиканти и квази интелектуалци во македонското општество.

Вака создадените непринципиелни, но профитабилни коалиции кои функционираа зад параванот на јавниот политички дискурс и изјави на политикантите на македонската политикантска сцена доведоа до тоа да се појавата внатрепартиски судири кои беа резултат на заклучокот дека политикантските лидери на партиите ги измамиле своите соработници. Покрај измамата на сопствените соработници и членство, измама во континуитет се

прави и врз граѓаните на Македонија, а за што бесрамно се обвинуваат нашите партнери од НАТО и ЕУ, а особено САД.

Во оваа мешаница токму е интересно поведението на ВМРО-ДПМНЕ, поточно на нејзиниот само номинален претседател Мицкоски кои љуби себеси да се претставува како „Даскалот“. Имено, знаејќи дека единствено ВМРО-ДПМНЕ има доволен национален и политички капацитет да преку сопственото преструктурирање и обновување ја поведе Македонија низ овие процеси и успее да ја изведе, очигледно е дека токму Мицкоски како претседател на ВМРО-ДПМНЕ намерно ја дефакторизира партијата разградувајќи ја одвнатре.

Затоа драги мои читатели овој период на настанување на овие колумни во текот на целата 2021 година па се до крајот на Јануари 2022 година, претставува труд на авторот за отсликување на политикантските состојби во Македонија и во исто време соголување на лажната претстава за божемниот лидер на опозицијата (ВМРО-ДПМНЕ) и неговата божемна борба за преструктурирање на партијата, нејзино обновување и враќање на власт. Во таа претстава за залажување на сите нас политикантските актери на театарската претстава во Македонија со сите сили се обидоа да ја претставата стварноста пред нас како зависност од одлуките на НАТО, ЕУ, Русија и други геополитички актери при што ние сме жртви. Токму претставувајќи ни лажна слика дека Русија ќе не брани, а покривајќи се со изговорите дека нашите стратешки партнери САД и партнерите на Македонија од ЕУ  бараат од нас да продадеме сѐ. Продажбата на сѐ не беше ниту е барање на некого однадвор. Единственото нешто што се бара од политикантските криминализирани структури во Македонија е нашата Македонија активно да се вклучи во процесот за стабилизирање на регионот и да покаже самосвесност кон сопствената државност и опстанок.

Токму таа самосвесност за опстанок на Македонија, нејзината државност и опстојувањето на македонскиот народ во рамките на современата македонска нација е суштината која нашите политикантски „лидери“ ја избегнуваат, замаглуваат, уништуваат и продаваат, ризикувајќи не сите нас заради парите кои ги украдоа од македонската нација. Поради нивната корумпираност и компромитираност македонските граѓани, сите ние гледаме театарски претстави и никако да се вклучиме во регионалните и светските процеси таму каде што припаѓаме.

Почитувани читатели, монографијата која е пред зборува токму за времето во кое пред наши очи ни се случуваат криминали, измами и лаги, а кои сите ние онака стоички ги поднесуваме.

Авторот

На денот на Св.Архангел Михаил
Лето Господово 2022
Скопје, Македонија

**Угоре високо – Удолу длабоко**

Оваа стара поговорка за претставување на проблематична состојба, најсликовито ја опишува „пат“ позицијата во која се доведе ВМРО-ДПМНЕ. Но, не се доведе ВМРО-ДПМНЕ самото во таа позиција, или попрецизно да се изразам, не го доведоа ВМРО-ДПМНЕ во таа позиција неговите членовите иако излезот од истата ќе падне на нивни плеќи. Доведувањето на ВМРО-ДПМНЕ во пат позиција е само фаза пред неговото матирање на политичката сцена во Македонија, а тоа матирање има своја цел, таа не е политичка во пресметка со СДС, туку стратешка цел во однос на Македонија и нејзиното битисување. ВМРО-ДПМНЕ во оваа позиција ја доведе неспособното и компромитирано и корумпирано раководство на чело со Мицкоски, а во исто време во синергија дејствуваа и со Мијалков кој случајно нели застана зад „Иницијативниот одбор“. Мора да кажам, дека да не застанеше Мијалков зад „Иницијативниот одбор“, идејата ќе беше широко прифатена, омасовена, навремена и досега одамна спроведена во дело.

За да биде појасно, потребно е да направиме мала анализа на можностите за излез од пат ситуацијата и последиците од истата, а пред тоа мора да напоменам дека ВМРО-ДПМНЕ со оваа раководство нема сила да се вивне угоре, така што неопходно е да се приземји удолу, но по можност со што помала штета врз партиската структура, односно врз членството. Падобранот е кај Мицкоски, според Статутот на партијата може да предизвика Вонреден конгрес самиот тој. Преку предизвикување на вонреден конгрес ќе постигне неколку цели:

1.Ќе спречи распад на партијата (секако доколку сака), затоа што во рок од 45 дена според Статутот мора да се организира Вонреден конгрес, а тоа ќе значи дека веднаш може да се пристапи кон избор на нови делегати или едноставно за да не се создава недоверба, на постојните делегати да се додадат новите делегати кои по функција треба да бидат.

2.Ќе ја смири состојбата на разединетост во партијата што ќе има и долгорочни стабилизирачки ефекти врз ВМРО, но и врз Македонија, без разлика кој би бил претседател на партијата во иднина.

3.Ќе може да предложи и донесе легален Статут на партијата усвоен од страна на Конгресот како највисок орган на партијата со отворање на повеќе внатрепартиски демократски процеси, а на прво место начинот на изборот на Претседател на ВМРО-ДПМНЕ.

4.Ќе ја ослободи партијата и себе лично од товарот кој го носи како нереформирано и губитничко раководство на ВМРО-ДПМНЕ, а што ќе влијае врз угледот на партијата на меѓународна сцена посебно.

5.Ќе отвори можност за внесување свежина во идеи и активности во партијата, промена на раководството и спојување на искуството со новата енергија, а што ќе го заживее активизмот и динамиката во партијата и на партијата кон општеството.

6.Ќе остане запаметен како Претседател кој отворил нова епоха во партијата, ја демократизирал и обединил.

Доколку Мицкоски оди по патот на неотварање на падобранот за да ВМРО-ДПМНЕ може меко да се приземји, да изврши ремонт на моторите и склоповите, а потоа да полета силно во височините, приземјувањето ќе биде многу грубо, ударот на земја ќе го разбие ВМРО-ДПМНЕ на безброј фрагменти (помали или поголеми кои тешко дека ќе можат да се состават) или ќе отвори процес на бесконечно лебдеење „ни на небо ни на земја" и ќе доведе до празност на политиките на партијата при што повторно некои делови кои тежат ќе се одделат и ќе се приземјат, додека партијата ќе влезе во долгорочно внатрешно гниење, а како бренд ќе остане уништена и во двата случаи.

Токму уништувањето на брендот ВМРО е една од клучните цели на Заев, затоа што се уништува духот на Македонскиот народ. Очигледно дека во тоа во овој момент му помагаат и Мицкоски и Мијалков (се сомневам дека не се свесни за тоа ...). Имам многу цврсти аргументи за ова мое тврдење, но на прво место ги гледам индикаторите на збиднувањата во определен временски простор, но за тоа во друга прилика.

Покрај духовното уништување, на Заев му е неопходно да создаде и правна основа врз која ќе може да делува во прекројувањето на Македонија, а тука повторно му помагаат и Мицкоски и Мијалков преку своето однесување на терен или она што можеме да го очекуваме во иднина како резултат на внатрешните судири во партијата. Можеме да очекуваме ужас без крај отсликан во меѓусебни напади и денунцирање внатре во ВМРО-ДПМНЕ и пизма помеѓу членството кој на која страна застанал или до баналности кој со кого пиел кафе. Потоа ќе следи судски „спор" (поточно контролирано судско парничење) за тоа кој е во право, односно кој ќе ги има печатите. Нема потреба од посебна елаборација, знаете дека печатите се многу важни за поднесување на кандидатури на претстојните избори. Во меѓувреме ќе расне недовербата кај членството и негова пасивизација што на терен единствено на Заев му одговара. При таква состојба на локалните избори ќе излезат многу независни листи од членство на ВМРО-ДПМНЕ, а на крајот и разни идеи за формирања на нови политички субјекти или не дај Боже префрлање во други политички субјекти. Сето ова дополнително ќе ја фрагментира партијата со долгорочни последици.

Излезот го гледам во отворањето на падобранот од страна на Мицкоски, бидејќи тој ја има рачката за негово отворање во своите раце и доколку нема некој таен договор со Мијалков, мора да направи чекор кој ќе доведе до свикување на итен Вонреден конгрес со старите и новите делегати. Мора да се откаже од флоскулата дека нешто или некого прочистува од партијата, како да прави идеолошка диференцијација, а всушност се работи за тривијални обиди за поделба на членството и задржување на некаква си контрола врз партијата (да не бидам експлицитен и да објаснувам па ќе кажам само – контрола над парите како приоритет).

Во контекст на Конгресот, сакам да се осврнам накратко на одредбите на Статутот на ВМРО-ДПМНЕ и правниот дел на кој на крајот и двете страни ќе се повикуваат.

Со Стратутот на ВМРО-ДПМНЕ донесен согласно Статутарните измени и дополни и пречистениот текст на Статутот на партијата на предлог на Статутарната комисија на седница на Централниот комитет одржана на

21.07.2020 година (со стапување во сила веднаш, со исклучок на членовите 65, 66 и 67, а кој се однесуваат на функционирање на Општинските комитети), во член 29 е регулирано дека „Конгресот е највисок орган во партијата. Мора да напоменам дека последни промени на Статутот на партијата на конгрес се направени на 11-от конгрес во 1999 година, се потоа се правени измени и дополни на седници на Централниот комитет, а како предлог на Стратутарната комисија. Ова укажува на системска грешка во ВМРО-ДПМНЕ во однос на правното работење, бидејќи доколку Конгресот е највисок орган во партијата, а Статутот претставува Устав на партијата, тогаш е логично измени и дополни на Статутот, односно донесување на нов Статут или пречистен текст да може да донесува само највисокиот партиски орган, а не Централниот комитет кој е на трето ниво на органи во партијата после Претседателот на партијата кој има широки ингеренции и кој самиот може да свика Вонреден конгрес. При тоа, самиот Конгрес, односно делегатите на конгресот немаат можност да побараат или свикаат Вонреден конгрес. На овој начин на највисокото партиско тело му се одземени највисоките ингеренции.

Свикувањето на Вонреден конгрес е регулирано во чл.31 од Статутот, а при тоа како што се дадени одредбите во ставовите 2 и 3 од овој член, може да се заклучи дека реално не постои можност за свикување на Вонреден конгрес доколку тоа не го направи Претседателот на партијата или две третини од Централниот комитет кој пак Централен комитет (односно неговиот состав) го предлага Претседателот на партијата, а во новиот Статут е определен и статутарно. Толку од демократските промени и најдемократскиот Статут на политичките партии во Македонија со кој се фалеше Мицкоски.

Затоа, и реков дека во „спорот“ кој ќе го водат „Иницијативниот одбор“ односно Мијалков и ВМРО-ДПМНЕ (официјално) односно Мицкоски, ќе имаме можност да се нагледаме глупости и правни докажувања кој е во право. За волја на вистината и двете страни имаат доволно аргументи за себе, така што се е потаман и играта и забавата може да продолжат.

Овој „спор“ токму поради аргументите на двете страни ќе потрае од Април па се до бесконечност. При тоа, единствено Заев ќе биде во полза (впрочем тој и ќе одлучува преку неговите судови), бидејќи додека ВМРО-ДПМНЕ од било која страна, вклучително и оние кој сме за единствена обединета партија и нормална, демократизирана партиска структура и Статут ќе бидеме набљудувачи на глупостите, самиот Заев може да распише и предвремени Парламентарни избори заедно со локалните. Зошто да не го искористи моментот, нели утврдивме според последното искуство на Мицкоски дека не е витез.

Без да се обидувам да ги опишувам деталите на дејствувањето на Заев и случувањата во ВМРО-ДПМНЕ затоа што ќе одземам многу време, ќе констатирам само дека, победата на Заев ќе значи крај за Македонија (ова не го кажувам како метафора, туку во најгруба смисла на зборот КРАЈ), а сите ние потоа можеме да се обвинуваме меѓу себе колку што сакаме за тоа кој е виновен.

Одговорот е пред нас. Самите сме си виновни. Впрочем, затоа во минатите колумни и јавни обраќања поставував прашања во врска со шајките

кои треба да ги заковаат на сандакот на ВМРО-ДПМНЕ и последната шајка врз ковчегот на Македонија, особено околу времето кое им го имаат дадено нивните газди. По се изгледа времето е скусено.

Тие што разбраа ќе го имаат и одговорот, тие што не разбираат што ни се случува цел живот ќе обвинуваат некој друг, за да се обидат да си ја исперат совеста пред идните генерации и пред Македонија.

На денот на пренесување на моштите на Св.Игнатиј Богоносец

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

П.С. Ве молам не ме прашувајте и не придвижувајте безполезни дебати на темата: „Што доколку Мицкоски не сака да свика Вонреден конгрес“?
Ќе ви одговорам накратко:
„Во прашање е моралната изграденост на еден човек и личното чувство на историска одговорност и интегритет. Дали Мицкоски (секако и Мијалков) е подготвен да се жртвува себеси за идејата на ВМРО, за ВМРО-ДПМНЕ и Македонија, како што тоа го направи Господ Иисус Христос за спасение на сите луѓе“?
Нели ние во ВМРО-ДПМНЕ сме демократски-христијани и се темелиме врз Православните Христијански вредности?

## Среќна нова 49-та

Забележав дека мојата колумна во кој се изнесени личните мој ставови за кризата која настана и која допрва претстои во ВМРО-ДПМНЕ, предизвика реакција во насока на спинување на истите со тенднеција да бидам претставен како некој кој создава раздор во партијата, иако намерата ми е да повикам на свесност, разумност, мудрост, смиреност и единство кај членовите на ВМРО-ДПМНЕ.

Во потполност сум свесен дека не прифаќајќи ја играта на добар и лош полицаец на двоецот Мицкоски-Мијалков ( или ММ партнерството во рамките на триумвиратот со лицето под илјада маски наречено Зоран Заев или ЗЗ), ќе бидам мета на напади на сите три таканаречени групации кои работат заедно под кратенката ЗММ. Едноставно е, несмее да се дозволи критичко гледање на состојбите и случувањата, да се даваат конкретни и издржани анализи и да не се припаѓа кон една од „групациите“ кои нели „луто се борат помеѓу себе“. Не смее, затоа што слободната мисла им го руши концептот со кој сакаат да ја урнат Македонија, односно им ги пореметува зацртаните планови.

Затоа, почитувани читатели, пред се сопартијци, без разлика дали се согласувате со мене или не, ве молам внимателно да ги читате мојте колумни и анализите во нив, а при тоа ве замолувам и самите да направите критички осврт и да размислите за тоа што го имам напишано пред да донесете заклучок. Со сигурност знам дека времето ќе ги потврди мојте ставови и анализи, пред се затоа што се видливи. Доволно е да ги следите актуелните случувања и однесување на ЗММ, да го прочитате внимателно Статутот на ВМРО-ДПМНЕ и да се свртите наназад во не така далечното минато на Република Македонија при што ќе се потсетите на настаните од кои можеме да стекнеме искуство како поука за она што не чека во иднината.

Не ни очекувам сите да ме разберат или да се согласат со мене, и тоа е нормално и за почитување, бидејќи секој става свој очила со различен колорит и диоптрија, се со цел да ја видат единствено дводимензионалната слика која им се проектира.

Одамна низ мојте колумни го детектирав клиентелизмот и конформизмот кој владее со политичката сцена (токму сцена на комедијанти и марионети). Но, тоа не е ништо ново, впрочем, и на Мојсеј не му се приклучија сите робови Евреи подпаднати во египетско ропство откако Јаков ги доведе во земјата Египетска, а години подоцна нивната вера во Бога избледе до степен што подпаднаа под ропство на фараоните. Не му се приклучија во излезот од ропството низ Црвеното море и водата како симбол на прочистувањето (праобразот на Христовото крштение во Јордан), плашејќи се од непознатото и поприфатливо им беше да останат робови со „сигурното“ парче леб. Токму клиентелизмот и конформизмот, во содејство со аморалноста на политикантите, доведе до тоа Македонија да биде детектирана како „системски неодржлива држава“.

Што значи тоа не е потребно да елаборирам! Токму двоецот ММ, аверс и реверс на една иста монета, во содејство со анационалната криминогена креатура ЗЗ, пред се поради лукративни причини, ги движат процесите кон

дефинитивно уништување или поточно поништување на ДРЖАВАТА МАКЕДОНИЈА. Секако, триумвиратот ЗММ има поделени улоги кои најдисциплинирано ги извршуваат.

Одамна напишав дека политичарите дејствуваат во реалниот простор и време, проблемот се појавува кога ќе се пропушти времето, а нашите се насочени кон тоа да го изгубат просторот. Благодарение на лојалноста на ММ кон ЗЗ, ВМРО-ДПМНЕ, освен што го изгуби просторот – власта, сѐ прави да го изгуби и времето на Македонскиот народ и нацијата. За волја на вистината корените на поданичката улога на ВМРО-ДПМНЕ, vs & vs СДС се поодамна. Народната меморија памети како по првите избори на кои победи ВМРО-ДПМНЕ, ја отстапи власта на СДС (тогаш со смешен акроним СКМ-ПДП). Но, и тоа не беше доволно па се бојкотираа вторите избори по што СДС ја зеде апсолутната власт во Македонија, правејќи ја приватизацијата и најголемиот грабеж во историјата на Македонија. Од таа какафонична играрија на ВМРО произлезе еден олигарх, (средно богат бизнисмен, нели) самопромовиран политички аналитичар кој поседува градежни компании, молови, ланец маркети, бензински пумпи, винарии со лозја, фирми за обезбедување, трговски фирми, завидно портфолио на акции во одредени банки, имоти итн, итн. Не е потребно експлицитно да посочувам кој остана со прстот в уста, членовите на ВМРО-ДПМНЕ и граѓаните на Македонија.

Последните години повторно сме сведоци на истата играрија, само сега во режија на двоецот ММ, сопственици на што ли уште не, од хотели и бензински пумпи до хидроцентрали и ред трговски фирми со квантум на акции поголем од оној на претходно посочениот. Секако, за да ја реализираат својата предавничка и лицемерна улога, најпрво требаше да се стигматизира една личност (за жал и понатаму се обидуваат да го прават тоа највулгарно и омаловажувачки иако не е тука, што значи дека му се плашат и од сенката) и таа личност да се протера од просторот во кој тие (триумвиратот) дејствуваат.

Така нашите „херои од магарешката клупа", си создадоа простор во кој толку безобразно, според нивните мерила „мангупски", да го пропуштат времето секогаш кога требаше да дејствуваат против погубната политика на ЗЗ. При тоа, секогаш правејќи илузии за наводен активизам кој никако не можеме да го видиме, а не пак да ги почувствуваме неговите позитивни ефекти. Изостанаа протести и попречување во трговијата на „муртинскиот пациент" со името на државата, идентитетот на Македонскиот народ, македонскиот јазик, историјата и безброј погубни политики внатре и на меѓународен план. Но, нашата ММ, секогаш наоѓаше „мудар" изговор за да не се преземаат мерки за организирано спротивставување и да ја преземат историската улога на предводници и заштитници на Македонскиот народ. Тие секогаш заради лукративни причини беа само неми спотери на „трговецот со национални реликвии" ЗЗ. Секако, со тоа поддржувајќи ја играта на замајување од страна на ЗЗ, односно јавното поговарање дека се работи по диктат на Калето, Брисел, Москва, Софија, Атина, Белград, Тирана ... Во секој случај создавајќи разно разни омрази, скептицизми, фобии, депримираност и дефетизам кај Македонските граѓани дека сите ни беа виновни за судбата наша. Како и ова да беше малку, па сега за да ги заштитат сопствените лукративни бизнис интереси

и интересите на криминогената олигархија потребно е да се поништи државата. Едноставно е, нема држава-нема криминал, многу едноставно!

Во контекст на ова потребно е да се уништи главниот политички субјект кој може да го спречи сценариото, а тоа секако е ВМРО-ДПМНЕ. Поради ова ќе се одглуми или поточно предизвика раздор, старата римска максима DIVERGA ET IMPERA, ќе ја вклучиме на најсилно. Членовите на ВМРО-ДПМНЕ ќе се испокараат кој кон која М инклинира, а на ЗЗ ќе му се создаде простор непречено да го реализира пеколното сценарио.

Операционализацијата на ништењето на ВМРО-ДПМНЕ започна со веќе видено, искажување на лојалност со разни листи на потписници преку поддршка на некакви „петиции“. Незнам што ќе прават со нас, обичните смртници кои едноставно го сакаме ВМРО-ДПМНЕ и не припаѓаме на ниту една банда, ниту пак сакаме да бидеме во друштвото на „корисни идиоти“. Веројатно, нам ни го подготвуваат „Змискиот остров“ на Преспа (Македонски еквивалент на Голи оток) каде што ќе не изолираат.

Еве ви ја на тацна третата димензија која одбивате да ја видите, а вам ви останува како ќе реагирате!

Hik Rodos, Hik Salta!

После се, мои драги пријатели не ми останува ништо друго освен да Ви честитам – Среќна нова 1949-та.

На денот на Св.маченик Трифун

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

**Гласот на разумот**

За жал, како што и предвидов започна пизмата во ВМРО-ДПМНЕ. Започнаа да се напаѓаат меѓу себе „иницијаторите“ за Вонреден конгрес и „поддржувачите“ на Мицкоски. Во тие напади не сме поштедени ниту ние кои сме лојални исклучиво на идејата и на партијата ВМРО-ДПМНЕ и не припаѓаме на ниту една од „страните“, па така на секој повик за разум, пизмата и навредите, исмејувањето и сите арсенали на омаловажување се насочени и кон нас и нашиот јасен став за конкретно обединување. Во битката која се разгорува секоја од „спротивставените“ страните е во налет на прибирање што повеќе „поддржувачи“ како мобилизација на расположливо топовско месо во претстојната долготрајна фронтовска, рововска војна која не очекува сите во ВМРО-ДПМНЕ. Загубите нема да се бројат, бидејќи се само бројка, а резултатот ќе биде долгорочно уништување на ВМРО-ДПМНЕ.

Без да се вртам кон било која од „страните“ или поедини лица под маски кој се занимаваат единствено со сеење омраза, а при тоа потполно свесен за тоа дека и со оваа колумна ќе предизвикам бран напади и навреди со силно изразена омраза и обиди за омаловажување врз мене, сакам повторно низ една правно-политичка анализа да укажам на сите можни аспекти кои ќе се појават како последица од оваа војна, доколку истата веднаш не престане. Како член на ВМРО-ДПМНЕ и универзитетски професор од областа на одбраната, мирот и развојот, за мене најпрво како човек е мачно да ги восприемам овие неартикулирани (или можеби се добро артикулирани во коалицијата ЗММ?) состојби и во исто време јасно ги гледам долгорочните уништувачки последици врз Македонија.

За да престане војната пред да однесе многу жртви и го разори ВМРО-ДПМНЕ треба да се употреби разумот. Покрај разумноста треба сите да бидеме подготвени на отстапки и на крајот подготвени на помирување внатре во ВМРО-ДПМНЕ. Не постои win-win ситуација за која било од „страните“ (доколку се на различни страни ММ), а при тоа да нема отстапки. Не постои ниту страна која ќе победи, а при тоа да не победи Заев и тоа долгорочно со страотни последици врз државата и партијата.

Во основа, одговорноста е врз актуелниот претседател на ВМРО-ДПМНЕ, затоа и го повикав Мицкоски да го отвори падобранот за меко приземнување на партијата, но очигледно не ја прифати идејата и тргна во насока на докажување колку има поддршка во партијата собирајќи сосема безпредметно потписи за „петиција“ за негова поддршка. Зошто е потребно тоа? Со самиот избор за претседател на партијата Мицкоски ја добил поддршката, а на самиот конгрес 2017 година во Валандово беше избран со акламација. Ова што сега се обидува да го прави е само тенденциозно предизвикување на дополнителна диференцијација во партијата и навистина се прашувам: „на кој генијалец му текна таа идеја во вака наелектризирани состојби, со која цел и за кого всушност одработува спроведувајќи ја во пракса“? Доколку Мицкоски сака да го провери својот партиски рејтинг во моментов тоа не треба да го прави со јавно собирање потписи за поддршка, туку

да го направи на ОБЕДИНУВАЧКИ ВОНРЕДЕН КОНГРЕС во негова организација како актуелен претседател на партијата.

Не требаше ниту осум месеци порано да закажува редовен конгрес, бидејќи во член 29 став 4 е регулирано дека одлука за редовен конгрес се носи „најдоцна 3 (три) месеци пред почетокот на работата на Конгресот“. Сметам дека одлуката донесена девет месеци порано е изнудена и избрзана и тоа како резултат на свикувањето на Вонредниот конгрес од страна на Иницијативниот одбор и претставува повторно лоша внатрепартиска политичка проценка и пак се прашувам: „на кој генијалец му текна оваа идеја со која долева масло на огнот“? Сосема непотребно влегување во конфликтна трка наместо да се бара решението, особено имајќи пред вид дека за неполни осум месеци не чекаат локални избори. Од практичен аспект ќе се постави прашањето, дали членството ќе се концентрира кон локалните (а можеби и предвремени парламентарни) избори или кон создавање лоби групи за претстојниот конгрес на 27-ми Ноември, а што ќе создаде уште поголеми антагонизми внатре во партијата, како и теренско дејствување со цел нанесување политичка штета. Ете, затоа беше добро Вонреден конгрес да организираше Мицкоски и тоа лани во Октомври по парламентарните избори. Видливо е дека образложението како „спречува поделба на партијата“ не го издржа тестот на времето и искрено кажано доколку Мицкоски организира тајно гласање на Централниот комитет за тоа дали ЦК би поддржал Вонреден конгрес, не сум сигурен дека би добил „силна“ поддршка како со потписите за „петицијата“. Така што, манипулативните играрии во партијата само ги прават поделбите и проблемите поголеми иако кај некого (пред се раководството) создаваат слика на нивно одложување или надминување. Персоналната лојаност не се купува или колективно под пресија, перфидност и манипулација наметнува. Таа се заслужува единствено со личен пример на работа, умеење, разумност, искреност и самопожртвуваност.

Вториот правен „проблем“ е тој што во чл.32, став 1, алинеја 6 од Статутот од 21.07.2020 година е регулирано дека Конгресот донесува и врши измени и дополнување на Статутот, а во исто време во чл.38, став 1 алинеја 2 и Централниот комитет врши изменување и дополнување на програмата и Статутот меѓу два конгреса. За волја на вистината, потполно е исто и во претходниот Статут од 15.10.2004 година, во кој во чл.24, став 1 алинеја 12 е регулирано дека Централниот комитет врши изменување и дополнување на Сататутот меѓу два конгреса, а во исто време во чл.19, став 1 алинеја 4 се вели дека Конгресот донесува и менува Сататут. Затоа последните нормални Статутарни измени поддржани на Конгрес се направени на 11-от Конгрес во далечната 1999 година. Токму од овие причини во една од претходните колумни тврдев дека во ВМРО-ДПМНЕ некој намерно вградува „системска грешка“, нејасно и проблематично двовластие заради заштита од демократски одлуки на членовите, односно не ја демократизира партијата, туку остава недоречености, а посебно ја одзема моќта на Конгресот како највисок орган во партијата кој според оваа одредба од сите Статути, но пред се и според правната логика како највисок орган единствено тој треба да има моќ да донесува измени и дополни на Статутот, но во исто време да има и механизам за негово

самосвикување, а не да чека одлука од друг понизок орган на партијата да биде свикан, секако, со тоа да биде и зависен, формален, а во исто време и највисок орган на партијата што е неспоиво и демагошки реализам на некој облик на псеудо демократија. Идните измени во Статутот треба да бидат првиот чекор кон демократизација на партијата.

Токму недостигот на овој прв чекор и ќе доведе до најпосакуваното сценарио за Заев покрај внатрешната пизма помеѓу сите нас, а тоа е започнување на бескрајни судски процеси во ВМРО-ДПМНЕ заради докажување на сопственоста врз партијата. Тоа нема да доведе до победа на некоја од „страните“, а и доколку има некаква победа тоа би била „Пирова победа“, односно чисто „Статутарно“ одработување на ММ во полза на Заев.

Да не биде дека само критикувам, покрај тоа што се обидувам низ анализа да ја претставам ситуацијата иако некој се обидуваат да ме убедат дека тоа не е така и дека доколку дојде до некоја судска разврска таа нема да трае повеќе од еден месец, ќе се обидам да дадам и предлог решение.

Во таа насока за изнаоѓање на решение беше и мојот ЈАВЕН ПОВИК до Мицкоски за свикување на проширен Централен комитет, а со цел да ги превенираме настаните и негативните последици. За жал мојот предлог беше одбиен (игнориран и омаловажен поради немање визија за согледување на идните настани?) и со тоа се отвори вратата за раздор. Одбивањето на комуникација секогаш доведува до создавање на погрешни перцепции и формирање на погрешни ставови, а навредите, игнорирањето и маргинализацијата ја започнуваат „спиралата на насилство“, на почетокот вербално, но не се исклучува и негова ескалација.

Најпрво, и да трае само еден месец судската постапка, во што се сомневам, познавајќи ја експедитивноста на судството доколку тоа Заев не го сака како што беше во поедини политички случаи, било која од „страните“ да „победи“, внатрепартиски ќе бидеме раскарани и разединети, при тоа почестени со сите можни епитети на предавници, слуги, Мицковисти и Мијалковисти, замерени меѓу себе со лични навреди, како и голема меѓусебна недоверба, а тоа во краток период до изборите тешко дека ќе се надмине. Во такви услови, апатијата, пасивизацијата, недовербата па дури и опструкциите внатре во ВМРО-ДПМНЕ дополнително ќе му помогнат на Заев.

Затоа, повторно го повикувам Мицкоски, бидејќи се уште, кај него е клучот за излез од кризата без жртви во партијата, да излезе со предлог до Иницијативниот одбор и Централниот комитет за свикување на ОБЕДИНУВАЧКИ ВОНРЕДЕН КОНГРЕС во Април годинава (Април би бил најпрактичен од многу причини кој сега не би ги образлагал), на кој би учествувале старите делегати, а би биле заменети само оние кои треба да бидат заменети по функција, односно би учествувале актуелните членови на Централниот комитет, Извршниот комитет, Пратениците и претседателите на комисиите, членовите на УЖ и УМС според Статутот. За да не биде потоа дека одлуките ги донеле делегатите на Мицкоски или делегатите на Мијалков па истите не се валидни. Овој **обединувачки Конгрес** би ги запрел и превенирал сите пизми и расправии, неразумно и нерационално однесување и би бил глас

на разумот заради единствената цел која сите ние ја имаме, а тоа е опстанок на ВМРО-ДПМНЕ и Македонија и победа над Заев и неговите политики.

На Конгресот е потребно да се избере претседател на партијата кој сите ќе го признаат затоа што на легален начин ќе биде избран согласно Статутот и со поддршка на мнозинството делегати, а прифатен и од оние кои нема да му дадат поддршка, но затоа што гласањето е тајно нема да има никакви последици врз поединци и секој ќе се вклучи во обновата и победата на ВМРО-ДПМНЕ, затоа што ние сме голема и државотворна партија и за секого има место. По изборот на Претседател на истиот Конгрес, треба да се пристапи кон измени на Статутот, а подоготовките за негова измена треба да ги направи проширена Статутарна комисија во прв план во однос на идните промени на Статутот и на функционалноста на Конгресот како највисок орган на партијата.

Навистина е срамота СДС да ни држи лекции од демократија кога нивниот демократски (не)капацитет е видлив секојдневно во пракса и преку Уставните промени, наметнувањето закони, корупција и анационалниот однос кон Македонија.

Треба да работиме со ум, а не со емоции и лични интереси и перцепции, а за тоа ни е потребен разум, разборитост и барање на пат прифатлив за сите. Искрено се надевам дека ММ ќе се освестат дека поважно е да постои ВМРО-ДПМНЕ силно и на власт заради Македонија, отколку да се бркаат сопствените интереси. Токму доказот дека ММ не се во коалицијата ЗММ ќе биде нивното заедничко согласување за одржување на Обединувачки Вонреден Конгрес во Април годинава како што веќе кажав, иако тоа може и Мицкоски самиот да го наметне како решение од кое Мијалков (Иницијативниот одбор) нема да можат да побегнат како од една искрена фер понуда, но во исто време и Иницијативниот одбор да го понуди и прифати како пат и подадена рака за наоѓање на решение кон Мицкоски. Во спротивно ќе се потврди дека ММ се дел од коалицијата ЗММ и дека плански се работи на уништување на ВМРО-ДПМНЕ како дел од планот за уништување на Македонија. Подоцнежните меѓусебни обвинувања нема да ги амнестираат пред историската одговорност. Во овој момент сеуште не е доцна да се послуша гласот на разумот и да се спречи поделбата на членството и ослабнување на партијата во пресрет на изборите.

Убеден сум дека времето ќе ја потврди исправноста на моите ставови, но не би сакал да го видам тоа низ призмата на распад на ВМРО-ДПМНЕ, внатрепартиски поделби, фракции и пропаст, туку напротив, да го видам низ ОБЕДИНУВАЧКИ ВОНРЕДЕН КОНГРЕС.

Секогаш има решение за проблемите само треба разум и да се има волја да се најде најдоброто.

Ве замолувам и двете „страни“, престанете да се јавувате на членовите на партијата и да ги притискате да заземат страна, при тоа манипулирајќи ги дека на ваша страна го имате мнозинството или дека сте „во право“, како и тоа дека имате меѓународна поддршка. Мнозинството може да го има само тој што ќе биде избран на обединувачки конгрес или доколку се промени Статутот на непосредни избори од сите членови на партијата, во овој случај и правото е „недефинирано“ и за жал Заев ќе ни одредува кој е во право, а со

манипулацијата со наводната меѓународна поддршка нанесувате штета на партијата и нејзиниот углед, бидејќи претставниците на други држави и сојузи во Македонија никогаш нема да се стават на нечија страна и нема да присуствуваат на партиски конгреси. Не е чесно и етички и е надвор од разумот.

На денот на Св.Симеон Богопримец и пророчица Ана

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

**Вомиториум**

*Кој се состанува со мудри, мудар ќе биде;*
*а кој другарува со безумни, глупав ќе биде.*

*Св.Цар Соломон*

Тоа што ми претставува тешкотија или чувство на тегобност (го препорачувам Жан-Пол Сартр за појаснување) е прашањето кое секојдневно си го поставувам: „Како заглавивме со безумните и дозволуваме да не прават будали“?

Во стариот Рим, многу често, ако не и редовно се организирале таканаречени „Баханалии“ или оргии и пијанки во чест на митскиот бог на виното Бах, кој пак завршувале со препијување и прејадување. За да можат учесниците да се „олеснат“, помагајќи си со ставање на два прста во уста, поточно да го поврата (изблујат) вишокот храна и пиење кој од алчност (стомако угодување) го консумирале во прекумерни количини, постоела посебна просторија наменета за „повраќање“, наречена *вомиториум.* Секако, ова е неточно толкување на зборот вомиториум, бидејќи се работи за парафразирана употреба на историски настан во кој според Цицерон, Јулиј Цезар на една баханалија во пијана состојба наместо да отиде во тоалетот да се изблуе, а каде што го чекале неговите убијци, по грешка излегол во вомиториумот и се спасил. Всушност, вомиториум е влез или излез на театри, амфитеатри и сцени. Но, за потребите на нашата колумна ќе се послужиме со овој термин според парафразата од Цицерон и вомиториумот ќе го претставиме метафорично како просторија за повраќање (блуење) како резултат на поведението при баханалии. Впрочем, терминот можете да го разберете и во контекст на излез за народот од амфитеатарот во кој се претставува една многу лошо изрежирана, на брза рака подготвена и со неквалитетни глумци реализирана претстава, но на која дури и Monty Pyton може да и позавиди во смисла на провиден хумор и длабока сатира.

По сето она што се изнагледавме и изнаслушавме во последните четири години од како е СДС на власт, завршно со последната сага во стилот на „Леси се враќа дома“, нам ни треба вомиториум. Поради големиот број на корисници, навистина вомиториум ни треба во секоја смисла и тоа како оние во арените, а тоа, за што се ќе ни треба да го употребиме, засега веројатно е дека ќе ни треба да го употребиме во контекст на Цицероновото толкување.

Дали за нас обичните смртници на кои од тоа како СДС ја практицира власта: продажба на име, идентитет, борба (поддршка) со криминалот, прогон на сторители на кривични дела (според „чудни“ критериуми), а посебно со последната „потемкинова градба“ или неуспешното пронаоѓање, бегство, болест и враќање на Сашо Мијалков, одамна ни се превртува во желудникот и само прашање на час е кога ќе изригнеме и повратиме или ќе бараме брз излез,

дали за нив, нашите (колку се наши, толку да се ...) од бога дадени властодршци ни е потребен вомиториум?

Секако, вораториум е потребен за власта, пред се поради алчното конзумирање на недоволно ферментирани општествени и меѓународни процеси по принципот „се што лета се јаде". Но, за наша жал, тоа е потребно, особено заради олеснување од алчното грабање, криминали и насилија. Впрочем, слушнете и видете ја изјавата во врска со неговото „менаџирање" на процесот за самопријавување (враќање) на Мијалков, дадена од лицето под илјада маски кое се претставува за премиер на Македонија и се ќе ви биде јасно во колкава количина сме наполнети со смет. За волја на вистината, на многумина од властодршците нема да може само два прста (со исклучок во она што се обидува да се нарекува Собрание) да им завршат работа, па дури ниту цела рака, поради обемот на внесените алчности очигледно ќе мора да се употреби клизма или некој сличен „алат".

Терминот вомиториум, според мене го прикажува најсоодветниот вовед во „папазјанијата" која некој ја нарекува власт, институции, држава, владеење на правото итн. Дали е веќе важно како се вика кога се срамиме од неа, државата? Ова е јавно на светска сцена обесмислување на Македонија како држава и намерно, потполно тенденциозно и злобно креирано, потврдување на ставот на Клеменсо во врска со „правото на самоопределување". Благодарение на властодршците и нивните поддржувачи, колоквијално наречени опозиција, ова е сè само држава НЕ. Во инвентивноста и смисолот за хумор на Македонските граѓани не се сомневам, па така може да ја наречеме и по една од најсмешните пародии, филмот „Monty Pyton".

Еден од основните постулати за да постои држава, е територија врз која суверено владееш со помош на уставот, законите и правото. Вакво безсрамно непочитување на уставот и законите и не спроведување на правото, би рекол оргијање на организирани баханалии врз сопствената држава и народ, не е забележано во современата светска историја. Дури и во најтемните времиња на апсолутистичко владеење, кралот, деспотот, владеел со чувство на поголеми морални вредности поради страв од Бога. Но, овие „наши" неверници, богохулници, немаат ниту страв Божји. Зошто пак тогаш да почитуваат морален кодекс преточен во уставот и законите? Нивното мото е онаа од Кралот сонце Луј XIV, „Државата, тоа сум јас".

Поради сето ова , господо „монтипајтоновци", пред ние профаните да ве искористиме како предмети врз кои ќе се олесниме (од нашите маки со вас), заминете веќе еднаш низ вомиториумот преку деветтиот круг на Данте во само вашиот вомиториум. Така, поминувајќи низ чистилиштето, „подготвени и исчистени од гревовите", ќе го пречекате судот на народот.

Како и да е, се гледа крајот и сите итаме кон вомиториумот, без разлика на тоа кој под каков термин го подразбира и за каква потреба ќе го искористи.

Да почнеме да се состануваме со мудрите.

На денот на Св.Георгиј Кратовски

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

**Политичко-општествен нокаут**

*На лагата и се кратки нозете*
*Народна поговорка*

Според тоа што се случи со гласањето на доверба на владата на барање на лицето под илјада маски кое се отповикува на Заев, можеме да заклучиме јасно и да слушнеме гласно дека раководството на ВМРО-ДПМНЕ доби класичен политички НОКАУТ.

Ете тоа е резултатот на долгогодишното потценување на политичкиот противник Заев и СДС и неговата политичка вештина за манипулација и политички игри. Секако, тоа е резултат и на менталната заробеност на раководството на ВМРО-ДПМНЕ во периодот до 2016 година кога партијата беше на власт и политичко-општествените услови за дејствување беа различни. Исто така, тоа е резултат и на глупавата ПР стратегија со која на сопственото членство, на граѓаните, но и на надворешните партнери им се пласира лажна слика за реалните состојби. За жал, според првичната ФБ реакција на Мицкоски, може да заклучиме дека дури и вака заостанатата ПР стратегија длабоко колабира и ВМРО-ДПМНЕ почнува да служи за јавен потсмев што пак претставува општествен НОКАУТ за раководството на партијата, во смисол на кредибилитет и доверба пред граѓаните.

Во колумната како анализа нема да се задржам на политичко-економските „способности“ на лицето ЗЗ за убедување на собраниските двопрсти (зеленаши) за да набрзина му гласаат доверба, иако очигледно го искористи факторот време во полн капацитет. Напротив, ќе се задржам на политичко-општествените последици врз ВМРО-ДПМНЕ и Македонија, но и врз политичките бенефити за Заев и СДС.

Најпрво, од тоа што се случи и како Заев ја изигра набрзина играта во Собрание и опозицијата (само така наречена, а во вакви мигови lost in space) ја најде заспана (всушност никогаш не се ни разбуди) покажа дека со политичките процеси во државата неспорно раководи самиот Заев, а ВМРО-ДПМНЕ во прв ред како најголема опозициона партија е дефакторизирана. Ваков-таков, никаков, црна дупка и национална катастрофа што е се точно, но Заев раководи со процесите и тоа го покажува во прагма. Дали во тоа некој од внатре или однадвор го советува, не е важно, важно е дека и во таков случај добро слуша и препознава кога и како да делува. За разлика од Мицкоски, кому кон крајот на октомври 2020 се обидував колегијално да му објаснам што значи дејствувањето на политичарите во реално време и простор за кое искуствено пишува Наполеон, а на што тој ми одговори дека тоа било во 18-тиот век, а сега е современо време, Заев очигледно има прифатено сугестија во однос на тоа што значи времето и ете токму така и дејствуваше, во вистинско време. Е сега колега Мицкоски, дали го разбирате факторот време или начелото правовременост за што ви зборував, а имавте можност да го видите во пракса на дело.

На овој начин Заев превенираше повеќе можни процеси негативни за него самиот, но дополнително и дозирано го дестабилизираше ВМРО-ДПМНЕ

и самиот Мицкоски. По неколку месечните јавни бламирања на Николоски како потпретседател на ВМРО-ДПМНЕ дека само што не сме собрале мнозинство за уривање на владата на СДС во Собрание, преку изјавите во стилот „ни недостасуваат уште тројца пратеници“ (патем тоа од Август 2020 ни недостасуваше), па се до тоа дека имаме мнозинство, но сме чекале уште четири пратеници од БЕСА за да имаме 65, доживеавме ладен туш. Не само ние од ВМРО-ДПМНЕ, туку и граѓаните доживеаа разочарување. Можеби тоа и беше целта, дополнително деморализирање на граѓаните?

Покрај политичкиот нокаут, доживеавме и општествена бламажа пред граѓаните, а секако и пред меѓународната јавност. На кого ова не му е јасно, тој или залутал во политиката или намерно го прави тоа или е ... Можеби ќе да е до математиката, па јавно му советувам на Николоски да одвои време со Мицкоски да повежба математика (собирање и одземање) до 100 или барем до 61, секако откако вториот ќе излезе од карантин, па потоа оздравен и навежбан Мицкоски да му стегне една интерпелација на Заев или барем на 15 негови министри, да изгласа недоверба на повеќе од половина министри во владата на СДС и со тоа ја урне владата на Заев. Добра идеја нели, бидејќи гулабите писмоносци не летаат поради пандемијата и неможе да се комуницира со целните пратеници (барем двајца) кои треба да ја напуштат владината коалиција, таман за две недели ќе се отвори непосредната комуникација.

Но, да бидам сериозен и да се вратам кратко на тоа што Заев превенираше со овој политички нокаут врз ВМРО-ДПМНЕ. Успеа да си купи три месеци раат и покрај уставните можности за дејствување и обезбедување на ново мнозинство во оваа политичка констелација на власта (СДС-ДУИ) не верувам дека тоа ќе му појде од рака на ВМРО-ДПМНЕ. Заев си ја зацврсти својата внатрепартиска позиција, токму покажувајќи кој ја владее политичката сцена и како дури и ја менаџира, а тоа пред конгресот и опасноста од појавување на противкандидат како резултат на низата неуспеси и еклатантни глупости му беше насушно потребно. Сега, по конгресот ќе има слобода за внатрепартиско средување, токму доволно време до средината на Јуни кога може да донесе одлука и за предвремени парламентарни избори заедно со локалните, секако доколку ги убеди надворешните партнери дека тоа му е неопходно заради зачувување и зголемување на мнозинството во Собрание. Во исто време, Заев пред надворешните партнери демонстрираше дека е надмоќен во однос на Мицкоски и дека тој останува нивен „единствен сериозен“ партнер на политичката сцена во Македонија. Во однос на ВМРО-ДПМНЕ, Заев предизвика потрес во партијата чија штета колку и да се обидуваат во прв ред Мицкоски и Николоски да ја санираат преку невешта ПР „стратегија“ ќе остави длабоки траги кај членството најпрво во облик на недоверба кон раководството и нарушен личен углед и политички кредибилитет на целото раководство на партијата, посебно на Мицкоски и Николоски. Но, она што е најважно, тоа е дека Заев јавно покажа дека сега ги менаџира и процесите во ВМРО-ДПМНЕ. Имено, кога имаме ситуација во која Иницијативниот одбор сеуште зборува за Вонреден конгрес, а по пресудата врз Мијалков и неговото притворање во Шутка, Мицкоски се почувствува незагрозен бидејќи, го нема Мијалков, одеднаш и „одненадеж“, Заев го нокаутира Мицкоски, со што на сите струи и

фракции во ВМРО-ДПМНЕ, особено на Иницијативниот одбор им даде дозирана сила да се креваат против Мицкоски. Ете како во пракса Заев си поигрува и со Мијалков и со Мицкоски како со марионети и затоа вратете се на моите претходни колумни за коалицијата ЗММ. Уште едно доказателство за игранката на коалицијата ЗММ е и отсуството на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ од Собранието, за да одговорат на „експозето“ на Заев и да го разобличат со неговите „аргументи“.

За жал оваа состојба ќе продолжи да трае и тоа првенствено со внатрешна дестабилизација на ВМРО-ДПМНЕ. Политичкиот нокаут, двоецот Мицкоски-Николоски, веројатно ќе успее да го преживее внатре во партијата и со дополнителен напор и лаги кај своите надворешни партнери. До кога, ќе видиме, зависно од тоа како Заев ќе ги менџира марионетките за да не предизвика општо прогледување. Тоа за внатрепартиското политичко преживување е јасно, бидејќи иако Централниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ па и дел од Извршниот комитет вријат и во меѓусебна комуникација искажуваат дека се свесни за катастрофалната состојба на партијата, сепак молчат, надевајќи се дека ќе се случи чудо и народот ќе гласа за ВМРО-ДПМНЕ па со тоа ќе се дојде на власт и ете ќе се дојде до бенефит, не е јасно „трпението“ на надворешните партнери.

Токму тука во очекувањата е самоизмамата на сопартијците од Централниот и Извршниот комитет која не сакаат да ја согледаат, а воедно тоа го гледа и Заев и затоа отворено влегува во менаџирање на внатрепартиските состојби во ВМРО-ДПМНЕ. Народот ќе гласа за ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи тоа е Македонската идеја, светите букви и организацијата, но партијата ја сочинуваат луѓе, а со неа раководи претседател на партијата и раководство (ИК и ЦК) кои се сепак обични луѓе. Тие луѓе граѓаните ги гледаат во јавноста и од нивните успеси или неуспеси, јавни настапи, ветувања или лаги проценуваат дали треба да се даде довербата за власт и што тие како граѓани (за нивниот живот) и нивната татковина ќе добијат доколку на тие луѓе (пред се на луѓе) им се даде доверба.

Ете тоа е вториот и можеби потежок нокаут кој Заев никаквиот го нанесе на ВМРО-ДПМНЕ, односно на двоецот Мицкоски-Николоски, тоа е општествениот нокаут или разнишаната доверба кај граѓаните во Македонија кои утре треба да гласаат. Наместо Заев да паѓа па дури и на рати, ни се случува паѓање на ВМРО-ДПМНЕ и тоа на рати поради неспособно и лажливо раководство.

Дали сега ме разбирате, скоро три месеци подоцна, зошто при првата голема надвор од партијата и на меѓународна сцена изнесена лага од страна на Николоски во врска со наводното лобирање на ВМРО-ДПМНЕ во Чешка и Словачка за блокирање на Бугарската преговоарачка рамка, барав негова оставка и повлекување од политиката? Токму затоа што беше видливо дека тоа не е случајност туку тенденција од овој човек да се потпира на лаги и измами во политичката работа кон се и кон секого. Тогаш, Мицкоски застана на негова страна обидувајќи се да го заштити мислејќи дека применувајќи метод на покривање на една лага со друга лага, претходната ќе се заборави. Но, ете поголемата лага дека имаме мнозинство во Собрание да го урнеме Заев со која

и внатре во ВМРО-ДПМНЕ и пред Македонските граѓани и пред партнерите надворешни се фалеа Мицкоски и Николоски се распрсна како и секоја лага. Сега која ќе биде новата лага? Болеста од ковид-19, поткупот на Заев, закани и уцени од страна на Заев? Напишав на почетокот дека нема да ги анализирам методите на Заев да си обезбеди мнозинство зеленаши (зелени картони) во Собранието. Прашањето е едноставно:„Зошто двоецот Мицкоски-Николоски тоа не го спречи“? Одговорот е едноставен: „Или незнаат и појма немаат што се случува во политиката или пеат во хорот на Заев односно играат во тимот ЗММ“? Но, што и да е одговорот, крајно време е „колега“ Мицкоски за твоја оставка и организација на еден Обединувачки вонреден конгрес на ВМРО-ДПМНЕ, пред да се распадне партијата од внатре. Тоа е твоја морална обврска да како универзитетски професор бидеш чесен кон сопартијците и по еден ваков нокаут и политички и општествен го напуштиш рингот и барем ја спасиш твојата сопствена општествена и професорска чест. Не е срамно да се изгуби, доколку достоинствено и чесно се повлечеш. Сите евентуални обиди да те поттикне партнерот ти Николоски за дополнителни лаги и манипулации на членството на ВМРО-ДПМНЕ во стилот „само што не му паднеле тестисите на овенот“, само ќе го нарушат твојот академски и општествен углед.

Христијан, ти си професор на Машинскиот факултет и имаш своја племенита професија да образуваш и воспитуваш нови генерации инжинери (образованието, а особено воспитанието не се прави без личен пример на углед и чест), твојот партнер Николоски нема друга професија освен политиката и за тоа со сите сили ќе се бори да остане актуелен, затоа недостоинствено е да се препелкаш во политичките лаги и кал (да не употребам некој друг термин). Немаш никаква потреба да продолжуваш да го правиш тоа. Чесното излегување од политиката ќе ти донесе голем бенефит и углед во општеството и пред членовите на партијата, особено преку обединувачки конгрес кој ти ќе го организираш и тоа час поскоро. Ти си легален претседател на ВМРО-ДПМНЕ (за легитимитетот нема да коментирам), кај тебе е клучот за прекин на агонијата во која партијата се подлабоко влегува. Охрабри се и биди достоинствен како што треба да биде универзитетски професор.

Навистина, на лагата и се кратки нозете. Е па, свршија лагите од раководството на ВМРО-ДПМНЕ, одтука натаму сите членови на ЦК и ИК се одговорни пред самите себе, својата совест и чест и членовите во комитетите. Се понатаму што ќе видиме доколку не се повлече Мицкоски и не организира Обединувачки вонреден конгрес ќе биде слика на тоа како Заев го менаџира ВМРО-ДПМНЕ и го разградува на рати.

На денот на Светите апостоли Архип и Филимон

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

**Влада во обид или...**

Следејќи ја политичката неартикулираност во јавните настапи на „политичката" јавност, а во врска со предлогот на политичкиот манипулант Заев за формирање на влада на Национален спас, може да заклучам дека оваа лице повторно успеа во својот план за дефокусирање од клучните прашања и себе претставување како „демократ". Забележливо е дека никој во Македонија не зборува (разговара) за корупцијата во владата, енормните и брзи вработувања во јавната и државната администрација, колапсот на здравствениот систем, проблемите во образованието со неквалитетно образование и (не)воспитание на новите генерации и илјадници секојдневни проблеми за граѓаните. Се расправа за пописот, за вакцините, за клиничкиот центар и тоа како економско-финансиско прашање, за фингер принтовите поврзани со претстојните локални избори и за тоа кој има реално или фиктивно мнозинство во Собранието. Кон ова околу мнозинството дополнително смут внесуваат оксиморонските изјави на Павле Трајанов кој како „Тутурутка" (тој ништо незнае и не е од тука нели) според стари проверени полициски методи „во вистински миг" ја враќа расправата за парламентарно мнозинство одново и одново. Во меѓувреме, токму по оваа прашање за парламентарното мнозинство, во земја пропадна Николоски кој најмногу зборуваше дека ВМРО-ДПМНЕ има обезбедено ново мнозинство во Собранието. Чудни некои совпаѓања, едноставно нели ..., што би рекол експертот по нарачка за Бугарско-Македонски односи и историја.

Токму сите овие прашања се една издржана причина за паѓање на владата на Заев и СДС која покажува неспособност од огромни размери, но нема кој да ја турне. Ете, токму за оваа можност за туркање на владата на Заев и неговото „самоиницијативно" подметнување во хазардерската политичка игра, како и за неискористената шанса од страна на ВМРО-ДПМНЕ, намерно или ненамерно не е важно, сакам да анализирам во оваа колумна.

Доколку Мицкоски не избрзаше со изјавата и одбивањето на предлогот (дури и формален да беше) на Заев за влада на Национален спас, токму ќе можеше да започне разговори за тоа под кои услови и со кои цели би се формирала една таква влада поддржана од ВМРО-ДПМНЕ. Во тој контекст јасна е реакцијата на ЛДП и ДС како и на помалите политички партии кои чувствуваат опасност за сопствениот опстанок, вклучително и промената на изборниот модел или гласањето на отворени листи. Сепак, ВМРО-ДПМНЕ испушти реална политичка шанса да влезе во политички дијалог и со тоа пред меѓународната јавност да покаже демократски политички капацитет за дијалог во Собранието или во рамките на билатералните односи на политичките партии, а во интерес на Македонија и националното единство.

Од влегувањето на ВМРО-ДПМНЕ во еден ваков политички дијалог, придобивките за партијата ќе беа големи. Најпрво, тоа не значи дека ВМРО-ДПМНЕ се согласува со предавничката и криминална политика на владата на Заев и дека токму од тие побуди сака да го тргне Заев од владата, но и дека од интерес на Македонија влегува во политички дијалог со точно дефинирани и детерминирани цели. Пред воопшто да влезе во еден ваков дијалог ВМРО-

ДПМНЕ имаше потреба да изврши внатрепартиски консултации, анализи и проценки од страна на комисиите, ИК и ЦК, а не самиот Мицкоски набрзина да донесе одлука која потоа цела партија треба да ја брани без соодветни аргументи.

Рамката во која требаше да се движи ВМРО-ДПМНЕ мораше да се детерминира со неколку клучни услови за да се прифати влезот во владата на Национален спас и тоа:

Прво, во таа влада да не биде претседател или на било кој начин да учествува како нејзин член Заев, токму согласно неговата терминологија во однос на Мицкоски и личните „анимозитети“ кон него или обиди за мешање во внатрешните работи на ВМРО-ДПМНЕ.

Второ, определување на клучните цели, што треба владата да ги оствари, а тоа се: борба против криминалот и корупцијата, справување со здравствената криза, справување со економската криза, одложување на пописот од многу причини, а пред се методолошки и создавање услови за спроведување на нормални избори и тоа по можност локални и парламентарни заедно најдоцна за една година од формирањето на владата.

Трето, поделбата на ресорите и персоналните решенија, вклучително и личноста која би била премиер како експерт поддржан од двете страни.

Четврто, според предлогот на Заев за национално помирување, ВМРО-ДПМНЕ треба да ги постави основните правци за национално помирување како услов за влегување во влада на Национален спас, а тоа е повторување на постапките за осудените за 27-ми Април кои треба да одговараат најмногу за учество во толпа и насилство, односно тоа значи повторно судење со променето обвинение кое не е тероризам. Исто така, дел од овој пакет преговори треба да биде и враќањето на Никола Груевски во Македонија (срамота е за Македонија да има политички прогонет премиер), повторување на постапките за луѓето кои се осудени според обвиненијата на онаа пропаднато и корумпирано СЈО, бидејќи како политичко обвинителство очигледно и постапките беа и се политички прогон. Од ова треба да бидат изземени организаторот (организаторите) на случувањата за 27-ми и мислам дека тука ќе се отворат прашања кои ќе го допрат и Заев и неговото замешателство и поврзаноста со извршителите на тешки кривични дела.

Петто, промена на државниот јавен обвинител, а се со цел координација на активностите со МВР за борба против криминалот и корупцијата и неполитичко повторување на постапките против осудените за 27-ми Април.

Некако имам чувство, дека не баш на Мицкоски не му текнало за овие цели и принципи, туку дека има нешто друго што го мотивирало неговиот „избрзан“ одговор на „понудата“ од Заев. Ќе да е нешто, но тој си знае, а доколку навистина не му текнувало, незнам што прави во политиката, посебно на местото на кое се наоѓа во моментов?

Но, да се вратам на анализата. Секако, овие преговори немаше да бидат брзи и едноставни и Заев ќе се обидуваше да манипулира во јавноста и пред меѓународните партнери. Сепак, постојат механизми за контрола на однесувањето, како што е континуирано и детално информирање на јавноста и надворешните партнери, а пред се ќе се овозможеше факторизација на ВМРО-

ДПМНЕ на внатрешен и надворешен план. Покрај тоа, во една таква ситуација ќе се дадеше можност за пауза во односите со Бугарија и воспоставување на контрола во односите помеѓу двете држави до завршување на изборите и формирање на политичка влада, односно релаксирање на односите.

Навистина жалам што ВМРО-ДПМНЕ не го користи искуството од минатото и покажува недостиг на политички капацитет за дијалог и водење политика во интерес на Македонија при една ваква ужасно лоша влада на СДС која незнае кој пат да го фати па дури и целта да е да се спаси самиот Заев од личната политичка катастрофа и кривична одговорност. Убеден сум дека воопшто немаше да биде разбрано во јавноста дека ВМРО-ДПМНЕ ги оправдува политиките на Заев и СДС и дека го спасува од политичка и кривична одговорност.

Напротив, ВМРО-ДПМНЕ ќе можеше од внатре (во институциите) да поттикне демонтажа на политиките и одговорност на Заев и да делува врз државните политики и во своите ресори да постигне забележителен успех кој пред јавноста ќе покажеше јасна диференцијација на работата и водењето на државата помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и СДС, односно ќе ги покажеше на дело капацитетите на ВМРО-ДПМНЕ. На крајот, доколку на било кој начин Заев, СДС или било кој партнер во владата на Национален спас се обидеше да ги измести утврдените цели и приоритети или пред се да го заштити криминалот, во секој момент ВМРО-ДПМНЕ ќе можеше да ја напушти владата со големо и реално оправдување пред домашната и меѓународна јавност за тоа кој поддржува криминал и корупција или не се грижи за здравјето на граѓаните итн. Многу ми е симптоматично однесувањето на раководството на ВМРО-ДПМНЕ, избрзано донесување на одлуки, а потоа повторно барање на работи за кои е јасно дека Заев нема да ги дозволи и всушност се само празни муабети и политички флоскули кои ја замајуваат јавноста.

На пример, земете го прашањето за апаратите за отисок на прстот при гласањето. Тоа е толку глупаво прашање кое сосема непотребно се издига на пиедестал како клучно за спроведувањето на локалните избори и учеството на опозицијата на истите.  Всушност, проблемот не е во апаратите, бидејќи истите може брзо и евтино да се набават. Проблемот е во програмирањето на софтверот во кој ќе биде префрлена базата на биометриски податоци од МВР и истата ќе биде достапна до секој избирачки одбор, така што избирачкиот одбор ќе има увид во делот од базата кои се однесува на списокот на избирачи на нивното избирачко место, а по гласањето на лицето со отисок на показалецот отворањето на неговите биометриски податоци на избирачкото место нема да биде можен со што ќе се спречи повторно гласање или гласање на друго избирачко место. Детектирањето на проблемите, особено нивното политичко формулирање е суштински важно пред јавноста, бидејќи познавајќи го Заев ќе имаме можност да се нагледаме обиди и конкретни манипулации и по ова прашање.

Оттука, ВМРО-ДПМНЕ има потреба да излезе од матрицата на повторување на ставот на Мицкоски кој немора да е неприкосновен и во право, особено доколку знаеме дека не е водена никаква расправа во партијата по однос на предлогот на Заев. Се работи за став донесен ad hoc (или можеби не е)

кој од личен став на Мицкоски се наметнува да биде партиски „усогласен“ став. Впрочем и во техничката влада за спроведување на изборите во 2020 година учествуваше ВМРО-ДПМНЕ па тоа не беше разбрано како согласување со политиките на Заев, така што незнам што е сега тоа што е различно доколку се настапеше со јасни цели и услови за влез во таканаречена влада на Национален спас (која патем за потсетување, Николоски како потпретседател на ВМРО-ДПМНЕ упорно ја бараше и верглаше 2-3 месеци нананзад), условено со утврдени принципи и цели за определен временски период кој треба да заврши со предвремени парламентарни избори. Доколку не се постигнеше договор, никому ништо, се разговарало и не се договорило, ВМРО-ДПМНЕ покажа демократски капацитет за политички дијалог во интерес на Македонија и граѓаните и ги утврдивме на јавна сцена позициите на Заев и практичните или вистинските негови заложби. Сето тоа немаше да биде на штета на ВМРО-ДПМНЕ туку напротив ќе го зголемеше неговиот политички капитал пред локалните избори.

Ете така, ВМРО-ДПМНЕ испушти една добра можност за политичко позиционирање и враќање на политичката сцена како фактор во Македонија и создавање на нов политички капитал за внатрешна и надворешна употреба.

Во исто време, Мицкоски кој доживеа политичко-општествен нокаут пред неколку дена, за кратко време ќе се повратеше од ударот, ќе го превенираше, надминеше или одложеше расколот во партијата и ќе му го одземеше на Заев статусот на единствен „сериозен партнер“ и политички „гуру“ на Македонската политичка сцена. Насушно потребно му беше ова на Мицкоски за себе враќање и факторизирање, а особено за зацврстување на ВМРО-ДПМНЕ на политичката сцена и негово враќање како силен политички фактор во пракса, но за жал повторно не го искористи времето за брзо и без загуби освојување на просторот.

Навистина се прашувам дали е во прашање тотално политичко слепило или намерно недовидување во согласност со поделените улоги во коалицијата ЗММ.

Не сум убеден дека зад овие потези на Заев не стои некој надворешен партнер кој преку оваа понуда на подметнување на Заев всушност ги тестираше капацитетот и политичката длабочина на Мицкоски и ВМРО-ДПМНЕ и дека од ова нема да се извлечат заклучоци кои ќе бидат штетни за ВМРО-ДПМНЕ, а воедно дека тие заклучоци нема да се употребат во креирањето на политичката слика за Мицкоски во Македонската и меѓународната јавност, а особено за неговата подготвеност да биде власт и да ја врати партијата на власт, односно за капацитетот да се справува со предизвиците пред Македонија.

Можеби токму тоа и самиот Мицкоски сака да го постигне, кој знае, ќе да е така, неспособност и некапацитет за отпочнување на политички дијалог, демонстрација на неспособност за Македонско национално единство, одржување во живот и функција на коалицијата ЗММ, продолжување на бандитизмот и криминалот во политиката и негова заштита, зголемување на апатијата и недовербата кај граѓаните кон сопствената држава, влада во обид или провидна политикантска игра на „страните“ за нивен политичко-финансиски опстанок?

На денот на Св.Тарсиј Цариградски

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

П.С. До двајцата глумци на политичката сцена во Македонија:

Ве замолувам да престанете да се однесувате оксиморонски и обидете се да ги следите процесите без да тресете глупости на интервјуа, особено поврзани со меѓународни партнери (фактори) или пишувате глупави дописни картички до амбасадите полни со нелогичности. Обидете се барем малку да го сочувате дигнитетот на Македонија како држава (каква-таква со вас во политиката) и значењето на јавните функции кои ги извршувате.

## Професија и професионалност

*Интелегентните луѓе секогаш се полни со сомнежи*
*и постојано се преиспитуваат,*
*додека глупавите секогаш имаат голема самодоверба*

*само поговорка ...*

Во една од моите колумни обраќајќи се лично кон Мицкоски, напишав дека има своја племенита професија, а во исто време зборував за некој чија професија е „политиката“ или поточно кажано ПОЛИТИКАНТСТВОТО.

Неможам да ги разберам луѓето кои само и само за да се занимаваат со политиканство, подготвени се да си ја уништат кариерата која им била овозможена и која и самите ја создале. Се прашувам дали тоа што си ја уништуваат кариерата е израз на нивна сопствена глупост, заслепеност од славата на политикантството или пак самите тие биле една голема грешка во нивната професија во која Македонија, но и самите тие вложиле или потрошиле многу време и средства. Никако не научивме дека не нема премногу за да можеме да се трошиме за глупости и дека создавањето на квалитетен и професионален кадар во сите области во државата бара време, средства, труд и посветеност. Зарем така лесно би сакал некој кој се потрудил и вложил да порасне во својата професија сето тоа да го фрли само и само за една секунда бледа слава? Ова е реторичко прашање кое секој поединечно треба да си го одговори.

Всушност, ова го кажувам како анализа на повторната вселенска глупост на Мицкоски во однос на ПР стратегијата за „одбрана“ на Ковачки во „судирот“ со Шеќеринска. Немој бате не ме брани е преводот на стратегијата на Мицкоски, а Ковачки е само спотер во глумењето на напади врз неспособната Шеќеринска во нејзиното раководење со Министерството за одбрана. Но, за Шеќеринска и нејзините раководни способности во одбранбените политики малку подолу во колумната, сега кратка анализа на будалаштините на Ковачки и „политиката на одбрана“ на неговиот лик и дело од страна на Мицкоски.

Незнам дали Мицкоски се консултира со ПР тимот кога, за што, и во кои услови треба да ги брани своите соработници, а да при тоа кога ќе направат некоја глупост, преку обидот за одбрана да не направат дополнителна штета врз угледот на ВМРО-ДПМНЕ. Да, токму врз угледот на партијата, бидејќи на овој начин се испраќаат пораки до граѓаните за тоа како ВМРО-ДПМНЕ би владееле. Чудна некоја емотивна поврзаност на Мицкоски кон некои негови соработници, а кои според неговиот систем на вредност истите вредат повеќе отколку целата партија и нејзиниот углед и затоа не ги дава ни по која цена. За жал цената е останување на ВМРО-ДПМНЕ во опозиција и покрај ужасно лошата власт на СДС.

Сите ние кои сме служеле војска како прва лекција сме научиле дека во армијата постои дисциплина, знаеме дека во армијата отсекогаш основни

начела на функционирање се единостарешинство и субординација кои се клучни за раководењето, командувањето и контролата (денес некои би рекле менџирањето). Со оглед на овие факти, сосема е нејасно зошто, со каква мотивација па дури и во каква психичка состојба господинот Ковачки му испраќа глупава и заканувачка порака на Началникот на генерал штабот на АРМ, која завршува со максимата: „долга е раката на организацијата“ (парафразирано во ВМРО во конкретниот случај). Покрај останатите елементи на навреда и политичко обраќање кон својот претпоставен се надоврзува злоупотребената максима испраќајќи глупава и безпредметна порака, но основниот проблем е во нарушувањето на дисциплината, односот претпоставен – потчинет, односот кон институцијата НГШ и со тоа субординацијата. Неразбирливо за еден полковник кој завршил високи воени школи и бил на позицијата помошник министер за безбедност и разузнавање.

Зарем Ковачки мисли дека оваа негова постапка ќе помине незабележано кај нашите партнери во НАТО и дека за целиот овој случај нема да се побараат дополнителни информации врз основ на што ќе се создаде слика за самиот Ковачки и неговата професионалност, но и за ВМРО-ДПМНЕ и партиската (во иднина државната) политика и особено почитување на институциите. Односот кон НГШ не е личносен на некој полковник или на ВМРО-ДПМНЕ кон личноста на Началникот, тоа е однос кон институциите на системот. Во исто време, НГШ нема ништо со Министерството за одбрана, тој според Устав и закон е поставен од, и со тоа потчинет на врховниот командант, а тоа е претседателот на Македонија (во моментот Пендаровски).

НГШ е прв во хиерархијата во АРМ и со тоа претпоставен (веројатно трето претпоставен, по началникот на штабот на ЗОК кој му е прво претпоставен и командантот на ЗОК кој му е второ претпоставен, доколку некаде во линијата на хиерархија нема уште некој), но затоа што Ковачки е во чин полковник надлежноста за негова дисциплинска одговорност како и за поставување според законот е кај министерот за одбрана, во овој случај за жал кај Шеќеринска. Во целиот овој случај, покрај неразбирањето зошто, со кои мотиви и за каква цел Ковачки го навредувал НГШ, не разбирам зошто Шеќеринска како министер за одбрана не постапила согласно предлогот на воено дисциплинската комисија во Министерството за одбрана (која патем е составена од девет души). Претпоставувам дека, како стар политички манипулант во обид да избегне можна лична одговорност и непријатност, Шеќеринска по овластување (што не е спорно) го задолжила НГШ да го реши овој случај. Нема ништо спорно во тоа од правен аспект, но има проблем со етиката на Шеќеринска и ставањето во непријатна состојба на НГШ кои ја поднел претставката за дисциплинска одговорност на полковникот Ковачки. Секако, НГШ постапил и законски во рамките на своите овластувања, но во исто време и хуманистички не прифаќајќи го предлогот на дисциплинската комисија и мериторно одлучувајќи за висината на казната. Замислете каква срамота за еден офицер кој дваесет години наназад гради кариера да биде уназаден за еден чин со што хипотетички Ковачки ќе беше правосилно деградиран во потполковник и со тоа според законот сведен во надлежност за распоредување на НГШ. Претпоставувам дека покрај хуманистичките мотиви

НГШ го имал пред вид и ова, поради што се одлучил на ваков чекор во одмерувањето на казната.

Токму затоа, доколку Ковачки како член на ИК на ВМРО-ДПМНЕ сакал да се пресметува политички со Шеќеринска неразбирливо е зошто таков навредлив однос и обраќање кон НГШ. Барем за Шеќеринска има што да се каже и политички и професионално и тоа само за нејзината „работа и придонес“ во Министерството за одбрана, а не пак за се она што во соработка со Заев во предавничката и криминална влада на СДС и го направи на Македонија.

Кога е во прашање Шеќеринска еве неколку конкретни констатации за нејзината „работа“ во Министерството за одбрана, а поврзано исклучиво за конкретни прашања и креирање, водење и унапредување на одбранбената политика.

Зошто и понатаму опстојува на тоа да не изврши финансиско осамостојување на генерал штабот? Тоа е неопходно, бидејќи и така одржувањето (редовното одржување) на објектите во кои се сместени единиците, командите и установите на АРМ со кои командува генерал штабот, односно НГШ е неопходно да се врши континуирано, а не за една расипана чешма или сијалица да се чека јавна набавка со месеци. Впрочем и редовното одржување на борбената готовност на армијата е дел од обврските на генерал штабот, а во тоа се вбројуваат исправноста на личната опрема, личното и формациско вооружување, колективното вооружување, транспортните и борбените возила, воздухопловите, средствата за врски, специјалните возила, опремата за разна намена, логистичката опрема и муницијата и убојните средства и минско-експлозивните средства. Оттука, видливо е дека за редовно одржување на мирно времените објекти кои ги користат единиците на АРМ, како и редовното одржување на стрелиштата, складовите и опремата е во надлежност на генерал штабот. Министерството има надлежности поврзани со обновување и изградба на нови објекти, складови или планирање на одбранбено уредување на територијата, односно изградба на капитални објекти како аеродроми, болници, бази за потребите на АРМ или НАТО, набавка на нови борбени системи, борбени и неборбени или специјални возила, вооружување и лична опрема, полски болници и логистички елементи. Но, не набавка по принципот love me тендер и непланирање на идните потреби на АРМ па затоа имаме таков рејтинг каков што имаме во НАТО, а за проценката на борбената готовност нема да зборувам.

Во однос на финансиското осамостојување кое е предвидено и со закон, прашањето се однесува и за Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“. За полтроните и медиокритетите во Министерството за одбрана кои постојано на министерот Шеќеринска (да расчистиме патем, во Македонскиот литературен јазик и граматиката, функции и звања не се членуваат според родот, така што министер е министер, професор е професор, доктор е доктор итн., без разлика на полот на лицето кое ја извршува должноста и тоа не ја прави Шеќеринска помалку жена па и самата таа и полтроните околу неа на сите документи да ја пишуваат „министерка“, ех Даро, Даро, госпоѓо МИНИСТЕРКА, катастрофа од неписменост и непознавање на мајчиниот јазик,

па да се чудиме зошто се ни се случува) и се умилкуваат по прашања поврзани со Воената академија, да расчистиме некои важни факти:
Прво, Воената академија е државна институција формирана од Собранието на Македонија со закон за која важат два закона, оној за Воена академија и оној за високо образование, а само за воените лица вработени на Воената академија важи и законот за служба во АРМ и тоа за офицерскиот наставно-научниот кадар (не за цивилните професори) во определени делови кои не се косат со лек специјалис законот за Воена академија и за образование.
Второ, Воената академија не е потчинета на структурите на одделението за обука во Министерството, бидејќи стручните обуки за офицери, подофицери и војници во земјата и странство, како и обуката за потребите на цивилен персонал на министерството не е исто што и високо образование во сите три циклуси вклучително и специјалистичките студии за потребите на армијата и одбраната. Оттука, Воената академија може во договор со Министерството да помогне и даде научно-наставни услуги на Министерството и АРМ за потреба за школување или обука, особена во рамките на воените вештини, теоријата на војната, одбранбената политика, донесувањето на одлуки, националната безбедност и развојот на системот за одбрана и подсистемот за цивилна одбрана. Затоа е неопходно да се даде финансиска самостојност на Воената академија и буџетот предвиден за неа во рамките на Министерството за одбрана да се префрли во нејзина надлежност и за трошење на истиот да одлучува Деканот на Воената академија, а не да се чека на милоста на администрацијата во Министерството до ниво на одобрување на редовни наставно-научни активности на професорскиот кадар. Покрај тоа, Воената академија може и секако треба да формира научни институти во својот состав, а за тоа требаат финансиски средства со кои ќе раководи Деканот и раководителите на научните институти согласно годишен план. Министерството треба да врши само контрола на планско и законско трошење на средствата и во ГШ и на Воената академија.

Дали треба да зборуваме за подготвеноста на РОУД-2 болницата која ја пренаменивте во Ковид болница, а стационарите како готови објекти се оставени празни? Колку вакцини набавивте за потребите на ВМЦ (да не споменувам дали и како воопшто функционира военото здравство) и за потребите на активниот состав на АРМ кој постојано врши служба меѓу другото и на физичко обезбедување на објекти? Што стана со фамозниот „Стратешки одбранбен преглед“ или документот на трето-оперативно ниво кој го прогласивте за стратешки документ, дали има некаков извештај за негова реализација? Имате ли план за логистичко обезбедување кое министерството во рамките на одбранбената политика и развој треба да го овозможи на АРМ? Што е со планот за техничко-технолошки развој на АРМ? Има ли воопшто некаков план и предвидување за иден развој на АРМ како во организациско-формациски аспект така и во техничко-технолошки аспект и во однос на можните идни закани врз државата поради кои би била употребена АРМ во мир и војна? До каде е Делта системот за врски и негова заштита? Што е со претставување пред Македонската јавност на обврските кои ги имаме пред

НАТО преземени за следните барем 4 години и дали сме во кондиција да ги реализираме?

Многу конкретни прашања за „министерката“, но никаде одговор, а ете ја сликата за состојбата во одбраната. Слика која се задржува на високо ниво, ниту збор не кажавме за „поситните“ прашања пред се од логистички аспект или од аспект на личната опрема на припадниците на АРМ итн. туку се задржавме на ниво на функционирањето на ГШ и ВА односно военото високо образование и борбената готовност низ призма на финансиски апсект.

Ете Мицкоски, за што треба Ковачки како претставник на ВМРО-ДПМНЕ во однос на одбраната и одбранбената политика да зборува со Шеќеринска и тоа јавно, а не да му пишува блесави пораки на НГШ. При тоа ти да го оправдуваш во тоа и партијата да трпи штети во јавноста и пред нашите партнери од НАТО.

Препорачувам да седнете во комисијата за одбрана на ВМРО-ДПМНЕ и малку да се разберете што е стратешко прашање за кое треба да и се постават прашања на Шеќеринска како на одговорна за ресорот одбрана. Препорачувам тоа да биде: „Каква е и на кое ниво борбената готовност на АРМ и што се презема конкретно по тоа прашање“? Деталите ви ги напишав, само треба да ги мотивирате и членовите на собраниската комисија за одбрана од ВМРО-ДПМНЕ да побараат одговори од „министерката“.

Секако, прашајте малку за наменската фабрика во Самоков и новиот сопственик. Баталете се од јалови спинови и глупирање на штета на ВМРО-ДПМНЕ, а самите вие да бидете за потсмев, сепак Мицкоски сеуште си легален претседател на ВМРО-ДПМНЕ, а ти полковнику си член на ИК на ВМРО-ДПМНЕ.

Непотребна ви е кавгата со НГШ и некој многу добро ве вовлече во таа будалаштина во која упорно опстојувате имајќи голема самодоверба.

На денот на Св.маченик Агатангел Битолски

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

## Политички аутизам

*„Им се извинувам на лицата со аутизам,
нивната состојба е искушение од Бога
и крст кој храбро и по милоста Божја го носат
самите тие и нивните семејства“*

Доколку некој се занимава со политика, не смее да си дозволи луксуз да биде политички аутист. Барем до толку се претпоставува дека е мисловно и когнитивно способен, за да може да процени кога во континуитет не реагира навремено и не донесува соодветни одлуки во политиката. Таа когнитивна политичка неспособност која во оваа колумна ја нарекувам „политички аутизам“ носи штета врз граѓаните, општеството и државата, а никој во Македонија не е должен да биде жртва на штетите кои од неспособност и силна желба за занимавање со политика или опстојување на власт некои политички аутисти ги предизвикуваат.

За жал ние во Македонија (покрај многуте незначајни) имаме работа со двајца клучни политички аутисти со проблематични когнитивни способности за водење внатрешна и меѓународна политика која би била од интерес на Македонија и нејзините граѓани. Овде треба да ги исклучиме како поимање на политика и способност внатрепартиските мешетарења и дворски игри. Тие двајца се претседателите на двете најголеми политички партии во Македонија, ВМРО-ДПМНЕ и СДС. Токму политичкиот аутизам на Мицкоски и Заев и неспособноста за когнитивни перцепции на политичките процеси во и околу Македонија (жално и самопоразувачки е за „даскалот“ Мицкоски што е на исто ниво со Заев) не водат во безнадежност како нација и држава.

Доколку ги земеме овие две лица (напоменувам лица, не личности) ќе видиме многу сличности, но и суштествени разлики помеѓу нив двајцата, односно мислам на нивната политика. Затоа ве молам, компаративната анализа помеѓу нив двајца да не ја разбирате персонално, сепак јас сум доктор во областа на мирот и одбраната, а не психологијата и оттука мојата анализа е во областа на политичките чекори кои овие двајца ги прават, а при тоа на јавна сцена покажуваат дека се заболени од политички аутизам и имаат проблем со политичките когнитивни способности.

За волја на вистината, Заев е во улога на премиер и од таа позиција има една поволна можност, а тоа е да поради државната функција неговиот аутизам не му пречи да биде повикан на консултации кај меѓународните партнери, а потоа да се вклучи (односно насила да го вклучат) некако во процесите. Иако, редовно знае вината за сопствениот аутизам да ја префрли врз нашите пријатели и партнери па поради тоа и да предизвика многу непотребни проблеми и анти... расположение во државата. Поради ова однесување на Заев добивам еден јасен впечаток, дека тој е најголемиот виновник за падот на угледот на нашите партнери од ЕУ и НАТО. Исто така, за да ги прикрие своите криминални пориви и дела повторно знае да ги заплетка меѓународните партнери, а понекогаш дури и да мисли дека може и нив да ги измами, заборавајќи дека токму тие му имаат кажано каде се движат светските процеси кон кои треба да

се приклучи Македонија. Сирот тој, некогаш си мисли дека од него се зависи, но како последица на тој став за самиот себе, редовно ќе се изнатресе глупости во изјава на некој медиум и потоа ај што служи за потсмев тоа е негов проблем, туку повторно нашите пријатели ќе мора суптилно да укажат дека ја утнал, а штетата од неговите „интелектуални“ еквилибристики на јавна сцена ќе ја плати Македонија и сите ние.

Од друга страна го имаме „даскалот“. Наместо да имаме противтежа од страна на ВМРО-ДПМНЕ која е персонифицирана во личноста (напоменувам, личност) на претседател на ВМРО-ДПМНЕ како остроумна, визионерска и аналитичка идна власт во Македонија која треба што побргу да дојде и со јасна тенденција за вклучување во процесите и без туторство, за жал имаме скоро еднаква состојба. Понекогаш мислам и полоша, поради фактот што Мицкоски не е на власт па е воглавно оставен сам на себе што се одразува со редовни аутистични политички испади и когнитивни проблеми во препознавањето на веќе започнатите процеси, за идните и не зборуваме. Згора на тоа имаме и серија на грешки при што, доколку на Заев можеме да му забележиме за енормна количина на глупости, на Мицкоски може да му забележиме за поддршка на тие глупости во клучни моменти, а тоа не е политика па дури и договорно и намерно да го прави или од незнаење или пак од други пориви. Впрочем, сега ВМРО-ДПМНЕ преку своите медиумски гласноговорници се жали на Законот за ОТА или на Законот за АНБ, како и процесот на „ветинг“ во поранешната УБК, а всушност токму Николоски со „неговата екипа“ по одобрение на Мицкоски „успешно“ преговараа со СДС и ги одобрија овие закони. Тоа е само еден еклатантен пример, а за чии детали во „преговарањето“ и некаквите политички математики и политички придобивки за ВМРО-ДПМНЕ кои никогаш не се остварија нема да зборувам во колумнава, а за личните придобивки на грбот на партијата ќе зборуваме во друга прилика.

Поентата е дека политичкиот аутизам е правило на однесување во Македонската политика веќе подолго време, но сега доаѓа до израз. Причината за тоа е што во низата на моменталните раководните структури и кај СДС и кај ВМРО-ДПМНЕ нема критична маса за самостојно, аналитичко и прагматично размислување во насока на креирање на политики и тоа само врз основ на прочитаните сигнали и пораки од нашите меѓународни партнери за тоа во кој правец се движат процесите. Во пирамидата на раководење доколку на два аналитички ума имате еден празноглав, структурата по правило и по инерција ќе издржи и ќе најде пат за заобиколување и повторно поврзување со следните два аналитички ума на пониско ниво. Но, доколку во низата имате веќе два или три празноглави медиокритети и полтрони, тогаш тие се мултиплицираат и не постои практична можност за нивно премостување. Доколку и самите претседатели на политичките партии се политички аутисти и ненадарени за логичка анализа, како и неспособни за препознавање и следење на процесите (не зборуваме за активно учество и креирање на процесите, тоа е веќе висока политика), тогаш имаме политичка состојба каква што можеме да ја видиме во моментов во Македонија. Токму ваквиот политички аутизам ги поттикнува и проблемите во односите со Бугарија, односно неконзистентното и фактографско спротивставување на историскиот ревизионизам од страна на

Бугарија, а со тоа создавајќи состојба со која се овозможува повторување на историјата во негативен контекст. Млакото, доколку воопшто може да се нарече спротивставување на Бугарските интенции врз Македонија, при што Македонските политички аутисти се обидуваат да создадат историска амнезија кај сите нас, на прво место не ни помага нам односно на Македонија како држава во Европските перспективи кон кои тежнееме, а не им помага ниту на Бугарите, туку напротив ги поттикнува за повторување на историските грешки и злосторства во иднина, а врз основ на нашата јавно искажана „амнезија".

Ова со Бугарија е само еден пластичен пример на политички аутизам и неразбирањето на процесите, бидејќи на светско ниво постојат силни обиди за колективна амнезија од последиците од Втората световна војна, а против што треба да се бориме како дел од сложените процеси на меѓународната сцена. Затоа на врвот од политичката агенда упорно ќе се крева „блокадата" на Собранието поради немањето кворум за работа, а за волја на вистината од неговото формирање па се досега и не слушнавме ништо корисно или некое епохално умно решение од тоа Собрание. Впрочем, на пример, никогаш не дојдовме до седница на Собранието за дебата во врска со односите со Бугарија, едвај дојдовме до некаква си интерпелација на онаа несреќата Димитров, но затоа имавме „филибастеринг" за законот за Гама 800 и неколку други не така добро режирани претстави за глумење демократија и опозициона борба за што видовме како заврши со кворум поддржан од опозицијата. Исто како и глумата дека се борат против криминалот и корупцијата и независното обвинителство и уште понезависното судство (очигледно ништо не зависи од нив), а при што се направи цела една драмолетка од притворот определен на Орце Камчев и не се знае кој се, но затоа се знае зошто се го бранат, што би се рекло „што не може да се купи со пари-може да се купи со многу пари". Тоа се само уште неколку од мноштвото примери на политички аутизам и занимавањето со дворски игри во внатре партиската политика, а повремено и во меѓу партиската политика со што пак ќе се замајува јавноста (секако онаа домашната, но не и меѓународните партнери). За некое водење на внатрешна државна политика во Македонија не можеме да зборуваме, бидејќи не постои. Дополнително е прашањето за не препознавање на геополитичките и регионалните процеси во кои Македонија е директно засегната и има своја улога. Некој можеби ќе се насмее, но без разлика колку сме мали, во меѓународните, пособено регионални случувања координирани и од интерес на големите актери имаме своја улога и намена, која пак има врска со геополитичките случувања. Тоа не значи дека сме клучниот актер, но значи дека во играта на глобалните актери камчето во мозаикот кое се вика Македонија има своја улога за создавање на сликата и реализирање на целите. Токму затоа не треба „да мочаме спроти ветерот" (се извинувам на вулгарноста), како што тоа го прават нашите политички аутисти. Таквото однесување предизвикува штета врз опстанокот на државата и нацијата и согласно тоа, секој обид за играње со регионалните мешетари наспроти големите актери во геополитиката, во најмала рака ја доведува Македонија во состојба на несериозен партнер со интенција за сериозни последици. Секако и по ова прашање имаме безброј примери, само погледнете некои интервјуа на високи државни службеници во кои многу видливо е зборувањето глупости и

непотребното обидување за играње на регионалната маса при отворена и рамноправна улога на стратешки партнер со глобален актер. Од друга страна пак имаме молк за вулгарното и директно грубо мешање во внатрешните работи на Македонија од страна на соседи, што само укажува на незнаењето кога да се делува и како да се одговори и е потврда на изразениот политички аутизам.

Иако, Заев е во улога (само во улога, секако епизодна) на политички гуру во Македонија, односно ги менаџира процесите на политичката сцена па дури и внатре во ВМРО-ДПМНЕ (што е за „самоутепание“ од страна на Мицкоски), тој тоа го постигна исклучиво благодарејќи на политичкиот аутизам на Мицкоски. Затоа пак, Мицкоски води исклучиво внатре партиски „битки“ при што за некаков си „успех“ над „противниците“ (а се работи за наши сопартијци, какви-такви) се радува што би се рекло „како ѓавол на штета“, а при тоа не гледа дека се подлабоко ја влече партијата во расцеп и апатија што пак веќе се ефектуира на внатрешната политичка сцена, секако на избори, но и особено пред меѓународните партнери со дефакторизација на ВМРО-ДПМНЕ до степен на учество, дури и на сила во внатре политичките процеси во Македонија (за поголеми игри на повисоко ниво не ни станува збор). Недостигот на визија која јас ја нарекувам читање на политичките пораки испратени од нашите партнери и со тоа согледувањето, детектирањето, препознавањето па дури и вклучувањето во процесите е сериозниот проблем кој не само што има штетни последици врз СДС и ВМРО-ДПМНЕ како политички субјекти, туку во крајна линија ја загрозува Македонија и нејзиниот опстанок.

Политичкиот аутизам на Македонската политичка сцена води кон суицидност, но за наша жал, овде не се работи за персонална политичка суицидност на Заев и Мицкоски (камо среќа на тоа да заврши, бидејќи во пракса, а при нормализирање на политичките потреби во Македонија и двајцата на политичката сцена не вредат за сува слива), туку се работи за политичко самоубиство на Македонскиот политички субстракт, односно преку тоа на Македонија како држава.

Лицата со аутизам и нивните семејства го носат крстот од Бога даден и за тоа ќе заслужат да имаат добар одговор пред Христа, но овие двајца (Заев и Мицкоски), тешко ќе најдат, а не пак да заслужат добар одговор за нивниот политички аутизам и суицидност, пред се тука на земјата, пред судот на Македонските граѓани. За другиот одговор, Господ знае.

На денот на Св.маченик Конон Исавриски (во првата недела од Великиот пост)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

**Стратегиска празнина**

*Стратегијата се спроведува преку пет елементи:*
*1.План*
*2.Постапка*
*3.Позиција*
*4.Перспектива*
*5.Мудрост*

> *Стратегијата претставува план составен за*
> *остварување на специфична целисходност*
> *и ги објаснува методите за остварување на целите.*
>
> *Хенри Минцберг*

Како што можеме да забележиме, ниту еден од наведените пет елементи за спроведување на стратегија во Македонија не суштествува. Оваа констатација се однесува и за власта и за опозицијата. Власта нема никаква државна стратегија, затоа што и нема јасно дефинирана државна цел, која преку определена постапка и утврден план и јасна позиција треба да се достигне во иднината, а пак за некаква си мудрост во спроведување на поединечните цели и задачи и не станува збор. Основната цел на власта на СДС и нејзиниот неприкосновен владетел, лицето под илјада маски кое се претставува како Заев е да преживеат уште малку за да ја реализираат персоналната патократска цел наречена арамилак. Како најеклатантен пример за немање на стратегија, а поврзано со сигурноста на граѓаните (патем кажано, термин кој со години се обидувам да го објаснам во професионалната фела, а наспроти терминот безбедност), е случајот со обезбедување на вакцините против Ковид-19. Ние сме на последното место според процент на вакцинирано население со ЦЕЛИ 0,1%. За споредба, од регионот, Албанија и Црна Гора се подобри од нас за десет пати или со 0,6% вакцинираност од вкупниот број население. До тој степен се неспособни, што не се во состојба да разберат дека во меѓународните односи, зад јавно прокламираниот алтруизам, егзистира егоизмот определен од националните стратегии.

Од друга страна имаме опозиција без перспектива која нема стратегија како да ја урне оваа власт, очекувајќи Заев самиот да си падне. За сето ова време Мицкоски си останува добро засолнет во безбедна зона од каква било директна и конкретна одговорност за Македонија, се додека на „овнот сами не му паднат...“ за да се појави на политичката сцена повторно без стратегија со единствена мантра „Заев е виновен за се“ и така да се повладее некоја година, па што биде после нека биде, важно Мицкоски не е виновен за ништо. Но, нешто ми вели дека нема да е така.

Ние сме заробена нација од криминогениот политички аутизам на „нашите“ племенски водачи, независно од тоа на кое племе припаѓаат. Заложници сме на: лукративните интереси на водствата на партиите, на моралната и интелектуалната заостанатост, на функционирањето без стратегија

по принципот „ден да помине, друг да дојде". Поради ова неминовно беше Македонската политичка елита да се доведе во пат позиција.

Токму ова го гледаат и нашите партнери во НАТО и воопшто во меѓународната заедница. Гледајќи ја таа домицилна Македонска стратешка празнина и политички аутизам надополнет со криминал и експанзија на „интересите" на регионалните мешетари околу Македонија, тие покажуваат засилен интерес кон нас. Како пример на очигледна стратешка празнина и обиди за регионално мешетарење може да го посочиме однесувањето на оние двајца кловнови, Груби и Османи кои се обидуваат да глумат регионални фактори и "мочаат спроти ветрот" (се извинувам на вулгарноста). Ниту нивниот Рама нема да им помогне кога некој глобален актер ќе му списка (а нема ли за што се), затоа што ги руши утврдените концепти во регионот, потоа ќе му биде криво на ДУИ што никој не ги прашува за тоа дека треба да се формира широка коалициона влада на Национален спас. Токму затоа, одеднаш и Талат се обидува да биде „стабилизирачки" фактор со цел остварување на две цели: да ги корегира штетите кои ги направија Груби и Османи и да го внесе ДУИ во процесот, поради што и му покажува „заби" на Мицкоски, обидувајќи се повторно да го дефакторизира на политичката сцена, што овој пат нема да му успее, не поради Мицкоски секако. За жал, самиот Мицкоски го дозволи ова однесување, најпрво преку своите изјави дека четири години го руши СДС, а при тоа Македонија изгуби се, па се до степен овозможувајќи му на Заев да го исмева, потценува и дефакторизира пред јавноста и партиското членство, а што токму се должи на немањето никаква стратегија. При тоа, целото политичко движење на Мицкоски и ВМРО-ДПМНЕ се сведе на успорено придвижување по серпентините на дневно политичките случувања, со реална можност одеднаш да се струполиме во провалијата на историјата, исчезнувајќи засекогаш дури и од нејзините маргини.

Од премногу политички аутисти-политиканти, од создадената стратешка празнина во Македонија (или од премногу слепци при очи) се заситија глобалните политички актери и не сакајќи да ја остават Македонија како недефинирана територија и „држава" која не е во состојба да се самоуправува и во која не владее правото и законите и има енормен криминал, се обидуваат да наметнат решение. Тоа што нашите политички аутисти не ги читаат пораките е само нивни личен проблем кој совршено им е јасен на глобалните актери, како што им е јасно и регионалното мешетарење на нашите соседи во обид да се прикажат божем конструктивни и ако може малку да се замешаат да ја заматат и да ќарат по нешто за својата „национална" цел. Сето тоа е видливо до степен на болка од фактот што нашите политички аутисти и регионалните мешетари нас не сметаат за будали. За наша среќа, глобалните актери и стратешкиот партнер на Македонија многу добро гледа што се случува и полека – полека не водат кон излезот креирајќи ги процесите и отстранувајќи ги пречките кои локалните политиканти се обидуваат да ги постават глумејќи политички фактори со цел персонален опстанок во политиката од чисто лукративни цели.

Целиот чад кој се пушта во врска со формирањето на влада за Национален спас поради потпишување на договор со Бугарија е само

будалаштина на политикантите кои не можат да ги видат, а не пак да ги предвидат состојбите во Бугарија после изборите. Секако, несомнено кон тоа придонесува и однесувањето на владата на Бојко и неартикулираните однесувања на Захариева и Каракачанов, поради што Бугарија се повеќе губи на меѓународна сцена и наместо како европска држава да спроведува добрососедски и стабилизирачки регионални политики таа претставува проблем. Но, прашањето за Бугарија и нејзината „политика“ ќе го елаборираме во друга прилика.

Поентата на формирањето на влада за Национален спас е стабилизирање на државата со учество на сите релевантни политички субјекти и спроведување на заедничка агенда (стратегија) со крајна цел **стабилна и способна самоуправувачка држава**, а преку реализација на потцелите: запирање на криминалот и корупцијата, политичко и национално помирување, демократизација на државата, владеење на правото и спроведување на законите, релаксација на општеството поради економски напредок и враќање на чувството за сигурност кај граѓаните. Остварувањето на стратегијата која е од интерес на нашите партнери и глобалните актери, но несомнено која е од интерес на Македонија и Македонската нација (тоа се сите граѓани на Македонија), за жал зависи од тоа дали истата ќе ја прифатат нашите политиканти – политички аутисти или ќе се обидуваат да ја саботираат или пак спроведат „траљаво“ како што го правеа тоа многу пати претходно, а исклучиво од лични патократски и лукративни цели.

Ова е сосема очекувано од Заев кој покрај послушноста во следењето на процесите по секоја цена ќе се обиде да излезе неоштетен и политички да преживее, барем до изборната разрешница по што ќе сака незабележително да исчезне од политичката сцена. За разлика од него, видливо е неконзистентното делување на Мицкоски, кој е приморан да учествува во процесите (и добро е што е така). Тоа е шансата за политички (најпрво политички) потоп на Заев и се надевам дека не присуствуваме на уште една политичка игранка (во лоша режија на домашните политиканти), бидејќи очигледно е дека експресно потврдувајќи дека ќе преговара со Мицкоски, Заев јасно разбрал дека времето за „матење вода“ е завршено, а со тоа и коалицијата ЗММ ќе замине во неповрат. Таму во таа коалиција актерите ги одиграа улогите колку што е потребно и сега во спроведувањето на процесите нема потреба од нивните услуги доколку не успеат да ги разберат пораките, но и тогаш нивната улога ќе биде привремена. Времето на стратешка празнина која се пополнуваше со „матење вода“ помина.

Се добива силен впечаток дека овој пат постои консензус кај глобалните актери во врска со стратегијата за Македонија и покривање на стратешката празнина која ја направија политикантските елити во државата, а тоа е создавање на *стабилна и одржлива самоуправувачка држава Македонија како крајна цел*. Во таа насока веќе пишував за способноста на Заев да слуша и да биде послушен до степен на саможртвување, така што пренебргнувајќи ги излетите на „страшилата“ на Али, и имајќи го пред вид прифаќањето од страна на Мицкоски да преговара, процесите ќе се забрзаат. Ова е ми се чини последен пат нашите пријатели и стратешки партнери да му даваат шанса на Мицкоски

за негова лична факторизација на политичката сцена, но пред се на ВМРО-ДПМНЕ под негово раководство. Тоа што самиот Мицкоски не можеше или не беше во состојба да го прочита од пораките, па на прва го одби Заев да влезе во преговори, сега самиот Мицкоски го корегираше и го оправда разбирањето и снисходливоста на глобалните актери кон него, но на прво место кон ВМРО-ДПМНЕ и Македонскиот народ. Како и да е, за Заев и за Мицкоски, ова е „Лебедова песна“ во политиката, но од нив зависи како ќе ја искористат, пред се од личен аспект, за продолжено политичко влијание не станува збор.

Влезот во преговори, односно прифаќањето од страна на Мицкоски, ВМРО-ДПМНЕ да влезе во влада за Национален спас без Заев и со утврдени цели кои таа влада треба да ги реализира го зголемува капацитетот на ВМРО-ДПМНЕ за учество во истата и секако влијанието кое ќе го има. Секако, тие преговори не смеат да бидат завршени на штета на Македонија и ВМРО-ДПМНЕ, но не смеат да бидат ниту неумерени, сепак се работи за крупни процеси кои ќе имаат регионален ефект и се со многу јасна перспектива, а во средината на таа перспектива е токму борбата со корупцијата и криминалот каде што Заев и СДС се најчувствителни. Сепак, мислам дека преговарањето ќе започне во позитивен дух со одложување на пописот за што ќе се договорат на заедничко задоволство, секако секој со своја математика и образложение пред граѓаните.

Заради охрабрување на двајцата „преговарчи“ согласно актуелниот политички миг ќе им порачам: „Стратегијата на еден политичар се состои во одредување на начинот како да се помине „Via de la rosa“, со тежината на патибулумот на своите плеќи и да дојде до стипосот, за на местото каде што неговите претходници умирале бранејќи ги идеалите на својот народ и тие самите да останат. Некои ја нарекуваат Костурница (Черепница), или Голгота, некои пак Македонија, за да бидеш распнат во име на твојот идеал“.

Да се надеваме дека ќе започне да суштествува петтиот елемент од стратегијата – МУДРОСТА. Се надевам дека ќе преовладее, па дури и со пријателско укажување од нашите партнери и пријатели.

На денот на Св.Григориј Двоеслов
(во втората недела на великиот пост)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

**Благовештение**

*Радувај се благодатнаја Марије, Бог е со тебе*

Зборовите со кои Светиот Архангел Гаврил и се обратил на Пресветата Мајка Богородица, најавувајќи и го безгрешното зачнување и воплотувањето на Господ Бог, е благата или радосната вест преку која започнува Новиот завет или Евангелската радосна вест за отворањето на портите на рајот за сите луѓе, претставуваат почеток на ова моја колумна.

Зошто токму со овие зборови ја започнувам неделната колумна во оваа Трета недела од Великиот пост или Крстопоклона? Затоа што во предвечерието на Благовештение, со надеж ја очекуваме метафоричната, благата или радосна вест за отворање на рајските порти за Македонија и Македонската нација. Бог отсекогаш бил со граѓаните на Македонија (без разлика дали некој верува или не), а да не беше така и се да беше оставено на нашите политички аутисти, одамна ќе не снемаше од политичката и етничката светска карта.

Сепак, време е покрај молитвите, малку да ја земеме и мотиката в раце. Сега, како ќе ја употребиме и врз кого е друго прашање, но секако, неопходно е покрај молитва да фатиме и мотика и да поработиме на нивата на нашата татковина. Господ дава и придава, но не втерува.

Ете така, нашите политички аутисти кои во политиката не вредат ништо, под притисок на нашите пријатели и партнери седнаа и разговараа. Додуша, доста се таинствени, до степен што ниту партиските органи на нивните партии не знаат точно што договарале и договориле (не верувам дека се и ќе им кажат), но според добиените напатствија станаа многу и експресно кооперативни. Очигледно е дека на нашите партнери и пријатели „им пукнал филмот“, така што немаат веќе трпение за обидите за манипулација и глумење кооперативност од нашите политиканти. Јасно е дека веќе не поминуваат ниту обидите за лично спогодување и ветувања за идно време кои ќе се реализираат на ... . Сега и веднаш е времето за конкретни политички резултати кои ќе ја придвижат Македонија напред и на Македонските граѓани ќе им дадат надеж дека по долги години измачување ќе има спас и извесна иднина, барем за идните генерации.

Токму затоа, добро би било политикантите во улога на племенски водачи да не го трошат времето и трпението на пријателите, но и на Македонските граѓани и од пазарџиско ценкање за лични лукративни цели и политичко „преживување“, час поскоро да преминат на конкретни дела, односно операционализација на политичките цели од интерес за сите нас. Реализацијата на тие политички цели, секако како операционално продолжување на нив се: уништување на корупцијата и криминалот, економско закрепнување на државата, функционирање на институциите, ставање под контрола на здравствената состојба и релаксирање на општеството со негова нормализација и истите претставува приоритет по кој копнеат Македонските граѓани, а за кој приоритет нема време за одложување и изговори.

Добро им тргна со одложувањето на пописот, во иднина во овој контекст ќе треба да доработат и на подобрувањето на методологијата за

попишување, но пред тоа мора да се заврши политичката еквилибристика и „преговорите“ за коалициона влада за Национален спас. Колку побргу се заврши „ценкањето“ и глумењето недоветност, а при тоа помалку се малтретираат и иритираат партнерите во меѓународната заедница, толку подобро, во овој случај се уште за нашите политиканти и политички аутисти дури и лично подобро. Но, најдобро за Македонските граѓани ќе биде тоа да заврши до Благовец, па така најавената (доколку повторно не нѐ лажеа нашите политиканти) и очекувана, насушно потребна експертска влада за Национален спас да добие доволно време, до изборите кон крајот на Октомври, да ги реализира операционалните цели и задачи на оваа политичка операција со регионални геополитички импликации. Крајната цел која ќе се постигне е поставување на цврсти темели на Македонија како самоодржлива и самоуправна држава со цврсти и оперативни институции и владеење на правото, достојна и стабилна членка на НАТО и цврсто подготвена за почеток на преговорите за членство во ЕУ. Потоа на изборите, со стабилни институции и темели, Македонските граѓани ќе имаат можност да се одлучат во која политичка насока сакаат да се движи татковината во следните четири години и дали таа политика гарантира напредок.

Следејќи ги случувањата на Македонската политичка сцена, очебијно е дека, наспроти наизглед „бурата во чаша вода“ како што сакаат да прикажат нашите политиканти, зад параванот се случуваат бурни политички процеси и следуваат радикални политички „рокади“. Се прашувам, дали тоа на нашите политички аутисти престанаа да им слетуваат „црните лебеди“? Можеби Македонија ќе ја има таа среќа да се ослободи од оваа зло. Можеби „црниот лебед“, како синоним на решение дојдено од нигде никаде, конечно ќе слета во пазувите на Македонската нација.

Не се сомневам дека нашите балкански итромани ќе се обидат „рокадата“ да ја амортизираат со одреден гамбит или поточно кажано Балканска финта (што би рекле некои наши партнери и пријатели). Но, мислам дека нивната возгордеаност ги направи при очи слепи. Кога им зборував за „политичкиот аутизам“, јасно им посочив дека не ги следат политичките процеси во регионот, а со тоа и влијанијата врз Македонија, но и улогата која и е наменета на Македонија. Поради тие влијанија и таа улога, не смееме и не сме во состојба ние да ги урѝваме геополитичките процеси, едноставно ова не е внатрополитичка игра за разонода на граѓаните, а заради остварување на лукративни цели на политикантите. Дополнително, тие се обидуваа да глумат политичари и при тоа правеа голема штета. Поради тоа, во состојба на *delirium tremens* како резултат на „важноста“ од нивното политичко егзистирање, нанесоа несогледиви штети врз Македонија, а секако и врз регионалните процеси поради што други центри на моќ се вклучија во разрешување на кризата и стабилизирање на внатрешните состојби во Македонија. Гледано од тој агол, мислам дека пат позицијата во која самите влегоа трошејќи безчувствително безброј политички фигури, не им овозможи во претстојната политичка разврска да заменат ниту пион, а не пак да ќарат кралица.

Едноставно, тоа што постојано во последно време го посочував, мислата на Наполеон за просторот и времето, никогаш не ја разбраа, веројатно

според Божја промисла за среќа (ја е за арно, ја е за лошо) на Македонија. Е сега господа пулитиканти го промашивте времето безмилосно трошејќи го како да го поседувате во неограничени количини (а времето е во Бога и од Бога дадено), следува да ја изгубите и територијата или просторот. Вашата идна средба ќе биде во некоја незабележителна фуснота од историјата на Македонија. Дотогаш, полетајте уште малку во облаците на трошок на граѓаните, тоа ви се последните мигови за изживување на вашата неизживеаност и обиди за дефокусирање на народот. Дури и повторно играње со прашањето за преговори со Бугарија, во овој миг претставува невешт обид да ги замајувате граѓаните за да не се „сетат“ да ве прашаат за суштинските прашања. Божем токму на првиот ден по изборите во Бугарија, во фамозниот понеделник само на нас ќе чекаат за да преговараат.

Во средата слушнавме убава, радосна вест. Четата на Пандев ни ги разнежи срцата и ни ја врати националната самодоверба, правејќи не горди на Македонската нација. Македонската фудбалска репрезентација е оној еталон кој во пракса недостасуваше за визуелно осмислување на парадигмата – современата Македонска нација.

Се надевам, на големиот празник Благовештение и ние ќе ја чуеме благата и радосна вест за заминување на политичките дилетанти. Како што би рекол народниот поет: „на Бога камења, не сме фрлале“. Белким и ние во Македонија ќе се зарадуваме и Бог ќе ни покаже нам слабите дека постојано е со нас. Благовештение носи многу пораки и симболика, дури и во политиката.

На денот на Св. Јаков Исповедник (во Третата недела од Великиот пост)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

P.S.На членовите на УМС на ВМРО-ДПМНЕ им го честитам триесет годишниот јубилеј, со желба да бидат неспоредливо подобри од нас како генерација која ќе ја води Македонија. *„Вие сте секогаш нашата партиска блага и радосна вест“*. Веројатно затоа Господ со промисла го определил Благовештение за денот на формирањето на УМС.

**Еталон**

*Подобро мала печалка со правда,*
*отколку голема добивка со неправда.*

*Цар Соломон*

*Каменот што го отфрлија ѕидарите,*
*стана камен темелник*

*(Ев.Мтеј:21,42)*

За жал во нашата Македонија, пулитикантите единствено бараат голема добивка, за правдата..., а што беше тоа правда?

Според Вујаклија и Мичуновиќ (Лексикон-Речник на странски зборови и изрази), *еталон*, претставува образец, модел. Прамера, основна мера за други мерки. Определен, затворен ред на правила и норми. Прецизно направен примерок од некоја мера со која се проверува точноста на друга таква мера.

Сакав, како што започнав, да пишувам за глупоста на властелините и поддршката на опозицијата, како што впрочем се вели: со едно крило не се лета, а во Македонија тоа се гледа на секој чекор во политичките односи, но се пишманив. Се е така црно, што како надополнување на несреќата наречена „Корона“, моето дневно-политичко пишување ќе прозвучи депримирачки. Потоа, помислив да влезам во деклинизам, да натнам на себе розови очила и да ви глаголам за убавините на минатото, кога постоеше еден горд народ, кога постоеше една држава, кога... Не, сето тоа е веќе видено, илјада пати напишано, па ќе прозвучи патетично. De ја Vu, би било да му појаснувам на лицето под илјада маски кое се претставува како премиер на Македонија, дека нема врска со регионална политика, особено дека во Бугарија ќе има (односно ќе нема) влада до крајот на месецов или дека тој ќе продолжи со некакви си преговори со Бугарија, како што би било излишно некого да потсетувам (повторно учам, за што веќе пишував) на дискрепанцата на Метерниковата филозофија на џентлментската дипломатија во меѓународните односи и Бизмарковата реал политика која и денес е актуелна во меѓународните односи и особено ветувањата. Што би рекла нашата поговорка: „од ветување, куќа не се растура“. Впрочем, имаме насушна потреба потполно да се свртиме кон нас самите и тоа што би требало ние да го направиме за да метаформозираме во компактна и функционална современа нација.

Затоа, се решив да одговорам на многуте мои пријатели кои бараа да го дефинирам поимот „еталон“, но и да го објаснам како практична употреба, а кој го споменав во минатата колумна. Иако, асоцијацијата за поимот еталон, дадена во колумната, е многу јасна и секое понатамошно објаснување може да изгледа како „упатство за употреба“ кон колумната, ќе се обидам експлицитно да го појаснам моето асоцијативно искажување.

Државите, како Македонија, распослани на просторот во кој се сечат правите на многу интереси, некаде се нарекуваат и „буфер зони“ (доколку

државите тоа го искористат), а некаде се зони на судир на интереси на големите центри на моќ, за да опстанат и се себедефинираат, мораат да создадат заеднички крајаголен камен, врз кој ќе ја изградат својата куќа. Токму оној камен кого досегашните „мајстори“ го отфрлаа и преку кој си поигруваа за дневно-политички цели, стана тоа што отсекогаш бил, крајаголен (темелен) камен.

Воопшто не е лесно делкањето на крајаголниот камен. Долга и макотрпна работа која пред се бара многу компромиси, мудрости, смирение, а не голема добивка во неправедност. Наместо да го обликуваме во нај префинетата дијамантска форма, ние го кршевме и постојано го користевме како камен на сопнување токму нашиот аголен камен. Велам ние, бидејќи ние ги бираме нашите властодршци, кои пак триесет години (чест на повремени исклучоци) следејќи ги своите анимални инстинкти поттикнати од лукративните им потреби, криминално се реализираат, продавајќи магла за брусењето и обликувањето на крајаголниот камен – посотјано го ситнеа. Токму тие постапки не доведоа во состојба во иднина, да го составуваме како сложувалка, а за сложувалката ни треба еталонот (архипримерот) на дружината на Горан Пандев.

Од што се состои овој бесценет (барем така е за секоја цивилизирана нација) крајаголен камен?

Градење на цврсти институции кои ќе гарантираат потполно остварување на основните човекови права. Владеење на правото, праведноста и ред во се и за секого, независно на кој Бог се моли, на етничката припадност или политичките убедувања.

Македонија мора да излезе од состојбата, како што би рекол архаично дедо Марко Цепенков: „во нашиот двор јаде, а во комшискиот јајца носи“ и таа состојба мора да престане. Татковината е една за сите и сите кои живеат под нејзиниот кров или во овој наш заеднички Македонски двор, мора за Македонија и да работат под еднакви услови и индивидуални човекови права.

Познавам многу едноставни Македонски луѓе кои со сето свое битие си ја сакаат татковината Македонија, но не им е дадена шанса во пракса да го покажат тоа. Тоа се млади луѓе, образовани низ светските и домашните универзитети кои својата иднина ја гледаат во Македонија, тоа се средовечни луѓе кои се со оформено квалитетно образование во полн интелектуален и искуствен капацитет, тоа се луѓе од постарата генерација кои со своето искуство имаат волја да помогнат да се обнови нашата татковина, тоа се Македонци, Албанци, Турци, Роми, Срби и сите оние кои живеат во Македонскиот двор и ја чекаат својата шанса да се дадат себеси на татковината, а за доброто на нашите и идните генерации, бидејќи ја чувствуваат Македонија како дел од себе, како исконско свое битие кое најподмолно и криминално им се одзема од некои лица измамници наречени политиканти. За да дојдеме до таа состојба која на дело ни ја покажа дружината на Пандев и не направија горди, мораме да го поминеме патот на розите и да го изделкаме крајаголниот камен, поставувајќи го или поточно кажано, прераѓајќи го еталонот кој и нашите дедовци пред повеќе од еден век преку Илинденското востание го искажале, нарекувајќи ги сите народи кои живеат на Македонската почва, браќа, а со тоа

создавајќи ја визијата за Македонската нација која ние мораме да ја оствариме. Токму тоа е основата на современата Македонска нација која нема да можеме да ја разбудиме и изградиме врз крајаголниот камен без еталонот, а единствено доколку Македонските граѓани, сите ние се вратиме на длабоките традиции на етиката и здраво разумноста преку што ќе ги присилиме замајаните властодршци и нивните опозициски помошници да ја напуштат мимикријата која ни ја претставуваат за живот. Да поработиме на нашата Македонската нива и да ги внесеме плодовите во нашиот Македонскиот двор. Никој друг нема да мисли за нас како што ние би мислеле самите за себе, според старата народна поговорка: „брат-брат ама сирење за пари".

Македонија има вековен сон, сонот за еднаквост и просперитет на сите елементи на Македонската нација, преведено во Македонски современи услови, тој сон не е нечесна материјална добивка, туку завршување на неправдата која ќе донесе добивка за секого и сите, но и чесна добивка, преку возобновување на еталонот на Македонската нација. Секоја изградба е тешка, особено оваа нашата Македонската, но овој народ си ја сака својата Македонија во сите нејзини различности како една целина и ќе успее.

Да го поставиме аголниот (темелниот) камен, време е.

*Non sibi sed patriae!*

На денот на Св.Лидија Македонска
(во четвртата недела на Великиот пост)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

## Омаж за моралот на властодршците

Постојат три толкувања на поимот „омаж“. Двете се според современиот лексикон кој вели дека омаж претставува уметничко дело напишано, компонирано или насликано ... во чест на некој голем уметник или свеченост која се организира во чест на некоја позната личност. Според потеклото на зборот или францускиот корен (hommage) означува вазалска служба во средниот век, при што и церемонијата за примање во вазалство се нарекувала „омаж“.

Во оваа колумна, Вие почитувани, можете терминот омаж да го разберете во кој сакате контекст, особено имајќи пред вид дека се работи за негова поврзаност со моралот и тоа на дружината „Арамиско гнездо“ која е на власт. Ова со „Арамиско гнездо“ ве молам да го разберете во саркастичен смисол, а не во контекст на романот на Ѓорѓи Абаџиев, бидејќи нашите властодршци се далеку од праведници кои се борат за народната правдина.

Впрочем, колку и да се обидувам нема да најдам доволно зборови, метафори, персонификации, хиперболи, епитети, алегории или други стилски фигури од Македонскиот јазик за опишување на моралот на властодршците, тешко дека ќе успеам да најдам соодветни изрази со кои би успеал да ја опишам нивната морална беда. Можеби сосема доволно ќе биде да се разбере средновековното значење на поимот омаж, односно вазалската служба на нашите властодршци, но вазаласка во однос на криминалот, корупцијата и арамилакот кој владеат врз нив како суверени.

Како и да ја разберете, несомнено нема да погрешите. Се работи за морален амбис во кој поаѓајќи од сопствените вредности и начела (ако така може да се наречат), овие лица не туркаат сите нас кон амбисот. За наша жал во тој потфат на властодршците здушно им помагаат и поедини лица под маски сместени во раководниот табор на опозицијата, кои пак глумат чесност додека светските медиуми пишуваат за нивните матни белосветски зделки или пак глумат недоветност, наивност и морал, а зад кулисите ја играат својата вистинска ролја. Сите тие заедно и сложно го играат големиот театар во режираната претстава за народот. Народот пак, сите ние всушност, како замајани и со неверување гледаме и се чудиме што се случува со нашата Македонија, кој тоа ја води и има ли излез од овој бескраен амбис. Барем да го допреме дното или дуплото дно или некако пак да се добереме до цврста подлога (етична и чесна власт) па оставајќи го сидрото на Заев на тоа дно да се одбиеме кон површината, затоа што ни снемува воздух.

За да подобро ги разбереме или поточно обелодениме работите, би било фер опозицијата да излезе во јавноста со конкретните информации (докази во разни облици) кои ги поседува за моралноста на властодршците и особено за нивните вистински цели поради кои се бореа да дојдат на власт. Секако јас јавно ќе ги кажам, а тоа се: пари, моќ, пари, моќ, пари, моќ.... и така бесконечно. Но, би сакал тоа јавно да го каже ВМРО-ДПМНЕ како опозиција и тоа со доказите кои ги поседува, односно со нивно обелоденување пред Македонските граѓани. При тоа, да не се плашат од испитот на нивната моралност пред судот на граѓаните, бидејќи тоа е дел од патот на розите кој мора да се изоди, а за што

веќе пишував. Вториот дел од патот на розите е расчистување со криминалот и „моралните величини“ во сопствените редови. Токму овој потег преку кој ќе се испие и сопствената чаша жолч претставува себе прочистување и подготвеност за влез во бескомпромисна борба со долготрајното уништување на државата преку корупцијата и криминалот.

Театарот на властодршците со активно учество на актери и статисти, во јавноста таканаречени опозиционери, претставува завршна сцена и на „двете“ (ама не се две, туку една) групации во обидот да се измами јавноста дека се води борба против криминалот, божем едни напаѓаат а другите се бранат, за да се прикрие синхронизираната политичка измама. Ете тоа е врв на моралноста на СДС на чело со нивното раководство и возљубениот им клан Заеви, а во исто време и врв на моралноста на некои лица во раководството на ВМРО-ДПМНЕ кои на јавна сцена носат маски на морални и храбри, а всушност се толку многу извалкани поради што им е страв да ги објават сите докази за бандата наречена СДС, за да не дај Боже пак овие објават за нив. Во својата валкана совест и неморалност убеден сум дека како оправдание си велат: „да не направиме состојба во која народот нема да има за кого да гласа, па подобро вака, може еден ден и ќе се смениме на власт“. Што би се рекло: „не умри магаре до зелена трева“, или да „мало сутра“ Заев ќе се предаде и откаже од се што „стекна“ (читај украде) и тоа токму сега во вака деликатна состојба без да биде силно удрен и опозицијата да покаже цврстина и силно да удри и поведе (во што не сум баш убеден со ова раководство).

Но, секој кој тргнал да се договара со Заев или да очекува чесност и негова доследност во договорите го извлекол подебелиот крај. Прашајте го Мијалков или Камчев (не дека се на исклучително високо политичко-морално ниво), но ќе ви кажат од лично искуство како и мнозина други како поминале договарајќи се или обидувајќи се да се договорат со Заев (нели Камчев тврдеше дека Заев е најдобриот премиер), па си поминаа: „како бос по трње“. Дури и кога се работи за криминални договори и тоа во самите семејно-роднински кругови на Заев, сигурно дека Зокито нема да се жртвува себеси, напротив ќе ги жртвува сите само тој да остане „чист“. Еднаш ова го објаснив во една моја колумна и реков дека освен самиот тој и брат му Вицето, сите други се на распродажба. Очигледно дека сум се излажал, дури и Вицето (доколку парите не се цврсто кај него) е на продажба за да Зокито се спасе, ако може и колко може па и да плате нешто. Секако нема да плати од неговите туку од парите кои ги украде или изрекетира од сите нас (од буџетот директно, преку тендери, бизниси или од поединци со уцени и разни рекети), а се знае од кого се и колку има земено, а и кој му помагал во приемот и транспортот на средствата (парите), а тоа го знае и опозицијата, но ете мудро си молчи и ја чека својата шанса (зелената трева де). Ете толку и од моралот кон сопственото семејство, дури и партиско членство, па сега да се прашуваме дали има и честичка чувство на моралност и одговорност кон Македонските граѓани и самата држава Македонија? Одговорот е јасен и гласен НЕМА. Затоа, не само што немаше никакви скрупули да се откаже од името, нацијата, жицата и коренот, лажно заколнувајќи се, уште повеќе нема никакви пречки и да го краде сопствениот народ и држава, а не пак грижа на совеста за организирање и поттикнување на

криминал, рекет и матни бизниси (намерно или со несторување), а се со единствена парола: „па нели за тоа се боревме“.

Ова однесување покажува дека во моралните вредности на властодрщците целта поради која се организираат во политички партии и се борат за власт е само и единствено ограбување на државата Македонија заради лични лукративни потреби. Властодрщците, како впрочем и поедини лица под маски во опозицијата недвосмислено не сметаат за глупа маса која треба да се „стриже и молзе до крв“ и навистина затоа и се борат да дојдат на власт. Тука не треба да ги заборавиме и да ги воспееме во омаж и дваесетгодишните властодрщци од ДУИ, кои пак единствено на што играат во јавноста се „колективните права на Македонците со Албанско етничко потекло. Тоа им е загарантирана карта за добивање на гласови и влез до власта односно користење на ресурсите од сите нас или буџетот. За жал нашите сограѓани од Албанско етничко потекло не можат да го јадат Законот за јазици и неговата примена во Муртино, како што не секој од нив може да добие државно вработување дури и со најниско образование или да им се решат комуналните и инфраструктурни прашања од секојдневниот живот. Оние пак кои мислат дека доколку поделат дипломи на ДУТ или друг приватен Универзитет каде наставата се изведува и на Албански јазик и со тоа го исполниле формалниот услов за високо образование и на таков начин ќе ги вклучат Македонците со Албанско етничко потекло во општествените текови и власта, многу се излажале. Едноставно се поставува дилема дали би отишле на хируршка интервенција кај лекар со купена диплома или дали некој би вработил информатички инжинер кој незнае компјутерот да го вклучи или пак политиколог со купена диплома или правник може да прави соодветни анализи и да носи одлуки или дели правдина и спроведува закони. Тие со вака стекнато образование за да имаат парче хартија што се нарекува универзитетска диплома го пренесуваат во институциите на државата и воопшто во општеството вирусот на корупција и незнаење на сите нивоа и тоа е спирала која властодрщците ја започнаа и која не нè носи нагоре, туку не спушта вртоглаво надолу до распад на системот.

Тоа е најголемиот успех на властодрщците за што и ги воспевам во оваа колумна, уривањето на структурирана и системски функционална држава. Потоа да не нè чуди што не сметаат за неспособна за самоодржливост држава. Имавме 30 години да покажеме дека можеме да имаме средена држава и во наследен систем да направиме развој, но ние се решивме да ја довериме државата на лажговци, измамници, неграмотни, исплашени и некадарни лица под илјада маски кои успешно се инсталираа во власта и опозицијата со единствена цел: „да се дојде на власт заради остварување на лични лукративни цели и поседување на моќ заради изживување на ниски и валкани страсти“. Во Македонија е на сцена и во пракса олицетворена максимата на Кисинџер: „Да знае народот кој се им ја води државата, би умрел од страв“. Ете кај нас се гледаме и се ни се прикажа, не знам што повеќе треба да видиме, а дека треба да се плашиме, треба и тоа токму за нашата сигурност, за нашата иднина, не само како држава, туку како социјална конструкција и индивидуална, бидејќи не може да се живее во девастиран државен систем на сите нивоа и во секоја

област. Токму за тоа и пишував во една прилика, дека на граѓаните им е потребна сигурност, јавна и лична сигурност која ја гарантира државата со уреден систем и етаблирани вредности и морално водство.

Време е овој вазалски омаж, да не разбуди за коренити промени со новиот еталон, со новата енергија на чесните и патриоти личности кои Македонија ги има доволно за да ја кренат од дното и да излезе на површината земајќи воздух со полни гради и излегувајќи од амбисот на моралната беда.

Се надевам, (но за жал не сум убеден) дека ВМРО-ДПМНЕ ќе собере храброст (не да повикува на бесцелни протести пред Министерство за здравство) и ќе побара веднаш оставка на владата на СДС и Заев, со едноставно образложение дека криминални, коруптивни и арамиски скандали на високи функционери од власта, обелоденети во континуитет веќе повеќе од еден месец наназад, со индиции за длабока вмешаност на СДС-Арамиско гнездо, бара паѓање на оваа корумпирана, криминална влада и формирање на експертска влада која ќе расчисти со криминалот и ќе не донесе до парламентарни избори заедно со локалните. Доколку ВМРО-ДПМНЕ ова не го побара и не изврши политички и општествен притисок врз СДС, а за што има механизми и инструменти, тогаш навистина лицата под маски во раководството на опозицијата ги запоседнале клучните позиции за одлучување и веќе отворено (со највулгарна демагогија) му помагаат на Заев и СДС-Арамиско гнездо да опстанат што е можно подолго на власт. За причините поради кои би го правеле тоа допрва ќе се истражува и дискутира.

Со надеж дека ќе расчистиме со бандитите од сите политички бои и под сите маски, до следниот омаж (воспевање) на самосвесноста на Македонската нација (сите граѓани на Македонија) и опстанок на државата Македонија. Сеуште го сонувам мојот сон за Македонија и со нетрпение очекувам да биде стварност, а за него во некоја следна колумна.

На денот на Св.Никита Исповедник
(во Петтата недела од Великиот пост, недела на Св.Марија Египетска)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

**Сон**

*„..., лицемери, затоа што го*
*затворате царството небесно пред луѓето;*
*затоа, ниту вие влегувате,*
*ниту ги пуштате да влезат оние што сакаат да влезат“*

*(Матеј:23;13)*

Овој извадок од Новиот завет на нашиот Господ Иисус Христос, всушност ја отсликува состојбата во Македонија денес, односно практичното однесување на власта и сомнителната опозиција, кон државата и нејзините граѓани. Навистина, не само што не сакаат да ја средат државата (не верувам дека се дотолку неспособни) и на секој чекор гледаат како да ја девастираат, доведувајќи ја во состојба на потполна криминализираност и корумпираност, туку и на тие што сакаат, имаат знаење и волја и можат тоа да го направат (да ја претворат нашата Македонија во рај на земјата) не им дозволуваат.

Ете така, сите ние кои го сонуваме сонот за успешна Македонија не можеме да го видиме на јаве и тоа само поради еден куп суетни, лакоми, некадарни, самобендисани и корумпирани необразовани и невоспитани лица под маски кои во пракса се само пулитичари.

Ова што се случува со Македонија, а очигледно се случува и внатре во политичките партии кои би требало да понудат решенија е состојба „ни на небо, ни на земја“ или што би рекле „лимбо“ состојба. Немање идеи, храброст а и поддршка за нешто конкретно и брзо да се направи. Секако, ова состојба мора да се надмине и ако не денес доколку вчера.

Во моите разговори со многу пријатели и познаници, а кои се исклучително загрижени за татковината ни Македонија забележувам еден интересен правец на развој на општествената, јавната мисла, а што во потполност се поклопува со мојот сон, кој можам слободно да го наречам, нашиот сон за Македонија. Имено, забележливо е постоењето на еден голем процент Македонски граѓани кои не веруваат на политичките „елити“ и вака персонално и структурно поставените и во јавноста претставените политички партии, особено на СДС, ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ (Алијанса, Беса, Алтернатива, Левица и други не ги сметаат за сериозна политичка сила туку исклучиво за „џавкачи“ без конкретна моќ и капацитет). Исто така, забележливо е дека токму таа групација (целна група-што би рекле политичките партии) претставува мнозинство од граѓаните на Македонија. Токму тие се економски и социјално средно ситуирани, општествено и лично стабилни, односно не зависат од добрата волја на политичките партии и не очекуваат вработувањето или решавањето на социјално-економскиот статус за нив лично или за некого од семејството да го решат политичките партии, туку се потпрени исклучиво на сопственото образование, капацитет, знаење, вештини и трудољубивост. Оваа групација (која и најбројна во Македонија) ја интересира стабилна држава, уредено општество, владеење на правото и почитување на законите, всушност се она што државата ќе ја направи нормална. Тие немаат амбиции за брзо и

енормно богатење, стекнување на материјални придобивки или моќ, напротив, само сакаат да имаат сигурност во државата Македонија во која живеат за себе и за нивните идни генерации.

Оттука, еве го и нашиот заеднички сон. Сонот на квалитетните и способни Македонски луѓе од сите генерации, народи и религии кои живеат во Македонија и кои ја сочинуваат Македонската нација. Сонот за стабилна и нормална просперитетна Македонија. Што тогаш не им е јасно на властодршците? Очигледно токму она за што зборувам на почетокот на колумната, но секако дека ние и тие сме во два различни света, односно имаме различни сонови кои се обидуваме да ги претвориме во јаве. Тоа и есенцијата на општественото недоразбирање и судирот кој тлее и кој ќе пламне најмногу на самите избори во облик на граѓанска апстиненција и искажување на недоверба. Очекувам, со ваквата политика на власта (криминална и корумпирана, неспособна и алчна) и понудата на опозицијата (спотерска, недооформена, затворена во партиските штабови, самозадоволна чекајќи власта самата од себе да падне и безидејна), токму овој сонувачкиот дел, најбројниот дел од Македонските граѓани да апстинира на следните избори и со тоа покаже дека не се согласува со актуелните политички „елити“ и нивната политичка и изборна понуда, а како резултат на актуелното и минатото нивно спроведување на јавните политики. Како пример на вакво очекување, претпоставувам дека ќе биде и масовноста на најавениот протест „за уставо бранителите“. Не сум убеден дека доколку опозицијата организираше било каков протест ќе имаше поголем одзив, а преку овој граѓански протест кон кој се приклучи и опозицијата, со внатре партиски насоки се прави тестирање на можноста за одзив и на сопственото партиско членство под прикритие, но и обид да се искористи граѓански протест по теркот на СДС со „шарените идиоти“. При тоа се заборава дека „шарените“ беа платени и организирани да глумат граѓанство, додека овој протест претставува навистина крик за правда кон „уставо бранителите“, но и незадоволство на граѓаните од целокупната состојба во Македонија. Одлична можност како што мислат во опозицијата, но секако некоректна кон граѓаните, затоа што доколку сакаат да си го измерат сопствениот рејтинг како раководство пред сопственото членство и граѓаните, тогаш нека организираат опозиционен протест, впрочем поводи за такво нешто има и премногу барем од оваа криминална власт и истите се дадени на послужавник.

Но, да се вратам на сонот и јавето. Излегувањето на избори е сигурно од партиските структури кои нешто очекуваат од нивната партија, односно се борат за вработување и слично или за моќ-функции, при што тоа се само двете крајни „целни групи“ кон кој партиите и не треба нешто посебно да се обраќаат и креираат политики. Креирањето политики и обраќањето треба да биде кон сонувачите, а кои се најголем процент од гласачкото тело. Е тука тешко ќе биде. Нема веќе продавање на шарени лаги и празни ветувања, а за конкретни делотворни показатели и дела од страна на власта и опозицијата нема време. Истече времето за власта за СДС и нивниот архипреварант Заев, но за жал се нема доверба ниту кон ВМРО-ДПМНЕ, која си игра „висока политика“, а го

нема на терен и затоа и не ги слуша гласовите и по се изгледа и не знае што треба да понуди или не дај Боже не сака да понуди.

При ваква состојба на општествената сцена, нема друго решение освен експертска влада со определен и прецизен мандат со утврдени цели, за што пишувам веќе подолго време. Токму таквата експертска влада ќе даде можност на сонувачите да ги остварат своите соништа, односно поточно кажано, да дојдат до некои опипливи, видливи и конкретни дела кои ќе бидат индикатори дека нешто се менува и дека Македонија има внатрешна сила да се преобрази. Не дека тоа значи враќање на довербата во СДС и ВМРО-ДПМНЕ, туку ќе значи индивидуална квалитетна понуда, како и давање на насоки за дејствување во иднина. Доведувањето на државата на правиот (исправениот) пат е од исклучително значење не само за граѓаните во социјално-економска смисла, туку и за политичките партии во однос на отворањето на визиите за тоа во кој правец треба да се движи државата. Секако, таа експертска влада ќе мора цврсто да расчисти со криминалните политички структури во сите политички партии кои пак грчевито ќе се борат за да опстанат, но во тоа расчистување потребно е да се води од сонот за праведна Македонија и нормалниот живот на идните генерации.

На сите сонувачи им е преку глава од устојаната и смрдлива политичка бара, потребно е да дојде свежа вода, да се урне браната од криминал и корупција и да влезе свежа вода која ќе го однесе тињето на буниште. Токму затоа што на сонувачите им е дојдено преку глава, тие ќе бидат оние кои ќе решаваат на следните избори во кој правец ќе се движи Македонија, а нивниот суд е праведен и исправен, бидејќи е втемелен на нивниот сон, сонот за Македонија, успешна и сигурна, нормална држава во која ќе живеат идните генерации.

Доколку имаат и најмалку совест и одговорност како кон своето потчинето членство, но и кон сонувачите без разлика дали се нивни формални членови или симпатизери, во што потполно се сомневам, политичките партии во Македонија треба доколку вчера да престанат со евтините лични ценкања за „преживување“ и да предложат експертска влада која ќе го расчисти мочуриштето. Знам дека најтешко им паѓа, особено на власт, тоа што тие нема да бидат политички активни, а дел од нив (тука не исклучувам ниту поединци од опозицијата) ќе се најдат токму во оние кои ќе бидат исчистени, но тоа е онаа што самите го посејаа и сега треба да жнеат горки плодови на својата суета и алчност. Затоа, колку и да се обидуваат да опструираат заради личен спас нема да успеат. И да им успее привремено да мамат и калкулираат со политичките процеси и да им успее да нема промена на оваа власт во распаѓање и да не дозволат формирање на експертска влада или со сите сили да прават опструкции, доаѓа времето и наближува часот кога сонувачите ќе го дадат својот глас или преку апстиненција ќе го кажат својот став. Прашањето е како тогаш и со кој легитимитет ќе се обидат да владеат или дури тогаш ќе го предизвикаат вистинскиот гнев на граѓаните на Македонија, на сонувачите.

Во тој контекст на предизвикување гнев кај граѓаните, изразувам поддршка на сите оние кои заради својот праведен сон за Македонија невино страдаат и робуваат во заточеништво, без лицемерие, со конкретна идеја дека

тие наши Македонци не се виновни за тероризам и лежат во занданите токму заради оние кои денес владеат или глумат опозиција. Доколку за нешто се виновни, тоа е за нивното лекомислено и од емоции кон татковината мотивирано учество во толпа и насилство, а за што сметам дека платија и преголема цена и лична и семејна секако.

И ние сме деца на Македонија и ние имаме право да живееме, како што вели песната, да, да живееме, претворајќи го нашиот сон во јаве, во праведна и светла Македонија.

Мартин Лутер Кинг имаше сон, се бореше и го остави и вкорени тој сон за кој се изборија генерациите по него и за кој сеуште се борат, а потполно исто така и борбата за нашиот сон Македонија е генерациска и никогаш не престанува. Така и сонувачите на сонот за Македонија го вкоренија тој сон и денес или шест месеци подоцна тој сон ќе се оствари, сакале или не оние на кои тој сон не им се допаѓа да стане јаве од лични лукративни причини.

Доколку не сакаат да влезат во рајот и да се спасуваат, тоа е нивен избор, но ние сонуваме за нашиот рај и нашето спасение (Македонскиот рај и спасение) и на овој ден на „Влегувањето на Господ Иисус Христос во Ерусалим“, очекувајќи го Неговото славно тридневно Воскресение со радост и од срце молитви за остварување на нашиот сон, за кој веруваме дека е Негова праведност кон Македонските граѓани.

На денот на Цветници (влегување на Господ Иисус Христос во Ерусалим)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

## Со народот

*Христос Воскресна!*

Не можеме сами да се спасиме, а ближните свои да ги турнеме во пропаст. Чудно е што ова некако не допира до Светиот Синод на МПЦ-ОА, па за нивна жал немаше никого од епископите на Светата МПЦ-ОА на граѓанскиот протест насловен како „слобода за уставо бранителите“, веројатно не сакајќи да го навредат Заев со кого некои епископи имаат изразено добри релации или пак сами себеси да се поплукаат, бидејќи на некои политички претставници од СДС им доделуваа ордени и признанија. Интересно е тоа како некому му се потребни Црковни одликувања, веројатно за да на денот на општото Воскресение ги понуди како добар одговор пред Бога. Потполно исто, во истиот контекст може да ги прашаме и Реисот и Муфтиите од ИВЗ , зошто тие не беа на протестот или и нив не ги интересира народот или пак се трудат да докажат во пракса дека се одвоени од државата, но не и од ДУИ за кого се закачени со папочна врвка, а ДУИ е дел од власта или можеби самите себеси и припадниците на Исламската религија во Македонија не се сметаат за дел од Македонската нација, па ова што се случува во и со Македонија не ги допира. Изгледа дека токму затоа секогаш нешто се потпираат на државата, барајќи повластици и услуги од неа, во меѓувреме се колнат во народот, но најповеќе би сакале никој да не им чепка во финансиите кои патем ги добиваат токму од народот-верниците. Кога се работи за споделување на страдањата со народот тешко оди, особено по неединството кое го покажаа по многу прашање од интерес на нацијата и државата Македонија, а пак за некакво спротивставување на „убивањето“ на народот кое го прават пулитиканите не станува ниту збор. Ете толку од спасоносната жртва за сопствениот народ и лагодноста на личното преживување во овој свет. За во вечноста, Господ...

Но, тоа е со „духовните водачи“ на оваа наша Македонска нација и подготвеноста за давање на личен пример на посветеност кон сопствената нација, држава и народ во тешки мигови на голема национална криза, како и борбата за етика и чесност низ призмата на критика на власта за нејзиното криминално и арамиско поведение кон сопствениот народ.

Сепак, по граѓанскиот протест на Цветници, потребно е да направиме еден осврт на истиот и проценка за идните насоки на делување, а со цел да се турне од власт дружината „Арамиско гнездо“ и тоа што побргу.

Најпрво да појасниме дека и покрај тоа што најголемиот процент на присутни на протестот беа воедно и членови и симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ и партијата по автоматизам упати повик до членството за поддршка и доаѓање на протестот, останувам при мојот став дека во актуелните услови во секој случај ќе имаше голем одзив на протестот. Ова го тврдам од две причини: *прво,* Македонските граѓани се исклучително свесни за актуелниот миг и во голема мерка одамна им е здодеано од власта на СДС и нивниот архиарамија Заев и *второ*, членството на ВМРО-ДПМНЕ нема баш доверба во актуелното раководство и во неколку наврати покажа дека не ги почитува партиските насоки бидејќи не верува во политичките намери на раководството, нивната

чесност и сериозна намера да се урне Заев. Впрочем тоа се покажа и во минатото на примерот кога ова раководство на ВМРО-ДПМНЕ „организираше протести“ поради видливото предавство на Заев во односите со Бугарија.

Констатирајќи ги овие две клучни причини, можеме да направиме претпоставка за идните случувања во насока на успешно или неуспешно уривање на СДС и Заев, иако се зрели за паѓање многу одамна. Притоа, треба да го имаме пред вид расположението на граѓаните и енергијата преточена во желбата за промена на состојбите во Македонија искажана преку присуството и однесувањето на протестот на Цветници.

Јас лично не очекувам драматични настани и тоа пред се затоа што забележувам дека преку медиумските настапи, раководството на ВМРО-ДПМНЕ се обидува да го искористи самиот настан и граѓанскиот-национален Македонски протест од Цветници да го поистовети со партискиот протест за Гоце Делчев, па така меѓу редови да сугерира дека протестот е партиски организиран и реализиран, а што не одговара на реалноста. Убеден сум дека доколку тогаш протестот за Гоце Делчев да беше организиран граѓански односно национално Македонски, а не партиски ќе имаше многу поголем одзив. Многу ми е тешко како член на ВМРО-ДПМНЕ да го кажам ова, но видливо е дека граѓаните и голем дел од членството немаат доверба во најтесното раководство на ВМРО-ДПМНЕ. Во некои други времиња, при појавување на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ не можеше да се пристапи до него од масата народ која го опкружуваше скандирајќи и воздигајќи го како национален предводник било во опозиција било на власт да е партијата. Тоа што го видов на протестот на Цветници беше раководство на најголемата партија опкружено со обезбедување и за кое раководство присутните на протестот не покажуваа интерес. Затоа и ме загрижува обидот за несоодветна споредба на протести и „одненадеж“ само пофалба за улогата во масовноста на протестот. Многу ме интересира дали при повик за следен протест, доколку ВМРО-ДПМНЕ не го повика своето членство токму членовите на партијата нема да дојдат? Ова го кажувам затоа што со сигурност на патриотски протест не очекувам да дојдат оние од СДС поддржувачите на Заев (иако очекувам присуство на патриоти од СДС кои си ја сакаат Македонија и не се согласуваат со анационалните политики на Заев), но со сигурност знам дека ќе дојдат сите членови на ВМРО-ДПМНЕ кои се во можност без разлика дали протестот ќе го организира партијата или не. Оттука, нема потреба протестот да се претвори во манипулација на партиски рејтинг и ПР кампања од интерес на лица од раководството на ВМРО-ДПМНЕ.

На тој начин само му се дава простор на СДС низ неговата медиумска машинерија да го девалвира протестот на Македонските граѓани претставувајќи го како партиска иницијатива на ВМРО-ДПМНЕ и силната симболика на барањето слобода, правда, правичност, демократија и некриминализираност на Македонија да го претворат во меѓу партиско дневно-политичко препукување. Мајстори се СДС пропагандна како да направат извртена слика за еден настан со кој се покажува дека им е дојден крајот, а се со цел да се спасат. Дури и поддршката која ја даде Груевски ја злоупотребија иако убеден сум дека тој не стои зад организацијата на протестот, но исто така

убеден сум дека иако е во прогонство, не му е воопшто сеедно да гледа што се случува со Македонија, како што не му е сеедно на било кој Македонец насекаде низ светот. Како врв на организираното девалвирање на будењето на Македонските граѓани против криминалното СДС, повторно беше одиграна едночинка на Спасовски во Собранието, а во врска со 27-ми Април 2017 година, а како пропратен вокал излезе и некаква снимка со која некој некаде му се „заканува“ на Заев. Зошто Спасовски не преземе конкретни активности за расчистување на настаните и сите замешани во организацијата на 27-ми Април и влегувањето во Собранието? Затоа што доколку има независна и чесна истрага очекувам на крајот помеѓу организаторите да се најдат и самиот тој и Заев и да излезе на виделина вистината дека луѓето кои лежат во моментов во затворите не се виновни за тероризам, туку токму се наместени и се жртви.

Всушност, главната цел е насочена кон девалвирање на протестот, на убивање на будењето на Македонските граѓани и создавање смут за да не може повторно да се организира поголем народен протест под било кое мото, но за слобода, правдина и не криминализираност на Македонија. Толку од партиската грижа за народот и за државата Македонија, па согласно тоа и присуството на граѓански – национално Македонски собири на политички лидерства како граѓани за да се биде со народот.

Токму затоа, за да не се дозволи релативизирање на значењето и масовноста на протестот на Цветници и негова употреба како база за едно општо граѓанско-национално движење против криминалот, не слободата и не демократијата во Македонија, потребно е оваа национална енергија да се искористи максимално, преку организирање повторни протести после Велигден и повторно на граѓанска-национална Македонска основа. За да успее националното будење неопходно е да се вклучат верските лидери, сите здруженија и организации на граѓани и политички партии кои бараат слобода, правда и не криминализирана и корумпирана држава, односно сите да покажат дека им е „збоктисано“ од арамиската дружина СДС и Заев.

Исклучително е важно да се биде со народот, не да се искористува маката и огорченоста на народот за политички поени. Особено е важно МПЦ-ОА, како и ИВЗ да бидат со народот, а не да се повикуваат на народот само кога ним им е потребно. Денот на Воскресението Христово – Велигден да го искористиме за духовно и национално обединување на сите граѓани на Македонија со цел уривање на дружината „Арамиско гнездо“, враќањето на правдата, слободата, демократијата, сигурноста и напредокот во Македонија, нашата заедничка Македонија за која некои невино страдаат за други да може да грабаат и крадат токму од таа наша Македонија и од сите нас. Личниот и партискиот интерес се со краток здив и плитката вада, посветеноста кон делото за Македонија и во тоа да се биде со народот е големата, длабока и чиста изворска вода.

Да се биде со народот не значи да се присуствува или реторички поддржува протестот, тоа значи да се биде физички и духовно присутен во огромен број без политичка заднина и пресметка, со чиста мисла за татковината Македонија, за нашите деца, за идните генерации на кои треба да им оставиме стабилна и уредена држава, за одговорност кон плејадата борци за Македонија,

за одговорност кон нашите родители, за одговорност кон претходните генерации и за одговорност пред самите себе за да дадеме добар одговор. Верувале или не, секој поодделно во Воскресението Христово и одговорот на Судниот ден, на крајот од нашиот живот ќе треба да си дадеме одговор пред самите себе, дали добро постапивме кон нашата Македонија?

Да се биде со народот, значи да биде Македонија Воскресната и Вечна!

Христос Воскресна! – Навистина воскресна!
(На денот на Светото и славно Христово Воскресение – Велигден)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

**Апостолот**

Да беше Гоце Делчев жив, ех да беше...

Срамот што секојдневно го доживуваме како Македонски народ, но и како нација и држава е немерлив. Нашите самобендисани „пулитички елити" од се знаат да направат политички настан, а на штета на Македонија и нејзините граѓани.

Затоа оваа колумна е посветена исклучиво на дневно-политичките случувања во последнава недела, кои само го покажуваат дното на кое се наоѓаме како држава. Воопшто земено, политичките односи во една држава се првата слика која се добива за тоа во каква конфликтна состојба е општеството и како функционира државата - институциите, со каква тенденција.

Несериозноста на Заев и Мицкоски во врска со одбележувањето на денот на загинувањето на Апостолот на Македонското Револуционерно Движење, не чествувањето на делото на Гоце Делчев, не појавувањето да се поклонат пред гробот на Даскалот, а при тоа на социјалните мрежи да се препукуваат кој е поголем патриот, претставува јавно ругање и на делото на Апостолот и на сите тогашни и сегашни Македонци. Ругање на државата Македонија, во чии главен град амбасадори на други држави се поклонуваат на бесмртното дело и ја бранат честа на Македонската нација, на сите граѓани, на сите нас. Е како бре Мицкоски – Даскале, да не отидеш да се поклониш на гробот и делото на Даскалот чии историски идентитет го зема за обележје на себе и твоето претцедателствување со ВМРО-ДПМНЕ? Не може да имаш други неодложни обврски и треба сериозно да се позанимаваш со твојот и партискиот ПР, доколку воопшто го има и тоа од политички причини, за етичките постапки нема да говорам.

И, како да не беше доволна оваа срамота, туку се засилија дневните дози на патриотизам за популистички цели и матење да не биде бистро. Тоа е се со цел да сега новата скратена коалиција наречена ЗМ профункционира и се си остане по старо (она другото М, го откачија, односно спакуваа, малку под надворешен притисок, а малку затоа што немаат полза од него, тој си ја заврши својата улога-намена во коалицијата ЗММ).

Така, оној архипредавникот лицето кое се претставува за премиер на Македонија, како за инает и со намера да ни се потсмева в лице на целата нација, од Преспа (Ресен) порача дека не ни треба ЕУ доколку немаме Македонска нација и Македонски јазик. Сега се поставува едно логично прашање, кое секако никогаш нема да го одговори. Па нели тврдеше дека со Преспанскиот ни е забетонирана Македонската нација и отворен патот кон ЕУ? Но, не е важно дали ќе одговори Заев, тој и така постојано лаже, проблемот е во нас што му веруваме или очекуваме нешто од него. Проблемот е и во опозицијата која на ваквите будалаштини и политички самоубиства на Заев не реагира. Наместо на 4-ти Мај да се појавеше Мицкоски да се поклони пред гробот на Делчев и да покаже почит кон неговото бесмртно дело, а потоа со овој „излив на патриотизам" од страна на Заев да го дотолче непрокопсаниот, тој јавно се допишуваше со него убедувајќи се еден-друг кој е поголем патриот.

Прашањето е: „дали и двајцата и најмалку се патриоти“? Нешто слично како она кога се обидував да објаснам дека ВМРО-ДПМНЕ не смее да влегува во матрицата на СДС лажливо и да се обидува да се докажува кој повеќе лаже и кој повеќе ја излажал Македонската и меѓународната јавност. Така и сега, наместо да го потопи, Мицкоски го спасува Заев и што е тоа ако не е коалиција ЗМ. Токму тоа се клучните милионити по ред пенали за ВМРО-ДПМНЕ последниве години кои никако да го погодат голот и да го урнат Заев. Во меѓувреме, за да се заборави скандалот на 4-ти Мај, а е скандал од државни размери, се занимававме со Шилегов и неговата противпожарна визија или автомобилско камионска визија беше. Повторно, наместо таа афера која се гледа според цените дека е коруптивна да ја изнесе стручната јавност и да се поведе јавна расправа во која Шилегов никако немаше да може да се одбрани и оправда, се сè сведе на партиски прес конференции и читање на соопштенија со меѓусебно препукување, божем еве се расправаме. Малку забава за народ за отргнување од клучните теми е дневно - политички корисно, но краткорочно. Впрочем, нели Мицкоски најави дека по празниците ќе биде жешка пролет за Заев и СДС, но засега не гледаме дека котелот се пали, а еве помина Велигден и за неколку дена ќе помине и Бајрам, па да видиме, можеби и „одмрзнувањето“ со Пендаровски е во таа насока.

Одамна и во повеќе наврати пишував дека за паѓање на Заев, клучна улога има Пендаровски. При тоа секако не мислам на Пендаровски како личност, бидејќи тој нема политичка и партиска инфраструктура, а ниту може тоа да го прави персонално од многу причини. Неговата моќ е во институцијата Претседател на Република Македонија на која е избран, непосредно и на која што има полн легитимитет и легалитет, му се допаѓало тоа некому или не, тоа е факт. Згора на овој факт, Пендаровски, односно институцијата Претседател на Републиката е единствена институција во државата која има меѓународен кредибилитет за разлика од Собранието кое е во хаос или Владата која виси на конец пред се поради криминално-коруптивните афери и епската неспособност за управување со државата (под управување не се подразбира крадење и тендер манија).

Оттука, сосема е јасно дека за да се најде излез од политичката криза (и внатрешна и надворешна) која ја парализира и уништува Македонија, несомнено значајна улога ќе има Претседателот на Републиката како институција. Ова требаше одамна да му биде јасно на раководството на ВМРО-ДПМНЕ, но и покрај сите укажувања уште од 2019 година, некој намерно сакаше да ја забави партијата и да ги парализира политичките процеси за паѓање на Заев и СДС. Многу ме интересира кој сега му прати абер на Мицкоски дека треба да се „одмрзне“ комуникацијата со Пендаровски, како да се работи за личен однос, а не за државни прашања?

Покрај јавно декларираните цели на „одмрзнувањето“ ќе се потрудиме меѓу редови да прочитаме што е насоката, а искрено се надевам дека таа ќе биде ништо помалку од паѓање на оваа скапана влада и формирање на експертска влада која ќе треба да не извади од политичката криза и доведе до нормални избори за составување на нова политичка и стабилна влада. Се надевам на таквата насока поради тоа што не случајна може да биде средбата помеѓу

Претседателот на Македонија и претседателот на ВМРО-ДПМНЕ или барем не би требала да биде.

Без разлика на тоа што во официјалните изјави не слушнавме ништо, па дури и тоа што се кажа во врска со 27-ми Април и затворените, обвинетите за тероризам, не е на најдобро и квалитетно ниво склопено како изјава, а пак за другите „актуелни“ политички и економски состојби во државата не слушнавме такаречи ништо. Како намерно со 27-ми Април да се дефокусираше вниманието од другите суштински теми кои непосредно ќе влијаат и врз решение за ова прашање.

Кога сме кај тоа што во претходните колумни пишував и на што укажував, а поврзано со она за што во основа требаше да биде содржината и суштината на разговорот помеѓу Пендаровски и Мицкоски е паѓањето на владата на Заев  и формирање експертска влада. Во претходните колумни напишав дека нема да има ништо од преговорите со Бугарија (кои патем се една голема глупост), но како што можеме да видиме, ништо нема од надежите и очекувањата со кои не замајуваше Заев и компанија. Поради новата состојба и продолжената внатрешна политичка криза во Бугарија, за неколку дена на сцена ќе стапи службена влада во Софија која ќе треба да ги релаксира состојбите да реши некои клучни криминално-корупциски прашања како „наследство“ од претходната влада на Бојко и да организира повторни избори за Собранието, веројатно заедно со претседателските избори.

Состојбата во Бугарија и внатрешната политичка криза и решението за излез од неа потсетува и кореспондира со онаа во Македонија. Впрочем, една експертска влада во Македонија со јасен анти криминално-корупциски мандат и обврска за стабилизирање на државата и спроведување избори, а во исто време политички неоптеретена, може да најде заеднички јазик со службената влада на Бугарија и да го реши спорот, односно да го затвори затоа што немаше никаква потреба (освен дневно-политичка за владата на Борисов и „тегнење уши“ на Заев заради лажните ветувања лично кон него и Каракачанов) за негово отворање и нанесе голема штета во меѓусебните блиски односи и врски помеѓу Бугарија и Македонија и помеѓу двата блиски народи.

Едно од прашањата за кое требаше да разговараат требаше да биде и политичката интервенција на Пендаровски во координација со пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и воопшто во јавноста во врска со најавеното донесување на Закон за продажба на државно земјоделско земјиште, а што претставува обид на СДС Арамиско гнездо да продаде близу 14% од територијата на Македонија по пат и на директна спогодба, но за ова во друга колумна подетално ќе пишувам.

Ете токму за ова и за овие можности требаа Мицкоски и Пендаровски да зборуваат и да се мобилизира нацијата околу конкретни активности за решавање на внатрешната политичка криза во Македонија која ја создаде Заев, која ја продлабочува и продолжува и преку која не вовлече и во надворешна политичка криза, а излезот не го знае ниту има намера да го најде поради што падот на владата на СДС и Заев е почеток за решавање на кризите и опоравување на Македонија. За тоа да се случи еден од клучните актери е токму Пендаровски како институција Претседател на Републиката.

Да се зборува за луѓето кои настрадаа поради наивност и патриотизам, а да не се зборува за пад на владата на СДС и Заев кои се директни учесници во причините за немилите настани е само празен муабет и лицемерие. Како што изгледа по изјавите на двајцата и реакциите на Мицкоски пост фестум, имам впечаток дека разговорот бил помеѓу „глувиот и немиот“ (да ми простат лицата со овие хендикепи) и дека по се изгледа „одмрзнувањето“ нема да успее од причина што некој повторно не ја прочитал пораката за значењето на институционалноста што значи држава.

Да беше Апостолот жив, веројатно ќе мавташе со некоја суровица врз главите и грбот на самобендисаните, за се она што и го прават на Македонија.

*Христос воскресе!*

Во неделата на Св.Апостол Тома

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

## Срам

Тешки времиња! Не дека некогаш било лесно! Тешко беше во времињата на големата Источна криза, времињата илинденски, братоубиствените балкански и други војни, преселбите и прогнанствата од родните огништа, заточеништвото во Фезан и занданите. Тешко беше на Грамушта (Грамос), сеуште одекнува плачот на децата бегалци и лелекот на Македонските мајки, тешко беше... Впрочем, не без причина нашето знаме се исткаја од алови и црни нитки во основата! Да, низ нашата историја единствената константа е чемер и јад! Низ тој чемер, јад и борба се создаде нацијата, Македонскиот народ и Македонската нација.

Ден-денес не се менува ништо, вивисекцијата, која ја спроведуваат властодршците со сесрдна асистенција на опозицијата, врз кревкото Македонско тело е болна и траорна. Но, денес, наспроти минатото, не боли толку болката од операцијата врз свесното општествено тело колку што боли срамот. Срамот да се биде Македонец, да Ти се подсмеваат в лице за малоумноста и инфантилноста на твоите политички „репрезенти“. Срамот од „демократскиот“ избор на оние кои ја водат Македонија и срамот од нашата (не)способност за кадарен избор пред минатите и идни генерации.

Срам ми е од неимарите на Македонскиот идентитет кои заминаа во подобриот свет, членови на Божествената Македонска академија.

Се срамам од Ганевите „Претходниците на Мисирков“, што да им одговорам, од неговите „Горчливи голтки непремолк“ и „Фуснотата без повод“. Денес гледам со отворени очи дека имало повод за фуснотата, особено за „неродениот Македонец“ и споменикот на нашиот срам.

Срам ми е од Петре и неговите „Последни селани“ и неговиот „Пиреј“. Се срамам зошто му ја нагрдивме неговата прекрасна „Деницијa“, оневозможувајќи му да „учествува во создавањето на првата Македонска држава“, додека ја љуби.

Срам пред „Мечта на еден старец“ и неговиот „Сердарот“, Македонскиот Хомер. Како, со кој образ да ги препрочитам оплакувањето на неговата мајка Македонката Неда? Се срамам и од Китинчев кој ја опеа прекрасната Деспина, ќерка Прличева, но ја опеа и проколна „курвата Вавилонска“.

Срам ми е од Шоповите „Очи“ постојано нурнувајќи „Во тишина“ каде го закопувам она што ме „притиска и пече“. Се срамам од Рациновите „Бели мугри“. Наутро се плашам од неговите „Копачите“, додека „Се к’тиноќта црна, се рути карпа-мрак“, но никако петли да запеат в село, она ограбено, осиромашено и опустошено село. Дури и од оној „Црвен Хипокрит“ на Божин Павловски се срамам.

Срам ми е од громадниот Блаже Конески кој така мудро глаголеше и не подучуваше: „Големо ни е името-ќе сакаат да ни го одземат“. Ништо не научивме, само ја потврдивме нашата инфатилност. Веројатно, затоа и татни со подземен екот Тешкото. Се надевам дека ќе остане барем жив потулен в око, како искра која еден ден ќе го измие срамот.

Се срамам од Апостолот, кому престанавме да му се поклонуваме поради псевдополитиканство на „политичка коректност“, а неговата мисла за „светот како поле за културен натпревар меѓу народите“ денес е поактуелна од колку било кога, светилник, ориентир на светската цивилизација.

Се срамам од Галичанецот Ѓоргија Пулевски, немам образ да ја отворам неговата „Македонска песнарка“. Се срамам и од дедо Марко Цепенков, Жинзифов, Миладиновци. „Т’га за југ“ само ја препознаваме како количество на малигани!

Срам ми е од Ѓемиџиите, Илинденците, од оние Стојанхристовите „Херои или Убијци“ и „Комитаџиите“ на Албер Лондр. Се срамам да застанам и пред славниот Александров „Стариот“ кој склучуваше „договор и со (ѓаволот), само и само Македонија да ја види слободна и обединета“.

Срам ми е да помислам како го пропуштивме и оној „стар балкански пијан автобус“ на Старделов кој, онака без возен ред, „кружи низ Македонија во балканската темна ноќ како некое сениште“.

Се срамам пред предците, но уште поголем е срамот пред неродените! Се срамам...

Да, овде никогаш и не било друго освен едно те исто, но малку поинаку. Па затоа поетот и ќе напише: „Ако на светот му треба една Голгота, тоа е Европа, ако на Голготата и треба еден крст тоа е МАКЕДОНИЈА“.

Секогаш или отсекогаш во Македонија се живеело тешко, со страдања и борба, со непокор и никулец на светлина во окото Македонско, со вера и надеж во Бога.

Но, никогаш посрамотно не се живеело во оваа „Долина на плачот“.

Срам ми е во оваа држава да се наречам човек, не пак МАКЕДОНЕЦ.

*Христос воскресе!*

Во втората недела по Пасха (Недела на Мироносиците)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

**Линии**

*„Престанете да се надевате на човек,*
*чие дишење е во ноздрите негови, зашто – што знае тој?“*
*(Исаија 2,22)*

Во Македонското политичко милје многу често зборуваме за „црвени линии“, а при тоа се надеваме дека лицето под илјада маски кое се претставува за Премиер на Македонија ќе има „црвени линии“ во преговорите со Бугарија. Чудно, нели, тој човек требаше да има „црвени линии“ и во преговорите со Грција и нели се колнеше во се најмило и се обеси (или одеше, а можеби ќе беше подобро да се обесеше) по жица дека нема да прави промени на Уставот заради промена на Уставното име на Македонија. И, што се случи...?

Сега повторно се надеваме дека ќе почитува некакви „црвени линии“ кои опозицијата ќе му ги постави. Како вообичаено, опозицијата доцни по околу шест месеци и малку повеќе со перцепциите и соодветните реакции на измамите на Заев. Така, кога кон крајот на Октомври 2020 година советував, Мицкоски да изврши национална политичка мобилизација под водство на ВМРО-ДПМНЕ во врска со попустливоста на Заев кон Бугарија, добив „милион“ оправданија како не сака СДС во Собранието да свика седница за расправа по ова прашање, како ја саботираат работата на комисијата и така натаму, а никако да се сетеше опозицијата да ги примени деловничките можности. Подоцна, видовме како Собранието може да функционира договорно помеѓу позицијата и опозицијата, а сега се поставува уште едно прашање: “Зошто на разговорите тет а тет, помеѓу Мицкоски и Заев не е разговарано за национална стратегија на Македонија во однос на конфликтот со Бугарија“? Како дополнение на ова прашање се поставува и прашањето: „Зошто Мицкоски на средбата со Пендаровски не го придвижи истото прашање и тоа да биде под покровителство на институцијата Претседател на Македонија“? Токму прашањето кое е клучно, а за кое знам дека нема да добијам одговор ниту јас ниту пак Македонските граѓани, како впрочем и на претходните две е:„Дали воопшто размислувате за стратегија на Македонија, а не за таканаречени црвени линии“?

Флоскулата „црвени линии“ претставува Балканска будалаштина преку која политичките лидерства во Македонија во целата своја слабост, неможност, безидејност, неспособност и незнаење се обидуваат да покажат дека се цврсти во намерата да се спротивстават на отворениот напад врз Македонија, Македонската нација, историја, култура и Македонскиот јазик или со еден збор Македонската самобитност. Токму таа флоскула открива дека ниту знаат ниту имаат идеја ниту се моќни да се спротивстават и се обидуваат да не замајуваат како по обичај.

Оттука, „црвените линии“ се всушност лабава рамка на некакви си принципи од кој наводно нема да отстапи владата на Македонија, но како искуство од минатото можевме да видиме дека поставените „црвени линии“ се растеглива категорија која во однос на името на државата и Уставните промени,

секое сениште кое некако преку измами ќе се добере до власт, може да ги толкува како сака. Секако, токму затоа тешко нам ако на човек се надеваме.

Сосема спротивно на „црвените линии“ е создавањето на стратегија во чии рамки ќе се содржат целите кои треба да се постигнат, задачите преку чија реализација ќе се постигнат целите, инструментите кои ќе се употребуваат (кои се или можат да бидат на располагање) за да се реализираат задачите и индикаторите преку кои ќе се следи реализацијата на задачите и остварувањето на целите. Сето ова бара знаење, идејност и посветеност вклучувајќи ги институциите во полна снага и тоа за динамична работа на долг период заради реализација на основната цел на стратегијата.

Како што сега стојат работите, видливо е дека секој од свој дневно-политички агол ќе се обиде да ги толкува состојбите со Бугарија, а очигледно е дека и Бугарската страна барем во оваа фаза нема да се впушти во решавање на конфликтот со Македонија. Не поради друго, туку едноставно затоа што Службената влада во Софија стапи на функција пред само една недела и колку и да немаат политичка тежина и обврска не можат веднаш да навлезат во решавање на едно политички мотивирано и наметнато прашање кон Македонија кое во Бугарија беше секуритизирано до максимум како клучно национално прашање и кон кое политичките партии пред изборите ги насочија своите интереси за добивање на гласови. Второ е тоа што на Македонската страна нема соодветен соговорник, односно нема експертска влада која повторно без партиско-политичко оптеретување ќе може да влезе во решавање на конфликтот. Последно, тоа е обидот на Португалија по преспаните скоро шест месеци претседателствување со ЕУ, сега се сети да покажува иницијатива и тоа прилично невешто и згора на се, според изјавите кои ги слушнавме во овој билатерален спор поради членството на Бугарија во ЕУ и даде предност и со тоа само го отежна неговото возможно билатерално решавање.

Разбирливо е однесувањето на ЕУ, како што е разбирливо (колку и да е неразумен и анахрон конфликтот кој го создаде Бугарија) однесувањето на Бугарија и користењето на инструментите на ЕУ за остварување на сопствените задачи и цели во националната стратегија. Бугарија донесе декларација во Собранието (колку и да е не Европска, недемократска и не ги почитува Европските вредности како и основните човекови права), оваа одлука на Собранието на Бугарија од нивен аспект на гледање е сосема легитимен како политичка одлука и национална мобилизација. Токму во оваа Декларација донесена од Собранието на Бугарија се гледа нивната стратегија, но колку и да е негативна за Македонија има една добра работа. Токму таа работа нашите кусогледи „пулитичари“ неможат да ја видат. Тоа е директното покажување од страна на Бугарија преку својот пример, дека Македонија мора да донесе своја сопствена стратегија по ова прашање и тоа токму во Собранието, што ќе претставува обврзувачки долгорочен документ за креирање и водење на Македонската политика кон Бугарија. За деталите кои треба да ги содржи еден ваков документ, невозможно е да се зборува во колумна, но насоките се видливи и тие не треба како заклучоци да бидат ставени во флоскулата „црвени линии“. За да се реализира една таква стратегија потребна е национална

мобилизација на целото општество по оваа прашање и целите, задачите и инструментите поврзани со нејзиното остварување.

Да не се надеваме на човек, бидејќи човекот е слаб, но нацијата обединета е силна, секако покрај надежта во Бога без чија помош нема корисна и благословена работа, истата треба да се поддржува со дела. Впрочем, уште една порака можеме да примиме од Бугарија. На нивното Собрание јасно пишува „Соединението ја прави силата“. Ете така, Бугарија отворено ни дава два клучни елементи кои никако да ги разбереме, а од 2008 година ни испраќа пораки за тоа како ќе делува преку нејзината „Бугарската стратегија кон Република Македонија“ (види Љубомир Иванов и други, Софија 2008), што повторно нашите властодржци никако да го прочитаат, а не пак да го разберат или извлечат поуки корисни за Македонија.

Македонското Собрание во овој случај го има главниот збор и тоа мора да побара итно донесување на Македонска национална стратегија во односите кон Република Бугарија и за тоа да ги задолжи сите државни институции и да побара помош и научна поддршка за нејзино составување од МАНУ, Универзитетите и академската јавност. Тоа мора да биде многу бргу изработено и утврдено. Всушност, стратегијата е документ кој не треба да биде пообемен од 15-20 страни. За ова има доволно време додека службената влада во Софија се занимава со внатрешните прашања и подготовка на изборите во Јули за кои сметам дека повторно нема да успеат, така што во периодот по Јули, таа службена влада на господинот Јанев и некоја Македонска експертска влада (која од Собранието ќе биде обврзана со стратегија) ќе може да влезат во конкретни постапки во процесот за решавање на конфликтот, а што би било од интерес и на двете страни, а особено на двата народа.

Тоа што ние не гледаме како другите делуваат и тоа во пракса, е наш проблем, секако како што наш проблем е и тоа што повторно ќе се надеваме на Заев дека ќе прифати и ќе почитува некои „црвени линии“. Заев кутриот, се обидува да не дефокусира со фалшливи изјави барајќи некаква си шанса за економијата до редовните избори во 2024 година. Како да во изминативе години колку што е на власт, опозицијата да му правеше нестабилна и немирна состојба. Во пракса покажа дека не го бива ниту а економија ниту за политика, го бива само за крадење и лажење и се што Заев би требало да понуди на Македонските граѓани е да прифати да си даде оставка и да на тој начин го отвори патот за решавање на многу внатрешни проблеми во Македонија, а потоа и решавање на конфликтот со Бугарија. Затоа што – што знае тој за да се надеваме на него?

*Христос воскресе!*

Во третата недела по Пасха (недела на Раслабениот)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

**Палимпсес**

*Никој не е толку безнадежно поробен*
*како оние кои лажно веруваат дека се слободни.*

*Волфганг фон Гете*

Мажи Македонски! Зарем не е време да ја прекинеме оваа лакрдија, зарем заборавивте на вашите славни предци, зарем заборавивте кој сте, што сте? До кога ќе се криете под ф'стите на Вашите стари мајки, постојано правдајќи се – не е време? Време е! Време е да се прекине ова лудило, овој тридецениски кошмарен сон!

Години на ред моите писанија се насочени кон разобличување и демистификација на псевдополитичарите, без оглед на нивните партиски бои и позиции во парапарламентаризмот кој ни го проектираат. Но, веќе станува дегутантно и депласирано да се пишува за „моралот“ на властодрпщците, за амбивалентниот, налудничав, јаловиот – бедниот политикант Заев, за интелектуална и морална девастација, симулација на држава и општествено живеење. Кога пишувам за целата оваа папазјанија се чувствувам како да ја пишувам „Историја на лудилото“ на Мишел Фуко.

Ушите ми параат од „заглушувачката врева“ на патриотизам по социјалните мрежи, кои наликуваат на она Шекспирово „Многу врева за ништо“. Посебно ме иритира, наспроти колоквијалниот, заглушувачката врева на (моите колеги) академската јавност, интелектуалците по кабинетите и задимените катакомби на универзитетите. „Интелектуалци“ кои, од разно-разни причини пред се лукративни, се ставија во служба на лаиците вршејќи предавство на должноста кон општеството и нацијата која ја имаат како интелектуалци. Тонењето во декаденција и конформизам е најголемото зло во кое може да западнат интелектуалците, на штета на државата и нивната евангелска улога во создавањето и штитењето на државата. Тоа произведува наплив на клиентелизам во партиските мочуришта што ја загадува чистата длабока вода на општественото живеење на секој човек во Македонија.

Три децении фрливме во неповрат, ги однесе матната, децении на празни хермафродитни политички и општествени „активности“. Покажавме голем „успех“, нашите политички егземплари да ги изнедриме од најтемните вилаети на незнаење, примитивност и некадарност. Нели егземпларот треба да биде најдобриот примерок! Во светот на животните предводници се најсилните, најмудрите, најхрабрите, да не ги спомнувам писанијата на Дарвин или стигматизираните Блавацкаја и Ниче. Но, не. Ние, секогаш успевавме да ги промовираме, како наши егземплари, најнеуките, исфрустрирани, налудничави, некомпетентни и криминогени персони. Време е да се спротивставиме на овој асоцијален, антидржавен, анационално – социјален инжинеринг, применувајќи го методот на обратен инжинеринг. Нам ни е потребно, многу бргу, веќе вчера, да започнеме, врз шкработиите на досегашниоте „мудреци“, да го пишуваме нашиот Палимпсес, мораме да пишуваме текст врз текст за да сочуваме барем нешто од нашите вредности и

истории, нов бел лист , ново писание тоа би било пеплосување на нашите вековни стремежи. Бришење и преповторување на нашите вековни идеали и вредности врз истиот пергамент (историска основа) е вистинскиот потег, но на него мора да му претходи бришење на „напишаното“ од неписмените. Знам дека тоа ќе биде макотрпен процес, како велат нашите старци тоа што еден будала ќе наштети сто мудреци не можат да го оправат, но нејсе верувам дека ќе го пронајдеме нашиот аскалон, она копје на Св. Георги со кое ја уби аждајата. Калиграфски со помош на нашата Кирилица да го напишеме нашето „Верују“, нашиот Катехизис! Да ги поставиме контурите на нашата (во моментов далечен сон), иднина втемелена на светските цивилизациски достигнувања во корелација со нашите традиционални вредности.

Како основа за, она за што никогаш не успеавме да се договориме, Македонска држава, национални институции, национална доктрина и стратегија. Почетокот на овој процес е во крајот на овие „Времиња разделни“, како и вообичаено нешто мора да умре за да се роди нешто ново, за да ни се раздени мора некому да се стемни. Проблемот настанува што одумурањето на овој три децениски какафоничен период, кој ќе започне многу бргу, ќе остави пустош и тенденција да во своето одумирање разруши се што може да се разруши. Поради што мораме да бидеме крајно претпазливи и подготвени да ја земеме судбината во свои раце. Несмееме повеќе да живееме во нашето лажно верување дека сме слободни. Некогаш луѓето се жртвуваа, умираа за слобода (физичка, духовна, политичка, културна, национална, црковна), денес слободата ја жртвуваме за лажен живот и некаква си лажна сигурност или само привидно чувство на сигурност. Да бидеме мажи Македонци како што тоа беа нашите предци, да бидеме достојни на нив и нивното дело.

Секако, тргнувањето од репертоарот на овој нискобуџетен филм, со лажни муцки, имитатори на животот, треба да се случи со наша сесрдна помош. Треба да им олесниме во нивното заминување со нивно лустрирање (просветлување), преку јавно обзнанување на сите нивни аномалии, некадарност, криминалии и предавства. Јавно да ги потсетиме. Можеби заборавиле!

*Христос воскресе!*

(во петтата недела по Пасха, недела на Самарјанката)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

**Траење**

*Додека лае нека трае.*
*(Народна поговорка)*

Ова народна поговорка го отсликува поведението на однесување на актуелните пулитичари во Македонија, по принципот „само нека трае“ власта и опозицијата глумат политика зад чии параван највулгарно ја исцрпуваат државата.

Така, лицето под илјада маски кое се претставува како Премиер на Македонија, во пауза помеѓу две распродавања на Македонскиот идентитет и државност и јавно глумење патриотизам кој нели не му доликува поради политичката идеологија на СДС (а политичка идеологија му се парите), најпрво тврди дека не верува на доказите на обвинителството во врска со драгиот му Рашковски, а сега „не коментира“ одлуки на Апелациониот суд. Што има да коментира? Уште кога и искажа јавна недоверба кон дел од третата власт, јасно беше дека „нема да влијае“ врз судската одлука во врска со Рашковски, така што навистина нема потреба од коментар, се е јасно.

Во меѓувреме, Мицкоски (од фиљан извор) „добива информација“ дека Заев подготвува предавство (согласувајќи се со Декларацијата на Собранието на Бугарија) во спорот со Бугарија преку потпишување на Анекс кон Договорот за добрососедство. Добро утро Колумбо! Препорачувам Мицкоски да ја прелиста телеграм комуникацијата од крајот на Октомври 2020 година за да се потсети од кога ја има оваа информација и што требаше - мораше тогаш да направи, а истото не го прави ниту сега. Исто како и заспаното Македонско Собрание кое расправа за глупавиот Закон за државјанство, глорификувајќи го Апасиев. Нели и тој треба нешто да собере од трошките на големите. Нека лае само, ќе трае.

Одеднаш и баба Аљи стана зелен, по се изгледа се потсетува на еколошките активности кои ги имаше пред дваесетина години, му недостасува шумата, па откако дивјачки го уништија шумскиот фонд во Македонија со нелегално сечење и крадење дрва, го загрозија водниот фонд со неконтролирана изградба на мини хидро централи, а пред граѓаните зборуваат за прогласување на Шара за национален парк, време е да стане зелен. Македонските граѓани во меѓувреме позеленеа, од мака поради сиромаштијата и владеењето на криминалот и корупцијата, како и деградација на животната средина, а позеленетиот ДУИ со години има министер за екологија, како и во моментов, а ни „ајро“ го нема да се јави. Згора на се, никој не знае како тоа колективно не трујат со отровен „мазут“ од шкрилци, но Аљи ќе биде зелен, pse jo. Но, нека лае само...

Овие тројца погоре споменати актери, се исклучително горди и самоуверени во својата политичка глума за да продолжи да лае и да трае. Оваа појава се нарекува „ХУБРИС“ (hju:bris), семантички терминот е антички и во основа го опишува квалитетот на личноста на крајна или прекумерна гордост или опасна преголема самодоверба, често во комбинација со (или синоним за) ароганција. Терминот „ароганција“ потекнува од латинското adroagare, што

означува да се чувствува дека некој има право да бара одредени ставови и однесување на други луѓе. Да се „арогира“, значи да „тврдиш или да заплениш без оправдување... да правиш непотребни тврдења дека имаш“ или „да бараш или заплениш без право ... да припишуваш или да припишуваш без причина“. Со поимот хубрис е поврзан и терминот „претензија“, но не е синоним за него, бидејќи хубрис е карактеристика на поединец, но групата (политичката структура) на која припаѓа поединецот „заразен“ од хубрис може да претрпи голема штета поради поведението и сторените дела, поврзувајќи ја активноста на групата со „претензија“. Хубрис често пати, укажува на губење на контакт со реалноста и преценување на сопствената компетентност, достигнувања или можности.

Токму губењето на контактактот со реалноста на живеењето во Македонија и она што граѓаните го преживуваат ја отсликува состојбата на „хубрис“, но важно е да трае и тоа е основниот политички мотив поради кои се измислуваат разно разни дневно-политички чуда и „убави вести“. Нема ништо од „жешката пролет“ на Мицкоски, може ќе биде топло лето веќе се приближуваме до температури од 30 степени, но со оглед на претстојните избори во Октомври очекувам Македонска есен или национална пролет во контекст на будењето на нацијата – граѓаните против целокупната состојба во државата која за граѓаните е неиздржлива. На сите ни е јасно дека криминалот и корупцијата во Македонија посебно, немаат етничка боја, едноставно се работи за криминал сокриен зад политика при што политиката е средство – инструмент преку кој се извршува криминалот. Така и моменталните политички зафати на Заев во државата и надвор (особено во билатералните односи со Бугарија) се ништо друго туку „хубрис“, со тенденција да се лае за да се трае. Овој хубрис не би бил можен да не е вкоренет во ОПШТЕСТВЕНИОТ ХУМУС кој се создаде низ децениите наназад и на тој начин ни ја отвара портата за разбирање на процесите во Македонија кои се нелогични па дури и апсурдни.

Станува збор за тоа дека архи измамникот Заев како профил на лице (не е личност), во секој поглед одговара на тридецениската постепена инфлација на Македонскиот политички капитал. Поттурнување под тешких на внатрешните општествени проблеми, политичка и дипломатска неспособност проследена со економско тонење и создавање на државна корупција што доведен до создавање на непрескоклива идеолошка и интелектуална депонија која неминовно го изроди Заев како синоним за девалвиран национален углед и корумпирана криминогена политичка „елита“ изразено заболена од хубрис.

Затоа, во секој политички, економски, социјален, културен или било кој друг јавен чекор кој политичките елити ќе го направат во Македонија гледаме театар кој треба да не доведе во поголема заблуда и креирање на виртуелна реалност што ќе резултира со нивно траење. Во тој контекст, Заев ќе раскажува дека ќе го надмине конфликтниот процес со Бугарија, а во самата Бугарија состојбата е хаотична и може да очекуваме дека нема да успеат изборите на 11-ти Јули, а не пак другарчето му на Заев, Бојко да победи за да си ги реализираат меѓусебните планови. Тоа што Заев го прави не е ништо ново, но затоа опозицијата успешно глуми опозиција на секој начин обидувајќи се да му

помогне на Заев да опстане. Во меѓувреме ДУИ „менува“ политички концепт и позеленува, pse jo, кога тоа е корисно за политичко збрлавување на граѓаните и уште една убава зелена лага.

Додека се игра ова театарска претстава нема ништо од експертска или влада на национален спас, дури и опозицијата ја напушти ова идеја, сега има нешто поважно да се заштити, а тоа се личните политичко-бизнис интереси. Повторно „корисни идиоти“ во политиката ќе бидат употребувани за подигање на меѓуетнички тензии за да се помогне на Заев. Ќе се демонстрира „подгтовеност“ на АРМ со Хермелини стари повеќе од 30 години (ги нема новите возила или имаше само две заради презентација по што производителот си ги зема назад) и целиот државен врв ќе присуствува на воена вежба од која нема да се извлечат никакви заклучоци и идеи за развој на АРМ, но ќе се добие политички маркетинг дека нешто се работи. И се така во круг, ќе се лае за да траат. Траат и тоа триесет години, затоа сме на ова дереџе и со овој политички капитал претставен во актуелната политичка елита.

Време е да прогледаме и далеку да гледаме. Тие ќе продолжат да лаат, но нивното траење зависи од нас и нашиот глас или не гласање.

Во шестата недела по Пасха (недела на Слепиот)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

## За кого ѕвонат пораките

*Кој има уши да слуша, нека чуе!*
*(Матеј 11,15)*

Оваа сентенца од Новиот завет, во потполност се однесува на пулитичките „елити“ во Македонија кои се и глуви и слепи за процесите кои се случуваат во Македонија и регионот.

Многу е очигледно дека нашите властодржци, како што веќе пишував, не се способни да ги прочитаат пораките кои се испраќаат до нив. Исто така, пишував за нивната способност да гледаат исклучиво во една или можеби во две димензии, но никако не се способни (дури и кога се очигледни намерно не сакаат да гледаат) да ги видат работите во трета, а не пак во четврта димензија (за процесите во следните педесет години).

Одтука доаѓа и ова хистерија на СДС, а во врска со одлуката на Претседателот на САД да ги стави на „црна листа“ (преку „Извршната уредба, опсег на вонредни мерки за Западен Балкан“) сите оние кои не ги почитуваат меѓународните договори, а СДС-то тоа веднаш го гледа во контекст на непочитувањето на Охридскиот и Преспанскиот договор (тука им е болката). Да се симплифицира дека извршната уредба на Американскиот претседател се однесува исклучиво на Македонија и при тоа да се зборува само за овие два меѓународни договори, а при тоа Заев во целата своја лудост да ликува е политичка злоупотреба на друга држава за сопствени внатре-политички цели. На ова негово лудило кое мислам дека во овој случај е намерно се надоврза хистеријата на социјалните мрежи и бранот „патриоти“ кои успешно влегоа во матрицата на Заев, а на штета на Македонија и ВМРО-ДПМНЕ. Никој не кажува дека во рамките на оваа извршна уредба на Бајден се вклучени, односно се мисли  и на резолуцијата на ООН 1244 и Дејтонскиот договор кои се исто така меѓународни документи. Покрај почитувањето на меѓународните договори во уредбата на Бајден се зборува и за „дисциплинирање“ на криминално-корумпираните политички елити.

Внимавајте ве молам. Ова е политичка порака на САД до целиот Балкан. Затоа повторно ќе напоменам дека нашите слепци никако да ги видат процесите на Балканот. Тоа што Заев го користи мигот за да повторно не дефокусира од претстојниот политички пораз на неговата пропаднатата влада, а во врска со недобивањето на датум за преговори со ЕУ е само една од многуте негови тенденции за да вика „држете го крадецот“. Во меѓувреме демонстрира дипломатска активност за да има оправдание дека „се сторил, но ете на крајот мора да се договара со Бугарија“ или во превод највулгарно, да не распродава. Но основно е тоа што политичките слепци не гледаат или не сакаат да гледаат.

Немаат време САД и ЕУ, па ниту Русија и Кина, а и Турција како регионален актер да се занимаваат постојано и повторно во недоглед со Балканските политички „крадци на овци“ и секој пат повторно и повторно поради нивната криминална и корумпирана матрица повторно и повторно да ги минираат геополитички договорените процеси правејќи Балкански финти за личен интерес и преживување, а на штета и на Македонија.

Затоа, оваа наредба на Бајден треба да се гледа во друг контекст со неколку сублимирани перцепции. Тоа значи дека во овој момент нарушувањето на меѓународните договори на Балканот, особено со цел криминално-коруптивните политички елити да си обезбедат останување на власт е неизводливо и нема да се дозволи, бидејќи тоа нарушување поседува толку голем конфликтен потенцијал што многу лесно ќе го дестабилизира регионот и ќе го врати наназад процесот за стабилизација и одржлива безбедност на долг рок. Втората перцепција е превентивната заштита од политички обиди за дестабилизација на спорадични „актери“ во регионот или заштита од напливот на нон-пејпери кои ги вознемируваат духовите и креираат дури и виртуелна небезбедност. При тоа, целта е да се гарантира неповредливост на границите и да се зацврсне моменталното политичко-безбедносно ниво во регионот. Третата перцепција која нашите „сеачи на магла“ се обидуваат да не ја види Македонската јавност е токму онаа која нив најмногу ги боли, а тоа е посветена борба против криминалот и корупцијата и при тоа видливи резултати.

Убеден сум дека во определен временски период и соодветни геополитички услови и внатрешно-политички и општествени услови во Македонија на кои треба посветено да работиме преку зацврстување на државата политички, институционално, економски, финансиски, образовно, здравствено, инфраструктурно и секако безбедносно, ќе се создадат услови за општествени и политички промени на неправдата која ни е нанесена. Во овој контекст, многу е важно раководството на ВМРО-ДПМНЕ да покаже политичка зрелост и да ги види сигналите и тоа во четврта димензија. Таа зрелост значи да не дозволи да падне во стапицата на лицето кое се претставува за Премиер, со што нема да дозволи партијата да се најде помеѓу „два огна“. Видливи се еднодимензионалните игри на Заев во кои ВМРО-ДПМНЕ треба да се легитимира како недемократска, ретроградна, анти европска и анти НАТО политичка опција која нема да донесе ништо добро на Македонија доколку биде на власт. За жал, „патриотите“ од редовите на ВМРО-ДПМНЕ па дури и луѓе од високите раководни партиски ешалони со своето однесување и политички резон буквално му помагаат на Заев во остварувањето на оваа негова внатрешно-политичка цел за сопствено политичко преживување. Тука е на потег Мицкоски и од неговата сегашна реакција ќе зависат многу работи за во иднина. Од друга страна постои опасност од „губење“ на поддршката кај граѓаните кои токму во ВМРО-ДПМНЕ гледаат единствена патриотска опција за напредок на Македонија. Вештината на раководството на ВМРО-ДПМНЕ да ги објасни пред граѓаните и сопственото членство политичките позиции, ставовите и перцепции за иднината на Македонија посебно од аспект на последните пораки кои стигнуваат од САД е клучна за позитивно легитимирање на партијата и делегитимирање и уривање на власта на СДС и Заев.

Токму на овој начин на кој толку видливо дејствува, Заев ќе се обиде да си создаде „атмосфера“ за победа и политички опстанок, создавајќи илузија за избор помеѓу СДС (корумпиран, криминоген и неспособен, но „западно“ ориентиран и „демократски“) и ВМРО-ДПМНЕ (претставен како режим, недемократски, анти западно ориентиран и конфликтен), во моментов ја

префрла „иницијативата“ кај ВМРО-ДПМНЕ чекајќи партиски став (посакувајќи тој да биде глупав, недоречен, избрзан или негативен), а во меѓувреме веќе дава свои оценки и креира виртуелна реалност, лукаво изввртувајќи ја содржината и смислата на уредбата од САД дека пораката која ја носи се однесува исклучиво кон ВМРО-ДПМНЕ и нејзините патриотски политички ставови. Згора на тоа, Заев се обидува да создаде раскол и помеѓу опозиционите партии искористувајќи го ова исклучително значајно прашање кое треба да формулира конкретни про-европски политики на долг рок, а за што нашите политички актери во опозицијата не се грамотни да го видат. На овој начин, судирајќи ги ставовите помеѓу опозиционите партии, Заев создава состојба на неможност за политичко обединување на опозицијата токму против СДС и неговите пред се криминално-коруптивни политики.

На крајот, да заклучиме, Заев ја злоупотребува извршната уредба на Бајден за да продолжи со своите внатрешно-политички манипулации, но и лаги и лажно претставување пред нашите сојузници и меѓународната јавност, а се со цел да опстане на политичката сцена и покрај еклатантниот криминал и неспособност. Намерно, во своите настапи не споменува дека оваа уредба има регионално важење кое пред само десетина дена го видовме на дело во Бугарија. Тоа регионално влијание го има оној другиот контекст не шарената лага на Заев и токму во тој контекст црната листа и пораката од уредбата која силно ѕвони се однесува на криминалните Заев и СДС, како можни санкции поврзани со криминалното и корумпирано владеење кое токму политиката ја употребува како алатка за прикривање на криминалните активности.

Во рамките на таквата злоупотреба на политиката, загрозувањето на безбедноста во регионот е сосема очекувано, а еден од моделите претставува грубо нарушување на меѓународните договори, особено оние кои се дел од регионалните процеси. Тоа е недозволиво за политиката на САД, ЕУ и НАТО во регионот, а верувам дека и на другите глобални и регионални сериозни актери не им одговара повторна долгорочна политичка и безбедносна дестабилизација на Балканот, колку и да се „услужни“ криминализираните политички „елити“.

Токму тоа е суштината на оваа регионална реакција на САД чии пораки толку силно ѕвонат, но глувите и слепи политички елити во Македонија никогаш нема да ги слушнат. Тие го слушаат ѕвонењето на парите.

На денот на Св.Апостол Ерма (еден од 70-те)
(во неделата посветена на Светите оци од првиот Вселенски собор)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

**Емпидоклов сон**

Занесено пребарувајки по мојата меморија, да ги пронајдам вистинските зборови за мојата нова партитуда, така од милост ги нарекувам моите писанија кои пријателите од „седмата сила“ ги нарекуваат колумни, се најдов во лифт. Не било каде, туку во лифт од „Џевахир sky city“, како отмено и модерно звучи. Добро, си реков, кога веќе сум тука ајде да го видам Скопје од 40-ти спрат, но веќе беше вклучено копчето за 33-ти спрат.

Тогаш го забележав Џон Доу, припиен во аголот, тој со целата негова габаритност од 160 и желба за растење. „Апологетот“ на македонскиот идентитет, политички дустабанлија, некрофиличен трговец со мртви души, балканскиот плејбој од Дојран до Горни Милановац. Господе, колку ли голем грев сторив та вака да ме наказиш, се почуствував како оној достоевскиниот дегеник Раскољников, неговото „Злосторство и казна“. Среќа лифтовите се брзи па бргу ќе заврши ова зло што ме снајде.

Но како и обично што бива, кога најмалку очекуваш, Марфи се вмешува и помеѓу 32-риот и 33-от спрат лифтот застана, се блокира, почна да ѕвони алармот, се понадевав кратко ќе трае. Сепак не е шала, овој овде лажно се преставува како Премиер, сигурно бргу ќе заврши одисејата.

Се вртам кон него и гледам целиот пребледен, го прашувам што му е, се исплашив, впрочем, недостасува уште овде да му се случи нешто, оваа човечка креатура беше промовиран за кандидат за нобеловец, а кој ќе ме оправда мене, беден универзитетски професор, ќе ме набедат дека од љубомора сум му сторил нешто.

Вели бил клаустрофобичен од времето кога бил на дошколување уф(во) Шутка. Хм, таму и ти е местото, само Шутка е за тебе ММЕ.. проработи малициозноста кај мене, не можев да ја исконтролирам.

Алармот ѕвони..., ништо.

Размислувам што да го прашам, имав толку многу прашања за ваква ситуација, но колку повеќе пребарувам сите ми се некако прозаични, патетични, дегутантни, не прашањата туку одговорите што знам дека ќе ги добијам. Дали воопшто вреди да се губи време во некаков разговор со него, зарем не е доволно што Господ ме казни да дишам исти воздух со него во овој мал простор.

Прашањата ми се вртат со метеорска брзина, но како надоаѓаат така ги елиминирам. Што да го прашам? За тоа дали има прочитано некогаш нешто од македонската историја? Нема, знам.

Зошто не продаде Нас, македонскиот народ и за колку? Колку „тежи“ договорот со ѓаволот, за колку си ја продал душата? За 30 (триесет) сребреници, знам.

Дали знае што е кауза, што е Македонски идентитет? Не знае! Дали барем малку се чувствува изигран од „неговите“ големи пријатели? За тоа чувство е потребно да имаш доблест, а тој ја нема.

Помислив на неговите славни изјави за јадењето живи луѓе, дали доволно забите му се пополнија со човечко месо? Погледнувам кон него, на лицето нешто што личи на змиска насмевка и ред пожолтени заби. Дали да го

прашам за неговата гитара, уште колку жици останаа да скине? Џабе, ќе ме излаже дека гитарта му е на штимер.

Алармот ѕвони... Каде е тоа силно обезбедување кое со пиштол го бранеше лажниот цар Црпко Мали?

За што да заденам разговор, за која глупост? Можете ли да одвоите некоја посебно? Не, нели! Секој ден нова глупост, новата ја препокрива старата и се така во недоглед, секојденевно понижување на македонскиот интелект.

Можеби, за неговото познавање на странски јазици, можеби треба да започнам разговор на Англиски или Српски, можеби Бугарски? Тоа секако би било разговор на глуви. Љубопитен сум да ја дознаам неговата сексуална ориентација, чисто заради политички коректна комуникација, егзибиционизмот со јавно правење фелацио на пенкало, длабоко ме замисли.

Да го прашам за пранкерите дали уште го советуваат или за неговите советници дали конечно еднаш ќе го погодат знамето на земјата гостин? Не знам за кој гаф да го прашам, бидејќи лично се сомневам дека тоа воопшто се гафови, туку одраз на една ступидна личност без морални и етички рамки. Се свртев кон него решен да го прашам нешто кое долго време ме вознемирува...

Алармот пак ѕвони, овој пат помислив гавазите да задоцнат малку, за да го прашам.

Но, пред мене се постави проблемот, како да го наречам, на кој начин со кое име – назив да му се обратам? Никако! Некои луѓе едноставно никогаш не станале луѓе за да имаат свој идентитет, затоа Америте го измислиле Џон Доу, а пак ние НН лице (не личност, само лице).

Слушнав се објавуваш за конвертит! Дека си го осознал вистинскиот Бог кога во 1999 година, од протестантската црква си преминал во Православната вера.

Прво, дали овде ќе застанеш или ќе продолжиш со менување на верата како што ги менуваш првите заљубувања? Кое ќе биде твоето следно „верују", атеизам? Но, како и секој добар комунист таму веќе беше, можеби Мухамеданство. Нејсе, тоа и не е толку важно, но навистина ме интересира, кој е тој порив, во време кога твојот пастор станува Претседател на Македонија, да си ја смениш верата, во моментот кога ти се отвораат портите за реализација на твоите лукративни интереси, впрочем за други и не знаеш.

Второ, не не сум следбеник на „теориите на заговор", но како тоа најштетните т.н. Договори (Охридскиот, Преспанскиот, Бугарскиот) кои се однесуваат на македонската држава, со кои се уништи македонскиот идентитет, македонскиот народ, македонскиот јазик, унитарноста на државата, од памтивека препознатливите симболи на државноста, се подпишаа од двајца набрзина компонирани пулитичари, роднокрајно поврзани, следбеници на иста религија? Чудно! Нели!

Ѕвони алармот, чекам одговор, одговор нема!

Сеуште ѕвони....па тоа ѕвони алармот од мојот телефон, ќе задоцнам на работа! Се будам целиот препотен, мокра е целата постела, каков грозен сон! Сонот беше грозен, но утрата во оваа Наша Македонија се КОШМАР. Деновите, месеците и годините поминати со Црпко се најголемиот КОШМАР кој можеше да му се случи на македонскиот народ.

Така мојата партитуда, за жалост моја и Ваша, се претвори во РЕКВИЕМ!

Знаеш што Црпе - „Va te faire mettre“!*

(*Оди по гаволите! Фр.)

На денот на слегувањето на Светиот Дух (Духовден)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

**Празни муабети**

Да беше по онаа народната, сега Стојаница на Стојана ќе му кажеше чесно и искрено „лагите се свршија“, но овие нашите пулитичари никако да дојдат до тој миг на искреност пред Македонските граѓани иако лагите одамна се свршија.

Во оваа колумна почитувани читатели ќе се осврнам на актуелните политички случувања во Нашата Македонија иако незнам дали може нешто ново да се каже освен дека ќе мора да се осврнеме на веќе виденото, на празните муабети кои во етерот ги пласираат пулитичарите.

За политиките на она лицето под илјада маски кое се претставува за Премиер на Македонија веќе одамна се е кажано и секојдневно ни се потврдува тоа што го знаеме. Проблемот на Македонската политичка сцена е слабата или неспособна опозиција која за жал како намерно да доцни во реакциите и згора на тоа има и погрешни реакции, па одтука и пораките кои ги испраќа се празни и несоодветни, поради што не допираат до граѓаните, тие не им веруваат на таквите пораки и не ги мобилизираат за акција против една ваква исклучително корумпирана и криминализирана власт на СДС.

Замислете, потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Николоски, „самоиницијативно“ од Стразбур и Луксембург ни порачува дека меѓудругото тој ќе продолжел да се бори за Македонскиот јазик. Е па драги мои, освен желбата за себе претставување дека е во Советот на Европа, политичката тежина на неговите „патриотски“ изјави е едно гооолемо НИШТО. Сега ќе се запрашате зошто? Затоа што една таква ступидна изјава за Македонскиот јазик (мислам на овој современиот официјален јазик) кој е кодифициран во 1945 година и внесен во ООН во 1974 година, дури и пред кодификацијата на Грчкиот официјален јазик (1977 година) и при консензус на лингвистичката академска и научна јавност дека кодификацијата на официјалниот литературен јазик зависи од државата, нејзиното формирање или уставни и законски регулативи поврзани со јазикот, а не со постоењето на тој јазик во историјата, претставува ништо повеќе отколку влегување во наративот на Бугарија. Тоа влегување е политичко и научно и историско во светогледот на Бугарија, и во контекст на претстојните преговори сосема, ама сосема непотребно и политички погрешно. Како да се сака на еден перфиден начин да му се олесни позицијата на Заев. Едноставно, Македонскиот јазик е од групата на Словенски јазици и неговиот корен е во старословенскиот јазик. Подоцнежните промени низ историјата се сосема нормална појава, бидејќи јазикот е жив и како што низ историјата се менувал со сигурност ќе претрпи промени и во иднина. Токму ова треба да му биде јасно на Николоски пред да даде било каква недоветна изјава од која нема да имаме никаква полза ниту како Македонски народ ниту како нација, а особено не во однос на глупавиот политички спор со Бугарија. Ова го кажувам од едноставна причина, бидејќи доколку ние самите велиме дека ќе се бориме за јазикот, тогаш тоа значи дека ние самите сеуште сметаме дека нашиот Македонски јазик е недооформен, неконзистентен, неприфатен и недефиниран. Тоа е политичката кусогледост и будалаштина на Николоски. „Борбата“ за Македонскиот јазик е институционално-државна задача, а се

презентира преку отварање на катедри за Македонски јазик на универзитети во други држави, стипендирање странски студенти за школување во Македонија на Македонски јазик, како и наметнување на јазикот како говорен во пракса. Нема никаква основа воопшто да зборуваме за борба за докажување за постоењето на Македонскиот јазик, тој е факт кои постои како кодифициран јазик веќе 80 години, а секако дека и во историски рамки се врзува со Пулевски и Мисирков, како и со безбројните Македонски преродбеници кои како што веле тогаш, пишувале и зборувале на „нашински Македонски", различен од Бугарскиот и Српскиот, секако употребувајќи дијалекти. За битисувањето на Македонскиот јазик нема никаква потреба да зборуваме, како што нема никаква основа да зборуваме за постоењето на Македонскиот народ и воспоставената Македонска нација. Тоа за што треба да се зборува е зачувувањето на Македонската држава, односно нејзина заштита од криминалното СДС кое ја уништува за да си ги покрива сопствените криминали. Македонскиот јазик, Македонскиот народ и Македонската нација се факти за кои не се зборува. Многу е ступидно од наша страна да отвораме процеси кои се завршени пред 80 години и да од дневно-политички причини или политичка себепромоција ја враќаме историјата station наназад.

Некако имам чувство (не како чувството на Заев за датум за преговори, за тоа ви пишував дека нема шанса да се добие), дека ВМРО-ДПМНЕ не сака да ги искористи пропустите и глупостите на Заев за да поентира и изврши мобилизација на граѓаните за да го урне од власт. Многу е видливо кога во ситуација која јасно покажува дека Заев неможе да испорача ветување за почеток на преговорите со ЕУ, а врз тоа ја темелеше и сеуште ја темели целата своја политика последнава година по изборите во 2020 година, опозицијата никако да побара безусловна оставка на оваа политичка влада на СДС и политичката креатура Заев, и да побара формирање на експертска влада. Замислете, цела зима и пролет не замајуваа со тоа дека ВМРО-ДПМНЕ има подготвено ново собраниско мнозинство, па бараа (повторно Николоски во прв ред) формирање на широка коалициона влада, влада на национален спас, експертска влада итн. а сето тоа спласна како „издишан балон" (не оној на Фрчко, тој го надуваа со хелиум и летна високо). Затоа сега ќе се бориме за Македонскиот јазик, пу јаз'к што само влегуваат во туѓи муабети, а нивните остануваат празни (не дека тие на Црпе или на оние од истокот се нешто содржајни).

Така, дојдовме до ребрендирањето на партијата наместо да дојдевме до масовни протести против измамникот Заев, со јасни барања за негова оставка, експертска влада и нови парламентарни избори, а преку јасен политички повод или повторното недобивање на датум за почеток на преговорите со ЕУ, а во исто време ниту некаква понуда за алтернативен пристап и приближување кон ЕУ.

Може да зборуваме дали му е потребно ребрендирање на ВМРО-ДПМНЕ во однос на боите, во однос на политичката платформа и секако како тоа да се изведе, но тоа што се направи на одбележувањето на 31 година од формирањето на ВМРО-ДПМНЕ не предизвика политички ефект во Македонија со сила на потрес од 12 степени, туку уште на самиот настан се

забележа недостигот на енергија и мотивираност. Згора на тоа, уште еднаш се дефокусира јавноста и обесхрабри членството и внесоа во апатија поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ.

Зошто е тоа така има многу фактори, но пред да кажам неколку ќе поставам едно реторичко прашање до Мицкоски: „Дали си свесен во кој правец оди партијата и дали воопшто на настанот забележа дека нешто длабоко не е во ред во партијата“? (прашањето е реторичко, бидејќи знам дека нема да добијам одговор)

Сега за факторите: Прво, кога партијата има намера да спроведе нова стратегија и ребрендирање на истата неопходно е да ги засили Општинските и Месните комитети, односно да ја раздвижи партиската структура за да се подготви теренот за претстојните стратешки промени. Второ, спроведувањето на новата стратегија не се содржи во паролата, тоа е само обвивката, за да се ефектуира паролата претходно е потребно да се реализираат основните постулати на таа стратегија и истата да заживее во пракса во партијата (ова му го имам предлагано на Мицкоски уште 2017 кога стана претседател на партијата), дури потоа се излегува во јавност со неа. Вака СДС криминално не начека на „популистички волеј“ дека крадеме слогани и ништо повеќе. Трето, за да дојде до нова стратегија потребно е да постои стратешки документ (стратегија) на ВМРО-ДПМНЕ, а за тој да се изработи партијата треба да ангажира соодветни личноста пред се од академската и научната јавност од повеќе области. Таа стратегија требаше да биде презентирана на настанот за ребрендирање како пишан документ достапен до јавноста, бидејќи стратегиите не се тајни документи. Четврто, за да успее стратешкото свртување потребно е најпрво да се мотивира членството уверувајќи го во успешноста и остварливоста на стратегијата, а потоа истата да се претстави како развојна и остварлива про-европска пред нашите партнери за да биде истата прифатлива и поддржана.

Ете, тоа е она што ВМРО-ДПМНЕ требаше да го направи, се друго се празни муабети и обиди да се обноват разрушените пред се лични релации на Мицкоски и раководството на партијата со нејзините членови преку нудење разни функции кои во пракса немаат никакво влијание ниту реален ефект врз креирањето и остварувањето на политиките на ВМРО-ДПМНЕ. Дури и избрзаните „протести“ со блокирање на раскрсници беа на штета на ВМРО-ДПМНЕ, како впрочем и недоветните изјави или обиди за политички ексклузивитет од типот дека Заев ќе не продава на Бугарија. Заев се продаде уште пред да стане узурпатор премиер, впрочем за тоа и е донесен на таа позиција. Сега е пет по дванаесет кога треба да се тргне со конкретни ставови и координирани и издржани активности од страна на ВМРО-ДПМНЕ. Јас тоа, за жал не го гледам, не гледам никакви реакции или ако ги има тие се формални и млаки без потенцијал за идна експлоатација.

За да се избегнат празните муабети кои го демотивираат и пацифизираат (во смисла на апатичност) членството на ВМРО-ДПМНЕ, потребно е да се постават клучните актуелни политички, економски и правно-криминалистички прашања преку кои ќе се побара одговорност од Заев. Тука е основот за интензивно работење на мобилизација на граѓаните, а не пукањето

во празно преку што се остава впечаток во јавноста дека раководството на ВМРО-ДПМНЕ само му помага на Заев. А, зарем не е така (сетете се на колумните во кои ви пишував за коалицијата ЗММ и ЗМ)?

Така се создаваат основните и видливи индикатори преку кои се гледа дека Заев е комотен во однос на „загрозувањето“ од ВМРО-ДПМНЕ. Впрочем во ВМРО-ДПМНЕ се е со краток здив, со задоцнување и на кратки стази. Дури и сега на само пет месеци пред локалните избори, теренските активности на локално ниво се еднакви на нула, а има толку многу работи за кои булументата криминогени градоначалнички ликови од СДС има за што да се „подбере“.

Згора не тоа што се случува на локално ниво, на државно ниво продолжуваат политичките егзибиции на Црпнатиот. Ставот на ДУИ е многу едноставно политички прагматичен. Тие бараат се што ќе посакаат, а Црпнатиот исполнува за да остане на власт. Знае Црпе дека доколку падне од власт ќе треба да одговара за сите недела кои ги стори, во прв ред криминализацијата на општеството до болка, корумпираност на сите нивоа, економско уривање и потполна поделба на општеството (обидете се да добиете фискална сметка во Тетово или Гостивар, нели едно општество за сите). Но, ете ние знаеме и гледаме што работи Црпе и што ни најавува дека ќе работи (химна, знаме, грб) и така во недоглед до непрепознатливост, со наши пари и наша политичка согласност, а сепак иако гледаме не реагираме. Токму тука е болката која ја создава опозицијата со своите празни муабети до степен на преземање на одговорноста за неуспесите и пропаѓањето на Македонската држава. Одговорноста на раководството на ВМРО-ДПМНЕ (не на членството и поддржувачите) е затоа и поголема, бидејќи нема оправдување за неснаоѓањето, неспособноста, соработката со власта за некакви повисоки цели, погрешните одлуки и чекори, дефакторизацијата на партијата и немањето скоро никакво општествено влијание, а особено изразената и видливо голема заинтересираност за лична политичка промоција.

Изразувајќи ги моите политички ставови и анализи во нашата грда реалност, неможам понекогаш да не ги изразам и моите чувства преку алегорични пишувања и тоа воглавно го правам на сметка на криминалната власт на СДС. Анализите кои се однесуваат на работата на раководството на ВМРО-ДПМНЕ и нивната политичка кусогледост и неспособност засега сеуште се во насока на нивно освестување, но времето им тече немилосрдно. Мицкоски мора да биде свесен дека нема да може да побегне од одговорноста за можната победа на Заев на локалните избори и продолжената дефакторизација на ВМРО-ДПМНЕ на политичката сцена на Македонија. Нема да му е виновен ниту Апасиев, а нема да прифатат одговорност ниту неговите соработници дури и да се обиде вината да ја префрли на некој од нив или на локалните раководства, така што сакал или не на крајот од Ноември оваа 2021 година ќе мора да се соочи со членството. Токму со членството не со делегатите. Сите обиди за математички манипулации со бројките, поделби на општините по етнички состав, збирот или делењето на добиените гласови, ќе биде само уште една веќе видена приказна која кај членството на ВМРО-ДПМНЕ нема да помине. Можеби ќе помине кај некои делегати, но таквото поминување ќе предизвика трајни огромни штети врз ВМРО-ДПМНЕ, а без

ВМРО-ДПМНЕ во прашање ќе биде Македонија, или можеби некој размислува за...

Доколку е така тогаш и празните муабети не се баш празни, а одговорноста за нив е на раководството на ВМРО-ДПМНЕ колективно и на секого поодделно и пред се лично во сегашно време, во иднина, но засекогаш во историјата.

Дали празните муабети заради себепромоција се воопшто вредни за ваша историска стигма? (прашањето е наменето до целото раководство на ВМРО-ДПМНЕ на сите нивоа, во прв ред до Извршниот и Централниот комитет на партијата)

Во првата недела по Педесетница (недела на сите светии)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

**Ругање на Бога**

*Потоа Бог рече: „Да создадеме човек*
*според Нашиот образ (и) според*
*Нашето подобие како што сме Ние, ...“*
*(**Битие** – Прва книга Мојсеева, 1, 26)*

Значењето на овие зборови од Светото Писмо (Библијата), кажуваат се. Ние луѓето (човекот) сме образ и подобие Божјо. Затоа и се вели ОБРАЗОВАНИЕ (појаснување за необразованата Миличка), да се даде некому образ да се образува според нечии образ, секако поврзано со воспитание. Воспитанието (во архаичниот старомакедонски јазик се сретнува како „васпјатих“ – нахранив, да нахраниш некого според образот Божји) и образованието се прва и основна обврска на родителите и одговорност која родителите кон децата ја имаат додека се живи па дури и нивните деца да се родители или дедовци и баби, оваа обврска пред Бога за зачувување на образот Божји во секој од нас останува засекогаш и за неа ќе треба да дадеме добар одговор. Покрај обврската на родителите или како родители имаме и самите обврска да го чуваме образот Божји како нешто што ни е дадено за вечност заедно со душата која сме ја примиле во мигот на зачнувањето во утробата на мајката. Господ Бог ги создаде мажот и жената, ги создаде Адам и Ева не создаде нас по образот Негов за да даруваме живот и да ја наполниме земјата.

Заклучокот е многу едноставен, се во природата кое треба да даде род, плод и нови живи суштества е создадено од два пола (машки и женски), така се создава живот и никако на друг начин (со исклучок на директното вмешување на Светиот Дух во бессемено зачнување и воплотување на предвечниот Господ Иисус Христос или второто лице на Едносуштната и неразделна Тројца). Дури и развојот на науката и медицината за да создадат нов живот преку вештачко оплодување мора да користи машки и женски јајце клетки и да ги спои во едно.

Поаѓајќи од оваа основно начело на природните закони за создавање на нов живот и продолжување на животот, без разлика дали некој од вас кој ја читате колумната верува во Бога или е еволуционист, не може да не се согласи со фактот дека тоа е токму така, машкото и женското создаваат нов живот и продолжување на човечкиот род (или на својот вид и род кај живиот свет и растенијата на земјата со ретки исклучоци на хермафродити).

Одтука, се поставува едно едноставно прашање: „Која е целта поради која оваа криминално-коруптивна власт на СДС јавно промовира педерастија величајќи ја како вредност, обидувајќи се да ја внесе во образованието на новите генерации“? При тоа, не се бара согласност од родителите кои се и најодговорни за сопствените деца како тука и сега така и пред Бога и во вечноста.

Одговорот кој тие (СДС) би го дале е познат и претставува бласфемично врескање за некакви си права и слободи во рамките на загарантираните права и слободи на човекот и правото на живот. Лично мене не ме интересира интимниот живот на било кого па ако сака и не го боли нека е и педер или нека прави противприроден блуд (се му е дозволено, но не е се од полза). Интересно,

но никој никогаш не се запраша како тие кој поради својата сексуална определба неможат (природата не го дозволува тоа и Слава на Бога со право се премудро е уредено) да дадат живот, се борат за правото на живот. Па во Македонија никој досега (барем јас не сум слушнал) не му го одземал животот некому заради неговата сексуална определба. Поентата поради која СДС дава поддршка на педерските групации е всушност политичка (во согласност со нивната политичка природа), но со длабоко психичко пореметување. Зошто го тврдам тоа? Затоа што во силната желба за прибирање гласови и останување на власт како либерална политичка партија, подготвени се секого и за сè да поддржат дури и на штета на Македонската нација и државата (тоа веќе го видовме и сеуште го гледаме на дело), а од друга страна се работи за изразено психичко пореметување, бидејќи не е нормално за пуста власт сè и сешто да се поддржува, дури ни за атер на некои или некого од ЕУ, под било какви демократски или други изговори.

Воден од овие констатации може да заклучам дека, во политички контекст во Македонија повеќе не постои идеолошка разлика помеѓу СДС и ВМРО-ДПМНЕ на левичарска и десничарска, во пракса ние во Македонија имаме концепциска разлика за развојот и уредувањето на Македонското општество во иднина. Разлика која доколку сакаме да ја сведеме на симплифицирано толкување, тогаш може да кажеме дека се однесува на оние кои се против животот и развојот на Македонската нација (напоменувам дека во Македонската нација ги сметам сите граѓани на Македонија) и држава или тоа е СДС, и другиот концепт, оние кои преку своите конзервативни ставови и политики во конкретнoво прашање во духот на традиционализмот се за живот, семејство и создавање нови и нормални идни генерации или ВМРО-ДПМНЕ и сите останати кои не поддржуваат педерски анти-животни собири на кои и преку кои се руга на Бога. Сега кога ќе дојде време за избори, на секого од нас останува кој концепт на иднина (неиднина) ќе го избереме, затоа што не е во прашање политика туку опстанок на животот преку семејството или уривањето на семејството и замрување на животот, опција која ја нуди СДС.

Да се вратам на духовно и психички поразителните пораки од ЛГБТ собирот и оние кои го поддржаа и „возвеличија“ со своето присуство, бидејќи намерата на колумната не ми е да расправам за докажано декадентната политичка „идеологија“ и матрица на СДС чии подмладок СДММ јавно преку социјалните мрежи даде поддршка на овој анти-животен собир, а нели за живот им беше приказната.

Основата на ваквите настапи со промоција на ЛГБТ „вредности“ поддржани од највисоките државни претставници од власта е ругањето на Бога. Се ругаат на Бога за неговото совршено создание човекот, на воплотувањето на Господ Иисус Христос, на Пресветата мајка Богородица која е ликот на жената која во себе носи и дава живот и повторно се ругаат на Бога кој по големиот потоп на Ное му даде завет дека повеќе нема да има потопи со такви размери, давајќи му го како сеќавање на заветот божилакот, виножитото или „ѕуницата“ (*И рече Бог: „Еве го знакот на заветот што го поставувам меѓу Мене и вас и меѓу секоја жива душа, која е со вас, за сите идни поколенија: „божилак свој поставувам во облакот, за да биде знак на вечниот завет меѓу Мене и*

*земјата". И му рече Бог на Ное: „Тоа е знакот на заветот, што го поставив меѓу Мене и меѓу секоја плот, што е на земјата!" – Битие, 9.12; 9.13; 9.17*) Токму и врз заветот на Бога овие од ЛГБТ се ругаат за да како свое обележје го земат токму божилакот. Ругањето нема крај, одат до тој степен што се ругаат и на љубовта Божја која е вселенска и не подразбира плотска похота и страст, се ругаат и на неизмерната и безгранична љубов на нашиот Отец небесен кој своеволно го принесе на жртва својот Единороден син Христа за спасение на сите нас од нашите гревови, се ругаат и на спасителната жртва Христова, а сето тоа го поддржуваат непрокопсаниците од власта.

Жално е што ругањето кон Бога продолжи и со понижување и исмејување на ликовите на светиите (конкретно на Св.Никола Мира Ликиски), на еден од големите отци во борбата за чистота на Христијанската вера против Ариј. Ругањето на спсителниот Крст кој онаа недефинирана ЛГБТ сподоба го носеше. На сето ова присуствуваше Стево Прецедникот, Мила необразовната, Рада неодбранбената (беа ли таму нивните деца?) и други „истакнати" или натакнати властодржци. За срам, и не само заради изразеното неверие и учество во ругањето на Бога, туку и затоа што во тоа свое ругање вклучија и деца. Нели децата се заштитетни со закон од политичка и друг вид манипулација. Е Стево, Стево, Прецедниче, можеби беше единствена институција која досега функционираше колку-толку нормално во политичката папазјанија на Македонската сцена, но зошто бре црни Стево со деца на ЛГБТ парада? На што црни Стево ги учиш децата (или злоупотребуваш)? Многу ме интересира дали тоа беа деца од твоето потесно или пошироко семејство и секако кој се тие родители кои ги учат сопствените деца на ПОГРЕШНИ „вредности"? Згора на се, уште и ти се сликаш со нив и вееш знаме со кое се ругаш на Бога. Не знам што те советувале од твојот кабинет, но кој и да те советувал многу лошо те посоветувал. Јас би те прашал: „дали би го дале вашето дете или дете од вашето потесно семејство на посвојување на ЛГБТ заљубен пар? Немој да мислиш дека ова ќе биде заборавено, а да не се извиниш јавно и покаеш за еден ваков непромислен чекор, додека не го сториш тоа барем јас редовно ќе те потсетувам на овој твој гнасен чин. Те прозивам тебе, а не оние двете ... затоа што ти си Претседател на Македонија и знам дека ќе бараш втор мандат од граѓаните, а оние двете ... се веќе минато во политиката, но огромна штета за општеството, која ќе треба долгорочно да ја исправаме. Твое си е што ќе правиш Стево, но ти живееш во Македонија и Претседател си на Македонија, а нашата Македонија е Библиска земја и нашиот народ (мнозинството Христијани и Муслимани) се поддржувачи на традиционални вредности и нема да гледаат благонаклоно кон тебе кога во твојте политички егзибиции за поддршка на ЛГБТ „вредностите" од позиција на Претседател на Македонија згора на се вклучуваш и деца.

Тоа е првиот аспект на личната етичноста и чувство за одговорност од позицијата на која се наоѓаш. Вториот аспект поврзан со твојата поддршка на ЛГБТ другарите ти е твоето отворено мешање во „признавањето" на Автокефалноста на МПЦ-ОА од страна на Константинополскиот Патријарх. Од етички причини не знам со кој образ повторно би отишол кај Патријархот (единствено доколку не одиш на исповест) после твојата јавна промоција на ЛГБТ „вредностите" и отвореното ругање на Бога. Само за твоја информација,

доколку ти „си паднал од Марс“ па незнаеш, Светата Православна Црква, педерастијата или на црковно-словенски јазик мужеложништвото, а современо наречено ЛГБТ, ја смета за тежок или смртен грев. И не е паднат само тој што го извршил дејствието на мужеложништво, туку уште повеќе оној што го поддржува, бидејќи соблазната на светот мора да дојде, но тешко на оној преку кого ќе дојде. Така, ти од функцијата Претседател на Македонија со твојата поддршка јавно даваш до знаење дека ти поддржуваш педерастија, покрај учеството во ругањето на Бога, а тоа е спротивно на учењето на Светата Православна Црква и излезот е покајание и јавно извинување. Да сум на местото на Светиот Архиерејски Синод на МПЦ-ОА, јавно би ти забранил повеќе да се појавуваш во името на нашата Света МПЦ-ОА како посредник на добра волја или во друго својство додека не се покаеш и извиниш јавно.

Третиот аспект е поврзан со прашањето: „Дали воопшто знаеш зошто беше и што бараше од Патријархот Константинополски?“ Тоа е посебно прашање за кое имам намера во иднина посебно јавно да дебатирам со тебе, но сега само накратко да потсетам. Каква врска има твоето одење кај Константинополскиот Птријарх со Црковното право, со Каноните на Светата Православна Црква и со нашата de facto Автокефална состојба која како помесна Православна Црква ја живееме во целосна полнота во Господ Бог и Светиот Дух, Тројцата Единосуштна и неразделна, како впрочем и секоја помесна Православна Црква чии составен дел и само еден од еднаквите е и Константинополскиот Патријарх. Автокефалноста на МПЦ-ОА треба само да се прифати, а не да се даде или признае, таа суштествува во пракса. Доколку како Претседател на Македонија сакаш да и помогнеш на нашата (секако се надевам и твојата) Света Православна Црква МПЦ-ОА, тогаш посвети исклучително внимание на донесувањето на новиот Закон за Верски заедници, а не се шетај и сликај по педерски паради на кои отворено се ругаат на Бога, а ти учествуваш во тоа. Размисли за пораките кои ги испраќаш со твоето појавување или можеби тоа намерно го правиш? Но, размисли и за јавно покајание и извинување, сепак Христијани сме, човек може да згреши, да падне, но мора и да се прости затоа што сме едно во Христа и заради нашето заедничко спасение.

Но, за да се дојде до Богопознанение и себепознанеи како и покајание потребно е да се има висока етичност и политички сенс за државата и мнозинството. Кога сме кај етичноста и сенсот за чувствата на мнозинството граѓани во Македонија, тогаш Пендаровски како Претседател на Македонија треба остро и одлучно да реагира на будалаштините на Бугарија за оспорување на Македонскиот јазик на што се надоврзува глупоста на Португалската министерка за европски прашања, а што е само пробен балон за нашата цврстина и секако со директен притисок (политички како институција), за смена на Талат за навредата на Македонија со неупотреба на Македонскиот јазик при јавен настап во Брисел. За сите овие координирани провокации, координирани токму од старата оросписа ќе пишувам во некоја следна колумна, има што да се каже и напише, а нема да се заборави. Проблемот на неодговорност на СДС и Пендаровски кон виталните национални прашања, а наклонетоста кон деструкција и ругање на Бога не се заборава.

За оние несреќници од ЛГБТ зедницата како што милуваат да се нарекуваат и онаа сподоба која со симболи се ругаше на Бога важи само едно нешто, а тоа е покајание и тешка борба со својата паднатост. Според учењето на Православната црква и емпириските сознанија, педерастијата како духовна и душевна болест е една од најтешките за лекување, некаде на нивото на наркоманијата и остава долготрајни психички проблеми. Овие луѓе се за жалење, но тоа не значи дека треба да им се дозволи да се ругаат на Бога.

На крајот, навистина сосема на крајот, мора да кажам и да се запрашам: „Зошто на оваа јавно ругање на Бога не реагираше веднаш со соопштение Светиот Синод на МПЦ-ОА“?

Одговорот е кај нив, но возљубени мои архијереи на МПЦ-ОА, еднаш веќе ви напишав дека сите ние сме грешни и паднати и гревот е лична работа кој пред својот духовник ќе го исповедаме, ќе се бориме, ќе паѓаме и стануваме до крајот на нашиот живот, бидејќи нема човек што се родил, а да не згрешил. Замислете само, Св.Никола да се плашеше од гревот на Ариј или од други причини и да не го сторeше тоа што го стори на Првиот вселенски собор во Никеја, дали денес ќе суштествувавме како Православна вера. Бог бара вера, трезвеност и храброст мажествена за одбрана на Светата Православна вера и личен пример за новите генерации.

Бог не создаде по образот Негов и да бидеме достојни да го носиме образот Божји.

Во втората седмица по Педесетница (Св.маченик Јулијан Тарсиски)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

П.С.Имам две директни прашања за Стево Прецедникот:
Прво, „Дали сте имале сексуални односи со личност од ист пол“? (во контекст на присуството на ЛГБТ парадата)
Потоа она најпознатото „Балканско“ прашање: „Знаат ли вашите родители дека сте поклоник на алтернативен секс?
Ве замолувам да одговорите со ДА или НЕ.

**Резолуција**

По подолго следење на настаните со Бугарија и нивниот развој од аспект на Бугарското однесување кон Македонија и Македонскиот народ и неговите обележја на историска и современа посебност, како што впрочем и Ви ветив почитувани читатели, дојде време да напишам една кратка анализа за тоа што ни се случува. Не само што ни се случува нам како на Македонци и на нашата држава Македонија, туку и што им се случува на Бугарите и Бугарија како држава, но и да се обидам да предвестам што ќе им се случува. Токму задоцнетата РЕЗОЛУЦИЈА на Собранието на Македонија како предлог на ВМРО-ДПМНЕ дава одлична основа за создавање на една кратка анализа, како по линија на времето, така и во однос на содржината и целите кои треба или би требало во нормални услови да се постигнат со донесувањето на една ваква Резолуција – Декларација од национален историски формат.

Најпрво, неопходно е да расчистиме дека односната Резолуција не треба да биде прокламиран документ на Македонското Собрание кое ќе се однесува на некакви си „црвени линии“ во преговорите со Бугарија или било кого во иднина. Собраниската Резолуција мора најпрво да биде безвременски облигационен документ, а потоа да биде извод од Македонската Национална Стратегија која сублимирано ќе даде задолжителна и строга – императивна рамка на однесувањето на секоја сегашна и идна влада на Македонија во однос на прашањето на Македонскиот народ, Македонскиот јазик, Македонската култура, Македонската историја и воопшто на сите обележја на Македонската нација во минатото, во процесот на нејзиното создавање, во современиот миг и во иднината, како неменлив факт за кој никој, никогаш и никаде нема да влегува во преговори, објаснувања, појаснувања и слично. Впрочем за тие прашања не се разговара, а камо ли преговара со некакво си „уважување“, како што стои во текстот на самата Резолуција и за кој текст сметам дека е исклучително мек со доза на употребени еуфемизми. Тоа е веројатно од причина што политичките составувачи на документот воделе сметка да се допаднат некому или пак земајќи поодделни фрази или термини од друг документ (читај Македонскиот Манифест), безидејно пристапувајќи (или про-форма) не направиле дистинкција помеѓу Манифестот како идејно-идеолошка творба наменета за широките народни маси со првенствена улога на патоказ и Резолуцијата на Собранието како наредбодавен документ на законодавната власт (Собранието) кон извршната власт (Владата).

Зошто сметам дека Резолуцијата е задоцнета? Затоа што за една држава и партија од исклучителна важност е да го погоди вистинскиот политички миг за дејствување, а за жал нашиот – Македонскиот политички миг за ваква Резолуција-Декларација беше минатата година во Октомври. Задоцнувањето од девет месеци и малку повеќе ни донесе зацврстување на позициите на Бугарија во ЕУ и пред ЕУ, а особено ни донесе неколку непопуларни за нас „нон-пејпери“, вклучително и официјалниот предлог на Португалија. Доколку Мицкоски ја прифатеше мојата сугестија за свикување на Собраниска седница во Октомври 2020 година на која ќе се донесеше наредбодавна Резолуција на Собранието до сите влади на Македонија, тогаш немаше да се остави простор

криминално-корумптивната влада на Заев да витка р'бет и да испраќа сигнали дека ние не сме сигурни во нашиот Македонски идентитет, јазик, култура и историја, односно дека сме подготвени да попуштаме, поради што и сме согласни воопшто да разговараме-преговараме на тие теми со Бугарија или било кој друг. Едноставно тоа ќе беше сигнал дека „доста беше“ со Преспанскиот договор и нема понатаму. Европа мора да не прифати такви какви што сме и какви што се чувствуваме без уцени и однародување. Па нели ЕУ е сојуз на нации, тогаш како што ќе влеземе ние во таа ЕУ, па дури тоа да го бара и некоја нивна членка побудена од сопствени национални интереси и перцепции.

Како и да е, нашите пулитичари не читаат историја и сходно на овој факт не сум изненаден што не користат искуствени компарации од минатото, а уште помалку што неможат да ја анализираат и предвидат иднината. Многу е јасно зошто Бугарија се обидува да направи дистинкција на Пиринска Македонија и Македонците кои живеат таму и се Македонско малцинство во Бугарија. Секогаш кога нешто насила ќе одземете од некого, еден ден Господ ќе уреди како тоа да го вратите и да го носите гревот и казната за стореното недело и неправда. Проблемите за Бугарија по прашање на малцинствата и други државни премрежија допрва доаѓаат, а тие процеси се неминовни и ќе бидеме во прилика да гледаме како тоа ќе се одвива, вклучително и кривичната одговорност за корупција и криминал на некои претходни влади во Бугарија.

Но, нашиот проблем не е во криминализираноста на Бугарската политичка сцена или во одлуките на Бугарското Собрание, нашиот проблем е нашата криминализирана политичка елита која во меѓусебното уценување и држење за „гуша“ ја саботира секоја нормална и здрава Македонска национална политичка и секаква друга мисла и идеја. Одтука, нашиот проблем е во задоцнетото политичко дејствување кое во овој миг може да биде проценето како изнудено, испровоцирано, или политичка про-форма постапка за одигрување на театарска претстава пред домашната јавност, иако е крајно неопходно и напоменувам дека беше потребно да се направи уште минатата година во Октомври. Вториот проблем кој самите си го наметнуваме е содржината на Резолуцијата.

Најпрво, како може Резолуцијата да започнува со насоки за водење на преговори по прашање на Македонскиот идентитет, јазик, култура и историја? Тоа е директен показател дека си подготвен да преговараш за работи за кои не се преговара, дури и опишувајќи ја формата и методологијата на едни такви преговори, употребувајќи еуфеменизам како „уважување“. Земете ја за пример, Бугарија во врска со односот кон нас иако таа не е засегната како ние. Замислете во својата Собраниска декларација Бугарија да ставеше такви формулации за водење преговори, каква ќе беше силата на тој документ на кој сега службената влада на Стефан Јанев и самиот Претседател Радев се повикуваат и пред сопствената, но и пред Европската јавност и партнерите во ЕУ, потенцирајќи ја одлучувачката улога на законодавната власт во Бугарија над извршната, а што е сосема во ред. Прашањето е зошто во Македонија извршната власт се однесува како да е над законодавната и одлучува за витални национални

прашања според сопствена политичка (днево-политичка) волја или што би рекол народот се однесува како „пашично говедо“?

Во самиот почеток Резолуцијата која треба да ја донесе Македонското Собрание не содржи наредбодавна – обврзувачка основа за владата на Македонија дека за утврдените историски и современи факти во врска со Македонскиот народ, Македонскиот јазик, култура и фактичка историја (дури и Бугарија да тврди дека тоа се фалсификати) ниедна влада не смее да преговара или отвара формални и неформални дискусии. Токму ова е во духот на меѓународното право каде што националната определба и чувство се неприкосновени, а исто така според меѓународното право не постои ваков основ било која држава да се меша во внатрешните работи на друга држава или да и прави пречки во меѓународните односи како меѓународно правен субјект, посебно врз основ на националната определба на нејзините граѓани. Како што ниту една држава неможе да се откаже од заштитата на правата на сопственото малцинство во други држави, па колку и да е тоа мало по број. Впрочем партнери во однос на решавањето на малцинските статуси и права се меѓународно правните субјекти или државите (во овој случај државите Македонија и Бугарија), а не се државата и малцинството на чија територија живеат и чии граѓани (државјани) се припадниците на малцинството.

Безрезервното почитување на македонските научни сознанија за нашиот Македонски идентитет, јазик, културолошки и религиски континуитет не е тема која треба да се поставува во Резолуцијата. Токму во овој контекст Бугарија се обидува да направи промени преку притисок за промена на историските состојби кои имплицираат идентитет, јазик, култура и религија. Решението е во зборот „заштита“ на Македонскиот идентитет, јазик, култура и религиски континуитет како задолжување на секоја влада. Тоа е догма за која не се расправа и не се бараат дополнителни научни сознанија дури ниту од Македонски научни институции или поединци, бидејќи Македонскиот идентитет, јазик, култура и религија суштествуваат во пракса.

Преку Резолуцијата се задолжуваат сите Македонски влади да го развиваат и унапредуваат Македонскиот идентитет, јазик и култура.

Изјавата која Мицкоски ја даде во контекст дека во подготовката на Резолуцијата учествувале МАНУ, МПЦ-ОА и УКИМ, поради јасните политички позиции на ВМРО-ДПМНЕ треба да биде прецизирана во контекст на користењето на Македонскиот манифест во создавањето на Резолуцијата, а кој Манифест го потпишаа лидерите на погоре споменатите три национални институции. Одтука, не може да се тврди дека овие институции директно учествувале во изготвувањето на Резолуцијата која е политички чин преку кој се задолжуваат и врамуваат владите на Македонија во однос на некои стратешки принципи во своите меѓународни активности. Тоа дека е користен Македонскиот Манифест е видливо според текстот на Резолуцијата. Носењето резолуција во Собранието и тоа со вакво историско значење, не бара академски пристап во изразувањето во однос на текстот на Резолуцијата, туку бара прецизен и императивен-нардободавен речник со прецизни поими кои по ова прашање ќе ја ограничат владата и сите идни влади во мозочни еквилибристики и сопствени авантуристички или тенденциозни толкувања и дневно-политички

перцепирања на Македонскиот идентитет, јазик, култура и религиски континуитет.

Во контекст на религискиот континуитет, неопходно е да се исклучи државното „посредување“ во „признавањето“ на автокефалноста на МПЦ-ОА, бидејќи МПЦ-ОА како наследничка на Охридската Архиепископија (според катедрата на Црквата во градот Охрид и јурисдикциски на територијата на Република Македонија) е de facto автокефална, и тоа што како држава и црква го бараме е прифаќање на нашата автокефалност согласно Канонитe на Светата Православна Црква и Црковното право. Неопходно е да се заземе државен став со кој покрај одредбите од канонското право, ќе се задолжат владите за не дозволување на делување на територијата под јурисдикција на МПЦ-ОА на било каква друга Помесна Православна Црква и формирање и регистрирање на друга верска заедница со Православен карактер. Ова истото треба да важи и во однос на ИВЗ и нејзината заштита, а логиката за ставање на оваа одредба во Резолуцијата и обврска на владите да спречат вакви дејствија и преку законска регулатива се содржи во реалната можност за дејствување против Македонија и нејзините граѓани преку создавање паралелни верски заедници раководени од други центри на моќ и за туѓи интереси, а за што имаме поголемо историско и современо искуство.

Политичките последици од Резолуцијата, како и времето во кое се предлага дадоа многу јасна слика за состојбата во општетството, а посебно помеѓу политичките партии и нивните елити.

Прво, како што и тврдев и сеуште стојам на тоа тврдење, коалицијата ЗМ успешно функционира. Наместо Мицкоски да излезеше со предлог Резолуција во Октомври 2020 година и со тоа да го спречеше Заев да ветува се и сешто на Борисов со што ја доведе во понижена и подредена позиција Македонија, а на таквата предлог Резолуција, Заев ќе мораше да одговори со јасен политички став дали ја прифаќа или не, Мицкоски девет месеци подоцна излегува со Резолуцијата. Ефектот кој можеше, требаше и мораше да се постигне изостанува, дури и во однос на Бугарија. Бугарија успеа со својата Собраниска Декларација помалку или повеќе да ги оправда чекорите на својата влада пред ЕУ и во исто време да се наметне во ЕУ дека има цврст и единствен национален став по ова прашање. Колку и да не се во право, а не се, и во таа своја хегемонистичка и ригидна политика, тие покажаа државотворна способност и став па дури и анахрон став, но сепак став. Иако знам дека голем дел од Бугарската академска јавност не се согласуваат со овој ригиден став на Бугарија кон Македонија и на тој начин се предизвика една состојба која не била никогаш полоша во односите помеѓу Македонскиот и Бугарскиот народ и како што ќе кажат некои од колегите „двајца т’паци направија проблем“, алудирајќи на Заев и Борисов со нивните глупави политики, фактичката политички прагматична состојба е таква каква што ја опишав.

Тоа што ние на јавна сцена демонстриравме неединство и недржавотворност резултира со сметка која сега ја плаќаме, не само поради политиките на двајцата т’паци, туку и поради многуте тупчовци и кусогледи неграмотни лица под разни маски на Македонската политичка сцена. Затоа и сметам дека поднесувајќи ја Резолуцијата во овој политички миг кога и од

другата страна во Бугарија нема соговорник, бидејќи по 11-ти Јули со голема веројатност таму ќе продолжи актуелната политичка состојба на служебна влада,  Мицкоски перфидно „на мала врата“ само му дава по којзнае кој пат повторно и повторно гума за спасување на Заев. Сега за очекување е Заев да го јавне оседланиот коњ на патриотизмот (кој Мицкоски му го оседла, напои, нахрани и истимари) и да тргне во предизборна кампања за локалните избори, обвинувајќи го ВМРО-ДПМНЕ за ширење на лажни вести и дезинформации, бидејќи ете тие криминалните и корумпирана СДС и архи измамникот Заев ја прифатиле патриотската Резолуција и никогаш и не помислиле нешто да продадат од Македонскиот идентитет, јазик, култура итн. На овој начин дури и Преспанскиот договор ќе ни го претстават како потврдено одлично решение. А, во контекст на Преспанскиот договор кога веќе го споменав и извршната наредба на Претседателот на САД Бајден, еве како само три недели подоцна токму Палмер и Рикер во Охрид на Заев и неговото криминално СДС (а посредно и на Мицкоски) им ја објаснија суштината на наредбата и „духот“ на значењето на истата во однос на пулитичките елити во Македонија. Впрочем јас тоа веднаш ви го кажав и образложив, но некој секако се прави на глув и мисли дека во нашата Македонија ние сите сме им овци за стрижење. Затоа да не се чудат пулитичките елити кога ќе дојдат изборите зошто ќе има апстиненција, како и за тоа зошто масовно луѓето си одат од Македонија (и Македонци и Албанци и сите други). Не ќе да е до Преспанскиот или Охридскиот договор. Сакам само уште една мала дигресија да направам, а се однесува на Препсанскиот договор. Дали знаете дека во Солун од скоро, по Преспанскиот функционира Музеј на Македонската револуционерна борба во 19-от и 20-от век? Секако во Грчка историска верзија прикажувајќи ги Андартите (дури и оние од 1905 година учесници во масакрот во Загоричани) како борци за Македонските права и слобода, а Македонците и Македонија за Грчки. Толку од одбраната на идентитетот и историјата преваранту Заев. Дали е ова во согласност со „духот на Преспанскиот договор“? Токму за ова Заев ќе јава на коњот кој Мицкоски му го оседла, токму во вистинско политичко време за Заев пред локалните избори.

Второ, однесувањето на нашите Македонски сограѓани од Албанскиот народ (тука мислам на политичките елити во партиите ДУИ и Алијанса и Алтернатива и Беса) покажува дека тие не се подготвени да им помогнат на своите Македонски сограѓани од Македонскиот народ во оваа борба која ја засега целата држава, туку се водат единствено од своите политичко-партиски и лични интереси (прикриени со квази национални интереси на Македонските граѓани од Албанскиот народ), обидувајќи се да бидат фактор и тоа да го наплатат. Наплатата секако би била политичко-бизнис за нивен личен интерес, а дека нашите сограѓани припадници на Албанскиот народ ќе добијат поквалитетен и побогат живот уверен сум дека нема. Ова однесување покрај тоа што е недржавно, не лојално кон Македонија како наша заедничка држава, анти цивилизациско, перфидно, навредливо и најповеќе деструктивно, остава голем простор за градење на недоверба, наместо да се движиме во правец на градењето доверба. Затоа и ВМРО-ДПМНЕ и СДС треба сериозно да размислат за моделите на сопствена политичка организација, вклучување на сите граѓани

во своите редови и на тој начин избегнување на политичко-бизнис уцени и за клучни државни и национални прашања преку етно-политички принципи на коалицирање и нивна злоупотреба. Како ќе ја изградиме современата Македонска нација составена од сите граѓани припадници на сите народи кои живеат во Македонија ако не се поддржуваме меѓусебно? Најтешко е да се создаде доверба, а чекорите кои од моментална дневно - политичка прагма се преземаат водат кон недоверба и непочитување, или можеби некому токму тоа му е целта.

Донесувањето на Резолуцијата треба да го демонстрира националното единство во заштитата на државата Македонија, нејзиниот карактер и сплотеноста на нејзините граѓани.

Впрочем, Резолуцијата мора да биде одраз на задолжување, на обврска, на наредба која не политичките партии, туку граѓаните на Македонија, Македонската нација, преку Собраниските пратеници ја даваат на секоја влада на Македонија, сегашна и идна што мора да прави. Притоа, не оставајќи простор за своеволно толкување на тоа дали ќе преговара за работи за кои не се преговара или безрезервно ќе почитува или уважува нешто поврзано со Македонскиот идентитет, јазик, култура, историја и религија. Како што можевме да видиме од пред само две-три години, Заев и неговото СДС со поддршка од некои си... многу убаво во пракса ни ја покажаа растегливоста на поимањето на уважувањето, безрезервното почитување, до степен на промени на Уставот и преобразување на државата.

Изгорениот од млеко и на маштеницата дува, а и само будала два пати се сопнува од исти камен.

Во третата седмица по Педесетница (на денот на Преподобен Сампсон Странопримец)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

## Манипулации

*„Тоа што ти не се интересираш за политиката.*
*не значи дека политиката не се интересира за тебе“*

*Перикле*

И уште како политиката (читај пулитикантите) се интересираат за сите нас, но само на избори и кога треба да ни ги зголемат давачките заради нивно удобствие, како што е последната манипулација со цената на струјата и горивата.

Овој факт во Македонското секојдневие, вклучително и политичко секојдневие ме стави во една дилема. Имено се двоумев дали да напишам една вонвременска колумна или да се занимавам со актуелна анализа на опскурниот (матен и нејасен, затскриен, сомнителен, мрачен) политички живот во Македонија.

За жал ме надваса токму опскурниот политикантски миг исполнет со безброј манипулации кон сите нас и кој неможам да го избегнам, истиснам од мислите дури и во оваа изгор жешко лето. Впрочем нели Мицкоски најавуваше жешка пролет (мислеше на политичка која не ја видовме и почувствувавме), но дојде метеоролошки изгор лето, но по се изгледа за него е политички смрзнувачко лето, како кочан зима на минус триесет. Не е во прашање само опскурноста на архи манипулантот Заев, туку и јавната намерна „тупавост“ (што би рекле Кумановци неахикатност) на опозицијата. Така е тоа кога граѓаните ќе изгубат политичка доверба во лидерството, тука не мислам само на Мицкоски како претседател на ВМРО-ДПМНЕ туку токму на целото раководство на партијата, бидејќи лидерството или водството или раководството е едно исто и неможе да се сведе одговорноста за политичката зима во ВМРО-ДПМНЕ само на Мицкоски иако и по функција и политички реално тој е најодговорен и неможе да ја избегне истата иако според неговиот карактер ќе се обиде да ја префрли врз целиот ИК, а во случајот на локалните избори и врз ОК, но во секој случај себеси да се изземе. Но, што да се прави, кон ова состојба свој долгорочен придонес има целото раководство во партијата првенствено заради лошите проценки и политики, но и заради недостигот на личен политички капацитет и полтронско однесување кон неквалитетно донесените одлуки за делување на партијата и нивно безпоговорно прифаќање, најчесто од лични клиентелистички или лукративни побуди. Без јасен личен политички став и инсистирање на градење политики и донесување на одлуки резултатот е ваков каков што го имаме, политичка кочан зима во среде Јули на само три месеци пред локалните избори и бурната политичка есен особено за ВМРО-ДПМНЕ. Токму овие избори покрај ослободувањето на Македонија и искра на надеж во брзото уривање на Заев треба да значат и политичко преживување на Мицкоски и актуелното раководство на ВМРО-ДПМНЕ, а ние сеуште иако се интересираме за политика не успеавме да ги слушнеме прецизните политички ставови за тоа што или кои параметри партијата (читај

Мицкоски, бидејќи потоа останите од раководството тоа само ќе го повторуваат) ќе ги сметаат за победа. Дали тоа ќе биде: поголем број градоначалници од криминалното корумпирано СДС, поголем број освоени Совети на општини, поголем вкупен број советнички места, поголем број на вкупно освоени гласови за советничките листи на ВМРО-ДПМНЕ или за градоначалниците на ВМРО-ДПМНЕ или повеќе освоени градоначалнички места од бројот добиен на локалните избори во 2017 година? Се од ова е легитимно да се става во пресметка или зема како варијабла за вкрстување или индикатор за мерење на постигнатиот резултат, но насушно е потребно тоа сега пред изборите да ни биде предочено како на граѓани кои го поддржуваме и гласаме за ВМРО-ДПМНЕ или како на партиски членови или како на десничари симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ. Причината е едноставна, да нема потоа манипулации и весели математики за тоа како, дали и во што сме победиле, или сме го постигнале посакуваниот резултат што го сметаме за успех на партијата, членството па и раководството. Тоа би било коректно, мотивирачки и политички храбро од страна на Мицкоски. По изборите некој ќе сака да профитира од овие резултати, пред се внатре во партијата, бидејќи претстојат внатрепартиски избори, а некои (членството) ќе сака некој да понесе одговорност. Коректно е пред членовите и секако локалните раководства на партијата да се излезе со јасна стратешка цел, што сакаме да постигнеме, со кој индикатор ќе го мериме тоа што сакаме да го постигнеме и на кој начин подоцна да ја утврдиме нашата успешност или неуспешност, односно да ги анализираме грешките или успесите и секако да се знае кој ќе ја понесе одговорноста, затоа што за ловориките мнозина ќе има. Без овој пристап имаме само слободна зона за манипулации и забава за народ, особено за демотивирање на граѓаните да излезат на избори (масовното излегување со сигурност значи пораз на криминалното СДС и Заев), а особено за меѓусебно конфронтирање на членството на ВМРО-ДПМНЕ во иднина, или можеби некому токму тоа му е целта (две во едно).

Тоа е она што во најмала рака, покрај квалитетни кандидати и реални и добро стокмени програми, теренска екипираност и функционалност на РИШ и ОИШ треба да се направи пред Македонската јавност која и уште како се интересира за политиката, бидејќи збоктисано им е од архи манипулантот Заев и криминалното СДС, но некој мора да даде и коректна, чиста, недвосмислена и перспективна, искрена, остварлива понуда која ќе го мобилизира партиското членство за изборни активности и теренска работа, а граѓаните ќе ги мотивира да излезат на избори и гласаат за ВМРО-ДПМНЕ. За жал, како што засега може да видиме тоа не им успева на Мицкоски и актуелното раководство на ВМРО-ДПМНЕ. Впрочем, некако не успеваше и на минатите Претседателски и предвремени Парламентарни избори (постојано се манипулираше со несоодветни бројки, информации и теренски факти, поради што се изгубија изборите, а за тоа никој не понесе одговорност, особено не од потесното партиско раководство), но никако не се извлече поука, па ако по утрото денот се познава, најголемиот проблем на ова раководство на ВМРО-ДПМНЕ, особено потесното раководство е недовербата која кон нив ја има партиското членство, а што е резултат на внатрепартиската затвореност и диференцијација

на подобност и неподобност во зависност од тоа дали ќе ја повредите суетата на Мицкоски или на некого во раководната хиерархија, бидејќи не љубат да слушнат сопствено мислење или пак да имаат со-работка со луѓе со дигнитет и препознавани во членството како цврст, квалитетен и коректен партиски кадар. Ова особено е забележливо во високите партиски структури, но и во ОК преку видливи замешателства и притисоци врз „несигурните“ (читај персонално нелојалните или самомислечките не полтронизирани и клиентелизирани) раководства на ОК. Вториот, но не помалку значаен проблем на раководството на ВМРО-ДПМНЕ е незнаењето како да ги мотивира граѓаните и немањето харизматичност за градење доверба за да народот поверува дека ВМРО-ДПМНЕ и Мицкоски го води во сигурност и затоа треба да го следи. Како и да поверува напатениот ни народ кога во изминативе години партијата (читај раководството и Мицкоски) беше ни риба ни девојка, за се сè немаше став или ставот беше речен не доречен или „ако ме прашувате мене да ви кажам...“, а сега гледаме на хоризонтот и нови моменти во обликот на „пу, пу не важи“ за некои ставови и политики, а што досега беше политичка карактеристика изразена кај СДС и Заев.

Така дојдовме до актуелниот политички миг и резултатот кој на терен и во пракса го гледаме, а кој носи потполна неизвесност не само за резултатот и успехот или неуспехот на изборите, туку уште повеќе за идните случување во ВМРО-ДПМНЕ и внатрепартиски избори. За внатрепартиските избори ќе има време да пишуваме, сега најпрво да се концентрираме на локалните избори на кои победа на ВМРО – ДПМНЕ му е насушно потребна и тоа не заради личните политички кариери и амбиции на актуелното раководство и Мицкоски на прво место, туку заради мотивацијата и враќањето на вербата и довербата на граѓаните и партиското членство кон партијата и надеж за Македонија. За жал во вакавите внатрепартиски констелации не очекувам успех, жалам за мојот песимистички став и искрено би сакал да бидам демантиран со резултатот на изборите во полза на ВМРО-ДПМНЕ.

Поради оваа цел, победа на изборите, нема место за манипулации и неопходно е да се даде одговор на многу прашања пред се пред членството за да може на изборите да се излезе со некаква си сплотеност или барем мотивација да се гласа за кандидатите и листите на ВМРО-ДПМНЕ. Манипулации и подоцна плачки не помагаат тука. Архи манипулантот Заев секој обид за манипулативна весела математика на Мицкоски по изборите ќе го употреби согласно своите интереси и ќе ја мултиплицира манипулацијата така како што сака или како што му треба. Погледнете само колку е безобразен (ѓон образ) и манипулатор кога јавно тврди дека замислете: „мнозинството граѓани гласале на референдум за промена на името на државата“, а тој референдум не успеа затоа што мнозинството граѓани не излезе на референдум. Земете го пред вид неговото (на лицето под илјада маски – Заев) однесување во врска со предложената Резолуција на ВМРО-ДПМНЕ во Собранието во врска со прашањата со Бугарија. Најпрво ја одби, потоа за да биде патриот ја прифати (а ви кажав дека ќе го јавне оседланиот коњ) и на крајот го доведе ВМРО-ДПМНЕ во позиција на „вина“ за неупотреба на неговото уставно име на Македонија со кое пак јавно лажејќи за референдумот повторно манипулираше. Император на

манипулантите е оваа лице под илјада маски. Затоа, ова какво-такво раководство на ВМРО-ДПМНЕ поради „политичка коректност“ кон сопственото членство, симпатизери и граѓаните мора да излезе со јасна стратешка цел. Засега можеме да видиме само нејаснотии, неснаоѓање, безидејност и скриени задкулисни игри за кандидати за градоначалници. Така и Јанчев одненадеж ќе стане прифатлив за Мицкоски, но дали ќе биде и за членството и кој ќе ја плати политичката сметка? Допрва ќе се нагледаме глупости околу советничките листи, но и за фингер принтовите за кои нешто се замолчаа. Како и секогаш и за фингер принтовите уште во Март годинава во една колумна ви кажав дека е тема за манипулација (креирана од ВМРО-ДПМНЕ за потребите на Заев) во тој миг кога требаше да се притисне за создавање експертска влада и чие формирање беше и сеуште е најисплатливиот и најлогичен политички потег на ВМРО-ДПМНЕ за фер избори на кои ќе има реални шанси за борба со Заев. Но, коалицијата ЗМ (минус едното М кое под надворешен притисок го спакуваа), молскавично профункционира и додека дел од раководството на ВМРО-ДПМНЕ не занимаваше со фингер принтови, се заборави идејата за експертска влада, а Даштевски (претседателот на ДИК) кого го предложи ВМРО-ДПМНЕ не успева да ги набави фингер принтовите, сосема случајно нели.

Лоша навика на Мицкоски е да манипулира со јавноста и партијата и се нешто да нема јасен одговор, отворен план, а најповеќе онака „невешто“ да му помага на Заев, или да биде суетен од што посебно се пазат неговите соработници во раководството на партијата поради што се му одобруваат во пуста надеж за добивање на некоја партиска или државна функција. Манипулација е и тоа дека „на овенот сега ќе му паднат...“, манипулација за членството, или пуста надеж за оние кои чекаат да им падне некоја функција државна кога на овенот ќе му паднат. Не умри магаре до зелена трева, наместо отворена популаризирана, цврста и храбра, инклузивна партиска стратегија и активност на терен имаме само манипулации до степен на самозалажување. За да малку се отрезни Мицкоски барем пред изборите локални, а и внатрепартиски, му советувам да излезе на терен по општинските комитети и без своите полтрони да се симне до месните комитети за да види колкава му е популарноста и довербата кај членството. Да неможеш да го турнеш архи манипулантот, предавникот, криминалецот и корумпираниот Заев е ништо повеќе туку едноставно неспособност, незнаење и најповеќе соработка со него. Или, можеби е гооолема манипулација со сите нас во која коалицијата ЗМ си ја игра играта при што не стриже и молзе до крв.

Бидете подготвени дека во предизборието манипулациите ќе продолжат, па така додека сега ќе се забавуваме со Резолуцијата (за која ви реков дека е задоцнета) и ќе ги слушаме Заев и Османи како тресат зелени (нели во согласност со позеленетиот ДУИ), манипулирајќи дека само што не се формирала политичка влада во Бугарија за да „преговараат“ билатерално (и за тоа ви реков дека нема да има ништо и повторно ќе има избори во Бугарија), ќе дојде пописот (за кој исто така со аргументи тврдев и тврдам дека треба да не се одржи поради погрешната методологија) и повторно ќе се манипулира со бројките и спроведувањето, а потоа ќе одиме на избори.

По изборите ќе има доволно простор за математички прецизни манипулации, па манипулации со регуларноста на гласањето, потоа манипулации со фингер принтовите како клучен фактор на изборите и така во недоглед, само манипулации и манипулации заради политичко преживување на коалицијата ЗМ и секако ДУИ кои „не се од тука, тие се на подрум“.

Затоа почитувани читатели, мој сограѓани во оваа наша напатена Македонија, интересирајте се за политиката и бидете со добро паметење, за да не се интересираат пулитичките елити за вас како за аморфна маса со слабо паметење.

Перикле активно и успешно ја водеше Атина во еден период, а потоа и падна, затоа што граѓаните Атињаните се интересираа за политиката, за нивните животи и благосостојба.

Во четвртата недела по Педесетница на денот на Св.Атанасиј Атонски

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

**Македонски политички патрдии**

Како продолжеток на претходната неделна колумна, а поради очигледната намерна глувост на пулитичките фактори и намерно поттикнување на апатичност кај граѓаните во нашата Македонија, и како континуитет на опскурната политичка сцена поддржана од сите политички партии, сметам дека е неопходно да се обратам повторно на истата тема, Македонската политичка реалност, но во еден поинаков стил и подиректно за да слушнат глувите и да се разбудат заспаните, се надевам. Знам дека и оваа нема да допре до раководството на ВМРО-ДПМНЕ, а секако воопшто немам дилема што се однесува до архи измамникот Заев и криминално-коруптивното здружение СДС, но нека остане забележано дека е кажано и напишано, па дури и да е „гласот од пустината кој повикува“.

Јавната политичка сцена, со која според сите показатели неоспорено ја владеат СДС, е исполнета со нивните патрдии и баханалии. Но, каде е овде опозицијата? Таа прикриена зад Потемкиновиот параван (од милост наречен „Шампита“), со сите сили се обидува да ги прикрие сопствените Авгиеви штали, но залудно, реата на пцовисано животно и други гнасотии силно го дразне сетилото за мирис на Македонскиот граѓанин. Всушност Македонските политички патрдии кои ги гледаме низ Овертоновиот прозорец, преточени во Македонски политички баханалии, не би можеле да се реализираат без смрдеата која „заудара“ од опозициските Авгиеви штали. За некои тоа е Македонска егзотика, за други Македонска езотерија, но сите се согласуваат дека многу смрди и „заудара“ на нешто скапано, како кога плесен напролет ќе ги покрие качињата со киселата зелка.

Зошто Ви ги спомнувам Македонските политички патрдии, баханалии и Авгиеви штали, кои ги набљудувам преку Овертоновиот прозорец? Во светот на политичката стратегија и тактика, постои методологија на политичко дејствување наречена „Овертонов прозорец“. Низ овој прозорец три децении ги набљудуваме садо-мазо оргиите на нашата политичка сцена без да забележиме дека постепено, ден низ ден, нам ни ги откраднаа минатото, сегашноста и иднината. Од фамозниот референдум, со до ден-денес нејасното прашање на истиот. Што ли сакаше авторот да каже? За што гласавме? Преку првата промена на Уставот (дообјаснувајќи се надвор од нормите на меѓународното право), промена на знамето, приватизации, разно-разни реформи, во кој ли не сектор, до ставање на највисок пиедестал на неморалноста како прифатливо општествено живеење (ЛГБТ тенденциите како само еден пример) и ненормалноста, промовирана преку наводни човекови права за поткрепа на неморалноста. Промена на име на државата и нејзино уништување до продажба на најсветото нешто, кое може да го поседува еден народ-националниот идентитет. Па така кога би биле во некоја временска машина и го видиме почетокот и крајот, ќе останеме подзинати и зачудени со безброј прашања, сублимирани како: „Од каде тргнавме, каде сакавме да отидеме, каде пристигнавме? Зарем нашиот идеал беше да пристигнеме таму каде што ќе не нема? Зарем овде сакавме да пристигнеме?“

За да се реализираат ваквите дејанија некои умни глави го смислиле поимот Овертонов прозорец, поточно Јозеф Овертон, односно, како до вчера неприфатливи идеи поминувајќи низ неколку фази – незамисливо, радикални, прифатливо, разумно, популарно, стандардни, стануваат дел од реалноста и прифатливи. За да биде појасно, некои овој процес го нарекуваат „Систем варена жаба“, кој е жабата мислам дека е видливо од вселената, каде најверојатно со помош на бугарскиот шоумен Слави, би требало да пристигнеме во наредната декада, секако со „бетониран идентитет“ како македонски Бугари. Иако според јавното однесување на политичката сцена мислам дека самиот „шеф“ на опозицијата веќе се наоѓа во вселената, ако судиме по онаа несреќна „економско-финансиска“ изјава поврзана со крипто валутите, во ситуација кога во Македонија немаме соодветна современа инфраструктура, патишта, железници, болници и училишта и во контекст на дигитализацијата на милата Мила. Но, не сакајќи многу да Ви досадувам со теориските расправи за овој политички метод на дејствување, доволно е да Ви посочам дека сето она што нам ни се случи во последните триесет години, со посебен акцент и изразена агресивност во последните пет години е класика за она што значи „Овертонов прозорец“. Сепак, основното што сакам да го потенцирам, во оваа политичка методологија, е јасно определеното место и начинот на делување на опозицијата како подржувач на овие процеси предводени од Власта. Повторно нема да се задржувам со теоретско толкување, бидејќи сето она што го гледате во дејствувањето на опозицијата, и кога многупати се запрашавте –дали овие се слепи (еднаш ги прашав дали носат маска на очите и кога ќе ја симнат– онаа пандемиската маска), па зарем не гледаат што се случува, да знаете, сето тоа е дел од нивната улога која беспрекорно (барем од агол на нивната диоптрија, кога се самозадоволуваат во „белата палата“ како што ја нарекува самиот им другар Заев), ја играат со наизуст научени евтини реплики, флоскули, нивната ролја во театарот на коалицијата ЗМ. Добро, секако, за тоа, како и секои „добри“ глумци, навистина добро се платени. Колку конкретно се платени, преку кои модели на бизнис-коруптивни зделки на штета на Македонија и граѓаните во друга прилика, овде само да ги поздравам и двајцата и нивните статисти и глумци во мали сцени и да им напоменам дека се сè знае и се гледа, па согласно тоа ќе дојде време кога и тоа ќе го отвориме јавно. Како би рекле, ништо не е случајно!

Токму поради методологијата на дејствување на „Овертоновиот прозорец“, многумина од нас политиката ја нарекуваат со разно разни непристојни зборови, да бидам учтив ќе ја наречам неморална, што токму „Овертоновиот прозорец“ како таква и ја моделира. Но, политиката кака дел од општественото живеење и може да биде неморална, секако во својата основа и својот принцип заради остварување на целите (Макјавели), но без неморалноста на политичките актери таа не би можела да ја исполни таа своја суштина.

Токму овде е разликата помеѓу државите, успешни и неуспешни / демократски-апсолутистички, во односот на политиката и нејзината неморалност и актерите – политичари и нивната аморалност, односно колку политичарите со своето дејствување ја подржуваат и поттикнуваат таквата

принципиелна или наметната неморална политика и ја спроведуваат во пракса. Заради исполнување на суштината на демократијата, како највисок стадиум во развојот на општественото живеење, како би рекол Черчил: „демократијата е далеку од тоа дека е најидеалното државно организирање, но во моментов за подобро не знаеме“, проектиран е парламентаризам со плурлизам на идеи овоплотени преку политичките партии, од разни провиниенции и идеолошки определби. Односно, токму судирот во концепциите помеѓу Власта и опозицијата е тој што ги гарантира демократсите процеси. Како би рекле, „со едно крило не се лета“, но...Нашите опозициски политичари (читај раководството на ВМРО-ДПМНЕ) се еклатантен пример за аморални политичари и за тоа како не треба да делува една опозициска политичка партија, посебно во круцијалниот општествен моментум за опстојување на државата и нејзиниот идентитет. Сепак, порокот да бидеш следбеник на богот Мамон ги анулира сите доблести и морални кодекси.

Па така, нашиот Прв Опозиционер, согласно општествениот ред, во суштина Главен Опозициски ВОАЈЕР кон Власта, Главен политички МАСТУРБАТОР кон опозиционот електорат и Главен политички ОКСИМОРОН за меѓународната политичка сцена, потврдувајќи ги секојдневно, претходно посочените квалитативи, ден низ ден само ја потврдува квалификацијата даден од страна на одредени дипломати, дека станува збор за „политичко недоносче“. Наместо да се обиде барем, согласно неговиот „интелектуален“ потенцијал и партиски „капацитет“, да ги попречи процесите кои ги води неговиот партнер и истомисленик, Црпко 33-ти, тој со неговото однесување само дополнително го потпалува огнот во кој согорува државата и Македонскиот национален идентитет. Маѓепсан од улогата на Генералисимус, како оној лудак Нерон, на социјалните мрежи твори стихови за светлата иднина, продводена од Него и неговата клика. (Можеби е потребен мал оптимизам преку стиховите на Бранко Миљковиќ: „Ништо не е изгорено во огинот, само е збито во пепелот“!).

Кога малку ќе се подзамислам, нашиот Генералисимус не е ништо друго до Аватар на нашиот главен племенски врач Црпко 33 –ти. Односно две лица на една иста монета (па нека е и крипто валута), нешто како Македонска политичка варијанта на римскиот бог Јанус, како и да падне Ние губиме. Поради сето напред кажано очигледно дека овде работите се многу мачни како Нам со НИВ, така и Ним со Нам, па како решение предлагам, Главниот Врач и неговиот Аватар да тргнат по стапките на Јан Палах, додека не го почувствувале гневот на популизмот на чии крилја веќе долго летаат.

Во петтата недела по Педесетница (на денот на Светите маченици Прокло и Иларij и Св.Вероника)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

## Мафија, држава, власт, опозиција

*...Секоја држава има своја мафија,*
*во Македонија, мафијата има своја држава...*

*(парафразирана изјава*
*на Мицкоски од Охрид – Јули 2021)*

Се сеќавате ли драги мои Македонци кога ви велев – пишував дека за наша најгооолема жал Мицкоски и ова раководство на ВМРО-ДПМНЕ не прави ништо друго освен што повторува, рециклира, парафразира и понекогаш цитира стари и безначајни флоскули со цел фрлање на политичка прашина во очите на Македонските граѓани и олеснување на работата на архи измамникот ѓон Црпко – 33ти? Ете и ова моја хипотеза во пракса по принципот на самопроверување во временската дистанца и квалитативно и квантитативно се докажа како точна.

Во една недела Мицкоски на два пати тресна и остана жив (политички мислам). Барем јас толку следев и детектирав од само блиц погледот врз изјавите кои ги даваше на трибините (седенките) на кои се обидува да ги мотивира граѓаните и убеди во „новите“ политики на ВМРО-ДПМНЕ. Последната изјава дадена во Охрид која веднаш по насловот ја парафразирав е всушност стара изјава, по се мислам на Црвенковски (простете доколку грешам, нема како да ја проверам и кажувам од сеќавање) од времето кога глумеше „гонење“ на транзицискиот-неговиот октопод. Сега, повеќе од дваесет години подоцна, Мицкоски рециклира стари политичко-наменски изјави. Тоа покажува немоќ, безидејност, застанатост во времето и непроменетост на матрицата. Како впрочем и идејата за разместување на институциите на државата низ Македонија, а поврзано со еднаков регионален развој. Ами, еднаквиот регионален развој не зависи од седиштето на некое министерство, ниту Охрид ќе биде спасен и сочуван на листата на UNESCO доколку министерството за култура биде со седиште во Охрид (тоа само ќе ги зголеми трошоците на повеќе нивоа).

Регионалниот развој и спасот на Охрид и Охридското езеро зависат исклучиво од спроведувањето – ригорозното спорведување, на законите и драстични казни за мафијата. Тоа популистичко тресење глупости се повеќе само покажува колку во ВМРО-ДПМНЕ и кај Мицкоски е високо незнаењето и безидејноста, па ете да се каже нешто за да се каже. Да не се разбереме погрешно, истата предизборна популистичка игра ја игра и ѓон Црпко-33ти, обидувајќи се да им помогне на своите неспособни градоначалници со државни (владини) пари да прикажат некаков си резултат во пресрет на локалните избори, а кои резултат ќе се вкнижи на контото на „успеси“ на криминалното здружение СДС. Но, кога таа помош им ја дава Мицкоски (преку глупави рециклирани изјави и неинвентивни активности и недефинирани политики) тоа едноставно е разочарување и вовед во граѓанска апатија. Сигурно тоа е целта на тандемот ЗМ, да се тресат глупости и демотивираат граѓаните во вербата во државата.

Несомнено е дека СДС е мафијашко здружение со политички амбиции и тој факт го констатиравме уште 2017-та година преку начинот на кој Црпнатиот ја узурпираше власта и за кои (лукративни) цели го направи тоа и преку какво одработување го  доби. Во минатата колумна јасно констатиравме дека на јавната политичка сцена во Македонија неоспорно доминира Црпко – 33ти и неговото криминално здружение СДС, а тие се власт (никаква, неспособна, криминална, ама власт) во Нашата напатена Македонија и оттука се и држава (претставници и управители во институциите на државата Македонија како меѓународно-правен субјект) колку и да се корумпирани, а да се прават на недоветни, факт е дека криминало ја владеат државата. Но, што е со опозицијата?

Освен што Мицкоски напразно „паламуди" (што би рекол неговиот партнер Црпко-33ти во нивната коалиција ЗМ), рециклира изјави на одамна поминати пулитичари, аболиционисти, поради чија политичко-криминална вмреженост денес сме тука каде што сме, глуми во нивниот заеднички театар за дooобра сума и многу бенефити-бизниси во разни сектори и на секој можен начин му олеснува на Црпко-33ти да ги добие локалните избори, за партијата ВМРО-ДПМНЕ и за Македонија ништо не прави. Полна уста, празно срце, а уште попразна глава со која не мисли долгорочно.

Упорно се малтретираат партиските членови (барем оние кои останаа од разно-разни причини „верни" на ликот и делото на Мицкоски) да присуствуваат на седенките и да слушаат едно те исто, сублимирано како безидејност и празни флоскули. Целта е јасна, потребно му е на Црпко-33ти дополнително и продолжено пацифизирање (читај апатичност) на членството на ВМРО-ДПМНЕ за да може некако да ги добие локалните избори, а потоа ќе има уште три години празен простор за оргиање и правење на баханалии врз Македонија (до претседателските и парламентарните избори во 2024 година) или релаксирано одење на предвремени парламентарни избори 2022, како можни политички стратегии на Црпко-33ти во зависност од повеќе околности за кои е потребна посебна анализа.

Во меѓувреме ВМРО-ДПМНЕ врз основ на клиентелистички капацитет кој е во енормен пораст ќе се затвори во тесен внатрепартиски круг и ќе биде толку безначајно што нема да претставува проблем Црпко-33ти да се прогласи за Император (претседател на Македонија). Наградата за клиентелистите во ВМРО-ДПМНЕ ќе биде понекое советничко или пратеничко место, како и еден куп измислени партиски функции на централно и локално ниво, но условот е Мицкоски да опстане, бидејќи по завршувањето на задачата за локалните избори следува следната задача, парламентарни и претседателски избори. До следните избори Црпко-33ти ќе вложи единствено напор да го одржи Мицкоски на власт во ВМРО-ДПМНЕ, па дури и со измами, а потоа така сложно ќе си живеат до следната театарска претстава додека производството на марихуана и канабис, како и другите бизниси ќе си течат непречено. Токму затоа сега се турка и брзо донесување на законот за марихуана како и некои други закони во кои процеси ВМРО-ДПМНЕ во Собранието колективно ќе биде глумец и ќе го изгуби кредибилитетот пред граѓаните, токму пред избори, онака да се запечати неговата политичка хемафродитност која Мицкоски му ја наметна.

Македонија полека потпаѓа под власта на нарко-картел кој од мафија поради Мицкоски, прераснува во нарко-картел со негова сесрдна политичка помош, но во оваа театарска претстава, иако можеби така се гледа себеси, Мицкоски не во клучната улога на „кум“, туку е „квиско – џокер“ од ракавот на Црпко-33ти, токму кога ќе му треба за да го дотолчи ВМРО-ДПМНЕ и духот на Македонските граѓани. Дали тоа значи дека ние треба да се помириме со тоа дека живееме во криминално општество? Општество во кое и власта и опозицијата се припадници на истиот нарко-картел само на различни нивоа и во различни улоги во ефтината претстава за народот. Можеби Мицкоски чека Стево Прецедникот да го одбележи годинешниот Илинден со ЛГБТ парада како акт на помирување за да се замајуваме со пост фестум рециклирани изјави и флоскули зошто прифатил или одбил такво – некакво помирување.

Нема основ за помирување. Злобните и неправедни осудувања како во најцрното инквизициско или комунистичко време, криминалните бизниси на Црпко-33ти реализирани на грбот на сите нас во кои се вклучени партнерите на ЗМ коалицијата повикуваат на гласност и општествена активност за праведност, за која ова раководство на ВМРО-ДПМНЕ нема храброст, бидејќи е „сопнато“ од Мицкоски. Постои длабока основа и мотивација за борба за Македонија. Таа борба за Македонија мора да започне од ВМРО-ДПМНЕ. Мора да започне од внатре во ВМРО-ДПМНЕ, а тоа значи со промена на Мицкоски и освестување на дел од раководството дека биле во заблуда понесени од клиентелизмот и улогата на „корисни идиоти“ која им била доделена за да може „мафијата да има своја држава“ нели.

Бидејќи, Мицкоски ништо не стори и сеуште ништо не прави за подигање на партијата и победа врз оваа криминално здружение на власт, туку напротив, со своите постапки и политичко делување и не делување само им помогна да се зацврстат, за што ги доби своите триесет сребреници, очекувајќи дека ќе ги мултиплицира во иднина, постои само едно решение.

Решението е јасно и видливо! Не замерувајте ми драги пријатели, што ќе ги нарушам непишаните правила на пишување на колумни и ќе излезам од рамката на колумнист. Имено, во продолжение директно ќе му се обратам на мојот некогашен пријател (од времињата дамнешни, кога му требаа лобисти за да биде претседател на ВМРО-ДПМНЕ, времиња во кои зборуваше дека е подготвен да работи нешто сосема спротивно од тоа што денес го работи и за партијата, а особено за Македонија).

**Христијан замини!**

Христијан замини си од позицијата претседател на ВМРО-ДПМНЕ и тоа веднаш, пред локалните избори, во последната минута од времето кое ти останува, за да заминеш барем формално по своја волја и колку-толку чесно и своеволно. Можеби ти не гледаш или едноставно не те интересира, но дури и твоите „најблиски“ соработници во партијата (барем оние кои немаат бизнис врски со тебе и со Заев) зборуваат против тебе. Не што на анкетите твојот рејтинг е безначаен за прв опозиционер, туку реално во пракса немаш снага (некои би рекле ѕвезда или харизма), а јас би рекол дека немаш ниту

кредибилитет да го мобилизираш членството на ВМРО-ДПМНЕ, и да им влееш доверба и сигурност на Македонските граѓани и ВМРО-ДПМНЕ дека на чело со тебе ќе извојува победа врз криминалното СДС и Заев. Ти можеш да одработуваш и глумиш во театарот на Црпко-33ти, но сметката пред членството на ВМРО-ДПМНЕ и граѓаните на Македонија ќе мора да ја платиш. Затоа подобро е да си заминеш самоволно и тоа веднаш без одложување и со тоа колку-толку да се искупиш и овој хаос во ВМРО-ДПМНЕ кој најавува изборен пораз да го превенираш, а самиот ти да се извиниш за својата неспособност како претседател на ВМРО-ДПМНЕ под било кое оправдание.

Членовите на ВМРО-ДПМНЕ се посветени десничари Христијани и ќе ти простат, немој да ги слушаш шепкачите кои од лични лукративни причини упорно во кафеана со чашка те убедуваат дека не смееш да си дадеш оставка. Тие тоа ќе го прават заради себе, не заради тебе, а на крајот кога нема да им требаш ќе ги измијат рацете од тебе и практично ќе тврдат дека тие не се дел од раководството и немаат вина за твоите погрешни одлуки и политички дејанија и штетата која си ја направи врз партијата и државата.

Само да те потсетам! Секој што со Заев се обидел да се договара, се договарал, или верувал на неговите лаги лошо поминал. Завршил како и секој предавник на народот свој кој поради лукративни интереси зад параванот коалицирал со Заев. Потполно исто ќе поминеш и ти, без разлика колку бизниси сега ќе ти даде тебе или на твои блиски луѓе во кои бизниси ќе се „вградиш“, ќе бидеш и продаден и предаден (веќе си продаден, а уште малку ќе бидеш и предаден).

За клетвата Македонска, која мнозина ја почувствувале (да не зборувам за долгата рака на ВМРО, ќе прозвучи заканувачки) допрва ќе имаш можности да ја видиш и почувствуваш не дај Боже и генерациски.

На крајот, мафијата или државата или пак власта ќе ти ги одземе бенефитите и бизнисите. А, образот?

Твојот образ на универзитетски професор? Тој ќе биде таков каков што ти ќе го оставиш и тоа засекогаш. Тоа зависи единствено од тебе и твоите етички норми, најмалку ќе бидат важни вградувањата во бизнис договорите со партнерот ти Црпко-33ти, тоа е минливо богатство кое стократно и генерациски ќе мора да го платиш.

Одлуката е твоја, парите се како роса пред сонце, имотот е до време, а честа, образот и кренатата глава се за вечност. И секако, сосема на крај уште едно потсетување за тебе во предвечерието на големиот празник Илинден.

Илинден е низ цела Наша Македонија и надвор од неа, секаде каде што живеат Македонците – Македонската нација, не е само во Ташмаруниште. Или, можеби сепак си многу свесен за своите постапки, па не би сакал да ризикуваш сопствено јавно срамотење? Подобро е на сигурно, во Ташмаруниште по четврти пат и пак со глупави излитени изјави и лажен патриотизам, а потоа во кафеана крај Охридското езеро, оти не се трпат горештините, жешко е летово, особено политички кога партнерот ти Црпко-33ти те пече на тивок оган.

Секако, во секоја држава има мафија (криминалци), во Македонија мафијашката (криминално-коруптивна) власт си има свое сопствено (корумпирано и компромитирано, неспособно) раководство на опозицијата.

Во шестата недела по Педесетница (на денот на Преподобна Макрина)

Нека ни е вечна Македонија, честит и вековит Илинден!
(борбата за Македонија продолжува, не запира и трае со генерации, засекогаш)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

П.С. Христијан, прочитај ги последните колумни и ФБ објави од Коцарев, Андоновски, Ќулавкова и Клетников, онака за поука и наука, најди време. Тие не се однесуваат само на Црпко-33ти, во нив ќе се пронајдеш и самиот себе. (И да, мислам на Венко Андоновски, не на твојот Љупчо - Андонот, тој не знае нешто така возвишено и продуховено со национален излив на емоции да напише. Тој нема да пишува, ќе зборува јавно против тебе, секако, кога нема да бидеш претседател на ВМРО-ДПМНЕ, сега тоа го прави само со некои во посебни прилики)
Јас кажав и душа спасив, а ти мисли му ја дали си подготвен да ја носиш одговорноста кон Македонија за тоа што му помагаш на Заев. За деталите како се му помагаш во некоја следна колумна, а во меѓувреме читај малку, читај и гледај-разгледувај и прегледувај материјали со факти за тебе, не слушај што ти прераскажуваат, парафразираат и шепотат или во што те убедуваат.

**Искушенија на идентитетот**

При една вака видлива неспособност, и еклатантно лудило на ѓон Црпко-33ти и неговото криминално здружение СДС+ДУИ, драги мои сограѓани, нема да пишувам класична колумна во која ќе ја набројувам сите нивна идиотштина кон сопствената држава, неспособност, алчност, криминогеност и тотална налудничавост, поради која мора да ни помагаат да не изгориме нашите соседи и пријателите од Европа. Се е кажано и не само кажано се е видливо во нашата Македонија.

Во времињата минати, кога Обединетото Кралство губело на фронтовите од злокобниот „мал човек со смешни мустачиња", на кого години пред тоа му се воодушевуваа прогласувајки го за „Личност на годината" во најреномираните списанија, се состанал „Воениот кабинет" на премиерот Винстон Черчил. Проблеми имало многу, но посебно загрижувало што се немало доволно финансиски средства па требало да се направи „ребаланс на буџетот", од одредени министерства да се префрлат средства во Министерството за одбрана. Во дискусијата прв се јавил Министерот за култура на Обединетото Кралство, предложил од неговото министерство да се префрлат средства, бидејки во војна многу повеќе биле потребни за да се одбрани земјата одколку на неговото министерство и британската култура. Тогаш славниот пијаница, според малициозните политиканти, Черчил ја рекол, според мене, круцијалната реченица од неговиот политички опус. Одговорил со кратко прашање – За што тогаш ќе се бориме? Ова кратко прашање е одговор на сите прашања за војните, спротивставувањата, борбите и битките, сите војни се со цел одбрана или наметнување на идентитетот.

Идентитетот детерминиран од јазикот, литературата, културно-историски, етнолошки, социолошки, филосовски, психолошки, етички и естетички елементи. Она смешно човече со мали мустачиња го нарекуваше „лебенсраум". „Гордите Гали" го превзедоа името на својот идентитет од нивните освојувачи, германското племе Франци (и ден денешен е Франција), турко-татарските племиња кои ги покорија балканските славјански племиња, го превзедоа идентитетот словенски од поробените. А Ние...Ние и после 15 вековно опстојување на овие простори на кои се јавува, моделира и оформува нашиот идентитет повторно и повторно, дал од надворешни закани или домашни предавници, сме во состојба на докажување и одбрана на македонскиот идентитет....ИСКУШЕНИЈАТА НА ИДЕНТИТЕТОТ.

Повод да се навратам во мислите кон Черчил и искушенијата на идентитетот, беше колумната на Венко Андоновски „Претпразнична телеграма до татковината на лажните пријатели" („Нова Македонија" 27.07.2021г.), колумна која во претходната колумна ја препорачав за читање. Наспроти некои малициозни коментари (во смисла на неговите политички заложби) кон колумната во која Венко се обраќа на своите „доскорешни „пријатели" кои откако се на власт, сториja се „да ми одбијат три пиеси и еден филм веќе одобрен за снимање", оваа колумна ја видов, слушнав како јавен КРИК на интелектуалецот во заштита на својот интегритет и идентитет, но и на

Македонскиот идентитет. Во прв момент, додека ја читав колумната, ми се стори како Гане да ја напишал во проза својата „Фуснота без повод“.

Како човек вљубеник во пишаниот македонски збор и почитувач на делото на Венко, во мојата библиотека ги имам сите негови изданија. Кога се свртев кон просторот каде се наредени неговите книги, за миг застанав случајно или не неговите книги сум ги омеѓил со од една страна „Паѓање“ од Албер Ками од друга „Процес“ од Франц Кафка. Можеби „Најдолгиот пат“ на Венко, од „осана“ до „распни го“, во промоција и заштита на Македонскиот идентитет во овие три децении е токму во просторот на апсурдот помеѓу Кафка и Ками. Колумната ме врати во времето на 90-тите кога ги голтав неговите колумни во „Пулс“, па потоа во „Утрински весник“, до ден денес ги препрочитувам неговите „Кич митологии“ кои не се само пластифициран одраз на едно време, за мене тоа е оној наратив кој треба да ни овозможи да ја избегнеме онаа орвеловска мантра „кој го контролира минатото, ја контролира иднината“. Всушност, кога загребам малку по неговите писанија колумни, драми или романи, неговите протагонисти, а и самиот тој со нив, шетаат низ вековите доаѓаат во сегашноста, но постојано по врвулиците на Македонскиот национален идентитет. Се сеќавам кога Венко го бранеше Македонскиот идентитет од бугаризацијата на Младен Србиновски „славен анонимус меѓу македонските писатели“ и ја прорече судбата на М.С. „ Кога ќе слезат од власта оние кои стојат зад таквите про-пис (пропаганден писател м.з.) и пол-пис (политички произведен писател м.з.), тие ќе се вратат во својата природна литературна состојба-анонимноста“.

Додека ја читав колумната прашања и прашања се наметнуваа без разумен и логички одговор, зарем оној кој ја напиша „суровата и нежна приказна за власта и страста“, феноменалниот роман „Вештица“, беше толку наивен да не разбере дека „се зависи од оној нов историчар во нашата партија“, требаше само да „чкрабне нешто за Ванчо (читај Црпко), ќе се прокниже како тој да го напишал, ебаго, не биди дете“ и оп државни субвенции и медаља „Заслуга за народ со златни зраци“, можеби нема да бидат зраци за да не асоцира на Македонското знаме, но некаква награда, па макар и 29-то Ноемвриска, ќе се добиеше секако. Како не го виде она што самиот го напиша во „Разочарано писмо до г.Васил Тупурковски“ од 7.7.1999 г., цитирајќи го окружниот раководител на национал-социјалистите од 1929 г. „Ветуваме дека за време на нашиот мандат нема да и служиме на сегашната држава. Ние сакаме да ја уништиме.“ Зарем, „кога ќе дојдеме на власт ќе јадеме живи луѓе“ не те асоцираше на изјавата на окружниот раководител. Прости ми што си земам за право да те подсетам на твојата „жолта сликовница со наслов: Баронот Минхаузен“, зарем не го препозна нашиот Барон кој народот од милост го нарекува Црпко, Претседателот на „Македонското здружение на Минхаузени“. Да, во право си! Оној Минхаузен „и покрај „убедливоста“ на неговите лаги и фикции, сите знаевме дека – лаже. И не му се лутевме туку, напротив, го сакавме“. А, за овој денешниот „тешко доаѓам до докази дека она што и се случува на оваа земја не е минхаузеновштина: овој пат без дух, без фантазија, без хумор, без човештина. Чиста прагматика, ништо уметничко“, оваа констатација напишана пред дваесет години делува толку свежо како денес да

си ја напишал. Во период од триесет години нашите властодршци успеаја да создадат „..нов македонски, генетски модифициран Франкештајн....целосна релативизација на доброто и злото, на убавото и грдото, рециклирано срање на помрачениот ум...“ Патем, колку за подсетување, за ова Ѓурчинов глаголеше уште во 1971 г. во неговата „Идеологија и творештво“ „непобитните генерички разлики меѓу идеологиите и уметничкото творештво“.

Се прашувам дали Венко во „телеграмата“ дава одговор на прашањето од „Битпазарскиот вагар“ (Припитомување на кучката) –Колку тежат гревовите на лугето? Можеби колумната е само потврда дека „Историјата на луѓето, јазиците и народите често зависи од една кифла“, во оваа наша первертирана (первертира – Глагол, свршен и несвршен) стварност кифлата можете да ја замените со било кој поим кој означува партиски послушник, полтрон, неграмотен, сноб, декадентен или едноставно ИДИОТ секако ќе ја добиете истата трагедија, како и семинарската работа од венковата „Сонце бонце-богово јајце“.

За крај со чувство на горчина во устата и малаксана столчена душа, со надеж дека Венко нема да го исполни заветот даден на крајот од колумната „Последен пат ти пишувам, последен пат името ти го вдишувам и издишувам, зашто на мојот грб, како на куфер од штавена човечка кожа, некој овластен партиски курир испишал далечна адреса за испорака на поштенска пратка, адреса за која не знам дали и џипиесот воопшто знае каде е и дали постои, и која е цената на лебот таму, и кој е бројот на мојот изнајмен стан СТОП“.

Венко Андоновски - во оваа колумна го препознав нашиот (Македонскиот) Емил Зола и неговото (нашето) „Обвинувам“, па се надевам по краткотраен егзил, како и самиот Зола, ќе се врати заедно да ја продолжиме борбата за Македонскиот идентитет наспроти „хистеричниот вресок на политичките активисти „Не се наши влошките, немаме ништо ние со таа крв!“.

За сите оние на кои им препорачав да читаат, а не да се занимаваат со тривијална дневна политика.

Знаеме дека царот е гол.

Во седмата недела по Педесетница (На денот на Преподобна маченичка Параскева)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

**Идентитетски искушенија**

*„...ќе умрам сосема тивко*
*Далеку,*
*Со еден огромен крик*
*Длабоко закопан во мене“*
*Матеја Матевски*

Драги пријатели предизвик е да се пишува за Македонскиот идентитет и за сите сцили и харибди кои тој ги поминува низ минатите петнаесет векови, и сеуште броди и сеуште се спротивставува на олуите и цунамите, како што би рекол Петре М. Андреевски *„Пиреј....ти колку сакаш кошкај ја, корни ја, куби ја, таа пак не умира“.*

За мене и мојата маленкост vs&vi нашите мудри предвестници, неимари и жртвеници на, со крв чемер и јад повиен, Македонскиот идентитет, да се глаголи за Македонскиот идентитет е голем предизвик кон кој пристапувам со голем пиетет и стравопочит. Но, предизвикот да напишам продолжението на колумната од минатата недела е пред се поради големиот број на прашања кои пристигнаа до мене.

Прво, би сакал да кажам дека инверзијата на насловот не ја менува суштината на темата, можеби само перспективата на гледање на нештата, доколку воопшто е возможно на идентитетот да се гледа од различни перспективи. До душа, нашите мали „човеци“ или „човечиња“, кои моментално владеат со нашата татковина Македонија, манихеистички покажаа дека и тоа е можно, „бетониран Македонски идентитет во државата С...... Македонија“ според нивната перцепција.

Второ, претходната колумна со голема почит ја накалемив на плеќите Венкови (можеби малку и го злоупотребив, поради што барам прошка), на како тој би рекол „штавена човечка кожа“, бардот на македонската литература кој во моментов стои осамен на врвот, за жал без изгледи, во блиската иднина, некој да му се приближи. Поради тоа и колумната беше тешка за разбирање односно не секој имал можност да го чита Венко за да би ги разбрал цитатите, но сепак мислам дека во целина поентата на колумната многумина ја разбраа.

Затоа оној Венков крик го поимам во контекст на она што ќе го рече Ѓурчинов „слободата на изборот е лично определување, а не приспособување кон моменталниот идеолошки естаблишмент“, односно, прифаќајки ја констатацијата на Роже Гароди во “Реализам без брегови“, „уметникот не е само сведок, тој е и учесник“. Но, како да се спротивставиме на оние кои го напишаа, но како и „Протоколите....“ никогаш јавно не го објавија, „Катехизис на Македонскиот идентитет“? Слепо придржувајќи се кон одговорите дадени во него, односно тука станува збор за само еден единствен протокол кој вели: „претседателот на партијата е секогаш во право, следи ги, подржувај ги и постојано цитирај ги неговите мудри одговори“. Доколку ова ви звучи познато, да тоа е мантрата на апсолутизмот и автократијата. Па така без идеолошко-политички примеси, како да очекува некој литерат да му се објави дело, одкупи драма, сними филм во која го закрепнува Македонскиот идентитет? Секоја

промоција на интелектуално, спортско или економско добро со Македонски префикс е ставено во графата-УНИШТИ. Колку и тоа да е нарушување на човековите права и слободи и правата и слободата на слободоумноста на творецот, писателот, да го декларира и потврдува својот јазичен, културен и национален ИДЕНТИТЕТ, тоа се прави на дело, пред наши очи.

Апсурдно е од оние кои на времето го забранија „Пластичен Исус“ па потоа, нивните наследници, без да го погледнат го забранија „Ругање на Христос“, од анационалните апологети на менталната хигиена на нацијата да очекуваш идентитетска определба е, благо речено, инфантилно. Финансиите определени за „трајни идентитетски вредности“ се потребни за подржување на уништувачите на Македонскиот идентитет – плагијаторите, нивните книги ќе ги видите на полиците во книжарите, понекогаш дури и насловите на плагијатите не ги менуваат, независно дали „ќе се сретнеме на врвот за да пиеме чај“. Без „срам и перде“ на сите страни се фалат за добивање „Пулска награда“ за, внимавајте каков оксиморонски израз, НАЈДОБАР НЕЗАВРШЕН ФИЛМ. Ова ја надминува хипокризијата со изјавата на дотичниот режисер во одбрана на „уметничкиот израз“ од забрана на „Ругање на Христос“ во ситуација кога филмот беше забранет од татко му........ Каде овде има место за Македонска идентитетска поткрепа? Покрај кланот Тозија кој безкомпромисно владее со јавниот и „црниот“ простор на Македонската култура, за Милчо Манчевски, Јани Бојаџи или, не дај боже, за Венко нема простор. Едноставна е меѓата која не раздвојува, од една страна се оние кои се НЕКАДЕ (народ, црква, религија, култура, традиција - ИДЕНТИТЕТ) од друга оние кои се секаде, јас би рекол НИКАДЕ (БЕЗ ИДЕНТИТЕТ). Со Македонија моментално владеат оние „покондирени тикви“ кои што се НИКАДЕ, а тие мислат дека се секаде. Оние кои мислат дека треба да бидат „граѓани на светот“ со „напредни“ неолиберални (немам некоја верба дека го разбираат терминот – неолиберализам) позиции, исклучително приемчиви кон рушење на традиционалните вредности и прифаќање на новите ЛГБТ.. т.н. вредности. Односно тоа е ИН во моментот, обидувајќисе дури и во своите домови да комуницираат на странски јазици, никако да разберат дека треба прво да се научат да зборуваат и создаваат мисли на својот мајчин јазик. Не можат да створат мисла на мајчиниот јазик но, зборуваат странски јазици, а дали имаат мисла, мислат.... Оној дел, од братијата „покондирени тикви“, кој го направи грабежот на народното азно, гледајки го Холивуд очекуваа да бидат примени во кругот на англиската аристократија, денес се прилично разочарани, но не одстапуваат, продолжуваат со глава в ѕид, се надевам дека барем почнаа да користат анти-перспирант. А, народецот наш искова добра и поучна сказна за англиската трева и тристагодишното одгледување (Не се клади на Енглези). Можеби малку грубо, но така е единствено можно, ви ги преставувам идентитетските искушенија, плод на нашата неграмотност, полтронство и идолопоклонство кон секој кој не зборува Македонски јазик и не е дел од Македонскиот народ.

Преторијанската улога на градењето, моделирањето и пред се заштита на идентитетот е основна задача на интелектуалците односно универзитетската професорска фела, академиците, литератите, филозофите, уметниците. Но, кај

нас, како што многу пати пишував, кај нашите „интелектуалци“ владее конформизмот и хедонизмот преточен низ „народната мудрост“ традиционалното „ќути, добро е“.

Па, не е добро! Тоа е заклучокот донесен следејќи ги нашите „јавни личности“ од овие профили, кои ја замајуваат јавноста со одредени, пред се, стручни социолошки, економски, политички, ИДЕНТИТЕТСКИ анализи на состојбите. Тие во своето „јавно онанирање“ дури, за да биде театарот комплетен, заземаат позиции на припадност кон одредени светски текови, неолиберали, либерали, реалисти, идеалисти, модернисти, постмодернисти, суверенисти, конзервативисти, софисти, платонисти, стоицисти, марксисти, ленинисти нели.... Всушност, гледајки ја таа какафонија сето тоа ми личи, секоја чест на одредени исклучоци кои само го потврдуваат правилото, на Македонски „Ат пазар“, но со сопствен „Македонски идентитет“, копродукција на сточен пазар и „Животинска фарма“ на Орвел.

Во времињата минати Македонската политичка сцена, до доаѓањето на овие бедници на власт и во опозиција, секогаш преставуваше концепциски судир во однос на идентитетот, опозицијата секогаш ја напаѓаше власта од позиции на заштита на Македонскиот национален идентитет (во идентитетот се содржани многу аспекти, културолошки, социјални, економски идеолошки, јазични, религиски итн.). За името на државата да не зборуваме, тоа беше за сите забранета и заборавена тема, освен кога доаѓаа преставници на меѓународни неолиберални организации. Денес и власта и опозицијата здушно работат на уништување на идентитетот Македонски, поради што улогата на преторијанците е потешка, но истовремено благородна. Тие, преторијанците на Македонскиот идентитет, мораат да ја сочуваат онаа кревка фиданка идентитетска да ојачи и порасне за да би можеле идните генерации под неа да пладнуваат и Ве благословуваат.

По крикот на Матевски дополнителен заеднички именител со Венко, би рекол идентичен со плеадата наши преродбеници, е болката од егзилот (еден можеби не најеклатантен пример, но секако најпрепознатлив е „Т’га за југ“ на Миладиновци). Болката кој во далечината ја создава погледот кон татковината. Па така крајот на колумнава нема како да го заокружам со почетокот, освен со стиховите на Матевски од неговата „Поглед кон Троја“.

„Враќање нема во Троја/ Татковина наша тоа е овој чад/ во небото што се крева и гине“.

Во осмата недела по Педесетница (на денот на пренесувањето на моштите на Св.Климент Охридски)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

**Смрдеата СМРДИ не МИРИСА**

Насловот на ова колумна е позајмен од заклучок во еден текст на отец Ивица Тодоров, поместен во неговата нова книга која е во процес на издание, а која имав чест да ја прочитам уште пред да биде достапна за јавноста. Му благодарам на отец Ивица за благословот дека можам секвенца од неговото интелектуално-духовно дело да употребам како наслов во колумната. Колумната која е пред вас почитувани мои сограѓани е конкретна политичка анализа на смрдеата во која живееме и не е духовен одраз, туку е изблик на практичното чувство за состојбите во кои битисуваме. Во исто време, колумната е отсликување на духовната (а може дури и душевната) состојба на нашите властодршци кои се изживуваат врз сите нас. Во тоа изживување, на оваа криминална власт сесрдно и помага опозицијата претставена во ликот и делото на Мицкоски и изгубеното раководство на ВМРО-ДПМНЕ.

Од каде да започнам да ја оплакувам нашата „судбина", со толку безбројни глупости во смрдеата со која ја отруја Македонија? Смрди до толку што дури „солзи течат". Но, ним им мириса, бидејќи тие, токму тие ја предизвикуваат - создаваат смрдеата и ја чувствуваат за природна миризлива средина на сопствената им политика и битисување. При тоа, тие нè сметаат и за будали и до толку се неинвентивни во нивниот шарен ПР, што самите себе си си веруваат дека се врвни мајстори на лагата во која ние „плебсот" не ја чувствуваме смрдеата. Но ние чувствувајќи ја реагираме на смрдеата, а тие повторно на јавна сцена не убедуваат дека не смрди, туку мириса.

Ете така, драги мои, архи измамникот Црпко-33ти, без образ (впрочем одамна е ЃОН образ) глумејќи значаен партнер на САД, самиот се понуди да прифати бегалци од Авганистан во Македонија, немајќи претстава ниту колку, ниту какви бегалци. За жал веднаш уште во Понеделникот видовме „реакција" на ФБ од страна на партнерот му Мицкоски дека: „Заев не е способен да обезбеди грижа и заштита за наши граѓани, не пак тоа да го прави за граѓани од трети земји". Подоцна на еден медиум видовме изменета изјава со ПР намена дека е против примањето бегалци од Авганистан, но и тука со пола уста пак сведувајќи се околу бројката на бегалци во споредба со други „побогати" земји на ЕУ. Очигледно дека се нема став и стратегија во ВМРО-ДПМНЕ по ова прашање, па по првичната полтронска реакција, како резултат на притисокот на јавноста која јасно и отворено кажа дека е против примањето бегалци (причините за овој став на јавноста не се тема за која накусо може да се пишува), Мицкоски се обиде да се полу-посипе со пепел и малку ретерираше во ставот. Повторно ни риба ни девојка. И толку од заштитата на Македонскиот суверенитет, територијален интегритет и опстанокот на Македонскиот народ и нација како клучни национални интереси. Овие двајца само се надополнуваат еден со друг движејќи се низ Македонската политичка смрдеа како перпету мобиле. Само за потсетување, уште во 2015 година на тогашната влада на ВМРО-ДПМНЕ од страна на Орав (се сеќавате на оној безличниот и студен Естонец претставник на ЕУ во Македонија) и беше понудено да примиме 50 – 100.000 бегалци за што ќе требаше да добиеме поголема сума пари од ЕУ. Секако, Груевски и тогашната влада веднаш го одбија овој непристоен предлог.

Сега имаме состојба во која ВМРО-ДПМНЕ прави инверзија на проблемот (со безброј непознати) кој ни го наметнува Црпко-33ти со „констатација“ за неговата способност и прашања за бројноста. Нам ни е јасна и добро позната НЕСПОСОБНОСТА, АРАМИЛАКОТ И АЛЧНОСТА, на Црпко-33ти, но со ваков ФБ коментар и јавен настап Мицкоски само покажува дека намерно ја релативизира можната и пред се нејасна опасноста пред која сме исправени како држава и нација. Околу конкретните извори на загрозување во блиска и далечна иднина од отворањето врата за прифаќање на бегалци од Авганистан (во било кој обем и бројност), ќе пишувам во друга прилика.

Неспособноста и политичката пресметливост на Црпко-33ти беше видлива и во екот на најголемите пожари во Македонија. Наместо да ги разрешеше неспособните Стојанче и Беким (затоа што нивна е обврската за проценка, препораки, превенција, планирање и употреба на силите и средствата за заштита и спасување, активирање на резервниот состав на ДЗС и сето тоа да биде подготвено со сите можни ситуации за употреба во разни можни варијанти на појава на пожари и други природни техничко-технолошки акциденти), тој уште ги наградува и покрај нивната очигледна неспособност, медиумски ги промовира, а самиот тој си прави ПР занимации, дури и со сопствената будалаштина.

Едноставно сè, ама токму сè и во власта и во опозицијата е сведено на евтини „ПР“ приказни на социјалните мрежи и медиуми и обиди со полтронство да се допаднат некому од меѓународните партнери. Македонија со нив нема своја автохтона внатрешна и надворешна политика, нема чест и достоинство, ја сведоа татковината на „пачавра“ засмрдена крпа која само ним им мириса.

И толку од „мерит“ системот на вредности, стручност и успешност во извршувањето на должностите кон граѓаните, државата и нацијата. Под притисок на јавноста, и не толку заради притисокот на јавноста, бидејќи да беше така со толку многу ругање и притисок на јавноста и доколку го интересираше мислењето на граѓаните немаше да смени име и идентитет на Македонија со неуспешен референдум, архи измамникот Црпко-33ти во свој стил се „врати“ од одмор за да биде на лице место, за да се слика. Впрочем, тој никогаш и не бил на работа за да се врати од одмор. Можете ли да се сетите на нешто што оваа лице под илјада маски и неговото криминално – коруптивно здружение СДС имаат сработено? Можете ли да почувствувате градителска – напредна енергија на владата на Македонија и дух на работење и динамика со која на Македонските граѓани им се дава иднина, или барем надеж? Единствен „напор“ и самопрегорна работа можеме да видиме при договарањето тендери, закони за кражба на државата, набавки без тендер (Бехтел на пример), лични бизниси, коруптивни зделки и други криминални дејанија.

Нормално, нема дури ни да се направи анализа на пропустите, бидејќи во таков случај некој ќе мора да понесе одговорност, а дружината на Црпко-33ти, криминалното здружение СДС, заедно со ДУИ не се нешто вљубени во поимот одговорност, а не пак тоа да го направат конкретно. Убеден сум дека и да дојде до нешто такво, тоа ќе биде само еден мал театар за јавноста во која подоцна актерите ќе се најдат на други позиции, уште подобри и полагодни за

нив. Едноставно, тие не се научени да работат и да создаваат и живеат од својот труд, од својата пот и своето знаење. Тие (ѓон Црпко-33ти, СДС + ДУИ) се научени единствено да висат на државна цицка, затоа што тоа е нивно природно, вродено и стекнато право, нели.

Од друга страна, нема соодветна политичка сила да го турне Црпко-33ти и неговото криминално здружение СДС. Нема кој да ги мобилизира Македонските граѓани за борба против ова зло, но јас ќе кажам отворено дека ВМРО-ДПМНЕ може и да мобилизира народ и членство и да го урне Црпко-33ти, но не сака тоа да го направи. Мицкоски едноставно не сака да го мобилизира сопственото членство, а не пак да ги мобилизира и мотивира граѓаните и Црпко-33ти да падне. Тој, Мицкоски на сите можни начини го разединува членството на ВМРО-ДПМНЕ иако јавно глуми дека сака обединување, а во секоја прилика политички „си пука во нога“, не верувам дека е дотолку глуп иако е „политичко недоносче“ и исполнет со суета, но сепак, просто не е верно да сѐ себе уништува (партијата одамна систематски ја уништува) со непримерни изјави и допишувања на социјалните мрежи. Доколку е тоа така, тогаш можам да заклучам дека бев потполно во право кога му советував да си замине и да престане да се валка во калта, бидејќи не е веќе во калта, туку во живиот песок во кој ја влече не само ВМРО-ДПМНЕ и неговите „соработници“ од раководството на партија, туку ја влече и Македонија. Ја влече татковината на дното на смрдеата.

Нели Мицкоски ќе го уриваше Заев математички прецизно? Од математички прецизна политика, Мицкоски на крај спадна на истоварање на шлеперот со вода кој му го „донираше“ Митко Јанчев. Провиден ПР популизам за кој е малку доцна. Откако се стори соучесник во продажбата на името, идентитетот, се глави ќирација кај партнер му Црпко – 33ти, сега му дојде време за водење (замајување) политика. Смрдливо и навредливо до бескрај.

Доколку навистина сакаше да покаже дека ВМРО-ДПМНЕ поседува капацитет да ја води државата и тоа многу подобро од криминалното здружение СДС, требаше да преземе паралелно организирање на граѓаните и членовите на партијата во насока на самозаштита од пожари. Но, за тоа треба да се има знаење, а и да се сака, за да се истакне неспособноста на Црпко-33ти и криминалното здружение СДС. Со оглед дека не се сакаше да се постигне таа цел и дури по којзнае кој пат му овозможи на криминалното здружение СДС да се извлече од сопствената неспособност и да ја прикаже како успех од невидени размери, Мицкоски се реши за потребите на ПР-от и задоцнетиот популизам да дели флаширана вода, а потоа и со празни муабети на социјалните мрежи да се девалвира самиот себе си, а преку себе и партијата, бидејќи за наша жал сеуште е легален (не и легитимен) претседател на ВМРО-ДПМНЕ. Како да не е доволно девалвиран во очите не само на јавноста, туку и на партиските членови кои немаат доверба во него. Впрочем, 5% личен рејтинг на „лидер“ на опозиција при катастрофална криминална влада на криминалното здружение СДС+ДУИ, кажува се, но и отвора други сериозни прашања за кои веќе зборував, а тоа е да напоменам уште еднаш, улогата на Мицкоски во овозможувањето на Заев да победи на локалните избори.

Само да напоменам, во контекст со флашираната вода и „донацијата" од Јанчев, да ве потсетам (ова се однесува пред се на членовите на ВМРО-ДПМНЕ од Кавадарци), дека веќе ви напишав како Мицкоски ќе ви го спакува Јанчев (градоначалникот одушевен од политиките на Заев, кој кога ќе порасне сака да биде Црпко-33ти или 32ри, тешка конкуренција се во однос на бројката) повторно за кандидат за градоначалник, а ова со „донацијата" е само вовед во театарската претстава во која ќе треба да бидете статисти и корисни идиоти. И не се залажувајте (драги мои сопартијци од Кавадарци), во оваа намера на Мицкоски и Заев за да ви го спакуваат нивниот „бате Мите" како одлично-добитно решение, на коалицијата ЗМ сесрдно и помага раководството на ВМРО-ДПМНЕ. Впрочем, тоа ви го демонстрираше и Николоски, секако во негов стил „ексклузивно нели" за рејтингот на Јанчев како актуелен градоначалник кој е нели многу висок, но не и за тоа зошто ВМРО-ДПМНЕ не изгради свој кандидат откако беше јасно дека Јанчев отворено соработува со Заев, или таа игра беше договорено уште во 2018-та година? Но, за тие што разбраа Николоски ви кажа и повеќе од доволно, а за десетина дена и ќе го официјализираат „бате Мите" како предлог на партијата. Потоа, ех потоа... ќе се прашувате како е можно Јанчев кој е одушевен од Заев да биде предлог на Мицкоски, а Мицкоски нели е против Заев? Во меѓувреме, општинскиот комитет Кавадарци само нека молчи, така се трпи смрдеата за да се сочува пратеничко место и понекоја партиска функцијчка и секако претстојните бизниси, доколку се добие пристап па дури и со надеж во празно ветување. Како паралела на играта и партиската „подобност" на Јанчев, земете го случајот со Жика Стојановски неприкосновениот и успешен градоначалник на Илинден. Токму, Жика истапи против политиката на Мицкоски и му се замери нему лично, иако никогаш не истапи да ги брани политиките на Заев или не дај Боже да биде одушевен од Црпко-33ти, како што не се случи со некоја изјава да истапи против партијата. Стојановски не е кандидат на ВМРО-ДПМНЕ и веројатно ќе биде независен кандидат, а Јанчев е на добар пат да биде кандидат на Мицкоски во Кавадарци. Ете, за тоа пишувам и зборувам со месеци station наназад драги мои сопартијци, за оваа клиентелизација и приватизација на ВМРО-ДПМНЕ во интерес (бизнис интерес) на Мицкоски (институционалниот претседател на партијата). Затоа смрди и тоа многу смрди во ВМРО-ДПМНЕ и затоа Црпко-33ти опстојува и покрај неговиот арамилак, будалаштина и неграмотност.

Одвратно!

И ете, толку од мирисливата политика на ѓон Црпко-33ти и неговиот компањон Мицкоски. Ќе продолжи да смрди и тоа неподносливо, а вие сопартијци мои од ВМРО-ДПМНЕ продолжете да се прашувате зошто и како ќе ги изгубиме локалните избори и покрај еклатантната неспособност на криминалното здружение СДС+ДУИ кои се на власт и анационалната, клептоманска, предавничка работа на ѓон Црпко-33ти.

Некои од актуелното раководство на ВМРО-ДПМНЕ кои мислат дека разбираат политика само затоа што се насадени во Извршниот комитет (па дури и во опозиција земаат некоја паричка од партиска каса на име на извршување функција, читај лојалност кон ликот и делото на Мицкоски), се прашуваат:

„како е возможно народот – граѓаните да не ги препознаваат политиките на ВМРО-ДПМНЕ“? Кои тоа политики треба да се препознаат? Политиките на внатрепартиски сплетки, византиска политика кон Македонските граѓани преку соработка со Заев, а глумење опозиција? Има ли партијата автохтони и детерминирани, јасни и за народот разбирливи политики или е голо вулгарно политикантство кое смрди и труе? Македонските граѓани не се глупави па да паѓаат на глупав и задоцнет популизам кој треба да послужи единствено за спас на Црпко-33ти, бидејќи нели заклучокот треба граѓаните да го извлечат, а кој на Црпко му одговара е дека и овие од ВМРО-ДПМНЕ не ги бива, па подобро тој да си остане, нели, тој Црпко знае да вози велосипед. Или можеби така треба да изгледа, затоа што Мицкоски со сите сили се бори ВМРО-ДПМНЕ да не го бива и да биде добар спаринг партнер во коалицијата ЗМ и тоа го прави активно, неделно најмалку 3-4 пати „пукајќи си во нога“, кога јавно, кога во партиското опкружување, но резултатот е еден и ист, девалвација на ВМРО-ДПМНЕ и апатија и недоверба во партијата од страна на граѓаните и членството.

Повели Христијан убеди го народот дека не е така. Тоа ќе го направиш најдобро доколку го послушаш мојот совет од една претходна колумна. Замини си веднаш од позицијата претседател на ВМРО-ДПМНЕ. Ова само да те потсетам на советот, а потоа самиот закопја се во смрдеата која ти мириса, нам ни смрди па корне.

Ете така, бидејќи Мицкоски „разбира“ политика, со неговото делување на политичката сцена и „силниот – висок“ личен рејтинг, го понижува и самото ВМРО-ДПМНЕ, па така си дозволи и Апапсиев јавно на социјални мрежи (за телефонските разговори нема да зборувам) да покажува политичка надмоќ над него и да уринира по него изнесувајќи неспорни случки и факти, а за наша жал и на штета и срам за ВМРО-ДПМНЕ и Македонија. Едноставно, нема логично објаснување за тоа дека Мицкоски и по четири години на чело на ВМРО-ДПМНЕ не успеа да разбере дека и како институционален претседател на партијата истата ја претставува и дека секој негов личен и политички потег се мери како потег на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, а со тоа и на партијата. Поради тоа со своите потези и високиот рејтинг од цели 5%, Мицкоски е воденичен камен околу вратот на ВМРО-ДПМНЕ, а за да остане тоа, покрај Црпко-33ти, сесрдно му помага неговото и само неговото раководство. Одамна кажав дека Мицкоски ја дефакторизира ВМРО-ДПМНЕ на политичката сцена во Македонија и тоа продолжува да го прави секојдневно, поради што нетреба да се чуди на недовербата кон партијата (всушност тоа е недоверба лично кон него) која ја покажуваат можните коалициони партнери во таканаречената „обединета коалиција“, за која патем ќе кажам дека намерно е задоцнет процес кој требаше да се заврши уште пред два месеци, секако откако ќе се средеа состојбите внатре во партијата, односно Мицкоски искрено ќе ја обединеше партијата по сите внатрешни турбуленции и порази. Досега требаше да бидат определени заедничките градоначалници и листи на широкиот опозиционен фронт низ целата територија на Македонија. Ете затоа смрди и во ВМРО-ДПМНЕ, заради многуте „случајно“ пропуштени можности за широк опозициски фронт и делегитимизирање и уривање на архи измамникот Црпко -

33ти, но очигледно дека за наша жал, математички прецизно функционира единствено коалицијата ЗМ.

Не мириса, смрдеата многу смрди, колку и вам (на Заев и Мицкоски) да ви мириса и се обидувате во тоа да не убедите сите, целата Македонска нација. Македонија е наша татковина за која нема замена и неможе да бидеме индиферентни кон смрдеата која некому божем мириса.

Во деветтата недела по Педесетница (на денот на Св.апостол Матиј)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

**Прашања**

Прифаќајќи ги советите од некои мои пријатели за тоа дека неделните колумни кои ви ги претставувам, особено при политичката анализа на актуелните состојби во Македонија се предолги, а вие немате доволно време, им ветив дека оваа колумна ќе биде во облик на прашања.

Едноставно драги мои сограѓани, исклучително е тешка задачата политички да се анализираат, образложат и објаснат на неделно ниво енормните глупости на Македонската политичка сцена, да се претпостават и предвидат штетните последици од тупавото политичко дејствување на нашите властодршци и дел од опозиционото раководство, а при тоа да успееме накратко да го направиме тоа во една колумна. Токму затоа решив оваа колумна да биде во облик на прашања, при што нема да се задржувам во посебна и подробна анализа на истите. Очекувам почитувани читатели самите да си дадете одговор на прашањата иако истите ќе бидат поставени до двајцата клучни актери на политичката сцена во Македонија, ѓон Црпко 33-ти и Мицкоски. Секако, не очекувам дека тие ќе дадат одговор на овие прашања, но сигурен сум дека секој од вас сериозно ќе размисли за секое од нив и ќе побара аргументи во самата содржана на прашањата, односно зошто истите им се поставени на овие двајца.

Е па да започнеме:

1.Дали господине Заев ќе си дадеш оставка од позицијата претседател на СДС доколку дури и за еден градоначалник не успееш да освоиш повеќе од 50% од општините во Македонија? Дали господине Мицкоски ќе се повлечеш од позицијата претседател на ВМРО-ДПМНЕ и политиката заедно со целото раководство на партијата доколку ги изгубите изборите?

Во овој контекст ве замолувам и двајцата да не се повикувате на „македонските“ општини, на гласовите од „албанците или не-македонците“, на коалиционите партнери и слични весели математики. Сите општини во Македонија се Македонски општини, сите граѓани (Албанците и сите други) се Македонци, Македонски граѓани и сите кои во рамките на коалициите гласаат, гласаат за вашите кандидати, кандидати на ВМРО-ДПМНЕ и СДС. Одтука, бидете чесни пред вашето членство и сите граѓани и немојте да си играте весела математика. Математиката е јасна, егзатни бројки и победа на едниот или другиот, сега веќе коалиционен блок.

2.Дали доколку ти се случи пораз на изборите, господине Заев, ќе си поднесеш оставка од позицијата премиер и ќе иницираш формирање експертска влада и предвремени парламентарни избори? Дали господине Мицкоски доколку ги добиеш изборите ќе престанеш да се возиш на лагите на Павле „тутурутка“ дека ќе ти пребегаат пратеници од владината коалиција со кои ќе направиш влада и ќе извадиш народ на улица заради конечен пад на Заев и формирање на експертска влада?

Ова се прашања кои во основа имаат недефинираност и необјаснивост заснована врз тврдењето на Црпко-33ти дека уште во првиот круг ќе освои 30 градоначалници и градот Скопје, поради што се прашуваме што е тоа поради што тој е толку сигурен, како и упорното тврдење на Мицкоски дека по

изборите на страната на ВМРО-ДПМНЕ ќе преминат доволен број пратеници (цели двајца) со што ќе формира влада (ова со новото парламентарно мнозинство на Мицкоски станува досадно смешно)? А, дали Заев знае нешто што ние незнаме па затоа гарантира победа?

3.Како тоа господине Заев, ВМРО-ДПМНЕ е несовремена и ретроградна партија која нуди предизборна коалиција на Левица и Апасиев, а ти како „современ“ им нудиш иста таква коалиција, но по изборите, таму каде што тебе ќе ти зафали да ги контролираш советите? Како тоа господине Мицкоски откако несмасно (или намерно, многу случајности ти се случуваат и тоа кога не треба) даде јавна понуда за коалиција со Апасиев и истиот тоа го искористи политички да уринира врз тебе, по што ти вклучи медиумски „тешка артилерија“ да ти ја заштити суетат, сега одеднаш цело ВМРО-ДПМНЕ ќе се занимава со национал-социјалистот Апасиев (простете, но неговите „левичарски“ идеи и покажан прагматизам во делувањето на политичката сцена, според мене се вовед токму во наионал-социјализам), наместо да се занимаваме со Црпнатиот преварант?

Одеднаш Апасиев стана многу важен за изборниот успех на ВМРО-ДПМНЕ, а не борбата против Црпко-33ти и криминалното здружение СДС+ДУИ, или можеби коалицијата ЗМ има план како да ги замае членовите и симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ, како да потрошиме време и ресурси „пукајќи“ по малата мета за да помалку се пука по СДС, а на крајот каде што треба Апасиев и Црпко-33ти ќе си се договорат, на локално ниво де заради интерес на граѓаните нели, откако претходно ќе отргнат гласови од ВМРО-ДПМНЕ. Важно, се задоволува суетата на Мицкоски и се одработува според договореното. Воедно, на Апасиев оваа реклама на сметка на ВМРО-ДПМНЕ исклучително му одговара, цела недела е во топ информациите на медиумите и тоа само поради „несмасноста“ на Мицкоски. Според изјавата на Црпко-33ти дадена на Сител, очигледно е дека тој и не очекува гласови од граѓаните свесни за неговата катастрофална политика, тој едноставно знае дека партискиот квантум треба да го исполни, да застраши администрација поради кворум на излезеност, да се потпре на гласачката машина на ДУИ и секако да се претстави како „современ“ за да се допадне на партнерите од ЕУ и НАТО. Затоа „зачудува“ несмасноста на Мицкоски на неподготвен терен (кој патем повторно напоменувам, требаше да го подготви пред три-четири месеци) истрча со јавна понуда и се доведе во состојбата во која се доведе и самиот тој и ја доведе ВМРО-ДПМНЕ.

4.Зошто господине Мицкоски за кандидат за Скопје не одиш со Коце Трајановски кој има конкретни мерливи успеси за спротивставување на мерливите неуспеси на Шилегов, туку упорно калкулираш со „надпартиски“ кандидат, кому ти (ВМРО-ДПМНЕ) му собираш потписи за да воопшто се кандидира? Што вети господине Заев на ДУИ за да уште во прв круг ти го поддржат твојот неспособен Шилегов, односно што се ќе добие ДУИ од оваа твоја зделка за политички опстанок?

Кога сме веќе кај Скопје, да ве прашам вас двајца киндер-херои за она за што бруи „скопската улица“. Дали е вистина дека изборот (договорот) за

градоначалник на градот, поминува низ занданите на Идриз бег, во корелација со распупеното ни правосудство?

Поентата на ова прашање, повторно е сомнителното однесување на Мицкоски и раководството (вклучително и ЦК) кој кога веќе не изгради замена за Коце и не подготви друг партиски кадар за Скопски градоначелник, наместо повторно да оди со Коце зад кого стојат конкретни дела, оди со недефиниран кандидат кој го претставува како надпартиски, при што со партиска насока ги тера членовите на ВМРО-ДПМНЕ да се потпишуваат за неговата „независна“ кандидатура. Тука се поставуваат многу дилеми и неопходни се конкретни одговори кои можеби може да ги постават членовите на ЦК на ВМРО-ДПМНЕ на седницата на која ќе одлучуваат за избор на кандидат за градоначелник на градот Скопје, секако доколку смеат да прашаат. Црпко-33ти, иако незнае за коректност и е еден најобичен политички манипулант, коректно е на граѓаните на Скопје сега пред избори да им каже јасно и гласно што добива ДУИ+Беса за поддршката на неговиот неспособен Шилегов да победи во прв круг.

5.Дали и двајцата мислите пред граѓаните да спротивставите конкретни програми за локален развој и решавање на локалните комунални и инфраструктурни и други проблеми со прецизен буџет?

Засега може само да слушнеме политички манипулации и прост тривијален ПР, обраќајќи се кон сопствените кандидати. Тие се ваши и ќе работат во општините согласно партиските програми (доколку ги имате) или по ваша директива (што е многу веројатно).

Ве замолувам почитувани сограѓани, драги пријатели, вие да им ги поставувате сите овие и сите они прашања кои вас ве мачат во вашите општини кога ќе ви дојдат на врата да ве поканат да гласате. Доколку нема одговор или тој не е соодветен, тогаш на ваша совест е што ќе одлучите, а подоцна да не се жалиме дека сме измамени.

Драги мои сопартијци од ВМРО-ДПМНЕ, вие посебно имате потреба и право да поставувате многу прашања до Мицкоски како претседател на ВМРО-ДПМНЕ и кон дел од раководството на партијата кое покажува исклучителна неспособност. Правете го тоа па дури и на седенките кои ги нарекуваат трибини или митинзи. Сите прашања заслужуваат одговор.

Јас ќе поставам многу прашања до раководството на партијата по изборите, каков и да биде резултатот од истите, иако сум скептичен дека ќе се победи (бидејќи нели по утрото денот се познава) иако зрак надеж остава коалицијата со Алијанса, а лично посакувам успех и голема победа на ВМРО-ДПМНЕ над Црпнатиот и неговото криминално здружение СДС и тоа победа до нога.

Во десетата недела по Педесетница (на денот на Преподобниот Св.Јоаким Осоговски)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

**Клетва**

Драги пријатели конечно решив да Ви напишам два-три збора во контекст на мојата професура „Мир и развој“, односно за она што е актуелно во моментов на глобалната политичка сцена. Секако, станува збор за случувањата во Авганистан кои го вознемирија светот. За тоа што се случува, која е заднината, чии интереси се засегнати? Кој каква улога има на големата театарска сцена, кој ги дели улогите, пишува сценарио, режира? Какви последици ќе има регионот и дали се реални заплашувањата кои секојдневно ни се пласираат од некои квази геополитички аналитичари? Што треба да преземе Македонија за да го избегне „бегалското цунами“ и дали до него воопшто ќе дојде итн. итн. За волја на вистината, повеќе сакав да ги избегнам дневно политичките стереотипи, како и патетичните изјави на љубов и душегрижништво за родот свој од страна на нашите политичари, во предвечерието на локалните избори. Додека ја пишував колумната бев во недоумица, зошто пишувам кога се сомневам дека Македонската политичка булумента нешто ќе разбере, всушност нив тоа и не ги интересира. Секако, ќе им се јават некои белосветски политички „авторитети“ и тие само ќе превземат она што ќе им се каже, а некои од нив ќе бидат без јасен став по ова прашање или „ни риба ни девојка“, па дури и без коректен „политички став“, затоа што нели, разбираат политика. Последиците..., е за тоа треба да се вклучат сивите мозочни клетки, а тука веќе е опасноста, според Великиот Врач Филипче од многу размислување може да се добие рак, а како вели народецот наш: „за рак, простак и мерак, лек нема“, така што препораката од него е: „останете со главата во песок“, што ќе биде со газот не е важно, потребните средства за ублажување на болката се набавени одамна.

Додека занесено удирав по типките од тастатурата....Види чудо големо, пристигна катиљ абер, на мене од врли пулитичари „голем поплак е. Еј! Голем поплак е.“ Досега многупати сум го почуствувал врз себе, „националниот спорт“ на Македонците – плукање во далечина со залет, но дека нашите политиканти, позиција-опозиција, заеднички ќе настапат во оваа дисциплина против мојата маленкост vs - a - vi нивната „грамадност“, навистина не верував. Посебно бев изненаден, како и Патрикот своевремено, што ова го пренеле (се пожалиле) кај одредени преставници на странски држави во Македонија. Во прв момент се насмеав, станав „Државен непријател“, лично на мојата маленкост тоа и годи, да бидеш во друштво со светски познатите „Државни непријатели“: Сноуден, Асанж, Ноам Чомски, Линдон Ла Руш или Зола, искрено и не е така лошо, фино друштво. Но, да не се вообразам ...

Дно дна, дупло дно! Воодушевен сум од вашето синхронизирано делување. Каде ли ќе ни беше крајот доколку тој синхрон го насочевте, наместо за реализација на Вашите лукративни интереси преку продажба на националното достоинство и наследство, кон добробит на државата и народот. Но, сепак, дека синхронот ќе го ставите во функција за организирано плукање врз мојот личен интегритет, навистина не очекував. Останав во недоумица дал да бидам горд што еве толку ме уважувате или...од вас, бедници и губитници, што друго да очекувам освен мизерија и малициозност во претставување на

мојата татковина. Да, токму така, не ви замерам што мене ме плукате. но не можам да ви простам што на таков вулгарен начин ја претставувате Македонија. Колку ли мизерно изгледате во очите на тие доблесни мажи, представници на интересите на своите држави во Македонија кога ве слушаат. Мизерија!

Во убедливо најпарадоксалниот психолошки експеримент, наречен „Мажи гледаат во кози", постои јасна дистинкција помеѓу експериментаторите и експерименталните „глувци". Но, во нашата реалност сите заедно, експериментаторите и експериментираните, „гледаат како теле во шарена врата". Што можеби е и ИН имајќи предвид дека сме во годината на Бикот (според кинескиот календар). Добро бе телиња, како не ви беше срам на толку ниски гранки да паднете, да се пожалите на „активностите" на еден универзитетски професор, како можевте онакви небулози да искажете? Па што очекувавте од еден учител кој размислува и се грижи за развој на младите генерации? Мирно ли да седи во комфорот на професорската канцеларија и гледа како ја разнебитувате државата? Слободата не е апстрактна работа, слободни сте кога ќе го докажете вашето право на слобода, таа не е состојба на мирување туку на напор и развој, разум што владее над разум, а не волја што владее над волја, правото пред силата. Вака им глаголам на моите драги колеги – студенти (питомци). Од респект кон аудиториумот кој ги чита овие редови нема да ги кажам сите повраќаници кои сте ги истуриле врз моето име, ќе се обидам да ги сублимирам во една културна реченица: „Тој е против политиките на Заев, но не ги одобрува ниту политиките на Мицкоски". ЕУРЕКА!!! Мили мои телиња, не, тоа е премногу добар прекар за вас пашитни говеда (еден поранешен градоначелник велеше „пусто гоедо") е посоодветен, не постојат политики на Заев ниту пак политики на Мицкоски, воопшто не постојат политики за да би можел да се изјаснам против или да не ги одобрувам, постојат само неколку инфантилни типови предводени од двајца киндер-херои кои се всушност само две лица на една иста монета. Одамна детектирани од плебсот како коалиција за разнебитување на Македонија (јас ја нарекувам коалиција ЗМ), која со овој атак кон мене само ја потврдивте, дури и како ваша отворена соработка кон таа иста проклета цел за уништување на Македонија.

Знам драги мои телиња, како некогаш Мојсеј кога преговарал со Фараонот за да ги ослободи Евреите, по сугестиите божји, во време кога Фараонот наутро се капел во Нил, поточно вршел голема нужда, така и јас ве фатив со спуштени гаќи. Но, без еуфемизми, преку глава ми се сите ваши срања, се што имаше било каква смисла во Македонија и за Македонската нација испоганивте. Продадовте име, не почитувате устав, закон, референдум (гласот на народот), уништивте идентитет, до гуша сте во криминали, корупција, преполни со лаги, лаги, лаги.....Очигледно некој од вашите консилиери ви ги превел и протолкувал моите писанија кои до толку ве повредија па моравте и официјално да ја обелодените вашата коалиција, непринципиелна од позиција на вашите следбеници, но исклучително принципиелна за вашите бизнис интереси. Наместо што ги трошевте пари на даночните обврзници следејќи ме, фото документирајќи и прислушувајќи, а пред се за да го запазите дигнитетот на државата, можевте, бидејќи сум вработен на државен универзитет и

официјален и јавен член на опозициска партија, да ме повикавте и разговарате директно, ќе ви кажев во очи за сите ваши задкулисни договарања, за колку пари ги договоривте локалните избори, кој се вашите спонзори, чии интереси штитите.... За законитоста и оправданоста на „преземените" оперативно тактички и технички мерки, како и за отворените обиди за мое општествено поништување со ширење лаги и измислици, во некои идни времиња.

Господа властелини (опозициска и владетелска) одамна сте веќе на депонијата на Македонската историја, бидете сигурни дека никогаш никој ниту збор нема да напише за вас, веќе сте осудени на заборав. Но, благодарение на вашите лакеи, полтрони, лицемери, кои ве опкружуваат, немајќи „Јок советник" нема кој да ви ја каже вистината, вашето време одамна помина. А, јас да ви простам нема! Не поради мене, туку поради Македонија. Црните графеми на белината од хартијата, како велат книгите не горат, ќе останат да глаголат за едни несреќни времиња, за годините кога скакулците ја изедоа летнината! За грдите слаби крави кои ги проголтаа убавите дебели крави кои Македонските граѓани со векови ги одгледуваа! За гладните години во Македонија!

Пците вијат! Проклетници никако да разберете, Македонија е света, вак'фска земја и според преданието никој не смее ниту гранка да пресече не пак име и идентитет да промени, КЛЕТВАТА изречена од Патрикот е тешка:

„Ох! Послушај, мили Боже! / Аир никогаш да немаат.........

И сега во куќи нивни / ткае пајак пајажина / и во пусти стреи нивни / хукаат утови. / Еј! Хукаат утови."

Во единаесетата недела по Педесетница (на денот на Св.Иринеј Лионски и Св.Виктор)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

**Кандидати**

*Политиката предполага различни гледишта,*
*ако не за крајните цели,*
*тогаш барем за најдобрите средства да се стигне до нив.*

*Блексвелова енциклопедија на политичка мисла*

Токму оваа колумна драги мои сограѓани и сопартијци (посебно вам ви се обраќам) во својот вовед ви укажува на тоа што е суштината на политиката. Тоа не е голиот интерес, лукративните цели, личните интереси, туку крајните политички цели од интерес на сите граѓани, нацијата и државата. Да се запрашаме дали имаме исти цели со лидерствата на политичките партии, а посебно да се запрашаме дали во нашата или вашата (ова вашата е за оние од СДС) политички партија ги избравме најдобрите средства да стигнеме до тие цели.

Средствата се различни, но во овој случај и во оваа колумна кандидатите за градоначалници се конкретните средства на политичките елити (и во власта и во опозицијата) за остварување на целите (какви не е јасно, но сигурно не се наши).

Токму пишувајќи ја колумната се случи неверојатна трагедија. Несреќа која во нормални држави не се ниту помислува дека може да се случи. Да настрадаат во пожар четиринаесет луѓе во болница е незамисливо нешто за уредени и организирани држави. Токму во нашата Македонија поради неспособноста, неграмотноста, неодговорноста на Црпко – 33ти (кој се претставува како премиер на Македонија) и неговите директори на ДЗС (Дирекција за заштита и спасување) и ЦУК (Центар за управување со кризи), како и неговиот коалициски градоначалник во Тетово, неговиот министер Великиот врач Филипче, се случи страшна трагедија. Е па повелете сега Црпко-33ти и Баба Али да им објасните на семејствата на настраданите, но и на целата Македонска јавност како се случи ова, а уште повеќе зошто се случи и кој ќе понесе одговорност или само формално Великиот врач ќе поднесе оставка, а до повторно заседавање на Собранието што значи до после избори нема да се ефектуира, а за тоа потоа, може и да се заборави. Упорно лажете, манипулирате и бладате, како што вие бладавте на комуњарската парада која ја организиравте во ваша чест, а божем заради одбележување на 8-ми Септември денот на независноста на Македонија. Се ви беше во комунистички манир и кореографија, само недостасуваше народ, токму оној народ Македонци, Албанци, Турци, Срби, Бошњаци, Роми, Македонската нација која до крај ја пониживте. Дури и на овој свет и величествен ден се испоганивте врз идеалот на генерации Македонци, не реагирајќи соодветно поради што се случи катастрофа за Македонски услови, додека вие глумевте политбиро на првомајска прослава. Очигледно вашите умови во криминалното СДС се застанати во времето на Сталин, оние на ДУИ се веројатно сеуште Ленинистички. Очигледно добро сте си погодени. Што да ве праша човек? Дали за една ваква трагедија која е слика на вкупните сосотојби во државата

Македонија, ќе падне целата оваа компромитирана влада, барем како мал знак на етичност? Зошто немате планови за евакуација од модуларната болница во Тетово, имате ли воопшто планови за евакуација, составени тимови, извежбани супозиции за реакција при било кој вид на несреќи и катастрофи во било која институција? Однапред ги знам одговорите, НЕМА и НЕМАТЕ.

Немате ништо, дури ни совест, но имате силна желба да ги добиете претстојните избори. Е, навистина кој за вас ќе гласа, му се извинувам на директноста, но не сум убеден во неговата чиста свест и здрав разум, веројатно се работи за многу нечиста совест и крајно лукративни побуди.

Сега да се вратам на замислата за колумната и пред се за тоа дека на свој начин Мицкоски и раководството на ВМРО-ДПМНЕ и покрај енормните глупости на Црпко-33ти ќе му помогнат на истиот да се заборават сите будалаштини, национални предавства, економски урнисувања, криминали и корупција и потполна неспособност, па дури и човечки животи, за да може Црпко-33ти да успее на локалните избори, да се оправда преку потврдување на легитимноста на неговите будалаштини кои ги нарекува политики.

Зачудува (или можеби не) однесувањето на опозицијата, која очигледно сака криминалното здружение СДС+ДУИ да победи на претстојните локални избори и Црпко-33ти да си ја легитимизира својата политика на уништување и криминал во Македонија.

Да, токму така може да се протолкуваат чекорите кои ги прави Мицкоски и раководството на партијата наспроти архи измамникот Црпко-33ти. Како на друг начин да ја протолкуваме активноста на ВМРО-ДПМНЕ кон сопственото членство на локално ниво, а особено со собирањето на потписи за „независната“ ем „надпартиска“ Данела Арсовска за кандидат за градоначалник на Скопје? Нема да добиеме одговор, но еве ќе појаснам.

Прво, доколку Данела Арсовска беше позната и прифатлива за граѓаните на Скопје, самата таа ќе си собереше потребен број потписи за поддршка на независната кандидатура. Потоа, со максимален број на експресно собрани потписи ќе отидеше кај Мицкоски и ќе предложеше програма за Скопје со предлог да биде независен кандидат поддржан од ВМРО-ДПМНЕ. На ова пак, Мицкоски ќе дадеше на централните партиски комисии да ја разгледаат програмата на Арсовска, на ИК ќе му предложеше нејзино прифаќање, а пред Централниот комитет на посебна седница ќе отвореше расправа за предлогот при што ќе се разгледуваа сите аспекти дали треба или не треба да се прифати понудата на Арсовска да биде кандидат поддржан од ВМРО-ДПМНЕ, како и нејзината програма и компатибилноста со политиките на ВМРО-ДПМНЕ.

Второ, доколку Мицкоски сакаше да ја предложи Арсовска за кандидат од ВМРО-ДПМНЕ можеше да ја зачлени во партијата, да ја промовира на ниво на Градски комитет Скопје (кој патем не знаеме дали функционира) и за неколку месеци да го запознаеше членството и организациската структура на партијата по што ете така по брза постапка ќе станеше наш партиски кандидат успешно и ново лице и жена за градоначалник на Скопје, а во така подготвени услови веројатно и прва жена градоначалник.

Но, очигледно не е планот да се успее, па на секој начин треба да се направи што поголема забуна и кај членството и кај неопределените гласачи,

па згора на сѐ сега и по медиумите да се забавуваме со нејзиното место Почесен конзул на Унгарија или чија е Данела? Уште и самата таа со несмасни изјави ја дополнува збрката. Одлична основа за плетење приказни и дополнителна штета на поголемо и повисоко ниво. Некако ова ми личи, мноогу ми личи дека свои прсти во ова има замешано лицето  Б.Ц. познато како Папата, со оглед на ликовите кои се во опкружување на Арсовска, мнооогу сум сигурен во тоа. Но, за ова објаснување треба да даде Мицкоски.

Веројатно затоа дојдовме до тоа ВМРО-ДПМНЕ да и собира потписи за независен кандидат кого токму ВМРО-ДПМНЕ ќе го поддржува во отсудната битка против онаа пијана сподоба Шилегов и тројанските коњи Перо – Камиказа и Бени за кои во однос на идеите за Скопје нема што да се каже и анализира. Оттука е се јасно, дури и членството на ВМРО-ДПМНЕ се доведува во принуда да мора да потпишува, а потоа истрча за Арсовска која не ја прифаќа, а како потврда имавме можност да видиме како Владо Мисајловски потпретседател на ВМРО-ДПМНЕ за да ги убеди партиските членови, јавно излегува на медиуми и вели дека тој и неговото семејство ќе се потпишат за Арсовска. Персонално земено негова одлука, но пред воопшто ЦК на ВМРО-ДПМНЕ да донесе одлука за прифаќање на Арсовска и нејзина поддршка од страна на партијата, нејзиниот потпретседател излезе во јавност со поддршка на „независен“ кандидат. Е па Кендо, да ти кажам дека твојата постапка е во спротивност со Статутот на ВМРО-ДПМНЕ и според последните измени на истиот од Август 2020 година ти треба да бидеш исклучен од партијата. Доколку тоа важи за независните кандидати во Илинден, Македонски Брод, Кратово, Македонска Каменица и многу други од внатрешноста кои излегуваат и со независни листи, а се членови на ВМРО-ДПМНЕ и раководството креира политика на јавна диференцијација од партијата на овие дури и истакнати долгогодишни членови и успешни функционери на партијата, зошто би било различно со потпретседателот. Но, тука е веќе во прашање етиката, внатрешната политика во партијата и над се способноста за обединување и менацирање со луѓето, а не нивно искористување и злоупотреба. И што правиме сега? Кој е овде луд, а кој збунет?

За срамот дека најголемата партија и државотворна, империјална партија ВМРО-ДПМНЕ по цела деценија на власат нема свој кандидат за градоначалник на Скопје, покрај двата успешни и најуспешни мандати на Коце Трајановски што да се каже? Кој ќе носи одговорност доколку Арсовска по евентуалната победа (во која се сомневам) не ги спроведува политиките на ВМРО-ДПМНЕ за Скопје (а да ве потсетам се сѐ политики, од јавни политики, преку урбанистички, економски, социјални, образовни итн.)? Кој ќе понесе одговорност доколку Арсовска ги изгуби изборите или ќе биде, „па не беше наш партиски кандидат“? Можеби и тоа е идејата за да се реализира договорот на коалицијата ЗМ, а кој поминува низ казаматите на Идриз бег нели? Натаму драги мои Скопјани сограѓани и сопартијци размислувајте самите што ќе правите. Но, овој однос да се избегнува политичка одговорност за изгубени избори и погрешни политички одлуки, нешто многу ме потсетува на неодговорноста на Црпко-33ти кон Македонија.

Како да ја протолкуваме „пулитиката“ на Мицкоски кога се согласи Митко Јанчев да го кандидира за кандидат за градоначалник на Кавадарци од ВМРО-ДПМНЕ?

Има ли договор со Црпко-33ти да си имаат заеднички кандидат во Кавадарци што би требало да биде симбол на „помирување“? Ова затоа што не слушнав дека криминалното СДС има свој „силен“ кандидат за Кавадарци. Па нели Мицкоски кажа дека не се помирува со криминалци и предавници, за што силно го поддржувам. Можеби дошло до промена во политичките ставови на Мицксоки, а за тоа не кажал јавно? Можеби Мицкоски сега смета дека Митко бил во право кога ги поддржувал политиките на Црпко-33ти во однос на референдумот, на промената на името, на економските политики кои се „епохално успешни“? Дали се согласува со ставот на Митко дека „Заев е најдобар премиер“, и за тоа дека со Црпко-33ти ќе бидеме Швајцарија? Дали Заев престана да е криминалец и мафијаш на власт?

Доволно прашања на кои треба Мицкоски да одговори, за да се разјасни неговата лична политичка позиција и позицијата на ВМРО-ДПМНЕ во контекст на предлогот Јанчев да биде кандидат за градоначалник на ВМРО-ДПМНЕ во Кавадарци. Не е коректно Мицкоски да се „вади“ на желбата на граѓаните на Кавадарци, ако е така, зошто ја игнорира волјата на граѓаните во други општини, ајде да не се правиме на мутави, да се задржи минимум коректност и ненавредливост кон граѓаните и членовите на ВМРО-ДПМНЕ и нивната интелегенција.

Мојот заклучок од приложеното во практика е дека тоа што Мицкоски го поддржа Јанчев за кандидат на ВМРО-ДПМНЕ во Кавадарци и тоа што ИК и ЦК го прифати покажува само дека раководството на партијата се согласува со политиките на Црпко-33ти и тоа го признава, па макар и посредно. Не можам да извлечам друг заклучок од оваа политика на Мицкоски и раководството на партијата, а би сакал да ме демантираат со факти секако. Некогаш е поважна честа, етиката, достоинството и угледот на партијата и нејзината конзистентна политика, а не победата. Очигледно дека во ЦК (ИК не го сметам за релевантен, таму има луѓе ставени на бел леб, па потполно се послушници) седат луѓе кои или не знаат што им се случува, или не гледаат подалеку од вратата, или се замаени од својата партиска функција или пак едноставно се дел од свесното уривање на партијата и државата. Но, како и да е, да не заборават дека носат полна одговорност за своите постапки, бидејќи не сметам никого од нив во ЦК за малоумен и недоветен. Тоа што не стануваат да дискутираат и да се изборат за партијата, граѓаните, Македонија и соодветни политики е нивен личен хендикеп кој се нарекува послушништво, но тоа не ги оправдува од одговорноста за поддршката на погрешните политики на Мицкоски и дел од раководството на партијата.

Не ми е баш јасно ниту онака „бенигното и наивно“ промовирање и фалење од страна на некои партиски структури и особено портали и медиуми на Максим Димитриевски како сега независен кандидат за градоначалник во Куманово. Аман луѓе, па дури сега на Максо му текна дека СДС е бизнис – криминално здружение. Ајдее, сега му дојде од газот во главата, а ние веднаш треба да го глорифицираме и десните медиуми да го промовираат и фалат, а

ВМРО-ДПМНЕ има свој кандидат во Куманово или можеби некој од партија се обидува одвнатре да го стави Тони – Шанац на продажба или ценкање. Каква е логиката од ваквото однесување кое во најмала рака е инфантилно и збунувачко за членството и граѓаните.

Од друга страна пак во Карпош одиме со кандидат на ВМРО-ДПМНЕ во исто време кога за кандидат имаме наш коалиционен партнер. Повторно како раштиман оркестар или сакаме намерно да ги поделиме коалиционите гласови во Карпош и да му помогнеме на криминалното СДС или можеби на подолг рок некој планира да го намали нашиот коалиционен капацитет со сите последици кои ги носи тоа.

За да не ја ширам, ве оставам вас членовите на ЦК (аминувачи) во тишината на сопствениот дом и сами со својата совест без лукративни мотиви да се преслушате себеси дали правилно постапувате (верувам дека ќе си најдете оправдување). Потоа, немој да се прашувате зошто поедини Општински комитети во критичен момент се во оставка, откажуваат партиска соработка (игнорираат насоки), никој не се нафаќа да биде кандидат за градоначелник, неможе да се најдат доволно набљудувачи за денот на избори и ред други проблеми кои реални ги имаме на терен или најповеќе од се зошто членовите, некои локални раководства, па дури и колаициони партнери се чувствуваат измамено - излажано. Како резултат на тоа надвисната е опасноста од растурање на коалицијата веќе пред избори, а не пак создавање на „ново парламентарно мнозинство“.

Да ги спротивставиме гледиштата за остварување на крајните цели на ВМРО-ДПМНЕ. Штета што тоа не го практикува раководството на ВМРО-ДПМНЕ. Затоа сме тука каде сме, но сеуште се надевам дека имаме исти крајни цели, а тоа е уривање на Црпко-33ти и криминалното здружение СДС+ДУИ и возобновување на Македонија. Само со апсолутна победа ќе го делигитимизираме Црпнатиот и неговите „политики“ во Македонија.

Бог да ги прости сите кои загинаа во трагедијата во болницата во Тетово, а на нивните семејства да им даде утеха и смирение.

Да ни е вечна Македонија и честита триесет годишнина независност.

Во дванаесетата недела по Педесетница (на денот на Преподобен Христофор Римјанин)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

Проблемот кој постојано се наметнува кај службите за безбедност или одредени заговорнички групи е да се изнајде соодветен псевдоним под кој прикриено ќе се води одреден проект. Нашите заговорници, нео-врховистите вгнездени во срцето на ВМРО-ДПМНЕ (2014 г.), подолго време бараа псевдоним за „Експериментот Мицкоски“, т.е. „Менхетен“ т.е. „Мики Маус“, потоа „Валкира“, „Велзевуб“, „Шило“, од многуте имиња се решија работниот наслов да биде „Проект Квиско“. Подоцна, утврдувајќи ги објектот и целите на проектот како и тактиката на дејствување по следниот редослед: рушење на Груевски, доведување на Мицкоски и разнебитување на Македонија, се решија за „Проект Филаделфија“. Веројатно како алузија на резултатот од „Експериментот Филаделфија“ од 1943 г., односно тоа што треба да се случи со ВМРО и Македонскиот народ. Да, во тој проект жртви имаше, исчезнати лица, осакатени морнари, но за секој експеримент е предвидена и колатерала. Двата со ист назив именувани проекти беше предвидено да се движат по иста траекторија, бродовите беа во магла, како и нивните капетани, се наѕираа контури, исчезнуваа и се враќаа за на крајот од експериментот да се појави уништен неупотреблив брод со преполовен налудничав екипаж. Нешто на што наликува денес ВМРО, четири години по владеењето на политичкиот дилетант Мицкоски.

Реализацијата на проектот, нео-врховистите, го проектираа низ повеќе етапи на дејствување и реализација.

Најпрво требаше да се сруши личниот авторитет и интегритет на Груевски, за да може, ѕвездата во најава, Заев, да победи на парламентарните избори. Се сеќавате на оние „илјада мали ножиња“ кои Груевски ги чувствуваше на грбот? Не беа илјада, туку точно 23 колку што беше бројот на заговорници, исто како и бројот на убоди кога го убија Цезар. Сега, верувам јасно ви е кој ги опструираше во реализација проектите на Груевски. Самиот Груевски многу доцна разбра за овој проект и не му остануваше ништо друго, откако разбра кои се заговорниците - неговите најблиски соработници, одлучи решително онака искрено да зборува по митинзите за тоа што ја чека Македонија. Крајот негов беше проектиран да наликува како и одстранувањето на Тодор Александров во 1924 г., класично за нео-врховистите да се навраќаат во историјата во потрага на задоволување на театралноста и егзибиционизмот врховистички. Но, дали мудроста или некои „црни лебеди“ му подшепнаа, Груевски успеа да ја избегне замката која Тодора го чинеше глава.

Поради одбегнување на било какви непредвидливи проблеми во реализацијата на првата етапа од проектот „интронизација на Заев за владетел“, заговорниците решија освен рушењето на Груевски да се стигматизира и членството на ВМРО. Поради ова, нео-врховистите во соработка со СДС и одредени странски центри на моќ, повторно ја вратија на репертоар старата театарска трагедија „Вартоломејска ноќ“, но за да не се сетат актерите и публиката со променет наслов ***„Настаните од 27-ми Април“***.

**По првата „Вартоломејска ноќ“ од 1924 г., крвавото Коледе од 1945 г. или втората „Вартоломејска ноќ“ следуваше третата „Вартоломејска**

**ноќ“ како национална катастрофа на Македонскиот народ. Последиците се ужасни!!!**

Следните етапи беа лесни за реализација, веќе претходно го промовираа „корисниот идиот“, како меѓу себе конспираторите го нарекуваа политичкиот дилетант Мицкоски, во генерален секретар, па покрај депримираниот Груевски не беше тешко на тронот да се постави послушникот оксиморон (чиј профил, заговорниците, претходно добро го проучија, за да не ја загадувам менталната хигиена на читателите нема да ги спомнам сите психо-патологии кои беа утврдени кај „идиотот“ Мицкоски). Следуваше брзопотезно губење, поточно дебакл, на локалните избори во 2017, а од аспект на заговорниците лесно реализирана задача.

Така започна проектот, со Мицкоски како фронтмен (марионета) во ВМРО-ДПМНЕ, а во позадина прикриени останаа нео-врховистите додека марионетата беспоговорно ги извршуваше добиените задачи. До толку сакаше да ја покаже својата лојалност, од страв да не згреши и по сугестија на заговорниците, побара официјално обезбедување од МВР. Така нео-врховистите и Заев имаа целосно 24 часовно (real time) покривање на Мицкоски.

Потоа дојде еден тежок период за шарлатанот Мицкоски, или пак можеби само нам така ни изгледа, мораше да најде начин за да го амортизира членството по однос на реакциите за срамните и понижувачки договори кои ги осмисли македономрзецот Заев. Овде веќе тргна по стапките на поискусниот шарлатан Заев, па се колнеше, клекнуваше, дигаше раце, правеше пирувети и што ли се не направи, но успеа успешно да ја реши задачата поради која и го одбраа нео-врховистите.

Врвот на оваа игра на нашиот медиокритет Мицкоски беше референдумот, овде веќе дојде до прилично голема криза на неговиот „вештачки интелект“ па Мицика наш падна во депресија. Бидејќи, Господ не му беше дал машко срце ниту пак, по нашки, ташаци меѓу нозете, спасот од тоа да се бори и излезе на мегдан (како што му беше сугерирано од многу странски амбасади) го виде во наметнатото од нео-врховистите решение „БОЈКОТИРАМ“, за Мицика „кец на десетка“. Во оваа ситуација се виде раскошниот талент за манипулација на Мицика како и подготвените „решенија“ на нео-врховистите за сите проблеми на Македонскиот народ.

Поставувањето на сцена, кастингот и режијата на едночинката „Губење на Претседателските избори“ за Мицика беше веќе лесен залак, доволно изверзиран во своите манипулации без трошка на скрупули ја изрежира феноменално. На кастингот за главна улога победи, а кој друг ако не „тета јога“(од народот наречена Баба Рога), личност која органски не може да го поднесе ВМРО, заколнат комунист, без никаков политички авторитет. Но, со еден силен аргумент - сигурен губитник, па макар од другата страна на „барикадите“ била и една така опскурна личност каков што е Пендаровски.

Во режијата за губење на парламентарните избори Мицика веќе, освен од нео-врховистите, беше подржан и од неговите најблиски соработници. И ним почна да им се допаѓа неговата игра, идеали се идеали ама, сепак, пари се пари. Овде по налог на заговорниците се послужија со стратегија прво раздор

мегу членовите, потоа со пуштање на јавни поговарања дека Мицика средил се, со секого, а пред се со „меѓународниот фактор“, подигање на рејтингот на Мици и за крај целосна амортизација на членството односно „минирање“ на кампањата на терен. Политичките дилетанти, шарлатани и опортунисти на кои личниот интерес им е пред се, успеаја и оваа фаза „успешно“ да ја поминат.

Следуваат локалните избори, како претпоследна фаза од „Проект Филаделфија“, но овој пат договорот (продажбата) го постигнавте, секако со посредство на нео-врховистите, навремено, па така може во мир да си уживате. Предметот на договорот е многу лесен за исполнување од страна на инфантилниот Заев, неколку вонредни помилувања, некоја ослободителна пресуда, прекин на неколку притвори, преиначување на активни притвори во домашни,...да не заборавам неколку милиони за Мицика.

Но, овој пат Мицика си се надминал себе си, ептен како белосветските бандити и наркотрафиканти си побарал исплата во „БИТКОИН“. Така Мицковски ќе остане забележан во аналите на светската политичка историографија како единствен опозиционер кој со помош на власта станал олигарх.

Проектот донесување на Мицкоски за прв човек на ВМРО-ДПМНЕ е втор таков заговор во историјата на ВМРО, првиот е кога Врховниот комитет (врховистите) го поставуваат Иван Гарванов, во Јануари 1903 г., за претседател на ВМРО, исто како и Мицика нивен, професор од областа на природните науки. Од крвавите рани кои ги создаде Гарванов, „благодарение“ на несоодветните политики по сугестија на врховистите, со губење на плеада најхрабри и највера синови на Македонија, на ВМРО му требаа 20 години за да се соземе.

После Мицкоски не знам колку време ќе му биде потребно на ВМРО-ДПМНЕ да го надмине овој подол удар на нео-врховистите. Одговорот на ова прашање, како искра надеж, е во тоа што членството многу бргу „намириса“ дека се не е така чисто кај Мицкоски, па така ако првиот беше „ВОЈВОДАТА“, вториот „ПРЕТСЕДАТЕЛОТ“, овој остана кај членството на ниво на жалосно малоумно детенце наречено – „МИЦИКА/МИЦИ/МИЦКО“.

Очигледно, авторитет не е лесно да се наметне, особено кога го темелиш врз функцијата која е минлива, наместо врз своите интелектуални капацитети и личен авторитет, посебно кога не ги поседуваш. Насилието кое го спроведува Мицкоски подржано и проектирано од заговорниците (нео-врховисти), а со цел да го осигура владеењето на Заев и групата малоумници македономрзци околу Црпнатиот, кај граѓаните на Македонија веќе се толкува како најдолна-најмизерна политичка фарса.

Тоа што не го знаеш Мици, а те копка да дознаеш е: „Која е последната фаза на Проектот Филаделфија“?

Доколку навистина студираше и ги полагаше испитите наместо твојот татко, и создаваше свои дипломи наместо што ги превземаше неговите, ќе го научеше „Првиот закон на термодинамиката“.

Така денес ќе ти беше лесно да ја решиш равенката „колку сила, енергија и време е потребно за да едно тело, во слободен пад, премине од

небесните височини на Пантеонот во  земските длабочини на Пеколот, а при тоа да не ги допре Дантеовите девет круга“.

EPPUR SI MUOVE!!!

Во тринаесеттата недела по Педесетница (на денот на Св.мч.Евдоксиј)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

**Весела математика**

*Фарсата на Македонската политичка сцена*
*продолжува со истите флоскули,*
*без прифаќање на одговорност и*
*со тенденција и по изборите да остане состојбата*
*status quo*

Започна официјалната предизборна кампања и како што е редот да напишам некоја реченица токму за веселите математики кои во последниве недели преку разни ликови и медиуми кружат низ јавноста. Целта на овие весели математики или кој колку општини (веројатно градоначалнички места), колку советници или колку вкупно гласови на изборите ќе освои е подготовка на Македонските граѓани без изненадување да ги дочекаат резултатите за кои веќе ви напишав дека се договорени однапред. Ние само треба да го изгледаме театарот и во него да учествуваме како аморфна маса на која ќе и се наметне решението и преку нас да биде „демократски" потврдена „волјата на народот". Затоа и сметам дека и по изборите нема да има промени на политичката сцена, барем не тектонски, односно паѓање на владата на Црпко-33ти и криминалното здружение СДС+ДУИ и дека ќе продолжи status quo состојбата за Македонија или тенденцијата за тонење и внатрешно пропаѓање на државата.

Со оглед на видливите тенденции и однапред (од пред неколку недели) поставените прашања до Црпнатиот и Мицкоски на кои секако не добив одговор, а и нема да добијам одговор, некои работи се видливи од вселената и секако јас само ќе ги коментирам и анализирам пред вас, целата Македонска нација. Кон ова моја констатација, аргумент плус е покажаното и прикажаното на таканаречениот „дуел за иднината", а всушност театар со невешти глумци кои дури и на последното и секако најквалитетно прашање на водителот не сакаа – избегнаа да одговорат. Токму овој нивен „одговор" е доволен индикатор да заклучиме дека и по локалните избори, како и да завршат тие (а секако мора да има победник и губитник) ниту еден од двајцата актери нема да ослободи политички простор, а со тоа се потврдува тезата дека се ќе остане како што е. Тоа значи дека овие двајца се поддржуваат меѓусебно, а на штета на сите нас, на Македонија и на нашата иднина.

Како резултат на овој заклучок дека се ќе биде исто на Македонската политичка сцена и после изборите се поставува едно логично прашање: „Зошто да одиме на избори и гласаме?" Токму така, зошто да одиме на избори кога нивниот договор е насочен кон непромена на утврдената актуелна состојба, а нели целта е да се направат промени на политичката сцена и да се даде нов и поквалитетен импулс за нормализација на состојбите во Македонија и нивно подобрување на сите полиња.

Сега да фрлиме еден поглед на тоа што би можеле да го очекуваме на изборите.

На почетокот ќе кажам дека очекувам мала излезност, односно едвај да се помине цензусот од 33% за да бидат изборите успешни, а во рамките на тие 33% или малку повеќе излезност очекувам голем број на неважечки ливчиња.

Ова појава со сигурност ќе биде силен индикатор за довербата на граѓаните кон политичките партии, државата и институциите, како и за нивните очекувања од политичките партии и ветувањата кои ќе ги дадат. Секако, тоа е и индикатор на револт кај граѓаните, но пред се една ваква состојба би значела и нелегитимност на владеење на оние кои ќе бидат „избрани“ за градоначалници и советници, бидејќи истите во пракса би владееле со помалку од 16% доверба од граѓаните на своите општини. Најповеќе тоа би бил показател за нелегитимност на владеењето на криминалното здружение СДС+ДУИ без разлика колку општини ќе освојат, но ниту ВМРО-ДПМНЕ нема да биде подалеку од оваа констатација со победа од 16%, односно од констатацијата дека и на ВМРО-ДПМНЕ граѓаните не му веруваат во огромен пресуден процент.

Прво, треба да ни е јасно дека Црпнатиот се ќе стори за да може криминалната коалиција СДС+ДУИ да прогласи победа или да има повеќе од 41 општина плус градот Скопје, а со тоа и поголем број вкупно освоени гласови (веројатно по таа логика ќе ги бројат гласовите добиени за градоначалници) што е нивна весела математика за да се надополнат со ДУИ и прикажат поголем број на вкупно освоени гласови. Ова е логично очекување, бидејќи доколку бројат секој за себе на освоени гласови на советничките листи за очекување е да имаат помал скор.

Второ, токму ВМРО-ДПМНЕ ќе се обиде спротивно на веселата математика на криминалното СДС да направи своја весела математика. Имено, помалиот број освоени градоначалнички места отколку СДС+ДУИ да го прикаже како победа затоа што за очекување е да вкупниот број опозициски гласови биде поголем од оној на власта и секако се што ќе се освои повеќе од пет градоначалнички места за ВМРО-ДПМНЕ ќе биде весела математика дека е победа. Тука малку не ми е јасно дали раководството на ВМРО-ДПМНЕ прави разлика помеѓу раст и победа, бидејќи победа е освојување на 41 општина и градот Скопје или едноставно само ќе се занимаваме со весела математика заради подоцнежно политичко манипулирање со јавноста за тоа кој е победник на изборите, а во основа целна група за манипулација ќе бидат членовите на партијата заради претстојните внатре партиски избори на конгресот во Ноември. Тоа е токму она што го кажав и на почетокот, а со цел да остане непроменета политичката состојба во Македонија.

Со цел да ја утврдиме вистината и да добиеме целосна слика за политичката позиционираност и ставовите на криминалното здружение СДС и спаринг партнерот (барем во овој момент) ВМРО-ДПМНЕ, пред неколку недели во една моја колумна поставив прашања до Црпко и Мицкоски. Но, како што можеше да се претпостави никогаш и не се добија одговорите кои се насушно потребни. Истото му се случи и на водителот Гоце Михајловски. На еден перфиден и тривијален начин се избегна одговор на клучното прашање на кое овие двајца (Мурто и Курто) треба да одговорат пред Македонските граѓани, а тоа е: „Што може да очекуваме од нив лично токму во иднината, а како резултат на изборната победа или пораз“?

Одтука, тврдам дека се ќе си остане исто, во нивниот договор Црпнатиот треба да остане на власт и најтрагично е што на тој начин ќе си ги легитимизира своите „политики“, а другиот (кои се отповикува на Мицкоски)

треба да се спаси на претстојниот внатрепартиски конгрес и да остане на чело на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа е заедничката цел за да можат и понатаму да функционираат партнерски, а повремено во јавноста да глумат дека се во конфликт, а крајната цел е Црпнатиот да стане претседател на Македонија (на неговата северна), но тоа може единствено со помош на ВМРО-ДПМНЕ односно додека на чело на партијата е Мицкоски. Мицкоски пак, како награда (заедно со дел од раководството) очекува да биде премиер откако Црпнатиот ќе стане претседател на државата. Е ова се вика „не умри магаре до зелена трева“. Никако да разберат, посебно не разбираат двајца од членовите на коалицијата ЗМ+М дека Црпнатиот лаже па суши, лаже штом зине и дека како што веќе им напишав: „секој што со Заев се договарал бил не само излажан, туку и настрадал (да не употребам друг синоним)“.

Но, веројатно имаат добра причина да го прават тоа, односно да се договараат со Црпко, да му веруваат и да се надеваат дека „на овнот ќе му паднат ташаците“, односно дека Црпе ќе си ги исполни ветувањата.

Еве го пред вас драги мои сограѓани (и сопартијци секако, посебно вие) одговорот на прашањето: „Што по изборите“?, а особено појаснување на некои очекувања дека по овие локални избори незадржливо, брзо и сигурно ќе падне криминалното СДС+ДУИ, односно Заев.

По овие избори, се ќе си остане исто, само што ќе се води битка за политички опстанок и преживување на Мицкоски на чело на ВМРО-ДПМНЕ и со тоа ќе се занимаваме до крајот на годината. Односно ќе имаме продолжена внатрепартиска нестабилност ираслојување во ВМРО-ДПМНЕ, а што исклучиво и само на Црпнатиот и криминалното СДС ќе им биде од полза. За тоа дека полза од таа состојба ќе имаат и некои од раководството на ВМРО-ДПМНЕ како и некои други актери и опскурни личности на Македонската политичка сцена нема да зборувам сега. Тоа ќе го анализираме по изборите. А, доколку се прашувате за тоа што ќе прават нашите партнери од НАТО и ЕУ (или амбасадите), не се прашувајте. Тие само ќе го гледаат театарот не очекувајќи ништо, бидејќи им е се јасно во однос на криминалот и корупцијата и непостоењето политики во интерес на Македонија, туку егзистирањето на политикантство и лични лукративни интереси.

До следните избори или промени на политичката сцена во Македонија ќе си го гледаме овој театар во кој ние ќе бидеме само неми статисти. За наша жал.

Во четиринаесеттата недела по Педесетница (на денот на Св.свештономаченик Корнелиј)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

## Пораки и појави

*„Оној кој знае да ласка, знае и да клевети“*
*Наполеон Бонапарта*

Оваа сентенца на Бонапарта во многу ја отсликува состојбата внатре во Македонските политички партии. Во основа се сѐ сведува на ласкања и клеветење, а најмалку на следење на појавите нивните тенденции и пораките кои ни ги пренесуваат.

Пораките и појавите, вообичаено доаѓаат од некои центар или центри на моќ, кои се појавува во Македонската јавност преку некоја личност која ни ги пренесува. На нас е само да умееме да ги прочитаме, но како и вообичаено тешко ни оди, при што како по стара добра навика развиваме разни теории на заговор, а во основа се е јасно и многу видливо.

Појавувањето на Црвенковски на настан во МАНУ, во негов манир и самоуверено е токму нарачано политичко појавување во јавноста. Според дадени насоки, а врз основ на процена на политичката состојба на политичката сцена во Македонија, особено на лидерствата на политичките партии, за очекување беше дека Црвенковски ќе се појави. Беше потребно само да се следат појавите во изминатиот период. Во претходните колумни ви пишував за тоа дека многу ми личи на вмешаност на БЦ во некои состојби и потези во ВМРО-ДПМНЕ, а по ова јавно појавување видлива е насоката за негово замешување, но и пораката која треба да ја пренесе кон СДС и Заев. Уште доколку ги знаете политичките линкови на Црвенковски и менторствата кои во периодот на неговото претседателствување и претходно ги доби и создаде со големи центри на моќ, тогаш станува јасно кој го активира Црвенковски и со каква цел.

Во меѓувреме во посета на Македонија дојде и Ван дер Лајен, високиот претставник (претседател) на Европската комисија (ниво на премиер на ЕУ). Резултатот на нејзиното појавување е повторно пренесување на пораки, но сега од Брисел. И повторно, да не си мислиме дека пораките не се координирани со други центри на моќ. За наша жал од оваа појавување во јавноста се пласираше само информацијата дека постои можност за Македонските државјани повторно да се воведат визи за патување во земјите на ЕУ. Кои се причините за ова воведување на визи или кој е виновникот поради кого ние граѓаните ја добивме ова порака не слушнавме ниту збор. Но, доколку правилно ја разбереме пораката тогаш ќе треба да размислиме и за нашиот однос на локалните избори.

Секако, за наша жал и БЦ не кажа ниту збор за конкретните виновници, а многу добро ги знае, дури и комуницира со нив. Во пракса немаме теорија на заговор туку едноставни пораки и до Заев и до Мицкоски, односно до раководствата на криминалното здружение СДС и неахикатното ВМРО-ДПМНЕ, но и до сите нас. Тие пораки не случајно се испратени преку БЦ, бидејќи тој според информациите кои доаѓаат до мене има комуникација и со двајцата (Мицкоски и Заев), но очигледно дека центрите на моќ немаат проценка дека овие двајца повеќе имаат вредност на политичката сцена во

Македонија, туку се зрели за заминување. Впрочем тоа им го покажа и Ван дер Лајен, на Заев со пораката за визите, а всушност заради корупција и криминализираност на власта (СДС+ДУИ), а на Мицкоски со избегнување на средба со него што е исто така силна порака која во медиумите и од страна на ВМРО-ДПМНЕ беше избегната. На двајцата, токму на почетокот на изборната кампања им покажа каде им е местото, а нам ни испрати недвосмислена порака.

Сега останува тие самите да разберат дека го потрошија сето време кое им беше на располагање. Ги слушаа тие што им ласкаа и клеветаа (посебно Мицкоски, Заев дојде со мисија за крадење), при тоа дел од раководството на ВМРО-ДПМНЕ надевајќи се дека Заев сам од себе ќе падне, како резултат на политичкото слепило, поради што му ласкаа на Мицкоски и клеветеа, па затоа немаа потреба да го шират кругот, анимираат членството, соодветно вклучуваат во активности и ги мобилизираат Македонските граѓани против власта на криминалното СДС. Со ваквото однесување, Мицкоски испрати јасна порака до центрите на моќ, дека нема абер да го руши Заев, туку дека има намера да биде спотер сместен удобно во „конфор зона". Доколку не верувате видете што се случува на терен, затоа и напишав дека очекувам status quo на Македонската политичка сцена по изборите.

Очигледно е дека центрите на моќ ја прозреа играта на тандемот и за таа цел започнаа со употреба на пораки и појави кои треба да најават нивна смена. Колку и да на прв поглед изгледа чудно и некомпатибилно, сосема е јасна улогата на БЦ и неговото појавување во МАНУ. Дури и неговите контакти со Мицкоски по кои не излегол воодушевен туку со заклучок дека Мицкоски директно соработува со Заев и нема намера да го урива, резултираа со негово вмешување во некои изборни решенија во ВМРО-ДПМНЕ, но не за да партијата биде успешна, туку напротив, за да го демистифицира (а како да е мистерија божем) Мицкоски уште повеќе и по изгубените локални избори да го доведат во состојба да мора да се повлече од функцијата. Нешто слично како и во однос на СДС и Заев, само што тука со директен напад кон нив да ги дорастури и доразобличи пред членството на СДС и јавноста како корумпирана и криминална власт која згора на се е и антинационална.

Знам дека мнозина од вас ќе си поставаат прашање: „Зошто токму преку појавата на овие лица се испраќаат пораките"? Одговорот е дека веројатно центрите на моќ во овој момент немаат посоодветни лица кои со својата појава ќе ги испратат пораките. Сигурно не се работи за нивна промоција, рехабилитација, враќање на политичката сцена и слично, се работи за едноставно пренесување порака до политичките лидерства и до Македонските граѓани.

Тоа е токму постапка за репрограмирање на Македонија. Таа постапка започнува токму со изборите. Односно, центрите на моќ утврдиле дека нефункционалната држава Македонија неможат да ја направат функционална ниту криминалното здружение СДС со Заев, ниту неспособното и инфантилно раководство на ВМРО-ДПМНЕ со Мицкоски. Одтука, утврдена е неопходноста од промена на политичките лидерства на Македонската политичка сцена и за тоа се испраќаат пораки и појави. Кој умее да ги види ќе ги види, дури ќе види

и кој е прв за смена од двајцата промашени „лидерски“ ликови за да потоа може да биде тргнат и накажан и вториот.

Затоа ќе имаме уште многу појави и пораки се додека не се заврши постапката, и да не мислиме дека центрите на моќ не гледаат како се одвива политичкиот театар во Македонија и дека локалните „играчи“ се обидуваат да направат скриена политичка игра, да ги избегнат промените или да подметнат некој сопствен корисен идиот како можно решение.

Пред се, многу ќе се мери, премерува и оценува пред да се испратат крајните пораки и да се потврдат со јавна појава, не со муабет на кој сме навикнати „еден фиљан човек, на едно место, во едно време ми кажа“. Нема да има фиљан човек, а нема да има ниту ласкање, како ниту клеветење.

Тоа време завршува.

Во петнаесеттата недела по Педесетница (на денот на Соборот на сите Македонски светители)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

**Записи од мртвиот дом**

*Да живее 11-ти Октомври!*
*Да живее денот на Републиката!*
*Да живее денот на востанието!*

Вака некако, колку и на многумина да им звучи патетично, сакав да ја започнам денешната колумна. Во годините минати, на овој ден задолжително во училиштата, на часот по Македонски јазик, се работеше писмена работа на тема „Роденденот на Републиката". Не станува збор за деклинизам и гледање на минатото со „розеви очила", туку навистина за најголемиот ден од Македонската историја. Зошто најголем, покрај двата Илиндени и 8-ми Септември ќе прашате? Тоа е денот кој го обележува почетокот на крајот во исполнувањето на вековниот копнеж на Македонскиот народ, создавање на Македонска држава, затварање на „казусот" Македонски народ и почеток на создавањето на Македонска нација. Јас до неодамна мислев дека тој почеток на 11-ти Октомври 1941 година заврши на 2-ри Август 1944 година, но...

Но, прашањето е како да напишеш колумна, па макар и за најсветлиот ден на Македонската нација, а да не прозвучи како дел од Достоевските „Записи од Мртвиот дом". Идентификацијата на Нас, заточениците балкански, со достоевскините затвореници од сибирските затвори е до толку очебијна што навираат солзи во очите. Сите „вредности" кои Достоевски ги опишува, како вредности на затвореници, криминалци, убијци, политички затвореници и по некој невино залутан во затворските катакомби на ладниот Сибир, се нашата реалност. „Мртвата куќа" на Достоевски, како и Македонија, е исполнета од различни луѓе, различни националности, вероисповед, обичаи, општествени слоеви, кои ги спојува една иста мака да го споделуваат „животот каков никаде нема". Како да напишеш колумна за македонските дневно политички работи, а да не допреш до филозовските погледи на Достоевски и неговиот „Мртов дом" за злосторството, моралот, совеста, страдањето, слободата, соништата, жртвите и џелатите, зло и добро, наше македонско секојдневие.

Всушност сакав да Ви глаголам за предходниците на „11-ти Октомври", со ракатка настани и собитија позајмени од подрумот, окован во прашина и пајажини, на чија влезна врата со избледени букви стои напишано *„македонска историографија"*. Сакав да Ви посочам дека треба да сме горди што сме дел од Македонската нација. Бришејќи ја прашината од настаните и личностите кои доведоа до утрешниот ден, се замислив од каде да започнам. Дали можеби од вчерашниот ден, 9-ти октомври 1934г., кога еден идеалист, кој, стоејќи над пепелиштето од село Патрик, крикна: „од денес до *„Слободна Македонија"* ќе се нарекувам Черноземски". Идеалистот, кој ненајавено влета во драмолетката напишана од Големите сили, чии истрели на марсејските улици ги наговестија идните случувања на „Големата шаховска табла". Не беа тие истрели единствени, нашата историја ако со нешто обилува тоа се секако мирисот на барутот од истрели и разни други пиротехнички средства и тоа што од враговите врз нас, а што од самите нас врз нас. Претходно беа истрелите во „Бург театар"-Виена, Прага, Милано, Софија, Горна Џумаја, Пирин, Скопје,

Штип, Битола ..... Можеби треба да започнам од 16-ти век и „Прогласот за заштита на МАКЕДОНЦИТЕ“ од страна на австрискиот цар Леополд Први по Карпошевото востание. Но, тоа би одзело многу простор, а еднаш веќе ја допрев оваа историска вистина во една моја колумна. За да соодветно го осветлиме „крајаголниот камен“ - „11-ти Октомври“, потребно е да го прикажеме фундаментот на кој тој се постави не навлегувајќи многу назад во историјата, тоа ќе го оставиме на историчарите вгнездени во т.н. „Комисија за преговори“ кои се обидуваат да ги скршат нашите историски јајца за да направат политички договор со Бугарија.
„Автономна држава на Македонскиот народ и другите националности, кои живеат во нејзините граници: Турци, Арнаути, Грци, Власи, Цигани и др. под врховен суверинитет на Неговото Величество Султанот и под покровителство на европските Велики Држави“. Овој цитат е член 2 од Уставот на Привремената Влада на Македонија, оформен во 1880 година. Во контекст на член 23 од Берлинскиот договор и можноста истиот да се примени и на Македонија, македонските интелектуалци во 1879 год. ја создаваат „Македонска лига“, која го подготвила Уставот за идното државно уредување на Македонија. Уставот бил составен од Преамбула и 103 члена поделени во 15 области. „Македонската лига“ ја формира и Привремената Македонска Влада во 1880 година, која на 23 март 1881 година доставила Манифест до сите дипломатски претставници во Турција, во кој меѓу другото се вели „ туѓи народи сакаат да ги заземат Македонските земји и уништат Македонскиот народ, а Македонскиот народ повикува под единствено знаме на обединета и единствена Македонија“.

Пропаста на овој проект е вовед во најсветлата епопеја на Македонскиот народ. Прво, препознавајќи „од каде дува ветерот“, во март 1893 год.во Солун е создадена Македонската масонска ложа „Македонска лоза“, под патронат на Францускиот Ориент. Можеби сега на многумина ќе им биде јасно од каде е ритуалот на зачленување во ВМРО со прекрстени кама и револвер на отворената Библија. Во октомври 1893 год. се создава ВМРО, но предходно се настаните кои се синоним за алтруизам и саможртва за идеалот слободен Македонски народ – Солунските атентатори. Она што малкумина го знаат, многумина го ставаат во доменот на Македонската апокрифна историја, е организирањето и учеството на Борис Сарафов во оваа тајна акција. Имено Сарафов, кој важел за голем заводник, ги обидувал европските царски дворови и со манири на аристократ имал голем успех кај наследничките на царските тронови. Далеку од тоа дека имал сериозни љубовни намери, срцето му било веќе освоено од една убава Македонка, но аристократите европски му плаќале големи пари за да ги остави намира нивните ќерки. Сите пари собрани од европските „спонзори“, околу 10 илјади златници, Сарафов ги дал на Гемиџиите за да ги реализираат атентатите. За да ја зачува тајноста на заговорот Сарафов пред организацијата тврдел дека парите ги потрошил на неморал лесен живот, жени, забави, коцка поради што долго време бил анатемисан од организацијата. Но, врв на алтруизмот, кој е синоним за Македонската борба, е она што го осмислуваат Гемиџиите. Имено, Кирков и другарите, пред да ги реализираат атентатите, земаат животни осигурувања во висина на 10 илјади

златници а за ополномоштен на нивните животни полиси е Борис Сарафов, на тој начин ги враќаат парите на организацијата. Нешто невидено во светската историја.

За „Илинденската епопеја" и „Манифестот" толку многу страници се изнапишаа во разни контексти што веќе е мачно да се преповторуваат фактите за „Крушевската Република". Можеби треба од стратегиски аспект да се протолкува зошто Крушево, таа прва „оф-шор" зона на Балканот, била одбрана за „плац дарм" на случувањата, но за тоа во друга прилика.

До 11-ти Октомври „темелите" продолжуваат да се полнат со жртви производ на идеалот „Независна Македонија". „Магарешките атентати", клањата во село Гарван, Загоричани, крвавиот поход на Јаја ага..... но, пред се братоубиствените Балкански војни во кои на три различни страни жртви се Македонците припадници на различни војски, феноменално насликани од Петре М. Андреевски во „Пиреј". Балканските војни целосно се водат на територијата на Македонија и со цел освојување на територијата на Македонија, но од страна на „историчарите", за да се задскрие вистината, се премолчува овој факт и упорно се наметнува терминот „Балкански војни". Но, и овде има еден факт, запишан од независните истражувачи од „Карнегиевата анкетна комисија", кој на многумина им смета па го ретушираат. „ Бугарскиот двор се уплаши дека Македонците сами ќе ја ослободат Македонија, па во круцијалниот момент ја повлече „11-тата пешадиска доброволечка Македонска дивизија" и ја испрати, без никакви причини на Деде Агач, поради што Бугарија ја изгуби војната.

Борбата на Македонската млада интелигенција заврши со познатите „Скопски студентски процеси", на 15-ти ноември 1927г., на членовите на ММТРО Ѓузелов, Шопов, Чкатров, Гичев, Андреев, Светиев и другите. Фарсата судски процес ја нарушува адвокатот на обвинетите, младиот хрватски адвокат, која со мотор од Загреб во невидено лоши временски услови вози 24 часа и пристигнува на судењето закажано за 5,6,7 и 8 декември 1927 год, Анте Павелиќ. Имено, неговиот завршен збор силно одекнува кај меѓународната јавност, како и „Писмото на Македонските мајки" подржано од највидните светски личности од тој период. Во своето завршно обраќање тој вели: „Македонија постои, таа не е непозната. За нејното ослободување, во време на турскиот режим, се борело целото население. Цел свет на таа борба гледаше со симпатии. Во 1912 год. Македонија беше разделена, но борбата за нејзино ослободување не престана.....Пуштете ги овие млади луѓе, тие се неопходни на својата родина и на својот народ". Како ќе напише Ѓузелов „Македонија стана вистинска земја на маченици, долина на плачот, на страдалници, вистински пекол и гробница на своите синови" ден-денес ништо не е поразлично.

„Македонскиот јазол" како го нарече Ханс Лотар Штепан, не постои, освен во главите на денешната политичка братија, и не е потребно никакво негово сечење доволно е да се следат фактите. А, на „нашите" претставници во апсурдните разговори, за македонската историја, со Бугарија да им посочам, знам дека се обидувате да ја следите максимата „за секој политички меѓудржавен договор потребно е да се скршат неколку историски јајца" но, не

и целата „кајганата од историски јајца“, да биде направена од Македонската историска вистина.

Знам драги пријатели дека во колумната спомнав многу анатемисани имиња од Македонската историографија, застапник сум на тезата да се почитува основното правило на херменеутиката - „Тота скриптура“, односно нештата треба да се гледаат во контекст на се напишано или во нашиот случај на целокупната историографија.

Во овој контекст, за крај, ќе го цитирам Александар Грличков „Националното помирување, тоа може и мора да се случи и тоа пред се во нашата историја. Во неа треба да ги внесеме сите и со тоа да ги сфатиме сите т.н. контроверзни личности како наши луѓе, како Македонци во својата историја, значи и како нејзини протагонисти со сите нивни величини и во неа да ги сместиме и приближиме нив едните кон другите. Ако тоа го направиме, тогаш, навистина ќе се случи т.н. наше национално историско помирување и тоа навистина добива смисол“.

Само на овој начин крајаголниот камен „11-ти Октомври“ ќе добие темели на кој ќе биде поставен и „навистина добива смисол“.

Во шеснаесеттата недела по Педесетница (на денот на Св.маченик Калистрат)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

**Оптимистичка теорија за мојот народ**

Чудни се патиштата божји, она што започна како веќе видена драмолетка, на нашата политичка сцена, заврши како врвен трилер со примеси на хорор, чиниш самиот Хичкок го режирал. Вечерта на 17-ти Октомври многумина политичари, од нашата прокси политичка сцена на која сите случувања во односот позиција-опозиција се креирани до најситен детал, останаа со отворена уста кога ги слушнаа резултатите. До толку беа изненадени што „победниците“ не можеа ниту, како би рекле, поштено да се изнарадуваат. Во таа ноќ за славење, огномети и фанфари, се видоа и некои не баш многу весели ликови, ајде за губитниците ми е јасно, но зошто тоа го видовме и кај оние, кои по природа на нештата требаше да бидат со озарени лица.

*Што се случи?*

Наспроти сите мудри политичари, политички аналитичари, социолози, политиколози, кои на јавните настапи по сите медиуми ги анализираа резултатите од локалните избори, и притоа со многу мака се обидуваа резултатите од изборите, како во „Прокрустова постела“, да ги вгнездат во политиките на политичките партии, моето скромно мислење е дека станува збор за нешто сосема друго. Впрочем, бледата, неинвентивна, безидејна, невидлива, патетична кампања, која се движеше по договорена траекторија, да се внимава и пред јавноста да не се покажува грдото лице на политикантите, со јавно изложување на нечистите алишта, никако не можеше да предизвика ваков завршеток. Потврда за игнорирањето на политичките партии од страна на електоратот беше слабата, скоро никаква, посетеност на партиските митинзи, секако тоа го потврди и процентот на излезеност со само 48% и тоа замислете на локални избори во кои директно се вклучени десет илјади кандидати за градоначалници и советници од сите политички и општествени провиниенции. Но, како што кажав, поентата не е да се препелкаме во резултатите туку да позборуваме за нешто друго.

Од изветвената политичка флоскула „народот си го кажа своето“, ќе го превземам делот за „мудроста народна“. Имено, **суверенот**, по долгогодишниот политички воајеризам, реши да се вмеша и сам ги креира процесите кои директно го засегнуваат неговото политичко и општествено битисување. Токму во моментот кога почнав да размислувам, со не мала доза на резигнираност, дека народецот наш целосно го оковал „Стокхолмскиот синдром“, односно целосна идентификација со агресорот, поробителот, киднаперот, узурпаторот, тој, како „Феникс“, се појави во сета своја раскошна убавина и грандизност.

**Суверенот** покажа дека знае да размислува и сам да ја креира својата иднина, мислам само иднина, бидејќи невозможно е иднината да ја определуваш како нова, тогаш која е и каква е таа стара иднина (оксиморонски израз која не е предмет на оваа колумна), иднината е една и единствена. Во оваа прилика **суверенот** ги изненади сите, реагираше навистина мудро и прилично невообичаено, тој ја виде никаквата понуда на политичкиот пазар креирана од задкулисието на политичките дилетанти, па реши работите да ги земе во свои раце. Односно да ги казни оние кои го изнасилуваа во претходните пет години,

но, наспроти колоквијалното размислување, не ги награди другите туку реши да ја префрли одговорноста и да види како ќе реагираат другите и што можат да направат. Оваа реакција на **суверенот** ми даде за право со оптимизам да гледам на иднината на мојот народ, дал стара или нова, не е до толку важно.

Причина повеќе за заглавјето на оваа колумна, со надеж дека „теоријата" ќе стане пракса и секојдневие, односно **суверенот** цврсто ќе застане на тронот и повеќе нема да дозволува да го манипулираат со лажни ветувања.

Можеби најпластично оваа реакција на **суверенот** би можеле да ја прикажеме низ онаа старогрчка изрека „HIC RHODUS, HIC SALTA" („Овде е Родос, овде скокни" или парафразирано, појаснето, „покажи што умееш сега на лице место-тука"). Имено, **суверенот** го доведе лидерот на опозицијата, Мицкоски, во позиција на оној „Фалбаџија" од Езоповата басна, кој нели се фалеше дека на Родос скокал до невидени далечини, но само на Родос. По четиригодишното ветување дека ќе се спротивстави на навредите и омаловажувањата кои ги трпи Македонскиот народ, нема да го признае „Договорот од Нивици", како и распродажбата на Македонскиот идентитет проектиран низ „Договорот за добрососедство со Бугарија", досега позицијата на опозиција му овозможуваше во таа „борба" да користи несоодветни, би рекол пацифистички средства и методи со разни бојкоти и игнорирање на злокобните политики кои ги спроведуваше Заев, како и мижење и примолчување пред корупцијата и криминалиите на власта. Па така, **суверенот** се реши да види колку навистина „може да скокне" давајќи му прилика да ги реализира своите ветувања и да ја спаси Македонија од „црна Арапина" како некогаш „Црноризецот храбар" или „крал Марко" кој ли беше. Опозицијата на чело со Мицкоски доби од **суверенот** прилика да ја сруши власта, да направи парламентарно мнозинство или подобро да предизвика предвремени парламентарни избори и да ја превземе одговорноста за „новата" иднина на Македонија, која верувам е суштествено различна од онаа која ни ја проектираше власта. Верувам дека Мицкоски „математички прецизно" ја има утврдено „новата" иднина и дека тоа не е обична флоскула, проектирана за да се има некаков лозунг за изборите, па со стратегија „Механика 2" ќе ги реализира неговите заложби и ветувања. **Суверенот** беше јасен, сака да ја доживее „новата иднина" истовремено посочувајќи дека казната, доколку повторно биде изманипулиран, ќе следи многу бргу, нема да дозволи повеќе никој да си поигрува со него.

Со голема љубопитност ги очекувам следните политички потези на г-динот Мицкоски во однос на капитализација на победата, поточно неговиот одговор на „фрлената ракавица" од **суверенот**. До овој момент конформизмот на опозициското опстојување беше многу пријатен, но сега доаѓа моментот кога ќе мора да се покажат капацитетите на политичарот Мицкоски, за да го заслужи пиететот „учителот - даскалот", како милува да се нарекува. Односно, на јаве и во пракса ги покаже неговите заложби во однос на „ревизорите" на историската вистина за Македонскиот народ и неговото несогласување со навредливите договори за Македонскиот народ и нацијата. Конечно да излезе од кулоарското оговарање и да ја преземе одговорноста да ја води државата која **суверенот** му

ја дава. Јас би рекол - Исклучителна можност оваа есен да се претвори во **Македонска политичка пролет**!!!

Во оваа ситуација, непредвидена од никого, која ја создаде **суверенот** многумина се најдоа затекнати, па и самиот Мицкоски и неговите соработници. Простор за калкулантско одбегнување и измислување на разно-разни причини за неприфаќање на оваа вајлд кард од **суверенот**, не постои. Дојде време г-динот Мицкоски, по четиригодишно учење и неколкуте промашени обиди, да полага јавен испит за да го потврди своето политичко полнолетство, и тоа на најблагородната тема која може да се добие насловена како: „Спаси ја татковината“.

Еве, за да му помогнам, предлагам почеток на неговата дисертација да бидат зборовите на Гане Тодоровски: „Ој, Македонијо,/ колку ли уште ни треба/ за да те домакедончиме“.

За крај, по однос на мојот оптимизам за мудроста и иднината на мојот народ, на ум ми доаѓаат мудрите зборови на мојот Дедо Герасим кој ми велеше: „Внучко никогаш немој да си играш со свињи на крајот ќе излезеш каллив, но ... свињите тоа го обожаваат“!

А, Вие драги пријатели, во недела кога ќе застанете зад параванот, сетете се на старата секогаш актуелна Библиска поука: „не ги фрлајте бисерите пред свињите,...“!

*На сите граѓани на Македонија, на целата Македонска нација,*
*Ви го честитам денот на Македонската револуционерна борба,*
*борба која е генерациска и која никогаш нема да престане.*

Во осумнаесеттата недела по Педесетница (на денот на споменот на отците од седмиот Вселенски собор и Св.апостол Филип еден од седумте ѓакони)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

**Пранкери**

*Пранкер: шегобиец, личност која лажно се претставува.*

Карактеристики на пранкерите:

Сериозни лица со остар поглед, кои за најбаналните нешта (како одењето во нужник) зборуваат со најголема сериозност, мислиш ги поседуваат најголемите светски мудрости. За да ги реализираат своите настраности, пранкерите секогаш тежнеат да бидат предводници. Во реализација на својата цел не бираат средства, тоа го прават со лактање „газење преку луге", лигавење, подпишување на „Договор со Ѓаволот". Многу сакаат да бидат театрални да клечат пред аудиториумот и се колнат во најсветите нешта барајќи да ги следат, оптеретени да „влезат" во историјата, па макар и по зло, поради што кажуваат набрзина научени цитати, чија суштина и самите не ја разбираат, убедени дека говорат мудри работи по кои ќе бидат запаметени. Егоцентрични, искомплексирани со многу фрустрации пред кои и самиот Фројд би признал пораз.

Македонската колективна псевдомеморија ги памти Итар Пејо и Настрадин Оџа, како основоположници на „пранкерството". Обично пранкерите за цел земаат одредени личности препознатливи во општеството, а во исто време лица кои не се истакнуваат со особена интелигенција.

Нашите пранкери пак, своите лажовни вештини ги насочуваат кон своите следбеници и овде присутниот „дипломатскиот кор", но не пропуштаат, штом добијат прилика, да се мајтапат и со светските лидери. Но, за да бидеш на врвот на АТП листата на пранкерите, каде се наоѓаат сериозни типови како Хитлер, Сталин, Мусолини, Иди Амин, Хо Ши Мин, Бокасо..., кон што се стремат нашите пранкери, за волја на вистината многу бргу напредуваат кон височините на пранкерството, потребно е САМО да го **ЗАЕБЕШ СВОЈОТ НАРОД**.

Вообичаено, според некои непишани правила, пранкерите дејствуваат во пар или имаат некои скриени соработници во публиката, како најголемите илузионисти, кои прикриено, тивко ги подржуваат нивните мајтапења.

Во нашиот случај тоа е персона која е во целосна спротивност, по надворешен изглед, од нашиот **ХЕРОЈ.** Значителна висинска разлика со немирен преварантски поглед, постојано се кревели истакнувајки ги пожолтените заби „а отвори уста лажи суши", но заеднички именител им е опсесивната љубов кон парите и хедонизмот. Како и во сите вицови за добриот и лошиот полицаец така и овде двајцата имаат навежбана стратегија за делување, додуша различните улоги се плод и на различните општествени кругови во кои го учеле пранкерството. Додека едниот тоа го правел во високите академски сталежи, блеејќи во книгите додека родителите му ги обезбедувале академските звања, другиот тоа го правел по кванташките пазари низ Балканот и на полињата од френки, чушки и марихуана. Но, како и да е, факт е дека синхронот им е подесен до последна децимала. Впрочем последните случувања во **„ТЕАТАРОТ КОМЕДИЈА"**, колоквијално наречен **„ПАРЛАМЕНТ"**, го потврдија нивното до перфекција доведено

синхронизирано дејствување. Со мало нарушување, сепак совршенства не постојат, на смеата и сатирата, кога се појави онаа сериозна слика од болницата каде нашиот херој ги лечеше раните од крвавиот бој. Сепак и покрај големата болка тој успеа да стокми насмевка на селфито, за да неговите следбеници сепак не се грижат за неговото здравје. Пораката од селфито беше многу јасна, тој нема да не остави ќе продолжи и понатаму да не ебава во здрав мозок, нема тоа задоволство да го препушти само на неговиот партнер.

Така нашите пранкери четири години на театарската сцена **„TERRA INCOGNITA“** се подсмеваат и, поради неграмотноста и инфантилноста на публиката, играат една те иста пиеса **„Македонски политички патрдии“.** Детерминантите (простете за малото професорско забегување) на нивното неверојатно совршено пранкерство се предизвикани од нивните договори склучени со Ѓаволот. Одкако ги прифатија условите во договорите, заслепени од сјајот на богатството кое ги чекаше по подпишување на договорите, се договорија како да делуваат и ги реализираат договорите. Увидувајќи самите дека Господ не ги беше обдарил со посебни интелектуални способности, така што да се игра на картата интелигентна заврзлама и реализација на одредбите, во стилот „да не се сетат в....“, не беше во нивен стил, се решија да го прават она со што природата ги беше обдарила - да се прават недоветни, за што не им требаше дополнително образование.

Всушност станува збор за еден договор и еден поддоговор, и двата беа составени од два члена и, според интелектот на нашите херои, беа лесни за реализација. Потребно беше само да се молчи, „мудро“ да се клима со главата и глуми сериозност, улоги како создадени за нашите пранкери. Според првиот договор, даден да го реализира помалиот по висина, но далеку полуцидниот пранкер, требаше да се уништи Аждајата, во стилот на Свети Ѓорѓи, најголемото зло на светот – Македонскиот народ и да се врати „старото“ име на државата **„TERRA INCOGNITA“** . Додека пак во поддоговорот, склучен помеѓу двајцата пранкери, согласно нискиот интелектуален капацитет на поголемиот по висина, но далеку поглупиот, одредбите беа многу лесни, во споредба со наградата, за реализација. Потребно беше да се глуми опозиција и на соодветен начин се даде подршка во реализација на „благородната“ цел - Убивање на Аждајата, и да се упокои синонимот на Македонскиот народ **ВМРО-ДПМНЕ**. Одкако се поделија улогите, зацврстена меѓусебна доверба подкрепена со поголемо количество биткоинти, во висина од околу 30 сребреници синоним за сите вакви зделки, договорот помеѓу „Глупавиот и Поглупавиот“ можеше да отпочне со реализација.

Беспрекорно до детали напишаното сценарио, на нашите пранкери им овозможуваше лагодна позиција без посебни напори да ги одглумат своите ролји. Дополнително задоволство им даваше спознанието дека на крајот од пиесата, кога ќе се спушти завесата ги чекаше богатство и место во, непотребно подценетата, светската историографија на пранкерите. Секако и скок од неколку места на АТП листата на пранкерите. Се беше така вистинито, пранкерот Генералисимус ја одбра најдобрата стратегија во убивање на „Аждајата“, некако копјето му беше многу нехумано за да се убие „Аждајата“, па се реши за **„Anaconda strategy“.** Постепено со многу лаги го галеше и

милуваше телото на „Аждајата“-Македонскиот народ, притоа обвиткувајќи се околу неа, до моментот кога го зададе последниот стисок принудувајќи ја „Аждајата“ да го испушти последниот издив. Додека пак за реализација на вториот член од „Договорот со Ѓаволот“ не му требаше стратегија, други ја имаа стратегијата и начинот на реализација. На нашиот пранкер, заради задоволување на плебсот му беше дадена гоолема улога, да издржи неколку метри во кајче, а да не го фати морска болест и се испогани, на крајот да го целува пенкалото, метафора за конечна реализација на „Договорот со ѓаволот“.

Додека се реализираше „Договорот со Ѓаволот“ на Генералисимус пранкерот, нашиот херој, втората личност од договорот помеѓу „Глупавиот и Поглупавиот“, го реализираше поддоговорот. Мудро си молчеше, постепено го ковеше посмртниот одар и мртовечкиот ковчег на ВМРО-ДПМНЕ, задоволно во мислите конципирајќи го посмртниот говор. Релаксиран, по реализација на својот договор, главниот пранкер реши да му помогне на поглупавиот и заедно да го реализираат поддоговорот. Остана само да се закове последниот клин во ковчегот, но некако тешко им одеше. Дополнително проблем и правеа „мртвите души“ од „**Anaconda strategy“,** која се покажа не ефективна, а кои беа се погласни, гласот од Адот беше грозоморен и стравичен. Но, нашите пранкери не би биле на АТП листата ако не се доволно способни да ги поминат сите сцили и харибди кон реализација на својата цел, во крајна линија „Договорот со Ѓаволот“ беше во директна корелација со реализација на поддоговорот. Без реализација на поддоговорот немаше реализација и на договорот. Па така одлучија крикот на „мртвите души“ да го стават во функција на нивните лукративни интереси, забележени во фуснотата од „Договорот со Ѓаволот“. На денот „Д“, кога требаше да се игра представата во „Театар комедија“, на барање на „мртвите души“, решија да го стават последниот клин во ковчегот на ВМРО-ДПМНЕ. Опелото го оставија за подоцна. Стратегијата која ја одбраа беше „едно за тебе едно за мене“ и во невидена режија ја одиграа представата „Замајување на јавноста“, за која со нескриена егзалтираност пишуваа сите светски, и по некој домашен, пранкерски медиум. Да се послужам со шаховскиот речник одиграа „пат позиција“ или улично речено „пата-пата“.

Злите јазици, навистина злите оние што не го почитуваат ликот и делото на Нашите пранкери, оние кои што се дел од гогољовите „мртви души“, велат дека ова не бил крај на претставата. Наводно постоеле уште два-три дела и крајот на претставата имал изненадувачки крај за нашите пранкери, ќе се претворел во трагикомедија. Да видиме!?

Некои, до крај неразјаснети, факти од „Договорот со Ѓаволот“ на нашите пранкери ми даваат скромна надеж дека можеби злите јазици се во право. Имено, имам наслушнато дека со склучување на Договорот нашите пранкери на поклон добиле и парче „Шагринска кожа“, нешто на што не посветиле многу внимание се во стилот „дај што ќе дадеш“. Приказната за овој реликт Ви е позната!!!

Но, како и да е од првичниот оптимизам, забележан во предходната колумна, дека ќе ни се случи „Македонска политичка пролет“, сега се молам на Бога барем зимата да не биде толку многу студена.

За крај една мудрост, која ме води низ животот, од мојот драг Дедо Герасим – „Внучко ако навистина го сакаш твојот народ, мораш да му приоѓаш со топло срце, ладен разум и чисти раце! Се друго е измама!“

На денот на Св.бесребреници и чудотворци Козма и Дамјан

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

**Медиумски трчкарања**

Доколку и имав некакви дилеми драги мои читатели во врска со улогата на „глупавиот и поглупавиот“, лицата од претходната колумна во Македонската пулитика, дефинитивно и последните сомнежи во нивната координирана ролја против Македонија и ВМРО-ДПМНЕ исчезнаа. Така што, да не биде фалба оти нели „фалбата е р’ѓа“,потполно бев во право кога велев дека врв на лицемерие е заковувањето на последниот клинец врз посмртниот ковчег на ВМРО-ДПМНЕ преку пранкерската забава наречена „уривање на влада“. Мислев дека опелото го оставија за подоцна, но очигледно многу им се брза да ја довршат работата, така што заговорот против ВМРО-ДПМНЕ синоним на Македонија и Македонскиот народ влезе во завршна фаза.

Заговорите против ВМРО, во ВМРО, и околу ВМРО се историска судбина уште од нејзиното основање во 19-от век, а тоа ја следи и ден - денес. Се сеќавате дека ви пишував за Гарванов, за тоа како Ѓорче Петров за него и неговата улога против ВМРО ќе каже: „го пуштивме волкот во трлото“. Во тој контекст пишував и за Мицкоски и неговата улога во ВМРО-ДПМНЕ. За моја жал, како и за жал на сите нас, тука мислам на сите граѓани на Македонија, бидејќи ВМРО-ДПМНЕ влијае врз историските процеси, актуелните политики и колективната меморија во Македонија, ова мое пишување станува реалност.

Имено, би сакал јавно да прашам: „Кој од ПР-от на ВМРО-ДПМНЕ му предложи или му дозволи на Мицкоски да се појави на „интервју“ на Хепи ТВ кај Миломир Мариќ во Србија? Зошто господине Мицкоски се согласивте со тоа интервју“?

При тоа, да разјасниме дека добро е претседателот на ВМРО-ДПМНЕ да се појавува со интервјуа во странски медиуми, но тоа мора да бидат државни јавни сервиси или угледни весници. Интервјуто би било еден на еден со познат новинар или уредник на медиумот, сериозно интервју, интервју врамено во рамките на клучните политички прашања за Македонија и регионот. Но, не утринска програма, во сомнителна и тенденциозна емисија, на жолт медиум со новинар кој има препознатлива политичка и тенденциозна цел на самата емисија. Настрана што на невешт српски јазик имаше гаѓање со падежима (сепак, мора да му одадам признание на Мицкоски дека зборува на српски јазик подобро од Заев), а секако дека претседателот на ВМРО-ДПМНЕ мора, повторувам мора, да зборува на чист, литературен македонски јазик, затоа што покрај другото ја претставува и промовира Македонија.

Мицкоски како Мицкоски поради сопствениот бек граунд никогаш не би бил интересен за било кој медиум, па може да тресе глупости на каков било јазик. Но, за претседателот на ВМРО-ДПМНЕ освен говорење на македонски јзик, се друго е спротивно на заложбите на партијата на чие чело се наоѓа. Говорење на српски јазик, во ситуација кога и самиот новинар Мариќ безброј пати во своите емисии со разни гости коментира за македонскиот јазик дека е српски јазик со грешка, е невиден блам за претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, членството на партијата и тешка навреда за Македонскиот народ.

Можевте вие „мудри глави“, советници на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, на оваа несреќа, „tabula razis“ за политика и историја, да му одржите

„брз“ курс за Версајскиот договор, „Белиот терор“ на Димитар Галев и кратка историја на УДБА.

Но, настрана овие дребности кога ја имаме пред нас големата слика и резултатот, одекот и последиците од оваа заговорничка постапка против ВМРО-ДПМНЕ и тоа од страна на нејзиниот претседател. Знам дека некој ќе праша и зошто заговорничка? Тоа е всушност во контекстот на недоветното однесување кое неможе да се окарактеризира како едноставно незнаење, неснаоѓање на претседателот на партијата или силната желба за меѓународно претставување на партијата. Прво, несмее да има незнаење или неснаоѓање, а прифаќањето да се гостува на било кој медиум од страна на претседател на ВМРО-ДПМНЕ, особено на странски медиум каде однапред се познати тезите и тенденциите и секако уредувачката политика на медиумот покажува дека едно вакво прифаќање е всушност обид за излез од меѓународна медиумска изолација доколку таа постои. Не се сеќавам кога и каде Мицкоски последен пат гостувал на медиум надвор од Македонија и ова е по принципот дај што било само да се излезе пред камера.

Во потполност сум свесен дека ќе се најдат безброј изговори зошто беше потребно ова гостување на господинот Мицкоски кај Мариќ, како и што ќе има безброј лица под маски кои ќе аплаудираат на ова „интервју“. Едноставно, тука не станува збор за тоа колку бил добар или лош Мицкоски во својот настап или што успеал да каже во какафонијата на Миломир , неговата колешка и господинот Фила, станува збор за нешто посуштествено - Која беше целта на настапот, интервјуто, што сѐ сакаше да постигне или што доби а што изгуби ВМРО-ДПМНЕ со ова гостување на Мицкоски? Токму така, која е ползата за ВМРО-ДПМНЕ на домашната и меѓународната политичка сцена, а преку тоа и ползата за Македонија, не личната медиумска промоција на Мицкоски во Србија и шерувањето на интервјуто во Македонија. Кој неможе да разбере дека интервју на претседател на ВМРО-ДПМНЕ во Србија на 4 месеци пред избори во таа држава ќе се употреби за нивни внатрешно-политички и регионални потреби, тој тогаш има сериозни проблеми во политиката или намерно го прави тоа. Дополнително што самото интервју ништо суштински не постигна, а истото ќе биде разгледувано-прегледувано-преслушувано од многу заинтересирани страни на политичката сцена во Србија, Македонија и регионот, како и меѓународните претставници, а со цел да се извлечат токму поентите на интервјуто како и да се препознаат целите и мотивите заради кои истото е дадено. Мислам дека токму ова ПР тимот во ВМРО-ДПМНЕ и самиот Мицкоски не сакаат да го согледаат или подобро кажано а да не биде еуфемизам, сигурен сум дека намерно го направија. Можеби му направија услуга на Вучиќ во предизборието, но нанесоа штета на ВМРО-ДПМНЕ во круцијален момент за негово позиционирање на Македонската политичка сцена или можеби тоа е дел од планот.

Одтука, сметам дека ова е активен заговор против внатрешно-политичката и меѓународната репутација-углед на ВМРО-ДПМНЕ, оживување на Црпнатиот давајќи му за само една недела две дупли дози инфузија да го продолжи своето владеење и владеењето на криминалното здружение наречено СДС на штета на Македонија и Македонските граѓани. После ова верувам дека

Мицкоски е само фолклор, нечија филијала и вреќа за боксирање и дека вакво непромислено однесување не е возможно да биде случајност, туку намерно, заговорнички се предизвикува штета врз партијата. Реакциите на ова гостување, повторно напоменувам, без разлика на тоа што го зборуваше Мицкоски ќе следуваат, а последиците ќе ги почувствува партијата.

Во исто време, мора да забележам дека Црпнатиот пропадна в земја, го снема од јавноста, барем лично не се појавува на никаква емисија, освен една изјава која може со особен интерес да ја проследиме и анализираме во контекст на можните идни негови активности во политиката и директно во СДС. Тој ја заврши својата ролја во овој чин од театарската претстава и сега ќе чека да се врати на главната сцена со овации, а во меѓувреме го остава неговиот партнер секојдневно да трчка по медиуми не кажувајќи ништо суштествено, како и на локални настани кои не се поврзани со високата и одлучувачка политика туку со комунални локални прашања на граѓаните, повторно давајќи некакви исплакнати изјави.

За да ја изврши својата заговорничка улога во претставата, Мицкоски се појави и на Телма, еден ден по интервјуто кај Мариќ. Слава на Бога и на сериозноста на Телма и нејзината уредувачка политика на сериозен медиум со национална фреквенција во Македонија (не зборувам за политичката определба, туку за професионалната во новинарската фела), можевме да видиме школски пример на организација на интервју со претседател на ВМРО-ДПМНЕ или еден на еден. Околу тоа какви беа прашањата на новинарот, а какви беа одговорите на господинот Мицкоски може да дискутираме и анализираме секој со своите перцепции, но споредбата со она што се случи со „интервјуто“ кај Мариќ, ова на Телма е неспоредливо од професионален аспект и нека ми простат сите вработени во Телма, сакам да појаснам дека во никој случај не ми е целта да ја споредувам Телма со Хепи Тв, бидејќи е неспоредливо во полза на Телма секако. Токму поради оваа професионалност на Телма, можеме само да судиме за „успешноста“ на објаснувањето на Мицкоски на дневните политики на ВМРО-ДПМНЕ, но не и за некои поголеми суштествени ставови и последици за партијата како политичка идеологија и парадигма која се бори да дојде на власт во Македонија или пак за стратешки прашања и позиции.

Ова што се случува со ВМРО-ДПМНЕ на јавната медиумска сцена е само едно невешто медиумско трчкарање, а со цел да се покријат погрешните политики, што може да се смета како ПР стратегија на ВМРО-ДПМНЕ, но тврдам дека тоа е погрешна стратегија. Презаситувањето на медиумскиот етер во најголем случај со претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, особено како опозициона партија, а при тоа на сите медиуми да се повторува една и иста теза која впрочем на сите ни е добро позната и секако вистинита дека криминалното здружение СДС и Заев се криминалци, нема да доведе до подобрување на политичката позиција на ВМРО-ДПМНЕ во однос на СДС. Особено доколку имаме пред вид дека СДС во исто време со медиумските трчкарања на Мицкоски во етерот пласира афери за него и луѓе блиски до партијата со исти основи на криминално однесување како впрочем што е самото СДС.

Еднаш одамна реков, не е нормално ВМРО-ДПМНЕ да се натпреварува со СДС во тоа кој повеќе излажал, така и во ова прилика сметам дека не е

нормално секојдневно претседателот на ВМРО-ДПМНЕ да излегува на сите можни медиуми и дава изјави, подметнувајќи се под удар на прашањата за аферите пласирани од СДС, притоа присуствувајќи на секој локален настан. Сепак претседателот на ВМРО-ДПМНЕ е претседател, а не портпарол, а уште помалку менаџер и контролор на работата на градоначалниците од ВМРО-ДПМНЕ.

Ова медиумско трчкарање, како и појавување на секој локален настан остава впечаток дека претседателот на ВМРО-ДПМНЕ или Мицкоски има насушна потреба постојано нешто да дообјаснува да се правда и по четири години претседателствување со партијата одново да се себе претставува. Тоа значи дека не е сигурен во себе, во своите политички позиции и ставови, во тоа како членовите на партијата го прифаќаат (впрочем доколку сака да види како го прифаќаат членовите на партијата нека организира внатрепартиски избори за претседател на партијата со непосредно гласање на сите членови), во тоа како граѓаните ја примиле пораката и него самиот како политички репрезент, но и како се претставил во јавноста како лице или како личност. Втор проблем е тоа што се добива впечаток дека со ова секојдневно, па и по неколку пати во денот медиумско трчкарање, се обидува да се покаже како менаџер врз локалната самоуправа, односно градоначалниците, а тоа исто така не е добро. Граѓаните не го бираа Мицкоски за ГОООЛЕМ градоначалник (велештрумф), туку секој во својата општина избраа личности на кои им веруваат (секако улогата на партиската припадност и активноста на партиското членство не е занемарлива во одлуката на граѓаните), но во секој случај се добива впечаток дека градоначалниците не се самостојни во работата и зависат од одлуките кои ги донесува Мицкоски, а не тие самите во соработка со советите на општините. Тоа во превод значи дека партијата се меша во сите пори на општеството и на сите нивоа, а тоа не е демократија. Доколку е тоа така, тогаш и за сите евентуални грешки на локалната самоуправа ќе треба одговорност да понесе претседателот на ВМРО-ДПМНЕ. Трета видлива причина за медиумското трчкарање е секако обидот да се оправда „неуспехот“ на операцијата за уривање на владата на архиизмамникот Заев, кој впрочем повторно како што веќе пишував покажа на дело дека во потполност ја контролира политичката театарска сцена во Македонија.

Можам да ја разберам „стратегијата“ на раководството на ВМРО-ДПМНЕ да преку покажување на активности на локално ниво, се надеваат дека граѓаните ќе ги убедат во тоа дека ќе бидат исто така успешни и на државно ниво, откако „не успеа“ операцијата за уривање на Црпнатиот. Но, мора да забележам и укажам на еден клучен недостаток на ова стратегија, односно дека господинот Мицкоски имаше шанса самиот да ги покаже пред Македонските граѓани своите менаџерски способности. Требаше само да се кандидира за градоначалник на Скопје и сега ќе беше на местото на Данела. Местото граданачелник на Скопје иако е во редот на локалната самоуправа, по оперативни овластувања и моќ на управување и располагање со финансиски средства (буџет) е веднаш зад она на премиерот на Македонија. Зошто Мицкоски не го прифати овој предизвик, како што не поведе листа на последните парламентарни избори се прашања на кои веројатно никогаш нема

да ни одговори. Затоа сега ќе имаме секојдневни медиумски трчкарања и од позиција на претседател на ВМРО-ДПМНЕ „менаџирање“ со работата на локалната самоуправа.

А, Заев, е да Црпнатиот прае и трае, прави влада со нов мандатар и подготвува промени во СДС со кои ќе се обиде да направи единство и „ново лице“ до следното појавување на сцената, како што реков. Во исто време процесот на засилена диференцијација на членството на ВМРО-ДПМНЕ продолжува со лаги, засилена жестина и надменост која господинот Николоски со особено задоволство и полтронство кон шефот, ја потенцира при неговите медиумски трчкарања, за што мора да му искажам едно голееемоо „Бравос бе, ашконсул, аферим бе“, така се зачувува доделената партиска позиција и при тоа заковува последниот клинец во посмртниот ковчег на ВМРО-ДПМНЕ. Се е како што утврдува добар прирачник на УДБА за да се затре Македонскиот синоним.

Сублимирајќи ги сите овие показатели, останувам на ставот дека овие „Македонски политички патрдии“ ќе продолжат со сесрдна меѓусебна поддршка во рамките на коалицијата ЗМ.

И секако, за потсетување на некои мои пријатели кои се обидуваат да создадат псеудо теза во однос на моите ставови изнесени во колумните. Јас на никој начин не учествувам во нивните политички патрдии, тоа е само нивен (на ЗМ коалицијата) концепт и претстава преку кои го заковуваат последниот клинец во посмртниот ковчег на ВМРО-ДПМНЕ. А како универзитетски професор си земам за слобода и имам право и општествена одговорност-обврска преку уметничка слобода на изразувањето, преку сарказам, филозофско ниво на изразување или пак прозаичност и вулгарност, пред Македонските граѓани да ги претставам нивните ЗАФРКАВАЊА НА НАРОДОТ, па дури и тие ...АВАЊА да се со трчкарање кое треба да ја скрие вистинската намера и цел (се извинувам за вулгарноста).

Во дваесет и третата недела по Педесетница, на денот на Св.Архистратег и Архангел Михаил

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

**Парадоксот на безидејноста**

Времето во кое живееме учените го нарекуваат „Интеррегнум“ или безвластие, по дефиниција тоа е период кога едни властодржци се заминати, а новите не се дојдени. Имајќи предвид дека Македонија се наоѓа во оваа „лимбо состојба“ веќе триесет години, дефиницијата на Горан Стефановски од неговите „Тетовирани души“ е посоодветна – Иднината никако да дојде, минатото никако да си отиде, а ние овде глумиме сегашност. Ваквата општествена состојба, која е плод на општествено-историски закономерности, за будните набљудувачи на македонскиот политички и општествен развој беше очекувана. Имено, во даден временски период општествено-политичките и економски односи ги исцрпуваат своите капацитетите, по што следуваат промени во општеството. Неволно излегувајќи од една држава каде што се живееше по принципот „Белград каже!“, нашите политички елити, од иста провиниенција, се поделија во повеќе табори (банди), за да се одглуми плурализам. По инерција на претходната држава и режим, тридецении вака-онака се живееше некако и се глумеше „водење политика“. Со надеж дека нашите властодршци знаат каде не водат многу грешки ги замавме како плод на неискуство. Убедени дека живееме во „Време на зреење“ се доведовме во „Време на невреме“ со големи индиции на „Време разделно“.

Политичкиот и интелектуален капацитет, кој се поседуваше на почетокот на 90-тите, полека се потроши и нашите политички дилетанти удрија „со глава во ѕид“. На јаве се покажа сето ѓубре кое било криено „под тепих“ (откако тепихот се крена метар и кусур), се пројави неспособноста да се води сопствена политика - држава. Чекајќи некој политички авторитет да им подшепне што да прават, се најдоа во бекетовата сцена на театарот на апсурдот „Чекајќи го Годо“. Во таква ситуација она што денес го гледаме, доколку воопшто има што да се гледа, беше логично продолжение на безидејноста и крај на демагогијата. Кратко кажано македонската политичка сцена, на разочарување на плебсот, ја разоткри сета своја голотија и празнотија доведувајќи не во позиција на она фукујамова „Крајот на историјата“ (иако Хантингтон истата ја критикува, но во нашиот, Македонскиот случај нема простор за нејзина критика).

Имено, по завршување на претставата на сцената во „Театарот комедија“ (Парламентот) нашите комедијанти се повлекоа во своите ровови на „Парадоксална безидејност“. Наоѓајки се во ситуација едниот да ја изгуби власта, за продолжување на власт се потребни 61комедијант, другиот да не ја освои, за буткање на власт се потребни 61 комедијант исто така, решението го најдоа сокривајќи се во партиските катакомби. Во овој, според многумина меѓународни политичари и политички анализатори, за Македонија круцијален момент на нејзиното опстојување единствено можно преку влегување во ЕУ, ваквото однесување на нашите комедијанти е, благо речено, директно насочено против државните интереси на Македонија и македонскиот народ. Затоа, одовде се наметнува прашањето: „За чии интереси и по чиј диктат работат нашите политички аналфабети“?

Токму во овој момент кога СДС нема, „де јуре“ и „де факто“, никаков легитимитет ниту кредибилитет да опстане на власт, опозиционерот Мицкоски, наместо секојдневно да притиска и ја сруши, односно преземе власта, влегува во „дворски игри“ организирајќи конгрес на ВМРО-ДПМНЕ. За статутарните неволји и измами во ВМРО-ДПМНЕ ќе пишувам во друга прилика.

Мицкоски чувствува дека, по безбројните порази (политички и изборни) и изгубениот авторитет и интегритет, сега е најпогодното време за да се потврди на чело на партијата, токму сега тргна кон ова конгресна активност. Сепак, лукративните интереси над се. Обземени од милозвучните звуци на популизмот продолжуваат со какафонични изјави, навлегувајќи во нотите на „симфонијата на апокалипсата“. Па така, најмилиот од најмилите, Великиот Везир ИЗНОТГУД, јавно ќе ја прокламира новата „Лебедова песна“ на Султанот, партијата ќе ја променела својата политичка и идеолошка платформа. Во ситуација кога власта ти е на дофат и можеш да го реализираш она кон што се стреми секоја партија, да се освои власта и ја ревидираш погубната политика на властодрштите, да навлезеш во некакви идеолошки расправи е врв на лицемерието. Мене лично ми е јасна личноста на Султанот, и да сето ова не влијаеше врз иднината на македонскиот народ, неговата безидејноста и инфантилноста немаше воопшто да ме допре. ВМРО повеќе од еден век е синоним на македонскиот народ со јасно дефинирани обележја и идеолошка подлога, и порано имаше обиди за негово обезличување, сè сеќавате се направи промена на боите на „дресот“, од црвен стана безлично портокалов. Безидејноста на водачите на ВМРО да водат политики за целосно етаблирање на македонскиот народ и македонската држава ќе ги доведе во улога на убијци на ВМРО и македонскиот народ. Верувам (знам) дека „нивната идеја“ е да ги променат боите на ВМРО, црвено-црната боја, која ги отсликува борбата и страдањето на македонскиот народ, ќе ја заменат со боите на виножитото, кои денес се ИН. Десната (конзервативна, народна) политичка платформа на ВМРО ќе ја заменат со „исплакнета“ центристичко десна, што исто така е ИН, а нашите „покондирани тикви“, како потврдени модернисти следат се што е ИН. Така еден јасно дефиниран, 130 години стар, политички субјект ќе го обезличат и доведат до непрепознавање. Ова го пишувам намерно и со цел, прво, да го искажам мојот револт и второ, доколку може мојата маленкост да влијае, да се попречат овие небулози на Султанот и Големиот Везир.

Паралелно со ова, за да се комплетира сликата, коалициониот партнер на Мицковски, Заев ја креираше сопствената какафонија организирајќи внатрепартиски патрдии заради самозадоволување на своето его, онанирајќи врз заблудената јавност со некаква негова политичка одговорност. Заев па одговорност, виц нели! Координираното делување на двоецот Мицкоски-Заев е плод на нивната неспособност и безидејност за преминување на Рубиконот пресечување на македонскиот политички Гордиев јазол, секако и на нивното среброљубие. Креирање на виртуелна стварност беше „најмудрото“ нешто што можеа да го смислат нашите „политички дејци“. Сепак, она што ми дава надеж, безидејноста и неспособноста на коалицијата ЗМ мислам дека е „прочитана“ од меѓународната политичка елита. Македонија колку и да е мала и безначајна држава, според некои наши соседи, сепак како „папокот на светот“ е во

интересните свери на геополитичките процеси. Поради овој факт, мислам дека љубовта на нашите Ромео и Јулија токму како и Шекспировата, на општа радост на плебсот, ќе заврши неславно. На ум ми доаѓа параболата за оној „до уши“ заљубен пар од „Теоријата на игрите“. Тој имал прекрасен златен џебен часовник, но немал синџирче, таа имала прекрасна долга коса, но немала дијадема. Тој го продал часовникот за да и купи, на саканата, златна дијадема, таа ја одсекла и продала косата за да му кипи, на саканиот, златно синџирче. Кога се сретнале имале што да си подарат, но веќе немало за што да бидат искористени подароците! Патем, едно од најпризнатите светски имиња во „Теоријата на игрите (преговорите)“ е Јанис Варуфакис, министер во владата на Ципрас и негов главен советник. Ова колку да знаете кој ги пренесе „жедни преку вода“ во Нивици нашите „политички генијалци“.

За жал во меѓувреме, нашите октроирани „лидери“ од власта и опозицијата, ископаа голем јаз во кој не сместија нас, обичните смртници, граѓаните на Македонија. Во јазот ги сместија сите наши небиднини, несреќи, чемер и јад, пискотниците од обесправените се слушаат надалеку, но не и до нивните нежни уши. Тројцата „јавачи на апокалипсата“ косат, секојдневно, со аритметичка прогресија, се зголемува бројот на жртвите од ковид, разни болести, пожари во болници, сообраќајни несреќи, се како плод на нивната неспособност за организирање и водење држава. А ТИЕ затворени во своите удобни кабинети од абоносово дрво, длабоко внесени во палијативни и беспредметни расправи, скриени од очите на јавноста, блебетат за „високи“ политики и „светлата“ ни иднина која „сигурно“ не чека по 12-ти Декември.

Така, драги пријатели, македонскиот народ се наоѓа во просторот на вододелието, имаме две можности, едната е да ја насочиме водата кон водотекот на понорница, со прашање кога и дали воопшто некогаш ќе се појави на површината, другата е да ја насочиме водата кон морето на свтската цивилизација. Верувам и се надевам дека на оваа одлука нема да имаат влијание, и покрај тоа што во моментот имаат и уште како влијание, нашите одродници, сијамските близнаци Заев-Мицкоски.

Верувам во она што некогаш ми го кажа, мојот драг, Дедо Герасим – Внучко запомни, Ти имаш моќ над твојот ум - не и на надворешните настани!

Во дваесетитретата недела по Педесетница (на денот на Св. Маченици Гуриј и др.)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

## ВМРО-ДПМНЕ – редуцирана демократија

Политичка партија претставува, организација на луѓе
кои споделуваат исти ставови интереси и цели
за начинот на кој моќта треба да се користи
во една земја или општество
(преку владата, креирањето политики, итн.)

*Енциклопедиска дефиниција на поимот*
*политичка партија*

Почитувани читатели, веднаш на почетокот на оваа неделна колумна сакам да Ви се извинам, бидејќи оваа колумна на една недела пред закажаниот конгрес на ВМРО-ДПМНЕ, ќе биде наменета исклучиво за моите сопартијци, членовите на ВМРО-ДПМНЕ, но препорачувам сите да ја прочитате.

Мојот став за внатрешните состојби и правните – нормативни прашања (не)регулирани во Статутот на ВМРО-ДПМНЕ, кои се со директно влијание врз јавните политики, воедно е сиже за демократските процеси и состојбите во партијата.

Несомнено е дека архиизмамникот Заев е минато (Слава на Бога!), но за тоа што не очекува Нас, како ВМРО-ДПМНЕ и Македонија во иднина, сега најмногу зависи од самите нас, членовите на ВМРО-ДПМНЕ. На 12-ти Декември ќе се случи самоизбирање на постојниот претседател и раководство на партијата. Дали тоа нам како членство ни се допаѓа или не, никој не нè прашува. Впрочем, за Нив, членството е тука само за да трча на терен пред избори и да аплаудира на митинзи во надеж дека нешто ќе капне по изборите од милоста на тој и тие кои ќе се самоизберат.

Зошто ваков наслов и зошто токму ваков вовед на колумната? Едноставно затоа што тенденцијата на творците, креаторите на „најдемократскиот“ Статут на ВМРО-ДПМНЕ од 21.07.2020 година, е по секоја цена да останат на чело на партијата заради задржување на власта над ВМРО-ДПМНЕ. Да добро прочитавте, **„задржување на власта над ВМРО-ДПМНЕ“**, нè осовременување на партијата и преземање на власта во Македонија. Токму затоа и воведната дефиниција за значењето на поимот политичка партија, се извинувам за професорското обраќање, има за цел да ви ја доближи суштината за членување и активност во една политичка партија. Тенденцијата која старо-новиот (во најава) претседател и раководство на партијата ја покажува не е освојување на власта и со тоа остварување на заедничките интереси, ставови и цели во користење на моќта да се владее со државата, туку истата е заснована исклучиво на лични- лукративни цели. Затоа и партијата има маки со Статутот, како највисок правен акт (УСТАВ), на ВМРО-ДПМНЕ.

Имено, во Статутот на ВМРО-ДПМНЕ, член 29 став 1 е регулирано дека *Конгресот е највисок орган во партијата*. Соодветно на тоа во член 32, став 1 алинеја 6, *Конгресот донесува и врши измени и дополнувања на Статутот*, а во истиот член и став во алинеја 10, *Конгресот избира претседател и членови*

*на Статутарна комисија*. Во исто време, во член 38 став 1 алинеја 2 и на Централниот комитет му се дава за право да врши измени и дополнувања на програмата и Статутот на партијата, меѓу два конгреса, а во алинеја 5 му се дава за право да ги менува и претседателите и членовите на Статутарната комисија. За да ви биде појасно ова двовластие или политичка шизофренија и како во пракса би изгледало тоа на државно ниво. Замислете дека Уставот на Македонија може да биде сменет од некој државен орган (пр. Претседателот на Македонија, Врховниот или Уставниот суд), иако истиот го донесува, врши измени и дополнувања исклучиво, само Собранието и тоа со двотретинско мнозинство плус Бадинтер или пак, претседателот и членовите на Уставниот суд да бидат сменети од страна на владата. Уставите тешко се менуваат, но лесно се погазуваат, за што повеќе еклатантни примери ни даде моменталниот властодржец Заев. Ете така и Конгресот, кој е највисок орган на партијата, се сведува на протоколарно тело со протоколарни функции на делегатите. Не би се изненадил доколку утре некој претседател на ВМРО-ДПМНЕ реши да го укине Конгресот, бидејќи нели полесно е да функционираш само со Централен комитет. Од ова **фалинка** во Статутот на ВМРО-ДПМНЕ започнуваат сите Статутарни, со тоа и функционални и „демократски“, маки на „најдемократскиот статут“. Односно, никако не може да се дојде до одговорноста на претседателот на партијата за било што, небаре Претседателот на партијата е безгрешниот Султан. Аналогно на ова ВМРО-ДПМНЕ не ништо друго до султанпартија!

Поради вакви причини, непостоењето на утврдени регулативи и рокови кои се однесуваат на избор на Претседател на партијата, услови за кандидатура (освен да има потпис од 30 делегати, член 34 став 1), како и нејасност и кршење на оние регулативи каде е предвидено кој сѐ може да биде делегат на Конгресот, посебно оние кои се утврдени во член 30 став 1 алинеја 9 од Статутот, ВМРО-ДПМНЕ секогаш ќе има мака во потврдувањето на чесниот и не октроиран избор (ре-избор) на претседател.

Иако Статутот во чл. 29 став 4 предвидува *„одлука за свикување на редовен конгрес донесува Централниот комитет најдоцна три месеци пред почетокот на работата на Конгресот“*, во пракса не е така. Имено, Централниот комитет пред повеќе од седум месеци донесе одлука за одржување на редовен конгрес на 27-ми и 28-ми Ноември 2021 година, но, на една недела пред овој датум, повторно донесе одлука за одржување на конгресот на 12-ти Декември. Со оваа постапка грубо се прекршени одредбите од Статутот на партијата, што секако повлекува прашање за легитимитет на изборот за претседател, односно легитимност на самиот конгрес. Нелегитимноста продолжува, немањето на Статутарни регулативи, Правилник со утврдени рокови за кандидатура, што беше грубо злоупотребено од Мицковски необјавувајќи јавен повик за кандидати за Претседател на партијата, во кои рокови и под кои услови, кој и како може да се кандидира. Сето ова асоцира на подготовка за фалсификат и потполно нелегитимен избор. Во нормална држава ваквиот дилетантизам, од страна на раководството на ВМРО-ДПМНЕ би бил оспорен и би навлегол во судските лавиринти

завршувајќи со пресуда за поништување на Конгресот и сите негови одлуки, односно изборот на Претседател би бил поништен.

Ова е внатрепартиската демократија како што ја разбира Мицкоски, неологизам само нему разбирлив. Но, проблемот се создава надвор од кругот на апотеозата на Мицкоски (прогласување некого за божество). Како ќе владееш демократски со државата кога тоа не го умееш во партијата? Една од круцијалните причини зошто ВМРО-ДПМНЕ, предводена од Мицкоски, никогаш нема да дојде на власт. Тој е Титанин на зборот но, жалосно, пигмеј на дело! .

Проблемот со делегатите, нивниот избор и јавно (не)објавениот список, дополнително го проблематизира демократскиот легитимитет на конгресот. По функција, според податоците кои се јавно достапни, делегати се приближно 300-те членови на Извршниот и Централниот комитет, членови на униите на млади, жени, ветерани, патриотскиот институт, форумот на интелектуалци , како и 40-те пратеници и 42-та градоначалници. По ова останува едно гооолемо прашање, односно како, според кои критериуми, кои правни акти на партијата и во која процедура се избрани другите делегати, оние по еден делегат на 200 членови по општинските комитети и понекој друг заради атер на претседателот.

Без намера да се служам со инсинуации, но мора да кажам дека до мене дојдоа информации дека најмалку 10-15% од назначените (токму назначени од Мицкоски) делегати од општинските комитети како и назначени по функции и по „други“ неразјаснети основи не се ниту членови на ВМРО-ДПМНЕ или истите се набрзина внесени во евиденцијата за членство. Никој ништо не знае, особено членовите во месните комитети. Некои претседатели на општински комитети се доблесни да кажат дека „изборот“, за тоа кој може (треба) да биде делегат, им е наметнат од страна на Мицкоски. Впрочем кога сме веќе кај статутарните фалинки поврзани со членување на лица избрани за делегати, во Статутот никаде не е предвидено кој може да биде предложен и избран за делегат, така што не е проблем партијата на Конгрес како највисоко тело да ја претставува било кој. Да биде уште поинтересно, ниту за тоа кој може да биде кандидиран за кандидат (и со тоа и избран) за претседател на ВМРО-ДПМНЕ не постои статутарна регулатива, односно во пракса, триесет делегати може да предложат за претседател на ВМРО-ДПМНЕ и човек кој не е член на партијата.

Ова покажува дека ре-изборот на Мицкоски е проблематичен, таинствен и нејасен, а ќе го вршат негови пријатели, или од него определени лица, од кои некои не се ниту членови на партијата, далеку од тоа дека разбираат нешто од идеолошката матрица на ВМРО-ДПМНЕ. Во оваа какафонија на најголем дел делегати важно им е да бидат таму, за да ги зачуваат или евентуално зголемат своите лични привилегии и политички бенефити, затоа и не е проблем ИЗНОТГУТ – Великиот Везир да зборува за формално идеолошко поместување на партијата во центарот на... ИН збиднувањата, а за тоа да нема никаква внатре партиска реакција, а не пак дебата.

Последиците од оваа недемократско, полу-тајно или полу-јавно, организирање и спроведување на конгрес на ВМРО-ДПМНЕ, со еден и единствен октроиран канидат, ќе бидат далекусежни. Сигурен сум дека ова

нема да помине незабележано од нашите партнери во меѓународната заедница, особено во рамките на ЕПП од каде очекувам да бидат поставени конкретни прашања за оваа партиска папазјанија

Поради овие „Статутарни маки“ ВМРО-ДПМНЕ се претвара во клиентелистичка партија, предлагам да се одстрани акронимот ДПМНЕ и пред ВМРО се додаде едно „Т“, синоним на „тајна“. Партијата во моментов функционира во неколку затворени кругови, „луѓето до претседателот“ – внатрешен круг, извршниот комитет, централниот комитет, раководствата на униите, претседатели на комисиите, уште неколку невидливи но влијателни, со кои се пополнуваат деветте Дантеови кругови на „Пеколот“. Со кој кадар партијата ќе се бори за власт? Но, впрочем тоа и не е така битно, власта е предодредена за тесен круг луѓе. Членството, што со членството? Тоа ќе биде сведено на повремена група тркачи за избори и истото од ден на ден, од избори во избори, се повеќе ќе се намалува како и што се намалува и бројот на освоени гласови на партијата последниве четири години. Делегатите треба да си знаат, дека тие не се во „математички прецизната“ пресметка за функции, бидејќи, според Мицкоски тоа се „корисни идиоти“, имаат само еднократна употреба во четири години, односно формално да го изгласаат Султанот и се да изгледа демократски, **не заборавајте, само да изгледа**.

Додека оние „комуњарите“ од СДС прават добро осмислен театар со Ковачевски, Ременска и другите кандидати, за да имаат демократски непосредни избори, нашите дилетанти организираат конгрес по урнекот на Ванчо Михајлов, оној неговиот од 1928 година (седмиот конгрес). Тогаш Михајлов организира на истиот да дојдат само делегатите кои него го поддржуваат, а две недели пред тоа го убил противкандидатот Протогеров. Потоа следува крајот на ВМРО кое не било веќе никаков фактор, за да во 1933 година згасне. Михајлов, човекот кој еднаш фати пушка во рака за да се слика, а никогаш не влезе во Македонија да се бори, во 1934 година побегнува во егзил. Дали ова, посебно вас кои треба да бидете делегати, не ве асоцира на тоа дека по урнекот на Михајлов, Мицкоски по неуспехот да формира влада и кој никогаш не се спротивстави на политиките на СДС, со помош на „свои“ делегати ќе се самоизбере за да го реализира, она поради што и беше октроиран на чело на ВМРО-ДПМНЕ, потполно и конечно одумирање на ВМРО на македонската политичка сцена.

Имам уште многу да ви напишам и кажам драги мои искрени сопартијци, упорни теренаши, докажани и посветени борци за синонимот и идеалот на Македонија – ВМРО, и вие кои искрено ја разбирате каузата и идеолошката основа на ВМРО-ДПМНЕ, како и современото значење во македонското општество на оваа наша партија. Но, поради задржување во некоја „нормала“ на и така моите долги колумни ќе можеме во некоја друга прилика да зборуваме за се она што допрва ќе ни се случува како резултат на овој Скопски Конгрес, а тоа сигурно нема да биде победа над криминалното СДС.

На самиот крај, ќе апелирам до Мицкоски, советувајќи му да не се кандидира, туку на овој конгрес да наметне решавање на Статутарните маки на ВМРО-ДПМНЕ и да на крајот на својот мандат направи една корисна работа за

партијата, после толку многу глупости, да си замине од политиката како победник и претседател на ВМРО-ДПМНЕ кој ја започнал реформата на партијата и покрај внатрешни отпори и лични интереси на поединци.

Втората можност е да вие, како докажани и самосвесни членови на ВМРО-ДПМНЕ, кои сте делегати не се појавите на конгресот, поради што конгресот ќе пропадне заради неможност полноважно да работи, согласно Статутот член 29 став 5 - *Конгресот може полноважно да работи доколку се присутни 2/3 од делегатите*.

Статутарните маки на ВМРО-ДПМНЕ се претворат во политичка агонија на партијата и пред се на членовите, без легитимитет на претседателот на партијата, а со тоа и на органите и телата на партијата, што имплицира автократска а не демократска партија. Ова ја руши фундаменталната концепција врз која е создадена ***ВМРО-Демократска Партија за Македонско Национално Единство***, демократска, национална, десна, конзервативна, народна, современа европска политичка партија, предводник на демократските процеси во Македонија.

Во дваесет и четвртата недела по Педесетница (на денот на Св.Калист Цариградски)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

**Катехон**

Катехон („оној што задржува“) е политичка филозофија превземена од христијанството која се однесува на чуварите на Адот, кои не дозволуваат „силите на злото“ да излезат од Адот и го покорат светот. Православието посочува дека Антихристот ќе дојде на крајот на светот. Катехон е она нешто што го спречува неговото доаѓање!

Последните случувања на т.н. македонска политичка сцена ја потврдуваат, одамна апсолвираната вистина, дека „силите на злото“ постепено целосно го освојуваат просторот на „државата“ Македонија, окупирајќи ги сите пори на општеството. Нашиот Катехон требаше да се појави вчера, прашање е дали постои можност за негово активирање денес или утре, дали би имало ефект врз дејствувањето и попречувањето на „силите на злото“. Но, како што би рекол нашиот народ, надежта последна умира. За да и дадеме барем и најмала било каква шанса на надежта треба да ги лоцираме „силите на злото“, нивната цел и начин на делување.

Од предизборието за локалните избори, па наваму се до „историскиот“ 12-ти декември, пред нашите очи се одигрува претпоследниот чин на театарската претстава „Опело за Македонија“, во режија на „силите на злото“. Овој чин пранкерски (шегобијно) го нарекоа „Ослободувањето на Скопје“. Последниот чин, се надевам, Катехонот ќе го попречи!

Историјата за развој на капиталистичките производствени односи не учи како се воспоставиле цврстите темели на капитализмот, судирајќи се со обезправените и незадоволни работници. Па така, по едно т.н. „лудистичко движење“, мудрите глави на олигарсите размислиле и нашле решение. Од работниците издвоиле и создале слој на привилегирани и добро платени раководители (шефови), кои имале задача да го амортизираат гневот на работниците креирајќи им лажна надеж дека еден ден ќе станат дел од привилегираната класа на раководители. Поучени од ова искуство и нашата политичка и капиталистичка олигархија, тешко да се одвојат, бидејќи нивната симбиоза функционира беспрекорно, реши да го примени истиот метод.

Имено, согледувајќи ја својата тешка положба (безработица, сиромаштија, чемер и јад кај своите поданици), за да ја задржат политичката и бизнис „status quo“ состојба, се решија да одиграат „дамин гамбит“. Но, за реализација на злокобниот план, основно беше како да го задржат и зацврстат местото на најзначајниот од сите „партнери“, како би рекле правниците „sine qua non“ (нешто што е апсолутно неопходно), или таканаречениот „лидер“ на опозицијата „Неговата висост“ г-дин Мицкоски. Сите можни ресурси на бизнис олигархијата, во тајната акција со кодно име „No limit“, финансиски, медиумски беа насочени кон тоа Мицкоски да „преживее“ и продолжи да го чува грбот на Заев и „силите на злото“, амортизирајќи го гневот на народот и попречувајќи појава на друг опозиционен политички субјект или реален лидер.

По примерот на решавање на т.н. „лудистичко движење“ требаше да се создаде дополнителен слој на привилегирани следбеници на Мицкоски, малиот слој во врвот на ВМРО-ДПМНЕ, кој финансиски обилно го „хранеа“, не беше доволен и требаше да се прошири.

Поради ова, со помош на „магија и волшебно стапче“, Мицкоски (не ВМРО-ДПМНЕ) ги „доби“ локалните избори и проектот „Опело за Македонија“, низ стратегија „дамин гамбит“, можеше да продолжи со реализација не попречуван од никого. Благодарение на „освоените“ општини се создаде можност за создавање на повластен слој на членови на ВМРО-ДПМНЕ (градоначалници, советници, директори на ЈП, школи, локални шерифи) кои имаат задача да бидат буфер помеѓу членството и политичката олигархија на ВМРО-ДПМНЕ. Ветувања безброј, надежи уште повеќе, токму по примерот на Англија од крајот на 17-от век.

Вториот чекор беше да се организира квалитетна Пи-Ар кампања, подржана и од владините медиуми, за „победникот“ Мицкоски и негово (повторно) интронирање на престолот на ВМРО-ДПМНЕ (иако некои од известувачите од „конгресот“ со видлива мака го прикриваа своето подбивање со настанот и учесниците).

Третиот чекор, вовед во реализација на крајната цел, е „дамин гамбит“ во СДС со заминувањето на Заев од тронот.

Каде е реализацијата на целта? Целта, на оваа дилетантска политичка играрија, е добивање време, расчистување и трасирање на патот за **Зоран Заев** да го заземе тронот на врховен поглавар, **Претседател на Република „Северна“ Македонија**, тој е оној на кого треба да му припадне „честа“ да ја упокои Македонија - последниот чин од театарската претстава „Опело за Македонија“!

Имајќи го предвид бекграундот на македонските претседатели, Моноспитово, Паљурци следи Муртино, очебиен и неспорен факт е каде се раѓа или повеќе создава македонската интелектуална и политичка мисла. Па одовде не ни преостанува ништо друго освен да се надеваме на некоја „Селанска побуна“ која, во улога на Катехон, ќе го попречи понатамошниот развој на „силите на злото“.

Улогата на Мицкоски е од круцијално значење за „силите на злото“, треба да го маргинализира (до целосно уништување) ВМРО-ДПМНЕ и подржи исчезнувањето на македонскиот идентитет. Иако очекував, знаејќе ја „мисијата на месијата“, на овој Конгрес да започне конкретниот процес на поништување на политичкиот субјект ВМРО-ДПМНЕ, сепак бев изненаден од толку експлицитното легитимирање, во однос на ЕУ целосно делегитимирање. Прво, со постапката за избор на Претседател и второ, со појавувањето на одредени персони на Конгресот. На овој начин Мицкоски ја реализираше целта, ВМРО-ДПМНЕ директно го стави „рамо до рамо“ со неговите ментори, Орбановиот ФИДЕС, Вучичевата СНС и „Закон и Правда“ на Јарослав Качински, друштво кое во моментот не е добра референца пред ЕУ. Доколку кон ова ги додадеме задкулисните игри во кои, се ветуваше се и сешто не либејќи се да се подпише и „Договор со ѓаволот“ само и само да остане „status quo“, кои потписи и договори Мицкоски се обидуваше да ги прикрие како „змија нозете“ пред се поради негативното портфолио на „партнерите“, би рекол екстремно негативната референца, станува многу јасно каде оди Мицкоски. Поточно на овој начин ВМРО-ДПМНЕ се самоизолира и дефакторизира кај „партнерите“ во западните демократии, со што ги поништи и онака малите шанси било кога

да ја превземе власта. Со еден мал потег Мицкоски успеа да направи „чекор од седум миљи“ кон амбисот во кој свесно ја води ВМРО-ДПМНЕ. Ако е и од Мицкоски, многу е!

Драги пријатели, проектот „Опело за Македонија“ се води по абецедата на политичките филозофии, подкрепени со примери од историјата на државите и народите, како еден народ да исчезне, а една држава да се самоукине.

Единствена надеж денес ми се зборовите на мојот Дедо Герасим – „Внучко верувај во Катехонот тоа е единствениот можен начин да ја разбереш христијанската историја и нејзиното значење“! А јас би додал и да се спаси македонскиот народ од исчезнување!

Во 26-та недела по Педесетница (на денот на Св.Николај Мираликиски)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

П.С. На сите кои го носат името на Св.Никола им го честитам имендента, како и на сите оние кои го прославуваат денот на Св.Николај како домашна слава. На сите нив им посакувам добро здравје и Св.Никола да ги закрилува и застапува пред Христа Бога.

**Сорaја**

Вообичаено не е во мој стил во колумните да се обраќам директно некому, туку тенденцијата која ја имам е анализа на процесите и тоа што истите ќе го предизвикаат или го предизвикуваат, при тоа не обрнувајќи се на поедини актери на театарската сцена. За да направам лично обраќање потребно е да бидам највулгарно, тривијално, безобразно и со глупави флоскули упорно провоциран од однесувањето на некој од политикантите на македонската политичка театарска сцена.

Токму тоа се случува во континуитет од страна на господинот Мицкоски по неговиот самоизбор за претседател на ВМРО и тоа преку една изразена самобендисана перфидна политичка реторика наменета за широките народни маси, а во стилот на селебрити ѕвезда на која и е важно секојдневно да биде присутен во јавноста, а со која причина не е важно.

Да бидеш претседател на ВМРО-ДПМНЕ значи дека треба да се појавуваш на интервјуа еднаш во неколку месеци со стратегиска тежина која ќе даде надеж и насоки на граѓаните претставувајќи ги политиките на партијата за иднината на клучните полиња на влијание со импликации од тоа интервју врз внатрешната и надворешната политика на нашата граѓанска Македонија. Во исто време потребно е да дадеш прецизни, не метафорични и необмислени одговори на конкретни прашања на соговорникот и да имаш добар одговор за преземените политички чекори и консеквенци од истите.

Но, Христијан не е претседател на ВМРО-ДПМНЕ, туку само на ВМРО (за жал на некое анахроно-изгубено во времето и просторот ВМРО), бидејќи покрај тоа што го промаши политичкото време и правец, во скоро секојдневните негови медиумски појавувања во стилот на Сорaја како селебрити ѕвезда која треба да „шљашти“ под рефлекторите, тој се служи со перфидна политичка реторика.

Пред да се вратам на конкретизација и појаснување на Мицковата перфидна политичка реторика, само накратко ќе напоменам дека Заев е веќе минато (фала Богу), се надевам дека ќе следи негова кривична одговорност, а барем што се однесува до улогата, ликот и (не)делото на овој архиизмамник и неговото криминално здружение СДС, се е кажано и напишано безброј пати, барем од моја страна. Сепак, доколку некој директно и индиректно и помогна на оваа сподоба да се испогани врз Македонскиот народ и Македонија и тоа преку својата лицемерна политика и перфидна политичка реторика, тоа е само и единствено Мицкоски. Многу би сакал пратениците од ВМРО-ДПМНЕ од составот 2016-2020, да отворат душа и јавно да исповедаат што им се случи и кој тоа ги „пушти низ вода“ за да се случи тоа што се случи. Но, ќе дојде и тој ден.

Е сега да расчистиме Христијан некои точки или како што ти си мислиш поенти (а никогаш немаш поенти) од содржината на селебрити претставата со која се обидуваш да го замајуваш членството измислувајќи внатрешни непријатели во партијата, како и да нафрлаш националистичка реторика од кој подоцна божем ќе ретерираш, сѐ според најдобрите прирачници на УДБА.

Прво, во партијата во која се самооктроираше не постои внатрешен непријател, најголем нејзин непријател си самиот ти. Прозорците кои ги отвораш заради проветрување само и единствено прават промаја во твојата глава, бидејќи да беше отворена партијата немаше до шести кат да мора да се оди со лифт под шифра и картичка од обезбедувањето, а пред вратата на кабинетот каде што се замислуваш во улогата на „големиот диктатор“ (не знам дали си ставил голем глобус, за да си играш геополитика) имаш метал детектор и обезбедување при што вратата за влегување од скалите е затворена одвнатре. Ова е чиста фактографија на дело која покажува каде е физичката, а најповеќе менталната затвореноста во ВМРО која ја убиваш и на која и го одзеде ДПМНЕ.

Второ, во раководството на партијата околу тебе останаа само оние кои имаат иста манипулантска матрица како тебе, односно лажат па сушат до тој степен што во лагите си веруваат самите на себе. Треба ли да те потсетам колку пати ти имаш излажано или колку пати твојот омилен потрчко Николоски на јавна сцена лажеше? Можеби молчењето и клатењето со глава во врска со твоите погрешни политики за тебе е проветрување или тоа е проветрено корумпирање на оние кои за дребна паричка покажаа дека никогаш немале личен интегритет и по локалните избори ти се вратија во скутот во надеж дека ќе ги помилуваш со твојата диктаторска милост.

Трето, твојата перфидна реторика е до толку болна што зборуваш за епохи во време на твојот прв октроиран мандат (за кој и јас носам вина и за тоа јавно барам прошка од членовите на партијата), како божем да си император кој одбележал некоја историска епоха. Сепак мислам дека ти и не го знаеш значењето на зборот епоха, но ти звучи како нешто гооолемо согласно твојата изразена желба да се претставиш како голем, силен и милостив владетел. Оттука и употребата на термини со кои се обидуваш да направиш перфидна автоглорификација.

Четврто, за наша жал пред се, за жал на членовите на партијата и на македонските граѓани ти не порасна политички ниту за милиметар (можеби ти порасна контото па сега имаш финансии за десет животи). Секако дека не изгоре ти, туку најголемиот дел од членството и симпатизерите изгореа поради што од наследени 450.000 гласови во 2016 година во 2021 година освои 285.000 гласови што го прогласи за „епохален успех“ и уште за успех во реформи на партијата. Изгоре и Македонија со Заев, а поради тебе, но тоа за тебе не е важно, важно е дека ти и твоите клиентелисти и полтрони не изгоревте.

Петто, демократскиот (не)капацитет кој го поседуваш е исклучително голем и тоа се гледа преку искористувањето на едно демократско право на членовите и делегатите на највисокиот орган на партијата Конгресот, за иницирање внатрепартиска дебата заради твоите политички грешки, ти го искористи да ги „проветриш“ од партијата или да не бидам перфиден во изразите, едноставно ги диференцираше и отстрани од партијата. Сега од ова временска дистанца, а како потврда за тоа ми се самите твој зборови, многу сум сигурен дека и шашмата околу Конгресот на другар ти Мијалков ја смисливте во коалицијата ЗММ, заради остварување на повеќе цели, како кон меѓународните претставници што не ви успеа, уште повеќе кон провоцирање на членството заради негово „проветрување“. Никој од тие луѓе за кои

алудираш, не видов дека отиде „прелета“ кај Заев или во СДС, а добро сум информиран дека истите тие кои ти ги проветри се пасивизираа, но останаа членови на ВМРО-ДПМНЕ. Впрочем, тоа околу „прелетувачите“ и нивно јавно откривање во редовите на партијата е задача која ја имаш доверено на некои други опскурни личности или платени патриоти кои глумат инфлуенсери.

Шесто, е твојата потполна политичка шизофренија изразена низ изјавите против народносната припадност на Османи и неговото право да преговара за како што велиш „Македонците“ во спорот со Бугарија. На Османи може да му најдат милион конкретни забелешки, како што е неспособноста и неговата нестручност или менувањето на ресори и тоа дека е министер за се и сешто, како и лични недостатоци. Но, да зборуваш за неговата народност како припадник на Албанскиот народ во Македонија и тоа дека тој не може да преговара со Бугарија е само еден неуспешен твој излет на национализам од кој само два дена подоцна се обиде да ретерираш со предлогот Гаши да биде премиер и пак како недоветен се намести да добиеш „корпа“ и од самиот Гаши и да ти одржи лекција за улогата на Алтернатива во идната влада која за наша жал, а со твоја помош повторно е влада на криминалното здружение СДС. Најпрво, треба да разбереш дека Османи „преговара“ со Бугарија од позицијата министер за надворешни работи и тој во моментов е Македонски министер (каков таков, никаков, но тоа е), а во преговорите мора да се придржува до рамката на декларацијата која со задоцнување од девет месеци успеа да ја поднесеш во Собранието на Македонија.  При тоа мора да имаш на ум дека во ЕУ треба да влезе Македонија. Знам дека не знаеш, но еве јас ќе те потсетам дека токму Абдурахман Алити беше единствениот амбасадор на Македонија во Софија кој ги примаше во амбасада членовите на „ОМО Илинден“ и присуствуваше на сите манифестации на Македонското национално малцинство во Бугарија. Поради ова своја дејност од страна на бугарските безбедносни служби беше окарактеризиран како **екстремен македонски националист**. Наспроти некои твои советници... Ова како мала лекција за улогата на наши сограѓани од Албанската народност кои направија поголеми дела за Македонците од некои кои дури и со твоја помош ја изгореа – искрадоа Македонија. Затоа немој со бедна националистичка реторика и селебрити настапи да се обидуваш да го замајуваш народот наш напатен.

Пред две години кога се појави идеален момент за уривање на власта на архиизмамникот Заев кој продавајќи не тогаш влезе во преговори со Бугарија без национален став по ова прашање, ти реков, цитирајќи ти го Наполеон дека: „Политичарите и војниците работат во реално време и простор. Просторот кога ќе се изгуби може со многу труд и жртви да се поврати, но времето не може“. А, тогаш беше токму вистинското време за уривање на предавникот Заев, како што впрочем ти ги имаше твоите пет минути за негово повторно уривање по вториот круг на локални избори и повторно „случајно“ промаши и беше божем измамен.

Твојот одговор тогаш беше потсмешлив: „Ех, тоа во 19-ти век, денес е 21-ви век и време на информатичка технологија“. Како да човековата логика и спознание според твојата анти-логика зависи од техничко-технолошките помагала.

За наша жал и денес ти повторно успеа да се надминеш себеси во тресењето глупости и од вселената се гледа за кого тоа одработуваш со твоите глупави изјави и селебрити појавувања, каква порака и до кого испраќаш и за чии цели сакаш да поттикнеш меѓуетнички конфликти во Македонската нација, наместо истата да ја градиш. Поради ваквото твое однесување вратата за која велиш дека е отворена ти ја затвори и така и останува. Уште во 2017-та ти кажав дека треба да ја отвориш за сите граѓани на Македонија, но ти ја затвори, а уште помалку како претседател на ВМРО се размавна политички и организационо за навистина да ја реорганизираш и ја поведеш партијата во победа. Така сега имаме пак ново-стара мантра за предвремени избори која во твојот контекст има за цел само и единствено да го замајува партиското членство. Најмалку верувам во тоа што го декларираш како твоја политичка цел, бидејќи како што напоменав на почетокот на колумната, исклучиво се служиш со флоскули и препишани идеи, а не ја разбираш суштината.

Имам уште многу да ти кажувам, но за една колумна е сосема доволно и ова, особено затоа што знам дека нема да те вразуми, особено во однос на твојата улога на спаринг партнер на СДС. Ти Христијан ја промаши можноста и времето на ВМРО да му ја вратиш и оживееш ДПМНЕ која повторно само ти му ја одзема, а при тоа го погреши и правецот во кој ја сврте партијата. Погрешни ти се идолите на кои политички се угледуваш, но толку можеш и толку смееш поради преземените должнички обврски.

Ете, даде Господ па одамна разбрав дека ништо не можеш да научиш и затоа сега две години подоцна, сосема логично дефинитивно ги промаши и времето и правецот и допрва ќе луташ, а за жал и нашето членство со тебе или оние најупорните кои заради светите четири букви ВМРО ќе останат во партијата слушајќи ја твојата перфидна политикантска реторика додека глумиш селебрити ѕвезда.

Дотогаш времето ќе ја прегазува партијата, а некој друг ќе оди во правец во кој ВМРО-ДПМНЕ требаше да биде предводник, затоа што токму акронимот ДПМНЕ тоа и го предодредуваше и која пред 32 години со тоа и започна давајќи вистински правец на Македонија во вистинско време.

Во дваесет и седмата недела по Педесетница (на денот на Светите маченици Евстратиј и др.)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

**Ех ...**

*Ех, е воздишка напишана како збор*
*во македонскиот јазик и е честичка*
*која означува емоција*
.

„Сан Стефано е Сан Стефано, но Македонија има свој пат!“, овие зборови на Димитар Талев, изречени во почетокот на 20-от век, до ден денес се „ноќна мора“ за апологетите на „македонските бугари“ во Бугарија. Посебно затоа што, прилепчанецот писателот Димитар Талев, во бугарската историографија е ставен на највисокиот пиедестал во одбрана на „бугарските национални интереси“ виз а ви Македонија. Како и плеада други историски личности кои се дел од македонското ткиво, поради тоа што твореле и живееле во Бугарија нашата историографија ги има стигматизирано и отфрлено (потполно неразбирливо). Друштвото на анатемисаните од македонската историографија е поголемо. Некои, како Венко Марковски со неоспорен придонес во текот на Втората Светска војна и повоениот период, целосно е ретуширан од македонската историја. За чудната негова смрт на софиските улици во „сообраќајна несреќа“, да не зборувам. Трајко Китанчев ресенчанецот кој, на неговиот предлог закон, како пратеник во бугарскиот парламент, за укинување на смртната казна, во 1893 г. беше обвинет од Претседателот на бугарскиот парламент како, македонски националист кој „бара укинување на смртната казна за да ги заштити злосторниците, неговите сонародници Македонци“ (цитат). Штипјанецот Арсени Костенцев кој беше именуван од Премиерот на Бугарија, Каравелов, како Гарибалди за Бугарија, но не можеше да биде ниту државен писар бидејќи „Министерскиот совет беше донел одлука за забрана „Македонци“ да бидат вработени во државната управа на Бугарија“. Да не спомнувам за Александар Балабанов, Милетиќ, Љапчев (кој беше и премиер), генералите Д’рвингов, Венедиков... Нај стигматизираниот е секако Тодор Александров, и никако не се забележани, во нашата историографија, неговите барања-услови, дадени во Предлог-Договорот со Кралството СХС, за прекинување на воените дејствија на ВМРО. Односно, содржината на условите кои започнуваат со „Македонија да биде автономна единица во Кралството СХС“, потоа, да биде дозволен слободен политички живот со формирања на политички партии, да се прогласи општа амнестија за членовите на ВМРО (за војводите) и да се дозволи ВМРО политички да се организира во политичка партија.

Драги пријатели ова можеби ќе ви прозвучи познато, како дел од некој Договор од поновата македонска историја, но...! Овој мал вовед со историски факти беше колку за подсетување, кој и кога се, или го, декларирал/е како МАКЕДОНЕЦ! Без оглед на тоа каде живеел и работел. Па така споредете го тоа со актуелните собитија.

Патем, преговорите со Р. Бугарија од кои зависи нашиот пат кон ЕУ, по седницата на „Консултативниот Совет за национална безбедност“ на Претседателот на Р. Бугарија и заклучоците од состанокот, преговорите ги

зацврстија во „слепа улица“ со „скоро“ никакви шанси да се излезе од неа. Имено, врз основа на она што беше донесено како став, јасно е дека Р. Бугарија „детонираше атомска експлозија“ не оставајќи простор за никакви одстапки. Ова, верувам, кај нашата т.н. политичка елита предизвика подзинување, останаа со прстот во уста, но на македонската јавност тоа не и го пренесоа.

Ех... да имавме држава, па национална стратегија, па автохтона политичка мисла. Ех... да имавме наша дипломатија па да можевме сами да си ја кроиме политичката судбина. Ех...или барем да имавме Агенција за разузнавање или барем контраразузнавање (никогаш не сум можел да ја разберам разликата помеѓу овие два термина кои неминовно се испреплетуваат во своите практични активности, но и теориски пристапи, методи и принципи на работа), па нашите „мудри политичари“ да добиваа навремени информации. Како на пример: Зошто премиерот на Р. Бугарија на час – два го напушти состанокот кај претседателот? Ќе признаете многу некултурно доколку не било поради „vis major“. Каде и со кого се сретна премиерот Петков, за по враќањето на состанокот, да го промени својот став и застане целосно зад ставот на претседателот Радев? Зошто е потребен театар, за наводно контакт со лице позитивно на Ковид 19, за да се избегне веќе најавената средба во Скопје? Средба која нашите „добро“ информирани новинари сеуште ја држат за отворена. Младиот премиер сепак има сенс за тоа кога не треба да ја стави „главата в торба“ и ја тестира својата позиција доаѓајки во Скопје, а немајќи што да изјави. Тоа е привилегија исклучиво и само на нашите политичари, да зборуваат се и сешто и кога не треба и кога треба. На конто на ова, Ех... кога би имале безбедносни служби сигурно тоа добро би го изанализирале, како тоа преку ноќ се смени наративот кај политичките аналитичари во Р. Бугарија. Под чие влијание попречувањето на Македонија да влезе во преговори со ЕУ, всушност стана „големата жртва“ на Бугарија во спасот на ЕУ од тоа во неа да не се вгнезди „проруското кукавичко јајце“- Македонија? Ех... да имавме држава .....

Деновиве прочитав, на некои портали, дека не им било јасно како тоа земја која била дел од фашистичката коалиција, коалиција која ги стори најголемите злосторства, во текот на Втората Светска војна, во човековата историја, можела да биде препрека за нашето евроинтегрирање. Ова навистина е точно. Единствено нешто во македонската историја што е чист образ, во борбата за национално ослободување и формирање држава, тоа е партизанското движење и нашето учество во коалицијата на победниците над фашизмот. Но, благодарение на нашата политичка елита, власт-опозиција, која не држи под „стаклено ѕвоно“ за да многу не се вознемируваме, во време на корона, токму тоа може лошо да влијае врз народот. Не можевме да разбереме, кој и од кои причини дал налог на нашата делегација во ООН да гласа **воздражано** по однос на „Декларацијата против пропагирање и величење на Фашизмот“, тоа се случи во средината на декември 2021 г., при што 147 земји членки на ООН ја подржаа декларацијата. Така што и овие, антифашистички, аргументи веќе не можеме да ги користиме. Толку од наследниците на „славната“ антифашистичка КПМ (Комунистичка партија на Македонија), посебно на оние во ликот на криминалното здружение СДС. Впрочем, ова не е прв пат, да не држат под

„стаклено ѕвоно“ така беше и со Истамбулската декларација, Договорот од Маракеш, прашањата на првиот и последниот референдум...Класика, Комунистичка работа! Ех....да имавме наша Власт!

Никогаш не сум можел да разберам, зошто одредени лица имаат толку силен порив да го глорифицираат своето не знаење. Така во целата оваа папазјанија, од македонска гледна точка, а за Р. Бугарија ова е игра од највисок политички маштаб, се вклучи нашиот локален кловн, политичка минијатура, самонаречен „Лидер на опозицијата“, Неговото Величие Г-дин Мицкоски. Занесен, од прекумерно конзумирање на недоволно ферментиран полтронизам, јавно побара да бил слушнат и неговиот глас во однос на преговорите со Р. Бугарија.

Очигледно дека на лицето ХМ има потреба да му се појаснат состојбите. Како прво, такво нешто - преговори не постои. Второ, за овие 4 години во ниту една прилика не искажа ЈАСЕН СТАВ по круцијалните прашања за македонскиот народ. Трето, на кого треба тој нешто да му каже, кај меѓународната заедница одамна е избришан, токму деклариран како безличен политичар - БЕЗ СТАВ и со сомнителни лесно променливи позиции, на своите господари од криминалното здружение СДС веќе не им е потребен, си ја заврши улогата за која беше платен. Можеби уште малку им треба на оние поради кои ВМРО-ДПМНЕ ја носи стигмата, но и тоа кратко ќе трае, засега е доволно што користи WI-FI конекција со password „МеРиООТ@01“. Доколку било што има да каже Мицкоски, според народната: „и слепа кокошка понекогаш погоди просо“, тогаш треба јавно да се обрати кон македонскиот народ! Но, се сомневам дека за тоа има јај.. или според скопскиот жаргон г’з! Времето кога требаше да се покаже, преговорите и „Договорот во Нивици“, Референдумот, „Договорот со Бугарија“ и последното кобајаги превземање на Власта (секако во повеќе наврати преку дежурниот и ексклузивен формирач на „ново“ парламентарно мнозинство, полтронскиот егземплар Николоски), секогаш беа искористени за зголемување на личното конто на, Големиот по раст но ситен во душа, „лидер“ на опозицијата. Така што најдобро би било да си молчи, ВМРО-ДПМНЕ можеби и треба (лично верувам дека и мора) да каже нешто, но Мицкоски покажа дека е во расчекор и директен опонент на интересите на македонскиот народ, и...подобро да молчи! Ех....да имавме опозиција!

Не можам, драги пријатели, да не го вклучам во оваа папазјанија „политичкото џуџе“- ЛУТКО (може и ПЛАЧКО), оној чиј татко колнеше „да му се исуши раката“ на оној кој ќе потпише промена на името на Р. МАКЕДОНИЈА. Така оваа опскурна, патетична политичка креатура, навреден од отказот кој му го дадоа неговите господари, ни подари „Елегија“ за неговиот „допринос и жртва“ во борбата за меѓународната верификација на Р. МАКЕДОНИЈА. Навистина, македонскиот народ треба да му биде благодарен на ЛУТКО, без него и сторените, од негова страна, кривични дела „Злоупотреба на службената положба“ и „Велепредавство“ засекогаш ќе останевме заробени во канците на „Договорот од Нивици“, вака со неговото осудување, низ правниот систем на Р. Македонија, можеби и не е се изгубено. Ех.... да имавме независно судство и обвинителство! Сега како што би рекол поетот: „ништо не

е изгорено во огинот, само е збиено во пепелта! Ех....кланот Димитров да беше про-македонски!

Така, драги мои, поради глупоста на нашата политичка „елита“, немањето на сопствена национална стратегија, препуштајќи други да им ги решаваат проблемите, кои самите ги создаваа, се доведовме во позиција на апсолутни губитници. Рефлексиите, од оваа инфантилна политичка играрија, врз идентитетот и опстојувањето на македонскиот народ ќе бидат, благо речено, катаклизматични. Ех...да имавме македонска политичка елита, ќе беше се полесно!

Како би рекол Дедо Герасим : „За жал, отсекогаш било точно дека поради глупостите што ги прават големите страдаат малите“. Ех...

Во триесеттата недела по Педесетница (на денот на Св.Пророк Малахиј)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

## Остракизам

*Остракизмот е политичка мерка,*
*утврдена уште во антиката како*
*политичко средство против оние кои*
*нанесувале политичка штета на општеството*

Не поминаа ниту 30 часа од објавувањето на мојата последна колумна, а господинот Мицкоски во целост ги потврди моите ставови изнесени во истата. Во потполност потврди дека консумацијата на премногу неферментиран полтронизам му создал лажна слика дека е генијален лидер, а убаво му напишав дека: првиот беше војвода, вториот претседател, а тој само Мицко.

Мицкоски покажува раскошно мизерен талент за политика, како плод на мизерната политичка наобразба, непознавањето на политичката теорија, филозофија, реторика, историја итн.

Кога Мицкоски отиде кај Мариќ во друштво на Фила на Happy ТВ и за тоа јавно го предупредив, кога во својот „Сорaја“ стил постојано се глупира на јавна сцена, со моите предупредувања кон партиските ПР „мајстори“, ним им се чинеше дека нешто барам или не дај Боже имам нешто против ВМРО-ДПМНЕ. Всушност, барам. Само едно нешто. Со своите намерно неразумни постапки Мицкоски да престане да го уништува ВМРО-ДПМНЕ. Драги мои сопартијци, јас немам ништо против мојата партија. Јавно укажувам дека Мицкоски може приватно да се облекува како кловн и да организира хумористични емисии и тресе глупости колку сака, тоа си е негова лична работа. Но, како претседател на ВМРО-ДПМНЕ тој нема право на тоа, бидејќи ја претставува партијата и функцијата претседател. Оттука несмее да нанесува политичка штета врз ВМРО-ДПМНЕ, а со тоа и врз Македонија со своето, незнаење, немање став и намерна неразумност.

Впрочем, ние во Македонија имаме големо искуство со разни сподоби кои појавувајќи се на политичката сцена на високи државни функции, ги уриваа позициите на Македонија. Списокот е поприлично долг, но карактеристични се: Георгиевски, Бучковски, Ахмети, Заев. Кон оваа друштво на политички сподоби несомнено се приклучи и Мицкоски. Но, поголема катастрофа е тоа што токму тие сеуште „ги креираат“ политиките на Македонија. Тие не претставуваат во спорот со Бугарија и не подучуваат за тоа какви политики треба да гради Македонија, при што како единствен интерес и цел ги имаат сопствените лукративни цели.

Токму поимот од насловот на ова колумна „остракизам“ има потполна употребна вредност во однос на овие лица. Имено, забраната за политичко делување и со тоа истакнување на политички ставови со влијание врз креирањето на македонската политичка мисла и меѓународна позиција, за овие лица не значи одземањето на граѓанските права и имот, како ниту затворски казни. Тоа е само забрана за определен период да се занимаваат со политика и јавно да изнесуваат политички ставови, а поради намерно за лични интереси нанесена штета врз политичките позиции на Македонија.

Очекувам дека некои ќе ме нападнат за овој мој предлог детерминирајќи го како „комунистички“ или „тоталитарен“. Но, токму уредувањето на остракизмот во врамен правен систем ќе ја заштити македонската внатрешна и надворешна политичка позиција од разни инересции. Секако, за реализирање на овој чекор имаме и историско позитивно искуство, така што нетреба да го сметаме за репресивно-рестриктивна мерка, туку само за: „превентивна времена политичка мерка од можноста некои сподоби од позицијата на државни позиции или овластувања јавно да искажуваат политички ставови кои нанесуваат штета врз Македонија“.

Токму за да избегне било каква одговорност за сторените огромни штети врз Македонија, Заев исчезна од јавноста и пред воопшто да ја предаде должноста претседател на владата. Дури и на јавните признанија за велепредавство кажани од неговиот соработник и извршител во злоделото врз Македонците, плачкото Димитров, Заев не се огласи. Излезе бледо соопштение од неговиот кабинет, а знаеме во минатото дека оваа лице под илјада маски и за секакви баналности излегуваше во јавноста. Но, неговото „повлекување“ во овој момент не значи дека е во потполност растурена коалицијата ЗММ. Треба да имаме пред вид дека составот на „новата“ влада на криминалното здружение СДС сега предводено од Ковачевски во чии состав остана легендарниот борец против корупција Љупчо Николовски, спроведувачот на закони Спасовски и неговиот доообар ученик Петровска, вечниот магистрант и невладин-владин активист Маричиќ и покрај некои шминкерски лица од минатото воопшто не остава впечаток дека ќе донесе светла иднина. Впрочем, нѐ слушнавме ништо конкретно и развојно во програмата на „новата“ влада, а посебно во врска со борбата против криминалот и корупцијата со оние во редовите на криминалната организација СДС.

Во исто време, заради замајување, Мицкоски ни развива цела „теорија“ за тоа дали Ковачевски имал морално право да биде премиер кога замислете „не учествувал на изборите 2020“. Се поставува токму една морална дилема со прашање за паметењето, онаа колективното, а гласи: „Дали тоа Мицкоски учествуваше на тие избори“? Или тоа кога ќе се самопрогласиш за „шпицен кандидат“ и при тоа ќе се сокриеш зад формалните одлуки на Извршниот и Централниот комитет е еднакво на учество според неговата политичка не-логика. Впрочем, ете тоа се два еклатантни примери драги мои кои ни укажуваат дека самонаречените политички елити во Македонија токму со своите практични постапки, незнаење и политички изјави и нанесуваат политичка штета на државата. Зошто сега тие би ги просветлиле граѓаните објаснувајќи им ги теориите и практиките на парламентарната демократија во која партиите формираат собраниско мнозинство и одредуваат мандатар за состав на влада поддржана од нив, без разлика дали тој предложен мандатар учествувал на избори или не.  Едноставно за политичките елити е подобро да се манипулираат граѓаните.

Но, од незнаењето или евтината манипулација со граѓаните да се вратам на политичката пракса на Мицкоски. Докажани и долгогодишни членови и поранешни функционери на ВМРО-ДПМНЕ, Мицкоски ги претставува како блиски на Заев или дека не се ВМРО само затоа што не се согласуваат со

неговите погрешни политики и лукративни интереси. Тоа покрај политички, е и етички безобразлук кој претседател на ВМРО-ДПМНЕ не би смеел да го прави. Секако драги мои сопартијци, Мицкоски тоа упорно го прави од внатрепартиски политички и лични причини, и затоа е подготвен да го повика плачкото Димитров на разговор (можеби ќе го вклучи во зголемениот Извршен комитет?). При тоа, воопшто не е подготвен отворено да разговара, (не пак да прифати критика) со поранешните функционери, пратеници и докажани членови од ВМРО-ДПМНЕ кои патем онака поради „употребна вредност“ за сопствени потреби ги обвини дека се во скутот на Заев. Како сега одеднаш плачкото Димитров кој до вчера јавно седеше во скутот на Заев и е соучесник во злосторството врз Македонија, денес може да биде повикан од Мицкоски за да седне во неговиот скут? Тоа ни укажува дека во пракса функционира коалицијата Заев-Мицкоски, односно коалицијата ЗММ. И кога веќе Мицкоски безобразно провоцира, да го прашам јавно: *„Колку пати господине Мицкоски во периодот додека Димитров беше министер во владите на Заев се сретна со него во твојот кабинет на машинскиот факултет и кои беа темите на разговор, како и договорените заклучоци за практично обострано дејствување“?* Всушност, кога јавно ќе признае ова раководство на ВМРО-ДПМНЕ, заради членството на партијата и македонскиот народ дека соработуваше, соработува и ќе соработува со Заев? Да се расчистиме јасно и гласно Мицкоски, кој тоа е во скутот на Заев и од кога и како и нанел политичка и друга штета на Македонија и партијата.

Доколку и најмалку Мицкоски имаше или има сериозна намера да го урне криминалното здружение СДС од власт, само врз основ на исказот на плачкото Димитров требаше да поднесе кривична пријава против него, Заев и Османи. Потоа да повика и организира масовни протести против владата заради велепредавство и предизвика пад на владата. Ова со протестите го советував Моцкоски да го направи уште кон крајот на 2019 кога беше јасно што прави Заев, но по се изгледа мораше плачкото Димитров да прозбори за да се разбранува нешто, но без резултат, сепак ЗММ...

Во врска со развојот на односите со Бугарија пред само една недела напишав дека нема да има ништо сензационално од посетата на Петков, односно да појаснам, нема што ново да ни каже. Едноставно човекот беше помеѓу два огна па затоа „го прифати“ ставот на Радев, а потоа беше „приморан“ да дојде и да покаже добра волја. Но, како што реков Ех... ех... ех...

Затоа пак дежурниот ексклузивен полтрон Николоски јавно тврдеше дека решението на прашањето со Бугарија е можно за само едно претпладне или попладне. Да, возможно е доколку се потпише се што бара бугарската стратешка политика по ова прашање. Во исто време вечниот магистрант и најголем ресорен експерт (министер за секој ресор) Маричиќ, без срам и перде ни соопшти дека немаме право да бараме почитување на правата на Македонското малцинство во Бугарија, бидејќи нели тоа според овој докажан невладин и правен експерт е мешање во внатрешните работи на Бугарија. Тоа што Бугарија бара отворање на Уставот на Македонија и врши политичко насилство врз Македонија и не го признава македонскиот народ ниту во Република Македонија, тоа е нели „право“ на Бугарија и не е мешање во

внатрешните работи на Македонија. Замислете ние да побараме отворање на Бугарскиот устав за да се внесат Македонците во истиот. Згора на се и интерфејсот Ковачевски на своето прво премиерско интервју немаше храброст јавно да каже дека во Бугарија постои македонско малцинство, а од тој факт не може и не смее никој да отстапува. Но, штом премиерот нема храброст тоа да го тврди со сите факти кои ги има на располагање, може да бидеме со огромен сомнеж околу искрените намери на „новата" влада во однос на „преговорите" со Бугарија. Еве уште еден повод за сериозна реакција на ВМРО-ДПМНЕ.

Колку што можев да разберам, сепак Мицкоски ништо не го праша Петков околу прашањата за кои јавно кажа дека ќе му ги постави, па така веројатно разговарале за заедничките им лични бизнис интереси, онака во четири очи и сега молчат и двајцата. А, и што имаат да кажат? Прашање е воопшто дали владата на Петков ќе „преживее". Но, главното политичко прашање е: Дали преку средбата со Петков, пораката која ја праќа Мицкоски до македонската јавност е дека ВМРО-ДПМНЕ директно на мала врата се вклучува во „преговорите" со Бугарија и дали Мицкоски е свесен дека во иднина ќе носи одговорност за сите потпишани договори од „новата" влада на интерфејсот Ковачевски? Не е важно дали реално ќе учествува во „преговорите", бидејќи средбата во четири очи со Петков, а претходната некоординација со другите политички чинители го доведува Мицкоски, односно ВМРО-ДПМНЕ секогаш во иднина пред јавноста да ја објаснува својата позиција во врска со „договореното" со Петков. Настрана од штетата што ја направи разговарајќи без официјален преведувач од бугарски јазик, проблемот беше со МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК или... Но, тоа се учи, затоа и реков дека е билмез, а сака да си игра со големите батковци.

Убеден сум дека подоцна Мицкоски повторно ќе нема став, а не пак конкретна реакција токму за последиците кон кои и тој самиот придонесува. Затоа новинарите ќе му се потсмеваат и тоа в лице, заради благо кажано „нејасните" ставови по клучните прашања за Македонија, како што впрочем на јавна сцена се потсмеваа со партијата за време на соц-реалистичкиот конгрес. Во меѓувреме, Мицкоски ќе го лаже членството дека наскоро (на пролет или на есен) ќе има предвремени парламентарни избори. Затоа упорно јавно ќе се глупира барајќи ги два дена по формирање на „новата" влада. Во пракса на средба со Ковачевски тој е подготвен да се откаже од темата предвремени избори. Зошто тогаш толку многу ја потенцира? Па каде и кога е вистината Мицкоски? Веројатно за тебе тогаш кога новинарот на интервју ќе те соочи со твоите сопствени манипулации, незнаења и заблуди, па така разголен јавно ќе менуваш и формираш божем „цврст" став во текот на самото интервју. Потоа, ќе им се лутиш на новинарите дека не се придржувале во потполност на однапред договорените прашања и нема да се појавуваш на интервјуа во некои медиуми. Многу недостојно за претседател на ВМРО-ДПМНЕ и премногу несериозно за да бидеш сериозно прифатен како „лидер" на ВМРО-ДПМНЕ, а не пак да ти се дозволи да бидеш премиер.

За крај имам едно прашање до Ковачевски: *„Дали ставањето на Спасовски, Николовски, Маричиќ и Петровска во владата, а особено на Спасовски има за цел покривање на криминалите на Заев, неговата фамилија и*

*криминалната организација СДС, односно прикривање на организираниот криминал на претходната влада или пак Спасовски има добиено задача токму тој да се пресмета со Заев неговата фамилија и организираниот криминал на криминалното здружение СДС“?*

Прашањето е јасно и едноставно за одговор доколку Ковачевски сака да даде одговор. Ова прашање требаше да го постави Мицкоски во директна средба со Ковачевски и да инсистира на негов конкретен јавен одговор. Токму поради (не)одговорот на оваа прашање и некои други прашања, очекувам Ковачевски да го потроши својот кредит до летото 2022, а потоа... Е, потоа...

На денот на Св.Григориј Ниски (во Триесет и првата седмица по Педесетница)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

**Опозициска празнина**

Почитувани читатели, останав должен за едно појаснување во врска со практичната примена на остракизмот на македонската политичка сцена и еве сега на почетокот на ова колумна тоа ќе го појаснам. Имено како практична реализација и резултат на политичката социологија заснована на традиционалните методи, а тоа се апсолутистичката позиција на лидерот на политичката партија, односно парадигмата за концентрација кон авторитетот и доминацијата, остракизмот веќе се применува на македонската политичка сцена. Погледнете ги односите во ВМРО-ДПМНЕ и внатрепартиската диференцијација на сите истакнати партиски членови и функционери кои не се согласуваат со политичката мантра на Мицкоски. Всушност токму тие се подложени на партиски остракизам кои јас го нарекувам диференцијација според подобност, заснована врз полтронизам поттикнувајќи клиентелизам. Во исто време Мицкоски јавно кажува дека е подготвен да разговара со велепредавникот Димитров, а по посебни линии комуницира и со Канчевска-Милевска, така што нема да ме изненади и неа да ја врати во партија (секако нели во име на „обединувањето“), но затоа тие кои му се спротивставуваат на неговите глупави политики ги остракира.

Токму затоа денес во Македонија на политичката сцена имаме една голема опозициска празнина.  Еве, скоро два месеци по соц-реалистичниот конгрес на ВМРО-ДПМНЕ на кој Мицкоски се самоизбра, никако да се реорганизира партијата. Впрочем, Мицкоски допрва свикува Централен комитет и би требало да го предложи составот на „новиот проширен“ Извршен комитет, а потоа да започне (доколку започне) со реорганизација на партиските тела и органи подготвувајќи се за следните избори. Со изборот на нов (во случајов самоизборот на стариот) претседател, престануваат функциите на сите други функционери како и органи и тела на партијата. Поради тоа, во пракса, единствен кој во ВМРО-ДПМНЕ има легалитет е Мицкоски (иако според нестатутарните процедури за избор и тоа е во прашање), сите други во моментов лажно се претставуваат. Со посебно внимание ќе ги следиме активностите на Мицкоски и тоа не толку во јавноста колку во однос на внатрепартиските случувања и најавената реорганизација, затоа што ништо револуционерно нема да преземе против власта на криминалното здружение СДС. Многу сум љубопитен да видам дали барем еднаш ќе прифати сугестија од интерес на партијата која одамна му е кажана па да бидеме изненадени. Токму подготовката за идни избори во овие услови е потребно да се изврши темелно и според оние кои се долго време во политиката и ги познаваат состојбите во партијата, потребни се најмалку година и половина. Ова ќе ни даде доволно време да се направи територијална реорганизација и мотивација на партиската структура, да се подмачка, запали, загрее, придвижи и забрза партиската машина на ВМРО-ДПМНЕ која за две години на избори ќе го збрише криминалното здружение СДС со нова понуда, идеја и визија. Секој ден кој ќе се изгуби во безидејно квази политичко дејствување само повеќе ќе ја зарибува машината ВМРО-ДПМНЕ. Чекањето да се повтори незадоволството на граѓаните кон криминалното здружение СДС, односно да се повтори

„оптимистичката теорија“ се со мала веројатност, особено затоа што веќе сега, а не пак за две години врз перцепцијата на граѓаните ќе влијаат други фактори. Оттука, нема време за губење на „Сораја“ медиумски трчкарања, непродуктивни партиски трибини на кои ништо и пред никого не се кажува.

Во овој контекст, сакам да го прашам господинот Мицкоски: „Од кои причини функционери на партијата во јавноста настапуваат со перфидно пласирање на политика на евроскептицизам“? Не постои потреба од партиска политика на евроскептицизам надополнета со театарски претстави на интервјуата на дежурниот полтрон Николоски (кој се обидува да го имитира Груевски дури и според движењата и гестикулациите, а истовремено да не заборави да каже „како што вели претседателот Мицкоски“, но тоа е веќе тема за психоанализа и политички реализам). Дали евроскептицизмот е новата партиска политика на ВМРО-ДПМНЕ? Со кое право се менува јасната стратешка политика на партијата? Уривањето на СДС од власт е условено со промени во ВМРО-ДПМНЕ, но не преку суптилно поттикнување на евроскептицизам во македонската јавност, како нова партиска политика.

Со оглед на тоа дека нема одговор на прашањата поставени до Мицкоски во врска со некои ролји од задкулисните политички ангажмани на Николоски, ги повикувам и охрабрувам пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, посебно оние од составот 2016-2020 да отворат душа и јавно да прозборат за улогата и реалните политички ставови и дела на Николоски по многу прашања, а секако од аспект на „чудниот“ евроскептицизам кој се пропагира.

Уште еден неразбирлив политички потег е предлогот на Мицкоски за намалување на бројот на пратеници во Собранието од 120 на 90 што претставува отворање на Уставот, и дека тука околу „отварањето“ на Уставот има и некои други мотиви поврзани со „преговорите“ со Бугарија. Дополнително, тоа е процес кој би траел најмалку шест месеци дури и во „идеални услови“ (како што некој љуби да кажува), а би предизвикал и задолжителни промени на изборниот законик, па така до избори би ни требало најмалку уште една година. Оттука не е нормално ВМРО-ДПМНЕ да бара брзи предвремени избори, а во исто време да предлага уставни и законски промени за кои е потребно една година. Нешто тука не е баш во ред или избори се бараат за да не се добијат. Сметам дека веројатно за најмногу две години ќе имаме парламентарни и претседателски избори, и не верувам дека криминалното здружение СДС ќе дозволи порано да има избори. Секако, под услов да не се покажат потполно неспособни дури повеќе и од Заев поради што нема да може да им „помогнат“.

Иако не ми одговори на претходното имам уште едно прашање до Ковачевски: „Дали намерно и со која цел му препушташ на Спасовски постепено да оствари потполна контрола врз безбедносниот систем на Македонија“?

Знам дека нема да одговори, како што и комисијата за одбрана и безбедност на ВМРО-ДПМНЕ или „експертите“ од партијата во оваа област кои седат во Собранието никогаш нема да постават соодветни прашања кои имаат суштинско значење за контролата на службите и концентрацијата на моќта, а што е спротивно на демократските принципи на владеење. Спротивно на

препораките на Прибе и политиките на ЕУ поради кои впрочем и ги направивме реформите во безбедносниот сектор е токму тоа што го правите.

Во време на најголемата хистерија на нашата оксиморонска власт за наводниот бран на бегалци од Авганистан и подготовката за нивно прифаќање, напишав дека тоа нема да се случи наспроти многумина „сериозни“ политички анализатори платени од власта за да ги оправдуваат нивните глупави и погрешни политики (Клетва 05.09.2021). Така сега, во време на „почеток на Трета светска војна“, велам дека сето тоа е само во наративот на „мајн стрим“ медиумите и одредени „аналисти“ кои лошо ги читаат и интерпретираат изјавите на „велемајсторите на големата шаховска табла“. Никој не е подготвен да предизвика, а не пак да поднесе катаклизмички воени разурнувања од евентуален директен судир помеѓу САД (НАТО) и Русија со своите партнери, секако ниту и тие самите, така што ќе се борат помеѓу себе се до последниот Украинец. Македонија воопшто нема никаква улога, а не пак влијание, и тоа на сите ни е јасно и покрај изјавите на министерот ни за дефанзива Славјанка.

Едноставно, тоа е само евтин обид за политички ПР на „новата“ влада, токму кога треба Ковачевски да ни „каже нешто“ во врска со „преговорите“ со Бугарија. А, нема што сериозно да ни каже освен она што веќе го знаеме. Бидејќи, јадниот тој не успеа да одржи ниту три асални владини седници на македонската влада во Скопје и да се зафати со решавање на внатрешните проблеми, кога веќе отрча во Софија за да покаже „активност“. Како да меѓувладина седница се подготвува за три дена, а не со месеци и со прецизен дневен ред. Овие двајца, Ковачевски и Петков, стануваат сериозно несериозни, барем да се забавни. Затоа на Славјанка дефанзива и препорачувам да се позанимава со полесни прашања во одбраната, како на пример да започне со проблемот во врска со парното греење во касарната Илинден. Генијалците од министерството сега вршат реновирање на објектите и доводот на парно греење во касарната. Убаво е на -10 да тестираш како работи парното греење, а со тоа да ја тестираш и издржливоста на војниците на АРМ во екстремни услови. По се изгледа дека некој во МО „сериозно размислувал“ во врска со можната употреба на единиците на АРМ во „зимски услови“ па започнал со климатско прилагодување на истите и челичење. Две во едно, вежбаш, а не трошиш.

Додека опозиционите одбранбено-безбедносни „експерти“ и политички „стратези“ си ги одработуваат нивните задолжувања, опозиционата празнина ќе се продлабочува од недела во недела и од ден на ден, така што ќе имаме за што да пишуваме, нашите властодршци и божем опозиционери се непресушен извор за тривијални политички анализи и сериозни интелектуални гимнастики во рамките на политичката филозофија, а ние барем да се потрудиме на некој начин преку колумните да ја пополниме опозиционата празнина. Кога веќе тоа не го прави Мицкоски, а во меѓувреме најсериозно ја „сфаќа“ состојбата на граѓаните.

Во триесет и втората недела по Педесетница (на денот на Преподобен Св.Антониј Велики)

**Вонреден професор д-р Оливер Андонов**

**На крајот на третиот дел**

Не сакајќи да звучам конвенционално и да давам заклучок и поговор, крајот на овој трет дел од книгата која е пред вас, монографијата-збирката на колумни и политички статии го гледам исклучиво само како продолжување во нов четврт период кои во 2022 година и во првата половина на 2023 година во континуитет ќе биде одбележан со постојани притисоци врз Македонија (врз политикантските чинители) за влегување во процесот на доаѓање до полноправно членство на државата во ЕУ, но уште повеќе и во контекст на се поголемиот надворешен притисок за справување со криминалот и корупцијата во Македонија.

Затоа е ова само крај и јавна презентација на еден творечки циклус во период од малку повеќе од една година, но во исто време тој не застанува и продолжува, навлегувајќи во еден нов аспект на општествено-јавен притисок врз политикантските структури и тоа токму во предвечерието на дефинитивното прекомпонирање на светот со започнувањето на војната помеѓу Русија и Украина, односно агресијата на Русија врз Украина.

Не сметам дека процесите ќе завршат набрзо, токму спротивно очекувам истите да се одолговлечат, но исклучиво поради жилавиот отпор на политикантските лидери, затоа што се свесни дека новото време за нив носи одговорност и етичка, но уште повеќе правна и судска. Оттука и може да забележите како Заев на секој начин преку Ковачевски кого го инсталира во СДС се обидува да ја држи состојбата, но и самиот Ковачеввски под контрола до ниво да некаде во 2024 година се етаблира себеси за претседател на Македонија. Во исто време Мицкоски онеспособувајќи ја ВМРО-ДПМНЕ заради свои лични лукративни причини ја држи партијата надвор од процесите во кои по природен пат ВМРО-ДПМНЕ мора да учествува и да биде фактор. При тоа, доколку Ковачевски не ја владее СДС и во неа преку свои инсталации владее Заев, Мицкоски од ВМРО-ДПМНЕ создадава клиентелистичко-полтронска структура која не е способна да му се спротивстави и на ваквото криминално, корумпирано и без поддршка од македонските граѓани СДС и влегувајќи во процесите да ја поведе Македонија кон ЕУ и нашиот историски сон.

Во збирот на неспособни и инфантилни, безидејни политиканти на македонскиот политички театар може да препознаете мнозина глумци. Оттука ви го препорачувам овој трет дел како монографија-збирка, а воедно ви го најавувам и четвртиот дел, монографија-збирка која ќе го опфати периодот на 2022 година и анализите и коментарите на политичките збиднувања во истата.

Во Скопје
На денот на Воведението на Пречиста Богородица
Лето Господово 2022